ПРАВОПИС
НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

(ВТОРО ИЗДАНИЕ)

СКОПЈЕ 2017

ПРАВОПИС НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК
второ издание

Издавачи
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје,
ул. „Григор Прличев“ бр. 5, 1000 Скопје, Р Македонија, п. фах 434

За издавачот
д-р Елена Јованова-Грујовска, директорка

Култура АД – Скопје,
ул. „Никола Кљусев“ бр. 6, 1000 Скопје, Р Македонија

За издавачот
Ана Костовска, директор

Уредници
д-р Елена Јованова-Грујовска (за „Институтот“)
Гордана Војнеска (за „Култура“)

© за второто издание
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“; Култура АД, 2017 година.
(Година на првото издание: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2015 година)

Редакција
д-р Живко Цветковски (претседател)
д-р Снежана Веновска-Антевска
д-р Симона Груевска-Маџоска
д-р Елка Јачева-Улчар
д-р Симон Саздов

Лектурата е извршена од членовите на Редакцијата.

Компјутерска обработка и ликовно уредување
Симчо Шандуловски

Сите права за ова издание се заштитени со закон. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачите и на авторите.

ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК
„КРСТЕ МИСИРКОВ“ – СКОПЈЕ
ДРУШТВО ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ
„КУЛТУРА“ АД – СКОПЈЕ

ПРАВОПИС
НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

(ВТОРО ИЗДАНИЕ)

ПРЕДГОВОР

кон второто издание

Второто издание на *Правопӣсот на македонскиот јазик* излегува една година подоцна од исцрпувањето на неговото прво издание, со оглед на малиот тираж, што ни дава право да го сметаме за пробно издание. Во периодот од една година направивме извесни корекции, главно, во поглавјето „Транскрипција и транслитерација на туѓите имиња на македонски“, и тоа во следниве јазици: албански, латински, полски, португалски, санскрит, турски, француски, шведски и шпански. Покрај ова, во ова издание ги воведуваме и затворените полунаводници (‘’) како знаци кои ќе ги користиме во лингвистиката и во другите науки при толкување на значењето.

Ја изразуваме нашата благодарност до сите автори на Правописот, кои со радост ја прифатија веста за неговото второ издание, и со своите сугестии и забелешки во голема мера ни помогнаа во оформувањето на конечниот текст. Покрај ова, ја користиме можноста да му се заблагодариме и на Издавачкото претпријатие „Култура“ – А.Д. Скопје, кое во извонредно кус период најпрофесионално ги презеде сите придружни активности што го овозможија излегувањето на второто издание на *Правопӣсот на македонскиот јазик*.

Како што истакнавме и во Предговорот кон првото издание на Правописот, членовите на Редакцијата и натаму се отворени за соработка и прием на конструктивни предлози, особено на оние што доаѓаат од практиката и од посебните научни области.

Скопје, 18.3.2017 г. Од Редакцијата

ПРЕДГОВОР

кон првото издание

Јазикот е жива материја во која се рефлектира секоја нова појава од севкупното човеково живеење. Правописот на секој јазик е конвенција, збир на правила за писмено претставување на самиот јазик. Бидејќи од последното осовременување на македонскиот правопис се поминати, речиси, 20 години, сосема е јасна потребата од повторно дополнување на Правописот на македонскиот јазик. Подновувањето на Правописот не значи негово суштинско менување ниту, пак, скршнување од веќе зацртаните насоки од страна на претходните изданија на македонскиот правопис, кои беа поставени уште од неговите први составувачи Блаже Конески и Крум Тошев, по кои следуваа: Божидар Видоески, Тодор Димитровски, Кирил Конески, Крум Тошев и Радмила Угринова-Скаловска. Првото поголемо осовременување на македонскиот правопис, практично, е направено со *Правописот на македонскиот литературен јазик* од 1969 година, по кој следуваше подновениот од 1998 год., составен од истите автори, освен Крум Тошев, кој почина во 1976 година.

Владата на Република Македонија во средината на 2012 година го назначи последниот состав на своето советодавно тело, Совет за македонски јазик, со мандат за периодот 2012 – 2016. Уште на самиот почеток од својата работа Советот за македонски јазик, под претседателство на Убавка Гајдова, покрај другото, го актуализира и прашањето за подновување и за осовременување на правописот на македонскиот јазик, па по негов предлог, проектот „Правопис на македонскиот јазик“ влезе во *Националната стратегија за развој на културата во Република Македонија за периодот 2012 – 2017*, по што се пристапи кон изработка на елаборат за Правописот на македонскиот јазик. Како главен координатор на активностите за подновувањето на правописот, од страна на Советот за македонски јазик беше назначена Елка Јачева-Улчар, по што следуваше назначувањето на составувачите на елаборатот за подновениот Правопис во состав: Елка Јачева-Улчар и Симона Груевска-Мацоска од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје и Симон Саздов од Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици

при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. По составувањето на елаборатот, тој преку Советот за македонски јазик беше проследен до Министерството за култура, а оттука до Владата на Република Македонија, која го прифати овој проект и го задолжи Институтот за македонски јазик за носител на проектот, чија работа требаше да ја следат и финансиски да ја поддржат Министерството за култура, од една страна, и Министерството за образование и наука, од друга. По добивањето на оваа одлука, се пристапи кон формирање Редакција и тим за изработка на Правописот на македонскиот јазик. Советот за македонски јазик формира петчлена Редакција во состав: Живко Цветковски (претседател), Снежана Веновска-Антевска, Симона Груевска-Маџоска, Елка Јачева-Улчар и Симон Саздов. Членовите на Редакцијата на првиот состанок заседоа став во изработката на Правописот да бидат поканети да земат учество сите лингвисти од Институтот за македонски јазик и од Катедрата за македонски јазик, како и дел од претставниците на катедрите за странски јазици при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, кои беа ангажирани во поглавјето „Транскрипција и транслитерација на туѓите имиња на македонски“. На поканата се одзваа значителен дел научници. Правописот на македонскиот јазик (2015) беше целосно финансиски поддржан од Министерството за култура на Република Македонија, најпрво како проект, а потоа и како публикација за печатење.

Изданието на Правописот на македонскиот јазик (2015) претставува колективен труд, во чија работа учествуваа вкупно 48 автори, специјалисти во своите области, од кои 26 беа ангажирани на поглавјето за транскрипција и транслитерација на туѓите имиња. Во содржината се наведени имињата на авторите во секое поглавје. Во оние делови од Правописот покрај чиј наслов не стои име на автор, решенијата ги состави и ги предложи Редакцијата. Во ова издание на Правописот на македонскиот јазик може да се забележи дека сите поглавја на постојниот Правопис на македонскиот литературен јазик (1998) претрпеле измени и дополнувања, доуточнувања и дообјаснувања, претставени што е можно поедноставно за да бидат достапни за поширок круг корисници. Во продолжение ќе ставиме акцент врз некои новини во секое поглавје одделно.

Во поглавјето *За пишувањето на гласовите* се внесени новини во множинските форми на некои зборови; глаголите образувани со префиксот *ис-* (*из-*) од глаголи со почетно *ш*, како *шара*, *шета*, *штипе* итн. се пишуваат: *исшара*, *исшета*, *исштипе*...; се дозволува двојна форма кај *филозофија*/*философија*; не се бележи едначењето по звучност во зборовите образувани со префиксите *пост-*, *транс-*, *дис-*, како и во некои други зборови од туѓо потекло: *гангстер*, *јурисдикција*, *нокдаун*, *питбул*. Исто така се пишува *себство*, а не *сејство*.

Во делот за акцентирањето се внесени дополнувања кај отстапките за третосложно акцентирање, а додаден е и дел за смисларазликувачката функција на акцентот.

Делот посветен на употребата на големата и на малата буква е проширен со низа нови примери и решенија на некои досегашни дилеми. Така, на пр., со голема почетна буква се пишува првиот збор на предната и на задната страница на книга и сл. (*Уредник*, *Лектор*, *Графички дизајн*), но со мала почетна буква титули и звања во истите позиции (*проф. д-р Марија Поповска*). Со голема почетна буква на секој составен дел се пишуваат имињата на небесните тела (*Бодеева Галаксија*, *Голем Мечеланов Облак*), административните единици (*Град Скопје*, *Општина Карпош*), општопознатите неофицијални имиња на територии и градови (*Нов Свет*, *Стар Рим*, *Градот на Светлината*). Голема почетна буква само на првиот составен дел се пишува, покрај во веќе познатите случаи, и во множинските форми од некои историски настани (*Балкански војни 1912 – 1913*), кај хуманитарните и образовните акции (*Да им помогнеме да оздрават*), кај називите на порталите (*Идивиди*, *Либертас*), рубриките (*Културна рубрика*, *Забавна рубрика*), социјалните мрежи и компјутерските програми (*Фејсбук*, *Мајкрософт ворд*), називите на наставни предмети и студиски програми (*Современ македонски јазик 1*, *Македонски јазик и јужнословенски јазици*), школите и теориите (*Прашка школа*, *Теорија на значењето*), спортските натпреварувања, натпреварувачките лиги и спортските клубови (*Лига на шампиони*, *Астон вила*). Со мала почетна буква се пишуваат: припадниците на воени и на полициски единици (*алфи*, *тигри*), навивачките групи (*комити*, *чкембари*), трговските марки на производи (*кока-кола*, *скопско*, *тојота*, *конверс*), општите именки кога се поврзани со конкретен број (*табела 1*, *член 5*, *став 1*).

Делот за слеано, полуслеано и разделено пишување на зборовите е еден од најобемните прилози во овој Правопис, и кај него, главно, се дополнети примери кои се темелат врз претходно утврдени правила. Едно од нив кое заслужува посебно внимание според својата едноставност и логичност е правилото дека со цртичка се поврзуваат две именки од кои едната ја објаснува другата тогаш кога членот се јавува кај втората (*спомен-плоча*), во спротивно не се поврзуваат со цртичка (*земја членка*). Меѓу дополнувањата може да се издвојат сложените именски споеви со прв дел повеќебуквена скратеница (*АДСЛ-приклучок*/*ADSL-приклучок*), каде што се допушта и латинична скратеница, иако не се претпочита.

Употребата на интерпункциските знаци во македонскиот јазик ја носи информацијата за интерпретацијата на исказот и за тематско-рематската структура на македонската реченица. Преку соодветната интерпункција се дава насока за интонацијата во и меѓу структурните делови, зборови и реченици, почнувајќи од најмали структури и понатаму во сложени искази составени

од повеќе делови. Особено се обрна внимание на употребата на точката и на запирката, а исто така се допрецизираа и некои правила за употребата на интерпункциските и правописните знаци со примери од современата состојба на македонскиот јазик. Се дообјасни употребата на точката и наводниците во непосредна позиција (при цитати и во директната реч), поткрепено со соодветни примери. Во делот за правописните знаци се внесе белината во определени позиции кај интерпункциските и кај правописните знаци.

Во деловите за скратениците и скратувањата на зборовите се додадени списоци со селектирани примери. Тоа се најчестите скратувања и дел од скратениците кои во некој период од стандардизирањето на македонскиот јазик до денес имале значителна употреба.

Во делот за предавањето на македонското писмо со латиница, старото решение за пишување на латиница без дијакритички знаци е заменето со она што се користи при изработката на личните документи.

Делот за Транскрипција и транслитерација на туѓите имиња е најобемен во ова издание на Правописот на македонскиот јазик. Во овој дел се застапени и јазиците *босански*, *дански*, *еврејски*, *каталонски*, *новогрчки*, *санскрит* (*санскрт*), *старословенски*, *фински*, *црногорски* и *шведски*, кои не беа застапени во досегашните изданија на Правописот. Секоја од транскрипциите/транслитерациите од соодветните јазици претставуваат своевидни авторски студии, во кои Редакцијата учествуваше со корекции, главно, од технички карактер (скусување на примери и намалување на пообемните објаснувања), па оттука и неизедначеното претставување на секој од јазиците одделно. Транскрипциите од сите јазици се обновени и збогатени со нови примери. Транскрипциите од некои јазици како *дански*, *холандски*, *арапски* и *персиски* се оформени редакциски врз основа на постојната литература, а во консултација или со родени говорители на овие јазици или со нивни проучувачи.

Во делот за географските имиња се застапени имињата на државите во светот и нивните главни градови. Покрај нив се наведени имињата на жителите (формите за м. р. и за ж. р., како и множинската форма) на земјите, односно градовите, како и придавската форма во м. р. Во ова поглавје по азбучен ред се наведени и имињата на македонските градови со етниците и ктетиците, како и имињата на некои македонски села, чии етници и ктетици се поневообичаени од постојните: *Градско – градчанец*, *Ѓавато – ѓавашанец*, но и *ѓавучанец*, *Банско – банскалија* итн. Овде како новина го наведуваме образувањето на женските форми за етници со суфиксот *-инка*: *Иркинка*, *Данкинка*, *Кинезинка*, како и *белкинка*, *црнкинка*. Кај *Република Зелен 'Рт* и *Брегот на Слоноватa Коска* се допуштаат и *Кабо Верде*, односно *Кот д' Ивоар*, според одлуките на нивните парламенти. Во овој дел е обележан акцентот во оние случаи каде што има отстапувања од третосложното акцентирање.

Во последното поглавје насловено како *Додатоци* се внесени следниве потпоглавја: *Оформување текст* (*Оформување делови од текст*, *Оформување текст со сликовито и графички претставена информација*, *Составување тестови* и *Оформување текст за сценарио*, *либрето*, *пиеса*, *драмски текст*), потоа примери како се пишуваат молба, жалба и биографија, *Пишување библиографски единици*, *Библиографско цитирање*, *Арапски и римски знаци за бележење броеви*, *Мерни единици*, *Пишување називи на хемиски елементи и на соединенија* и *Коректурни знаци*. Овие додатоци во голема мера ќе им помогнат на корисниците за решавање на низа практични, јазични проблеми. Ваквото издание на Правописот на македонскиот јазик, збогатено со современи примери и со понудени повеќе можности, им ја олеснува работата на лекторите и на преведувачите во нашава земја. Правописот на македонскиот јазик (2015) претставува вистински советник во пишувањето, особено ако се земе предвид дека македонскиот јазик ја помина фазата на стандардизација на лексиката, па со извесна временска дистанција може да се согледа кои зборови не отстапиле и покрај заложбите на нормата во таа насока. Затоа ним, и во ова издание, покрај во Толковниот речник на македонскиот јазик, им се признава статусот на стандардни зборови.

Во текот на две и полгодишната работа врз подновеното издание на Правописот на македонскиот јазик, Редакцијата воспостави стручна соработка со голем број специјалисти во одредени области, вљубеници и почитувачи на македонскиот јазик кои со своите стручни совети, сугестии и насоки во голема мера ја помогнаа и ја поддржаа работата врз ова издание на Правописот. Им искажуваме длабока благодарност и почит на: академик проф. д-р Бојан Шоптрајанов, академик проф. д-р Витомир Митевски, проф. д-р Зоран Здравковски, проф. д-р Атанас Илиев, проф. д-р Елена Петроска, проф. д-р Љупчо Спасовски, проф. д-р Ненад Вујадиновиќ, дипл. инж. Игор Трајковски, дипл. инж. Ирена Талаганова, м-р Пајо Авировиќ, Маријана Кавчиќ, д-р Хасан ел Арејси, Дениз Муфтаровски, Горан Смаилагиќ, Јоана Расмусен и Јадранка Чаушевска-Димов. Членовите на Редакцијата особена благодарност му изразуваат на Симчо Шандуловски за неговата стрпливост и истрајност при техничкото оформување на текстот на Правописот на македонскиот јазик (2015).

Како што ниеден национален јазик не останал конзервиран и без свој развој, така ни правописот на кој било национален јазик не претставува конечно затворена книга. Редакцијата на ова издание на Правописот смета дека е потребно почесто подновување и дополнување на Правописот на македонскиот јазик, кои ги налага практичната писмена употреба на македонскиот стандарден јазик. Во оваа смисла, Редакцијата е отворена за соработка, а сите конструктивни предлози што доаѓаат од практиката – се добредојдени!

Скопје, декември 2015 година Редакцијата

I.

ПИШУВАЊЕ НА ГЛАСОВИТЕ

АЗБУКА

1. Македонската азбука содржи 31 писмен знак (буква, графема) со кои се бележат македонските гласови (фонеми). Во продолжение, во табела се претставени печатната и ракописната форма на малите и на големите букви од македонската азбука:

аА	бБ	вВ	гГ	дД	ѓЃ	еЕ	жЖ
аА	*бБ*	*вВ*	*гГ*	*дД*	*ѓЃ*	*еЕ*	*жЖ*
зЗ	sS	иИ	јЈ	кК	лЛ	љЉ	мМ
зЗ	*sS*	*иИ*	*јЈ*	*кК*	*лЛ*	*љЉ*	*мМ*
нН	њЊ	оО	пП	рР	сС	тТ	ќЌ
нН	*њЊ*	*оО*	*пП*	*рР*	*сС*	*тТ*	*ќЌ*
уУ	фФ	хХ	цЦ	чЧ	џЏ	шШ	
уУ	*фФ*	*хХ*	*цЦ*	*чЧ*	*џЏ*	*шШ*	

Во македонскиот фонетски систем постои уште еден глас што се слуша како затемнето *а* и се бележи со апостроф (’) во некои сопствени именки: *В’чков*, *К’чев*, *К’шање*, *С’лѓ* и др. Во стандардниот јазик овој глас се бележи со *а*: *кана*, *саклеѓ*, иако, главно, дијалектно овие зборови се слушаат како *к’на*, *с’клеѓ*. Во текстовите што ги прикажуваат македонските дијалекти овој глас се бележи со знакот *ă*.

ПИШУВАЊЕ НА САМОГЛАСКИТЕ

Во македонскиот стандарден јазик има пет самогласки:
а, *е*, *и*, *о* и *у*.

2. Пишување на самогласката *а*

а) Со *а* се пишуваат зборовите: *бистар*, *бодар*, *внатре*, *гасеница*, *гулаб*, *длабок*, *заб*, *забец*, *итар*, *јагула*, *јадар*, *јазик*, *јаже*, *некаде*, *никаде*, *кадрав*, *кадрица*, *се каже*, *капина*, *кат*, *катник*, *лачи*, *мака*, *мати*, *обрач*, *папок*, *подрачје*, *пораби*, *раб*, *ракав*, *рачка*, *сабота*, *сад*, *секаде*, *скап*, *скапотија*, *стапало*, *стапка*, *стапи*, *тага*, *тажи*, *тап* и др.

б) Со двојни форми во стандардниот јазик се прифатени: *ветар – ветрот* и *ветер – ветерот*, мн. *ветрови*; *оган – огнот* и *оган – огинот*, мн. *огнови*; *танок*, *танка – тенок*, *тенка*.

в) Со *а* се пишуваат и некои туѓи зборови кај кои самогласката *а* ја нема во оригиналната форма: *амфитеатар*, *бакар*, *метар*, *регистар*, *регистарски*, *театар*, *цилиндар* и др., но: *магистер*, *министер*. Со *а* се прифатени и личните имиња: *Александар*, *Димитар*, *Петар*.

г) Со *а* се пишуваат зборовите од турско потекло: *кана*, *касмет*, *саклет*. Така се пишува и суфиксот *-лак*: *бовчалак*, *калабалак*, *комшилак*, *пазарлак*, *пијалак*, *простотилак*, *чорбалак* и др.

д) Самогласката *а* се пишува во множината и во деминутивот на именките: *зајак – зајаци – зајаче*, *залак – залаци – залаче*.

ѓ) Со *а* се пишуваат и следниве глаголи на *-ава* и зборови изведени од нив: *венчава – венчавање*, *гоститава – гостиравање*, *завештава*, *обожава – обожавање – обожавател*, *подражава – подражавање*, *прошташава – прошташавање*, *разузнава – разузнавање – разузнавач*.

е) Со *а* се пишуваат и следниве зборови од домашно и туѓо потекло: *актуализација*, *актуализира* (но: *актуелен*), *баретка*, *благодат*, *визуализација*, *визуализира* (но: *визуелен*), *генеалогија*, *генеалошки*, *горила*, *мармалад*, *молчалив*, *сексапил*, *стапало*, *танчар*, *триста*.

3. Пишување на самогласката *е*

Самогласката *е* се пишува во следниве зборови: *босилек*, *двесте*, *делириум*, *занает*, *запченик*, *инженер*, *комбинезон*, *меч*, *пареа* (*водна пареа*), *претшлен*, *провенциенција*, *тек* (но: *крвоток*), *тешта*, *честица.*

4. Пишување на самогласката *и*

Следниве зборови се пишуваат со *и*: *аперитив*, *брилијант*, *интелиґентен*, *интелиґенција* (но: *интелект*), *компатибилен*, *компримира* (но: *компресија*), *кориґира* (но: *корекција*, *коректор*), *перципира* (но: *перцепција*), *судир.*

5. Пишување на самогласката *о*

а) Со *о* се пишуваат глаголите: *затвора*, *одмора* и *отвора*, па оттука со *о* се пишуваат и зборовите: *затворање*, *затворач*, *одморање*, *одморалиште*, *отворање*, *отворач*.

б) Со сврзувачки елемент *о*, меѓу другите, се пишуваат и сложените зборови: *далековид*, *далекоисточен*, *далекосежен*, *земјоделец*, *земјоделство*, *малоброен*, *малоґраѓанин*, *малодушен*, *малопродажен*, *пантопис.*

в) Следниве зборови се пишуваат со *о*: *ґрашок*, *какофонија*, *контроверзен*, *контроверзија*, *лабораторија*, *лимон*, *мортадела*, *прашок*, *рамо*, *роґозина*, *розов*, *саксофон*, *црковен*, *шпион*, *шпионажа*.

г) Зборовите *лакт* и *нокт* се пишуваат без *о* во основната форма: *лакт – лактот – лакти*, *нокт – нокот – нокти*.

д) Со *о* се пишуваат зборовите: *ловор – ловоров – ловори* (покрај *лавор – лавров – лаври*).

6. Пишување на самогласката *у*

а) Со *у* се пишуваат прилозите: *збоґум*, *молкум*, *ничкум*, *простум*, *родум* и др., *близу*, *блиску*, *ваму*, *далеку*, *долу*, *инаку*, *колку*, *малку*, *многу*, *наоколу*, *натаму*, *неколку*, *николку*, *околу*, *олку*, *онаму*, *онолку*, *таму*, *толку* и др.

б) Следниве зборови се пишуваат со *у*: *всушност*, *душник*, *отсуство*, *отсуствува*, *отсутен*, *отсутност*, *присуство*, *присуствува*, *присутен*, *присутност*, *суров*, *суровина*, *уаписи*, *увод*, *удвои*, *уедначи*, *уочи.*

7. Самогласно *р*

Гласот *р* може да врши функција на самогласка, односно да се јави како носител на слогот, а со тоа и на акцентот.

а) Самогласното *р* се пишува без апостроф кога се наоѓа меѓу две согласки: *врв*, *гр̄ло*, *дрво*, *жр̄тва*, *пр̄ст*, *пр̄стен*, *срце*, *црква* и др., и кога се наоѓа на крајот на зборот: *тембр̄*.

б) Самогласното *р* се пишува со апостроф кога се наоѓа на почетокот на зборот, а по него следува согласка: *'рбет*, *'рбетник*, *'рѓа*, *'рж*, *'ржи*, *'рскавица*, *'рт*, *'рти*, *'рчи.* Овие зборови се пишуваат со апостроф и кога ним им се додава префикс што завршува на самогласка: *за'рѓа*, *за'ржи*, *про'рти*, но кога им се додава префикс што завршува на согласка, апостроф не се пишува: *безрбетник*, *изрти*, *сржи*.

8. Еднакви самогласки во непосреден допир

а) Две еднакви самогласки се пишуваат во следните зборови: *вакуум*, *континуум*, *маало*, *раат*, *саат* и др.

б) Кај глаголите од *а*-група во 3 л. мн. во сегашно време и во минатите определени времиња: *слушаат*, *цртаат*, *читаат; слушаа*, *цртаа*, *читаа; нацртаа*, *послушаа*, *прочитаа* и др.

в) Кај глаголите од *е*-група со основа на *-е*: *вее*, *гр̄ее*, *пее*, *сее*, *се смее*.

г) Во множината од именките што завршуваат на *-ија*: *змии*, *орѓанизации*, *партии*, *судии*.

д) Во префиксирани образувања: *заака*, *заанѓажира*, *се заарни*, *кооперација*, *координатор*, *координација*, *нееднаков*, *поодмори*, *поотвори*, *сеедно* и др.

9. Испуштање на самогласките

а) Испуштање на *а*

- Кај именките *ветар* и *оѓан* во членуваната форма и во множина: *ветар – ветрот*, *ветрови*, *оѓан – оѓнот*, *оѓнови* (но: *ветер – ветерот*, *оѓин – оѓинот*).
- Кај именките што завршуваат на *-изам* во нивната членувана форма (и евентуалната множина): *оптимизам – оптимизмот*, *реализам – реализмот*, *турцизам – турцизмот – турцизми*, *шовинизам – шовинизмот* итн.
- Кај именките што завршуваат на *-ар* и зборовите изведени од нив, и тоа во следниве случаи:

- Кај некои именки од туѓо потекло што завршуваат на *-ар*, *а* се испушта во множината: *кадар/-от – кадри*, *литар/-от – литри*, *маневар/-от – маневри*, *метар/-от – метри*, *педијатар/-от – педијатри*, *психијатар/-от – психијатри*, *семестар/-от – семестри*, *спектар/-от – спектри*, *театар/-от – театри*, *тигар/-от – тигри*, *центар/-от – центри*, *цилиндар/-от – цилиндри* итн.
- Кога од овие именки се образуваат придавки, самогласката *а* се испушта кај: *семестрален*, *театрален*, *централен*, *цилиндричен*, но се чува во формите изведени со *-ски*: *катастарски*, *километарски*, *театарски*, *центарски.*
- Кај придавските форми изведени од личните имиња од м. р. што завршуваат на *-ар*: *Александар – Александров*, *Димитар – Димитров*, *Петар – Петров*, како и кај галовните форми изведени од овие имиња: *Митре*, *Петре*.
- Кај придавките што завршуваат на *-ар* во сите изведени форми: *добар – добриот*, *добра/-о/-и*, *итар – итриот*, *итра/-о/-и*, *кутар – кутриот*, *кутра/-о/-и*, *мокар – мокриот*, *мокра/-о/-и*, *храбар – храбриот*, *храбра/-о/-и*, а не се испушта кај придавката *стар – стариот*, *стара/-о/-и*.

б) Испуштање на *е*

- Именки со завршок *-ец*:
  - Се испушта во множинската форма и во деминутивот: *врабец/-от – врапци*, *врапче*, *заемодавец/-от – заемодавци*, *клинец/-от – клинци*, *клинче*, *очевидец/-от – очевидци*, *патец/-от – патци*, *правец/-от – правци*, *светец/-от – светци*, *скакулец/-от – скакулци*, *старец/-от – старци*, *човекољубец/-от – човекољубци*.
  - Меѓутоа, не се испушта во именката *месец/-от – месеци* и во именките кај кои би се создала консонантска група тешка за изговор: *штрец/-от – штреци*, *мудрец/-от – мудреци*, *никаквец/-от – никаквеци*, *подлец/-от – подлеци*.
- Именки со завршок *-ел*:
  - Се испушта во множината и во деминутивот кај ограничен број именки што завршуваат на *-ел*: *кабел/-от – кабли*, *орел/-от – орли*, *орле*, *петел/-от – петли*, *петле*, *чевел/-от – чевли*, *чевле*, *чешел/-от – чешли*, *чешле.*
  - Меѓутоа, во повеќето случаи не се испушта во множината: *ангел/-от – анѓели*, *жител/-от – жители*, *истрел/-от – истрели*, *модел/-от – модели*, *оддел/-от – оддели*, *прамен/-от – прамени* (покрај *прамни*), *предел/-от – предели*, *темел/-от – темели*, *тунел/-от – тунели*,

факел/-от – факели (покрај *факли*), *хотел/-от – хотели*, како и кај именките изведени со суфиксот *-тел*: *показател/-от – показатели*, *пријател/-от – пријатели*, *раководител/-от – раководители*, *родител/-от – родители.*

- Именки со завршок на *-ер*:
  - Се испушта во множината кај именките од туѓо потекло: *магистер/-от – магистри*, *министер/-от – министри*, *олеандер/-от – олеандри*, *филтер/-от – филтри.*
  - Меѓутоа, ако е акцентирана самогласката, без исклучок се чува во множината: *премиер – премиери*, *репортер – репортери*, *фудбалер – фудбалери.*
- Се испушта во множинските форми на *-и* кај некои именки: *ден/-от – дни* (и *денови*), *овен/-от – овни*, *пес/-от – пци*.
- Придавки со завршок *-ен* и други зборови изведени од истата основа:
  - Кај придавките со завршок на *-ен* се испушта кај сите изведени форми од истата основа: *бавен – бавниот*, *бавна/-о/-и*, *волшебен – волшебниот*, *волшебна/-о/-и – волшебник*, *државен – државниот*, *државна/-о/-и – државник*, *гладен – гладниот*, *гладна/-о/-и*, *златен – златниот*, *златна/-о/-и – златник*, *нежен – нежниот*, *нежна/-о/-и – нежност*, *правен – правниот*, *правна/-о/-и*, *радосен – радосниот*, *радосна/-о/-и*, *редовен – редовниот*, *редовна/-о/-и*, *способен – способниот*, *способна/-о/-и* и др.
  - Се испушта и кај придавките од туѓо потекло што завршуваат на *-ен*, како и во изведените форми од истата основа: *активен – активниот*, *активна/-о/-и – активност*, *емотивен – емотивниот*, *емотивна/-о/-и – емотивност*, *релативен – релативниот*, *релативна/-о/-и – релативност*, и со завршок на *-(ј)ален*: *материјален – материјалниот*, *материјална/-о/-и – материјалност*, *официјален – официјалниот*, *официјална/-о/-и – официјалност*, *специјален – специјалниот*, *специјална/-о/-и – специјалност* и др.
  - Кај придавките на *-ен* со основа на самогласка, наместо *е* се бележи *ј* во следниве форми*: буен – бујниот*, *бујна/-о/-и*, *двослоен – двослојниот*, *двослојна/-о/-и*, *идеен – идејниот*, *идејна/-о/-и*, *многуброен – многубројниот*, *многубројна/-о/-и*, *содржаен – содржајниот*, *содржајна/-о/-и*, *стихиен – стихијниот*, *стихијна/-о/-и*, *таен – тајниот*, *тајна/-о/-и.*
- Не се испушта *е* во следните случаи:
  - Кај некои придавки што завршуваат на *-ен*: *гумен/-иот – гумена/-о/-и*, *меден/-иот – медена/-о/-и*, *свилен/-иот – свилена/-о/-и*, *сламен/-иот – сламена/-о/-и*, *студен/-иот – студена/-о/-и*, и кај некои придавки кај

кои основата завршува на согласна група, поради тешкиот изговор: *борбен/-иот – борбена/-о/-и*, *коскен/-иот*, *коскена/-о/-и*, *службен/-иот – службена/-о/-и*, *спогодбен/-иот – спогодбена/-о/-и*, *станбен/-иот – станбена/-о/-и*, *трезвен/-иот – трезвена/-о/-и* итн.

- Кај глаголските придавки: *вљубен/-иот – вљубена/-о/-и*, *загубен/-иот – загубена/-о/-и*, *износен/-иот – износена/-о/-и*, *ослабен/-иот – ослабена/-о/-и*, *работен/-иот – работена/-о/-и*.

- Присуството/отсуството на *е* врши смисларазликувачка функција во следните случаи:
  - Чувањето на самогласката *е* ги разликува глаголските придавки (*јавен : јавениот*, *јавена/-о/-и*, *составен : составениот*, *составена/-о/-и*, *употребен : употребениот*, *употребена/-о/-и*) од обичните придавки со испуштено *е* (*јавен : јавниот – јавна/-о/-и*, *составен : составниот – составна/-о/-и*, *употребен : употребниот*, *употребна/-о/-и*).
  - Кај некои придавки се јавуваат и двојни форми, со испуштено и со зачувано *е*, со различно значење, на пр.: *воден : водениот*, *водена/-о/-и – водниот*, *водна/-о/-и*, *дрвен : дрвениот*, *дрвена/-о/-и – дрвниот*, *дрвна/-о/-и*, *кожен : кожениот*, *кожена/-о/-и – кожниот*, *кожна/-о/-и* и др.

в) Испуштање на *о*

- Самогласката *о* се испушта во множината на следниве именки со завршок на *-ок*: *опинок/-от – опинци*, *потомок/-от – потомци*, *предок/-от – предци*, *ќепенок – ќепенци.* Но кај повеќето именки со завршок на *-ок*, *о* се чува: *водоскок/-от – водоскоци*, *мозок/-от – мозоци*, *појадок/-от – појадоци*, *сведок/-от – сведоци*, *список/-от – списоци*.
- Кај придавките на *-ок*, *о* главно се испушта во сите форми: *жежок – жешкиот*, *жешка/-о/-и*, *кратток – краткиот*, *кратка/-о/-и*, *кревок – кревкиот*, *кревка/-о/-и*, *малечок – малечкиот*, *малечка/-о/-и*, *низок – нискиот*, *ниска/-о/-и*, *редок – ретkиот*, *ретка/-о/-и*, *сладок – слаткиот*, *слатка/-о/-и*, *тивок – тивкиот*, *тивка/-о/-и*, а се чува кај следниве придавки: *висок/-иот – висока/-о/-и*, *длабок/-иот – длабока/-о/-и*, *жесток/-иот – жестока/-о/-и*, *широк/-иот – широка/-о/-и.*
- Кај именките со завршок на *-ол*, *о* се испушта во множината на именките: *агол/-от – агли*, *жезол/-от – жезли*, *јазол/-от – јазли*, а се чува кај: *ѓавол/-от – ѓаволи*, *идол/-от – идоли*, *симбол/-от – симболи*.
- Самогласката *о* се испушта и кај именката *сон* во множинските форми *сни и сништа* (покрај *соништа*).

ПИШУВАЊЕ НА СОГЛАСКИТЕ

10. Пишување на согласката *в*

а) Во почетокот на зборот *в* се пишува во зборовите од типот: *влез*, *внатре*, *внесе*, *внук*, *втор*, *втораче*, *второрник*, *второлиѓаш*, *второстепен*, *вторпат*, *вчера*.

б) Гласот *в* се пишува и во: *був*, *евтин*, *евтинија*, *кожув*, *мавта*, *мавне*, *фреквенција* и сл.

в) Гласот *в* не се пишува и не се изговара во следниве случаи:

- Во почетокот на зборот: *заемен*, *заемно*, *заемност.*
- Во глаголите *преземе*, *заземе*.
- Во прилогот *однатре.*
- Во заменката *сѐ* и во сложенките со неа: *сеедно*, *сеопшто*, *сеопфатен*, *сестран* и др.

11. Пишување на согласката *s*

а) Гласот *s* се пишува во зборовите: *sasuda*, *sвезда*, *sвек*, *sвекош*, *sвер*, *sвери*, *sверилник*, *sвечи*, *sвизне*, *sвон*, *sвони*, *sug*, *suga*, *supka*, *sрцки*, *sensa*, *sуница*, *sypи*, *jанsa*, *nasupa*, *obsup*, *прosupa*, *прosupен*, *прosupka.*

б) Не се пишува во: *зева*, *надзор*, *нозе*, *презир.*

12. Пишување на согласката *j*

а) Според карактерот, постојат три типа на гласот *j*:

- Функционално (фонолошко) – кога јавувањето/нејавувањето на *j* одлучува за значењето на зборот: *бујна – буна*, *земји – земи*, *јакне – акне*, *што – штој*.
- Нефункционално (фонетско) – пр. *испеаја*, *успеаја*.
- Морфолошко – се јавува во примери за да ја обележи границата меѓу основата на зборот и наставката: *зала-ј-аа* (морфолошко *ј*), наспроти *испеа-ј-а* (фонетско *ј*).

б) Се пишува *ј*:

- Пред *и* во суфиксот *-ји*: *божји*, *кравји*, *рибји* (но *овчи* и *волчи*).

- Во множинските форми кај некои именки со завршок на *-ја: бамји*, *земји*, *ламји*, *сабји*, *чапји*, *чкрапји.*
- Пред *е*:
  - Во почетокот на зборови од туѓо потекло: *Јемен*, *Јесперсен*, *језуит*, *јереј*, *јеромонах.*
  - Зад согласка во суфиксот *-је: заштиште*, *здравје*, *копје.*
  - Во наставката за збирна множина *-је: билје*, *колје*, *нивје.*
- Во самогласни групи во кои втората самогласка е *а:*
  - Меѓу самогласките *и* и *а: змија*, *крија*м, *крија*ч, *материја*, *материјал*, *пијам*, *пијач*, *пијачка; Илија*, *Марија*, *Македонија.*
  - Меѓу самогласките *о* и *а*: *боја*, *бојат*, *бројам*, *кројач*, *моја*, *никоја*, *твоја*, *секоја*, *стојам; Бојан*, *Стојан*, *Зоја.*
  - Меѓу самогласките *у* и *а*: *блујам*, *обујам*, *собујам*, *трујат*, *трујач*, *чујам.*
  - Меѓу самогласките *е* и *а* во литературни заемки: *алеја*, *алинеја*, *асамблеја*, *епопеја*, *идеја*, *ономатопеја*, *турнеја;* во туѓи имиња: *Гвинеја*, *Еритреја*, *Јудеја;* во именки што завршуваат на *-ач/-јач*, *-ачка/-јачка: владејач*, *грејач*, *жнејач*, *жнејачка*, *пејач*, *пејачка*, *сејач*, *сејачка*, *живејачка.*
  - Меѓу две *а*: *ваја*, *вајар*, *вајарка*, *маја*, *одаја;* во лични имиња: *Трајан;* во именки што завршуваат на наставката *-јач*, *-јачка: бајач*, *бајачка*, *лајач*, *лајачка*, *ткајач*, *ткајачка;* во минато определено свршено време: *залаја*, *истраја*, *се покаја*, *потраја*; во глаголската *л*-форма: *залајал*, *истрајал*, *се покајал*, *потрајал.*
- Меѓу самогласките *и* и *о* во вокативната форма кај именките на *-ија: Марију*, *Македонијо*, и во сложенки од типот *змијоглав.*
- Во множинската форма на именките *змеј*, *кеј*, *шеј – змејови*, *кејови*, *шејови.*
- Во група од три или повеќе самогласки во непосреден допир, меѓу втората и третата се пишува *ј: доајен*, *досиеја*, *крупиеја*, *фоајеа*, *пледоајеа;* во 3 л. мн. на минатото определено време: *знаеја*, *миеја*, *криеја*, *спиеја*, *таеја.* Со мали исклучоци, *ј* се пишува меѓу првата и втората самогласка (*влијае*) или, воопшто, не се пишува (*шоуа*).
- Кај придавки на *-ски* изведени од именки со завршок *-ј*/*-ја*: *епопеја – епопејски*, *Еритреја – еритрејски*, *плејбој – плејбојски*, *херој – херојски.*
- Во формите за еднина и множина на заповедниот начин кај глаголите чија основа завршува на *-и: биј – бијте*, *вриј – вријте*, *криј – кријте*, *спиј – спијте.*

в) Не се пишува *ј*:

- Меѓу три самогласки на составот на компонентите во некои сложени зборови, главно, од туѓо потекло: *авиоиндустрија*, *видеоинсерт*, *неоимперијализам*, *радиоактивност* и др.
- Меѓу две самогласки, ако е втората *и*: *бои* (од *боја*), *змии*, *идеи* (од *идеја*), *кутии*, *лишаи* (од *лишај*), *музеи* (од *музеј*), *обичаи* (од *обичај*), *партии*, *повои* (од *повој*), *професии*, *славеи* (од *славеј*), *случаи* (од *случај*), *судии*, *турнеи*; *буи*, *брои*, *крои*, *стои*, *струи; кои*, *мои*, *некои*, *нечии*, *никои*, *ничии*, *твои*, *свои*, *чии.*
- Пред *е* во следните случаи:
  - Во почетокот на зборот: *ерес*, *еретик.*
  - Меѓу одделни самогласки: *ае – краеви* (од *крај*), *чаеви* (од *чај*); *ое – мое*, *некое*, *никое*, *свое*, *секое*, *твое*; *ие – вие*, *досие*, *конференсие*, *нечие*, *ние*, *ничие*, *овие*, *оние*, *тие*, *сечие*, *чие; уе – блуе*, *дуе*, *чуе; ее – вее*, *жнее*, *сее.*
  - Во формата за 3 л. едн. од *сум: е.*
  - Пред наставката *-ец* кај именските образувања изведени од имиња што завршуваат на *-ија* и *-еја: Индиец*, *Кениец*, *Кореец*, но *Индијка*, *Кенијка*, *Корејка.*
  - Во формата за машки род кај придавките од типот: *значаен*, *идеен*, *краен*, *очаен*, *покоен*, *семеен*, *стихиен*, но *значајна/-о/-и*, *идејна/-о/-и*, *крајна/-о/-и.*

г) Во самогласните групи каде што втората самогласка е *а* во случаите:

- *береа*, *веал*, *веам*, *веат*, *владеам*, *ѓреалка*, *ѓреам*, *делеа*, *дефилеа*, *живеам*, *жнеам*, *завеан*, *зреам*, *леа*, *леат*, *неа*, *носеа*, *резимеа*, *сеалка*, *сеат*, *сечеа*, *смеа*, *стреа.*
- Во формите за сегашно време чија основа завршува на *а: баам*, *баат*, *каам*, *каат*, *лаам*, *лаат*, *познаам*, *познаат.*
- Во заменските форми: *оваа*, *онаа*, *таа.*

д) Меѓу самогласките *и* и *о: биологија*, *емоционален*, *конвенционален*, *регионален*, *свиок.*

ѓ) Во самогласните групи каде што втора е самогласката *у: виулица*, *калиум*, *триумф.*

е) Кај придавки коишто завршуваат на *-ски* изведени од именки на *-ија*: *азиски*, *арамиски*, *змиски*, *историски.*

ж) Меѓу самогласки на составот на две компоненти во сложени зборови: *антиамерикански*, *иако*, *триаголник.*

13. Пишување на согласката *л*

Се пишува *л* пред:

- Самогласките: *а*, *о* и *у*: *чешла*, *кошула*, *селанка*, *гр̄клан*, *клокотӣ*, *клука*, *клун*, *клуч*, *луѓе*, *лула*, *лулка*, *лӯпи*, *лушпа*, *лӯт*, *пла̄ка*, *пла̄нка*, *пла̄скавец*.
- Согласка: *билка*, *болка*, *бришалка*, *желка*, *родилка*; во зборовите: *де̄тално/де̄тално*, *де̄талност/де̄тално̄ст* и во личните имиња: *Илчо/Иљчо*, *Илка/Иљка* (види *љ*).
- На крајот од зборот: *крал*, *пријате̄л*, *родӣте̄л*, *учӣте̄л*, *сол*, *чешел* итн. Во зборовите: *те̄л/те̄љ*, *де̄тал/де̄тал*, *по̄рте̄фел/по̄рте̄фељ*, *водвил/водвиљ*, *ка̄тил/ка̄тиљ*, *фӣтил/фӣтиљ*.
- Самогласките *е* и *и*: *биле*, *дале*, *де̄тален*, *леб*, *лево*, *лежи*, *лесен*, *ле̄то*, *млеко*, *по̄ле*, *блиску*, *бели*, *боли*, *дели*, *ливада*, *лице*, *личи*, *слика* итн., како и во множината од зборовите: *биљбили*, *де̄тали*, *по̄рте̄фели*, *водвили*, *ка̄тили*, *фӣтили*. Исклучок од ова правило има во множинските форми *бељи* (: *бе̄ља*) и *рубљи* (: *рубља*).
- Сонантската група *-лј-* се изговара слеано, при што *л* се смекнува пред *ј*, а не како тврдо *л+ј*: *билје*, *зелје*, *тӣлје*, *колје*, *крилје*, *релје̄ф*, *релје̄фен*, *билјар*, *даљан*, *илјада*, *илјадарка*, *ко̄пиљак*, *лиљак*, *по̄љак*, *колја*, *крилја*, *Велјан*, *Силјан*, *Смилјан*, *Билјана*, *Лиљана*, *ба̄тальон*, *бӯљон*, *медаљон*, *па̄вилјон*, *волја*, *неволја*, *ролја*, *фо̄телја* и во множината: *неволји*, *милји*, *ролји*, *фо̄телји*.

14. Пишување на согласката *љ*

Се пишува *љ*:

- Пред гласот *у*:
  - Во коренот на зборот *љуб-*: *љубезен*, *љуби*, *љубимец*, *љубӣте̄л*, *љубов*, *љубовник*, *љубомора*, *љубопӣтен*, *вљубен*, *заљубен*.
  - Во сопствените имиња: *Љуба*, *Љубица*, *Љӯпка*, *Љубе*, *Љубен*, *Љубомир*, *Љӯпчо*, *Љубојно*.
  - Во зборовите: *виљушка*, *виљувче*, *набљудува*.
- Пред други самогласки:
  - Во зборовите: *бе̄ља*, *иљач*, *пљачка – пљачки*, *пљачкоса*, *рубља*, *де̄таљ – де̄тали*.
  - Во лични имиња: *Дељо*, *Иљо*, *Кољо*, *Пељо*, *Суљо* итн.
- Пред согласка:
  - Во зборовите: *фељто̄н*, *фељто̄нист*.
  - Во лични имиња: *Иљчо/Илчо*, *Иљка/Илка* (в. *л*)

- На крајот на зборови од туѓо потекло што немаат множина или се заемки од понов датум, на пр.: *кељ*, *прокељ*, *хмељ*, како и во зборовите: *тељ*, *детаљ*, *портфељ*, *водвиљ*, *катиљ*, *фитиљ*, покрај *тел*, *детал*, *портфел*, *водвил*, *катил*, *фитил* (в. *л*).

15. Пишување на согласката *н*

Се пишува *н*:

- Во зборовите: *вишна*, *пена*, *пустина*, *затина*, *трепина*, *простина*, *сопина*, *свински*, *свинче*, *свинштина*, во личното име *Прохор Пчински*.
- Пред *б* во случаите како: *бонбона*, *бонбониера*, *Истанбул*, *одбранбен*, *прехранбен*, *станбен*, *баштун.*
- Пред други согласки: *инјекција*, *инјектира*, *инстинкт*, *инстинктивно*, *конјугација*, *конјункција*, *конјунктивит*, *конјунктурен*, *конфекција* и сл.

б) Не се пишува *н* во зборот: *величествен*.

16. Пишување на согласката *њ*

Се пишува *њ*:

- Во зборовите: *дење*, *синњак*, *сукња.*
- На крајот од зборот, во зборовите од домашно потекло во стандардниот јазик, се пишува единствено во зборот *коњ*. Со *њ* се пишуваат и сите граматички форми, изведенки и сложени зборови во чие образување влегува оваа именка: *коњи*, *коњче*, *коњски*, *коњушница*, *коњушар*, *коњаник*, *коњокрадец*, *коњошти*и итн.
- Во зборовите: *бања*, *диња*, *дуња*, *молња*, *Пчиња*, *свиња*, *тиња*; во граматичките форми и изведенките од посочените зборови: *бањи*, *бањач*, *бањарка*, *бањски*, *дињи*, *молњи*, *молњоса*, *свињи*, *свињар*, *свињарче*, *свињарски*, *свињарство*, *тињест*.
- При образувањето на глаголски именки и нивните граматички форми: *берење*, *варење*, *движење*, *облекување*, *пешачење*, *пишување*, *спиење*, *спортување* и др.
- При образувањето збирна множина кај именките чија основа завршува на *-н*: *камен – камење*, *камења*, *корен – корење*, *корења*, *планина – планиње*, *прстен – прстење*, *прстења*, *ремен – ремење*, *ремења*, *трн – трње*, *трња* и др.
- При образувањето множина со наставката *-ија* кај некои именки од среден род што завршуваат на *-е*: *врапче – врапчија*, *дете – деца/дечија*, *дрвце – дрвца/дрвција*, *мезе – мезија*, *окце – окца/окција*, *ќебе – ќебија*, *ќоше – ќошија*, *цвеќе – цвеќија* и др.

- Во несвршениот глагол изведен од свршен со *н* во основата: *се клања*.
- Во зборови, лични имиња и топоними од туѓо потекло и нивните изведенки: *њоки*, *шамӣињони*, *Њу Делхи*, *Њујорк*, *њујоршки*, *Њутӣн* и др.

17. Пишување на согласките *ќ* и *ѓ*

а) Согласката *ќ* се пишува:

- Во зборовите и формите: *нејќе*, *синоќа*, *ӣлеќи*, *сваќа*, *сфаќа*, *смеќава*, *ќутӣи.*
- Во партикулата *ќе* и во наставката за глаголски прилог *-јќи: викајќи*, *носејќи*, *ӣеејќи.*

б) Согласката *ѓ* се пишува:

- Во зборовите: *веѓа*, *лаѓа*, *меѓа*, *саѓи*, *ӣуѓ*, *ӣуѓина.*
- Во множинската форма од *човек*: *луѓе.*

в) Гласовите *ќ*, *ѓ* се јавуваат и во голем број зборови од несловенско потекло (најчесто турски и грчки).

- Се пишува:
  - *ќар*, *ќор*, *ќос*, *ќошек*, *ќофше*, *ќош*, *ќумур*, *ќунк*, *ќуӣ*, *ќурк*, *бубаќ*, *сӣанаќ.*
  - *ѓавол*, *ѓон*, *ѓубре*, *ѓуле*, *ѓум*.
- Пред *е* се пишува *ќ*, *ѓ* во:
  - *бериќеӣ*, *ќебаӣ*, *ќебаӣче*, *ќебе*, *ќелија*, *ќерамида*, *ќесе*, *ќеф*, *ќече*, *шеќер.*
  - *ѓеврек*, *ѓеврекчија*, *ѓезве*, *ѓердан*, *ѓерѓеф*, *калуѓер.*
- Согласката *ќ* не се пишува пред самогласката *е* и *и* во зборовите:
  - *кенѓур*, *керамика*, *кеса*, *кечаӣ*, *кеш.*
  - *кибриӣ*, *килер*, *килибар*, *килим*, *килимарница*, *кираџија*, *кирија*.
- Согласката *ѓ* не се пишува пред самогласката *е* и *и* во зборовите:
  - *ѓенерал*, *ѓенијален*, *ѓелендер*, *Германија.*
  - *ѓиро*, *ѓимназија*, *ѓимнасӣика*, *ѓинеколоѓ*, *ѓинеколоѓија*, *маѓија*.

18. Пишување на согласката *ф*

Се пишува *ф*:

- Место некогашната група *-хв-*: *фали*, *ӣофали*, *ӣофалба*, *фаӣи*, *фаӣен*, *се нафаќа*, *зафаӣи*, *ӣофаќа*, *ӣрефаӣи*, *фрла*, *сфаӣи*, *сфаќа.*
- Во заемки од други јазици: *кафе*, *кафез*, *софра*, *фес*, *филџан*, *фурна*, *фурнаџија*, *фусӣан*, *ӣрофил*, *фабрика*, *факӣ*, *факӣор*, *фар*, *фасада*, *фиѓура*, *филм*, *филозофија/философија*, *физиономија*, *фудбал*, *функција*, *функционер.*

19. Пишување на согласката *х*

Се пишува *х* во:

- *воздух*, *восхит*, *доход*, *исход*, *поход*, *приход*, *расход*, *дух*, *духовит*, *исхрана*, *прехрана*, *похвала* (црковно), *слух*, *страхопочит*, *неухранетост*, *тих*, *успех*, *храбар*, *храна*, *храни*, *хранење*, *ходник*, *Христос*, *христијанство*.
- *хармоника*, *харпун*, *хартија*, *хауба*, *дахија*, *трахеја*.

б) Не се пишува *х* во: *аџија*, *иљада*, *итно*, *орда*, *маало*, *стреа.*

20. Пишување на согласката *џ*

Се пишува *џ*:

- Во зборовите: *џагор*, *џбара*, *џвака*, *џврка*, *џган.*
  - Пред звучна согласка: *лиџба*, *нараџба*, *враџба*.
  - Во образувања со суфиксите *-џија*, *-џика*, *-џилница: аперџија*, *бозаџија*, *кафеџика*, *тутунџија*, *фалбаџија*, *филмаџија*, *фудбалџија*, *бозаџилница*, *чајџилница*.
  - Во одделни зборови од туѓо потекло: *џабе*, *џам*, *џамија*, *џанка*, *се џари*, *џеб*, *џелат*, *џез*, *џем*, *џемпер*, *џентлмен*, *џигер*, *џин*, *џинс*, *џип*, *џогинг*, *џокеј*, *џумбуш*, *џудо*, *оџа; баџанак*, *синџир*, *тенџере*.
  - Зад безвучните согласки суфиксот *-џија* се јавува во обликот *-чија: бурекчилница*, *ѓеврекчија*, *мајтапчија*, *ќебапчилница*, *саатчија*.

ПРАВОПИСНИ ПРАВИЛА ЗАСНОВАНИ НА ФОНЕТСКИ ПРОМЕНИ КАЈ СОГЛАСКИТЕ

При изговорот на согласките во низа настануваат различни фонетски (гласовни) промени кои, главно, имаат свој одраз и во правописот на македонскиот јазик.

21. Едначење на согласките по звучност

а) Едначењето по звучност е промена која значи приспособување на изговорот на согласките различни по звучност, кога тие ќе се најдат во непосреден допир.

б) Корелативни парови на звучните и безвучните согласки во македонскиот јазик се:

звучни	*б*	*в*	*г̄*	*д*	*ѓ*	*ж*	*з*	*ѕ*	*џ*	*ј*
безвучни	*п̄*	*ф*	*к*	*т̄*	*ќ*	*ш*	*с*	*ц*	*ч*	*х*

в) Правило:

Кога во говорната низа ќе се најдат во непосреден допир две согласки со различна звучност, тие се изедначуваат по звучност – или двете стануваат звучни или двете безвучни (од ист ред во табелата), и тоа според втората согласка: *заб – зап̄че*, *сват̄ – свадба.* Сонантите (*ј*, *л*, *љ*, *м*, *н*, *њ*, *р*) не влијаат врз едначењето по звучност: *жалост̄ – жалослив*, *мирис – мирислив.*

г) Едначењето по звучност кое настанува при додавање суфикси, префикси и при образување сложенки, редовно се бележи:

- Со суфикси:

б > п *рип̄ка* (*риб*(*а*)+*-ка*), *клуп̄ски* (*клуб*+*-ски*), *роп̄ски* (*роб*+*-ски*), *заг̄реп̄ски* (*Заг̄реб*+*-ски*), *зап̄ци* (*заб*+*-ци*), *човекољуп̄ци* (*човекољуб*(*ец*)+*-ци*), *врап̄че* (*враб*(*ец*)+*-че*), *леп̄че* (*леб*+*-че*)

г > к *брекче* (*брег̄*+*-че*), *крукче* (*круг̄*+*-че*), *снекче* (*снег̄*+*-че*)

д > т *ре т̄ка* (*ред*(*ок*)+*-ка*), *слат̄ка* (*слад*(*ок*)+*-ка*), *брот̄че* (*брод*+*-че*), *г̄рат̄че* (*г̄рад*+*-че*), *рит̄че* (*рид*+*-че*)

ж > ш *жешка* (*жеж*(*ок*)+*-ка*), *т̄ешка* (*т̄еж*(*ок*)+*-ка*)

з > с *блиска* (*близ*(*ок*)+ *-ка*), *ниска* (*низ*(*ок*)+ *-ка*

т > д *свадба* (*сва*ѓ+ *-ба*), *средба* (*сре*ѓ(*не*)+ *-ба*)

с > з *го*ѕ*ба* (*го*ѓ(*ин*)+ *-ба*)

- Со префикси:

без- > бес- *бесцелно*, *бескуќник*, *бесмртен*, *бесмислен*, *бессовесен*, *бескаматен*, *бесчувствителен*

зад- > зат- *затскрие*, *заткулисен*

из- > ис- *исклучи*, *искаже*, *истера*, *истече*, *исцеди*, *исчекори*, *исчепка*, *исчисти*, *исшара*, *исшета*, *исшие*, *исшилчи*, *исшлапа*, *исшлифува*, *исштипе*, *исшмрка*

над- > нат- *натпис*, *натпревар*, *натскока*, *натфрли*, *натпрча*

об- > оп- *опкружи*, *опкова*, *опслужи*, *опстане*, *оптегне*, *оптовари*, *опфати*, *опчекори*, *опише*

од- > от- *отпише*, *отплаќа*, *отсеѓа*, *оттаму*, *оттоѓаши*, *оттука*

под- > пот- *потпис*, *потсвест*, *потсетник*

пред- > прет- *претпладне*, *претсобје*, *претчувство*, *претседател*

раз- > рас- *расположи*, *расход*, *расути*, *расчекор*

- Со префикси од латинско потекло:

аб- > ап- *апсолутен*, *апсорбира*, *апстрактен*, *апсурд*

ад- > ат- *атсорбира*, *атсорпција*, *атхезија*

об- > оп- *опсервација*, *опсервира*, *опсесија*, *опструкција*, *опструира*

суб- > суп- *супкласа*, *супкултура*, *супстанција*, *супстрат*, *суптил*, *суптропски*, *супспецијалист*

д) Не се бележи едначењето по звучност:

- На *б* во зборот: *себство.*
- На *в* во сите случаи: *бувта*, *вкупно*, *впери*, *всели*, *вторник*, *вирви*, *вчера*, *евтин*, *здравство*, *мавта*, *мевце*, *мравка*, *тревка*, *цевка.*
- На *ѓ* во зборовите *беѓство* и *другпат*.
- На *д*:
  - Пред суфиксите *-ски*, *-ство*, *-ствен*, *-ствува*: *бродски*, *ѓрадски*, *ортопедски*, *охридски*, *судски*, *книѓоводство*, *наследство*, *производство*, *раководство*, *средство*, *судство*, *посредствен*, *производствен*, *сметководствен*, *бедствува.*
  - Пред *ц* на граница на основата и множинската наставка *-и: доморо*д*ци*, *кра*д*ци*, *месоја*д*ци*, *очевиди*ц*и*, *пре*д*ци.*
- На *т* во сложенките чиј прв дел е број кој завршува на *-т*, а вториот дел е именка или придавка што почнува на звучна согласка,

на пр. *-ѓодишнина*, *-ѓодишен*, *-дневен*: *петѓодишнина*, *петѓодишен*, *деветѓодишен*, *петдневен*, *шестдневен*.

- На сите звучни согласки кога со наставката *-та* се членуваат именки од ж. р. што завршуваат на согласка: *заповедта*, *зобта*, *надежта*, *'ржта*.
- Во имиња од туѓо потекло: *Вашингтон*, *Мусоргски*, *Хабсбурговци*, *Хонгконг*, *Фејсбук* (и во придавките изведени од нив: *вашингтонски*, *хабсбуршки* итн.).
- Во некои зборови од други јазици:
  - Во зборови од туѓо потекло: *гангстер*, *јурисдикција*, *нокдаун*, *питбул.*
  - Кај зборови со префиксите *дис-*, *пост-*, *транс-* и сл.: *дисбаланс*, *дисграфија*, *постдипломски*, *постдокторски*, *трансгресија*.

22. Обезвучување на согласките на крајот на зборот

Звучните согласки на крајот од зборот се изговараат како безвучни, но обезвучувањето не се бележи во пишувањето: *даб*, *џеб*, *роб*, *бев*, *живеев*, *прав*, *крв*, *пиев*, *прв*, *праг*, *драг*, *брег*, *снег*, *млад*, *град*, *ред*, *рид*, *глеѓ*, *грабеж*, *надеж*, *вриеж*, *бодеж*, *стремеж*, *копнеж*, *еж*, *нож*, *образ*, *мраз*, *праз*, *воз*.

23. Согласни групи

а) Групата (-)*мн-* во стандардниот јазик се изговара и се пишува во зборовите: *гламна*, *гумно*, *дамнина*, *одамна*, *огламник*, *самне*, *рамна*, *демне*, *земне*, *симне*, *многу*, *мнозина.*

б) Со (-)*вн-* се пишуваат зборовите: *внатре*, *внук*, *плевна*.

в) Согласките *с*, *з* и *ш* пред наставките *-че*, *-ца*, *-це* најчесто преминуваат во *в*: *гуска – гувче*, *клас – клавче*, *колбас – колбавче*, *коска – ковче*, *крст – крвче*, *лист – ливче*, *маска – мавче*, *мост – мовче*, *појас – појавче*, *воз – вовче*, *грозд – гровче*, *железо – желевце*, *образ – обравче*, *ориз – оривче*, *маст – мавца*, *месо – мевце*, *белешка – белевче*, *кокошка – коковче*, *круша – крувче*, *опашка – опавче*, *трошка – тровче*, но: *глас – гласче.*

г) • Согласката *с* зад почетното *п* преминува во *ц*. Со (-)*пц-* се изговараат и се пишуваат зборовите: *пцала*, *пцалт*, *пци*, *пциса*, *пцост*, *пцуе*; но: *псалм*, *псалтир*.

- Согласната група *пс-* на почетокот се пишува и се изговара во сложенките со *псевдо-*: *псевдоисториски*, *псевдонаучен*, *псевдоуметност*, *псевдокласицизам*, *псевдоним*, со *психо-: психијатар*, *психоанализа*, *психоза*, *психолингвистика*, *психолог*, *психопат*, *психопатски*, *психотерапевт*, *психотерапија.*

д) Согласната група *-јс-* редовно се пишува и се изговара во средината на зборот: *аjси*, *уаjси*, *ваjса*, *елиjса*, *елиjсовиден*, *еjилеjсија*, *маѓеjса*, *маѓеjсник*, *маѓеjсница*, *ѓаjса*, *ѓрокоjса*, *сеjса*, *скеjса*, *сѓиjса*, *ѓеjсија*.

ѓ) Почетната група *ѓш-* се изменила во *ѓч-*: *ѓченица*, *ѓченичен*.

е) Согласката *ш* преминува во *ч* и пред *к*. Согласната група (-)*чк-* се изговара и се пишува во зборовите: *чкембе*, *чкорче*, *чкраја*, *чкрајја*, *чкрији*, *чкрта*; но *школа*.

ж) Групата (-)*цр-* се изговара и се пишува во зборовите: *црв*, *црвојадина*, *се вцрвоса*, *зацрвени*, во сложенките со *црвено-: црвенокожец*, *црвеноѓерка*, *црвеношијка*, во сложенките со *црно-: црномурен*, *црноок*, *црноѓерка.*

з) Групата (-)*цвр-* се пишува и се изговара во зборот *цврсѓ* и во изведенките од него: *цврсѓо*, *цврсѓина.*

s) Групите (-)*шѓ-*, (-)*жд-* се пишуваат во зборовите: *вклешѓи*, *вооѓшѓо*, *ѓорешѓ*, *ѓорешѓина*, *ѓушѓер*, *клешѓи*, *машѓеа*, *машѓеница*, *ништовен*, *ништожен*, *оѓшѓ*, *оѓшѓествен*, *ѓашѓерка*, *ѓешѓера*, *ѓриклешѓи*, *сношѓи*, *што-ѓоде*, како и во сложенките со *оѓшто-*: *оѓшѓокорисен*, *оѓшѓообразовен*, *оѓшѓоѓознаѓ*, *оѓшѓоѓолезен; ѓлужд*, *дожд*, *дождалец*, *дождлив*, *нужда*.

и) Согласките *ѓ*, *д* се изговараат и се пишуваат меѓу *з* и *р*, *ж* и *р*, *с* и *р* во зборовите: *здрав*, *здравје*, *ѓоздрав*, *ждребе*, *сѓрана*, *сѓраница*, *сѓројник.*

j) Согласките *ѓ*, *д* не се изговараат и не се вметнуваат во групите *зр-* и (-)*ср-* во зборовите: *зрак*, *зрее*, *зрел*, *срам*, *срамежлив*, *бесрамен*, *сребро*, во сложенките со *сребро-: сребробел*, *среброѓлав*, *среброкос*, *сребролик*, *среброљубец*, во сложенките со *сред-: средзима*, *средлето*, *средноќ*, *сретнаѓ*, *сретполе*, *сретсело*, *сретселски*, односно во сложенките со *сред*(*н*)*о-: средновековен*, *средноимотен*, *средношколец*, *средовечен*, *средорек*, *среќа*.

24. Согласки во непосреден допир – удвојување и испуштање

а) Ако согласките што се нашле во непосреден допир се наоѓаат меѓу две самогласки, се удвојуваат, а ако не се меѓу две самогласки, не се удвојуваат. Исклучок од ова правило се префиксите *ис-* (*исели*, *исвири*) и *рас-* (*расели*, *раскока*), кои никогаш не се удвојуваат, без разлика дали се или не се меѓу две самогласки, и префиксот *ѓротив-*, кој секогаш се удвојува: *ѓротиввредност*, *ѓротивввладин*.

б) Удвоени се пишуваат:

-вв-: *ѓротивввоен*, *ѓротивввоздушен*, *ѓротиввредност*

-јј-: *најјак*, *најјасно*, *најјужен*, *најјунак*, *најјадро*

-лл-: *каллив*, *јамболлија* (покрај *јамболија*)

-мм-: *седуммина*, *осуммина*

-пп-: *супполарен*

-рр-: *суперревизија*

-шт-: *пролетта*, *петте*, *петтиот*, *петтата*, *деветте*, *деветтиот*, *десетте.*

в) Испуштање согласки

- Одделни согласки се испуштаат во изговорот и во пишувањето во некои согласни групи:
  - Согласката *д* се испушта во групите:

-здј- > -зј-: грозд – *грозје*, *грозјебрање*, *грозјар*, *грозјарка*

-ждн- > -жн-: нужда – *нужна/-о/-и*, *ненужна/-о/-и.*

  - Согласката *д* се изговара и се пишува во зборовите: *бездна*, *бездни*, *жлездна*, *жлездно*, *жлездни*, *жлезден.*
  - Согласката *с* се испушта во префиксираните форми со *рас-*(<*раз-*) од глаголите што започнуваат со согласката *ш*: *рашири*, *рашмрка*, *рашпима*, *рашлака.*
  - Согласката *т* се испушта во групите:

-стј- > -сј-: *брест – бресје*, *грст – грсје*, *лист – лисје*, *пласт – пласје.*

-стн- > -сн-: *возраст – возрасно*, *вредност – вредносно*, *врст – едноврсно*, *жалост – жалосно*, *корист – корисно*, *контраст – контрасно*, *милост – милосно*, *безмилосно*, *сомилост – сомилосно*, *отпуст – отпусно*, *пакост – пакосно*, *пост – посно*, *радост – радосно*, *свест – свесно*, *бесвест – бесвесно*, *несвест – несвесно*, *полусвест – полусвесно*, *потсвест – потсвесно*, *сигурност – сигурносно.*

  - Согласката *т* се испушта и во формите за машки род, според формите за женски и за среден род: *возрасен*, *вредносен*, *едноврсен*, *жалосен*, *корисен*, *умесен*, *безмилосен*, *отпусен*, *пакосен*, *посен*, *радосен*, *ревносен*, *свесен*, *светлосен*, *сигурносен*, *сладосен*, *совесен*, *пристрасен*.
  - Согласката *т* по правило се чува во формата за машки род во образувањата од овој тип: *безвластен*, *доблестен*, *јаростен*, *карстен*, *крстен*, *листен*, *мастен*, *местен*, *неврстен*, *областен*, *петопрстен*, *робустен*, *сластен*, *страстен.*

-штн- > -шн-: *земјиште – земјишниот* (од *земјиштен*), *земјишна/-о/-и*, *летувалиште – летувалишниот* (од *летувалиштен*) *летувалишна/-о/-и*, *мочуриште – мочуришниот* (од *мочуриштен*) *мочуришна/-о/-и*, *пазариште – пазаришниот* (од *паза-*

ришшен), *йазаришна/-о/-и*, *йрисшанишше – йрисшанишниош* (од *йрисшанишшен*), *йрисшанишна/-о/-и*, *сенишше – сенишниош* (од *сенишшен*), *сенишна/-о/-и*, *складишше – складишниош* (од *складишшен*), *складишна/-о/-и*, *средишше – средишниош* (од *средишшен*), *средишна/-о/-и*, *училишше – училишниош* (од *училишшен*), *училишна/-о/-и*, *чудовишше – чудовишниош* (од *чудовишшен*), *чудовишна/-о/-и*.

-сшш- > -сш-: *благосш – благосша*, *болесш – болесша*, *исхранешосш – исхранешосша*, *јавносш – јавносша*, *јакосш – јакосша*, *јаросш – јаросша*, *кадравосш – кадравосша*, *казнивосш – казнивосша*, *капиларносш – капиларносша*, *кайнашосш – кайнашосша*, *каузалносш – каузалносша*, *книжевносш – книжевносша*, *младосш – младосша*, *одговоросш – одговоросша*, *йлишкосш – йлишкосша*, *радосш – радосша*, *свесш – свесша*, *чесш – чесша*.

- Согласката *ш* се изговара и се пишува во следните случаи:
  - Во завршоците *-ншка* и *-исшка*:

    адолесценш – адолесценшка, *деликвенш – деликвеншка*, *демонсшранш – демонсшраншка*, *дискушанш – дискушаншка*, *докшоранд – докшораншка*, *клиенш – клиеншка*, *лаборанш – лабораншка*, *сшуденш – сшуденшка*, *авануришш – авануриссшка*, *виолончелисш – виолончелисшка*, *лингвисш – лингвисшка*, *оййимисш – оййимисшка*, *сйорйисш – сйорйисшка*, *фолклорисш – фолклорисшка*, *џезисш – џезисшка*, *шахисш – шахисшка*.
  - Во зборови од типот *исшкае*, *исшкајува*, *се расшкае*.

25. Морфонолошки промени на согласките

Морфонолошки промени на согласките се среќаваат:

- Кај именки и придавки што завршуваат на *к*, *г̄*, *х* (*в*).
  - Согласката *к* се менува во согласките *ц*, *ч* и *ш*:

    азбучник – азбучници, *академик – академици*, *бардак – бардаци – бардаче*, *безбожник – безбожници – безбожница – безбожнички – безбожништво*, *безумник – безумници – безумница – безумнички*, *бифшек – бифшеци*, *близнак – близнаци – близначе – близначка – близначки*, *божилак – божилаци*, *бунтовник – бунтовници – бунтовничка – бунтовнички – бунтовништво*, *бурек – буреци*, *верник – верници – верница – верничка – вернички*, *владика – владици*, *внук – внуци – внуче – внученце – внучко – внучка*, *сандак – сандаци – сандаче*.

- Согласката *г̄* се менува во согласките *ж*, *з* и *ш*:
  археолог̄ – археолози – археолошки, *белег̄ – белези*, *бег̄ – бреже*, *бубег̄ – бубрези – бубреже – бубрежен*, *враг̄ – врази* (и *враг̄ови*) *– вражји*, *драмат̄ург̄ – драмат̄урзи – драмат̄уршки*, *кат̄алог̄ – кат̄алози – кат̄алошки*, *ковчег̄ – ковчези – ковчеже*, *монолог̄ – монолози – монолошки*, *некролог̄ – некролози*, *носорог̄ – носорози*, *ој̄сег̄ – ој̄сежен – ој̄сежност̄*, *п̄одвиг̄ – п̄одвизи*, *п̄ат̄ег̄ – п̄ат̄ези*, *п̄удинг̄ – п̄удинзи*, *смокинг̄ – смокинзи*, *соп̄руг̄ – соп̄рузи – соп̄ружник*, *ст̄рат̄ег̄ – ст̄рат̄ези – ст̄рат̄ешки*.
- Согласката *в*, односно *х*, се менува во согласките *ш* и *с*:
  - *мев – меше – мешечки – мешина – мешко – мешлест̄ – мешло*, *п̄от̄смев – п̄от̄смешлив – п̄от̄смешливо – п̄от̄смешливост̄*.
  - *воздух – воздушен – воздушест̄*, *монарх – монарси*, *монах – монаси – монашки*, *п̄ат̄ријарх – п̄ат̄ријарси – п̄ат̄ријаршија*, *усп̄ех – усп̄еси – усп̄ешен – усп̄ешно – усп̄ешност̄*.

- Во одделни случаи со морфонолошки промени се опфатени и глаголите: *велик – велича*, *вешт̄ак – вешт̄ачи*, *благ̄ – блажи*, *влог̄ – вложи – вложува*, *облог̄ – се обложи*, *ст̄руг̄ – ст̄руже*.
- Согласките *к* и *г̄* коишто се јавуваат во основата на глаголите во минато определено свршено време и во глаголската *л*-форма, во формите за сегашно време преминуваат во *ч*, односно *ж*: *г̄ракав-г̄ракал – г̄рачи*, *избриков-избрикол – избричи*, *облеков-облекол – облече*, *п̄еков-п̄екол – п̄ече*, *п̄лакав-п̄лакал – п̄лаче*, *реков-рекол – рече*, *секов-секол – сече*, *сукав-сукал – суче*, *т̄еков-т̄екол – т̄ече*, *лаг̄ав-лаг̄ал – лаже*, *мог̄ов-мог̄ол – може*, *ст̄риг̄ов-ст̄риг̄ол – ст̄рижe*, *ст̄руг̄ав-ст̄руг̄ал – ст̄руже*.
- Промени на согласките *з* > *ж* и *с* > *ш* се среќаваат во именските образувања наспрема нивните глаголски корени:
  доказ – докаже (*п̄ротивдоказ*), *исказ – искаже*, *от̄каз – от̄каже*, *п̄оказ – п̄окаже*, *п̄риказ – п̄рикаже*, *расказ – раскаже*, *наниз – наниже*, *рез – реже*, *зарез – зареже*, *изрез – изреже*, *обрез – обреже*, *п̄рорез – п̄рореже*, *разрез – разреже*.
  доп̄ис – доп̄ише, *зап̄ис – зап̄ише*, *исп̄ис – исп̄ише*, *преп̄ис – преп̄ише*, *прип̄ис – прип̄ише*, *проп̄ис – проп̄ише*, *рас̄пис – рас̄пише*.
  - Промени на согласките *з* > *ж* и *с* > *ш* се јавуваат во одделни придавки наспрема глаголите од исти корени: *близок – доближи*, *низок – п̄онижи*, *висок – извиши*.
- Промени на согласките *к* > *ч* и *г̄* > *ж* се јавуваат кај одделни глаголи во нивната повторлива форма наспрема нивната свршена форма:

дорекува – дорече (и *доречува*), *избрикува – избричи* (и *избричува*), *испекува – испече* (и *испечува*), *облекува – облече* (и *облечува*), *пресекува – пресече* (и *пресечува*), *претекува – претече* (и *претечува*), *расплакува – расплаче* (и *расплачува*); *истругува – струже* (и *истружува*), *остригува – острижe* (и *острижува*).

- Промена на согласките *г* > *з* се среќава кај глаголите *влезе* и *молзе*: *влегов – влегол – влегува – влезе*, *молгов – молгол – молзе*.
- Промена на согласките *ц* > *ч* се јавува кај именките на *-ец*, *-ца*, *-це* и од нивните изведенки:

  венец – венча – венчава – венчавка – венчален – венче, *врабец – врабица – врапче – врапченце – врабечки*, *месец – месечар – месечарка – месечарство – месечен – месечно – месечина – месечинка – месечински – месечник*), *старец – старица – старечки – старичка – старче – старчиште*, *бабица – бабичка*, *воденица – воденичка – воденички – воденичар – воденичарка – воденичарски – воденичаров – воденичен*, *водица – водичка*, *жица – жичка – жичен – жичница*, *извидница – извидничка – извиднички*, *пијаница – пијаничиште*, *пословица – пословичен – пословично – пословичност*, *седмица – седмичен – седмично – седмичник*, *сонце – сонча – сончање – сончаница – сончев – сончевина – сончоглед – сончогледов*.
- Промена на согласките *т* > *ќ* и *д* > *ѓ* се јавува кај:
  - Одделни глаголи во свршената наспрема несвршената форма: *врати – враќа*, *плати – плаќа*, *прати – праќа*, *фати – фаќа*, *вети – веќава*, *дојде – доаѓа*, *наго̀ди – наго̀ѓа*, *роди – раѓа*, *види – виѓава*.
  - Одделни именки во еднинската наспрема нивните збирни множински форми: *брут – бруќе*, *прат – праќе* (и *пратје*); *грамада – грамаѓе*, *ливада – ливаѓе*.
  - Во етници од топоними: *Египет – Египќанец*, *Кувајт – Кувајќанец*, *Силит – силиќанец*; *Багдад – багдаѓанец*, *Белград – белграѓанец*, *Исланд – Исланѓанец*, *Охрид – охриѓанец*.
- Промена на согласките *н* > *њ* се среќава кај два глагола и кај извесен број именки во еднинската наспрема нивните збирномножински форми: *пени – пењави*, (*се*) *поклони* – (*се*) *клања; камен – камење – камења*, *корен – корење – корења*, *пламен – пламење – пламења*, *ремен – ремење*, *трн – трње*, *година – годиње*, *планина – планиње*.
- Промена на согласките *ст* > *шт* има кај следниве глаголи: *гости – гоштава* и *гоштева*, *крсти – крштава* (*прекрсти – прекрштава*), *прости – прошта̀ва*.

II.

АКЦЕНТ И АКЦЕНТИРАЊЕ

Акцентот во македонскиот јазик по својата природа е динамичен и паѓа на третиот слог од крајот на зборовите што ѝ припаѓаат на основната (наследена и приспособена неутрална) лексика, со продолжен изговор на акцентираната самогласка. Дел од зборовите со туѓо потекло сочинуваат акцентски потсистеми, како глаголите со завршок на *-ира* (*консум'ира*, *ирит'ира*, *марш'ира*). Други зборови се во фаза на акцентско приспособување, како на пр., *п'ортр'ет*, *с'ем'естар*.

Акцентот се бележи со знакот (') пред самогласката врз која паѓа акцентот во зборот: *м'ајка*, *уч'илиште*, *лет'уваат*, *нос'ете_ја*, *кој_г'о_виде?*

ПРАВИЛА ЗА АКЦЕНТИРАЊЕ

26. Акцентот кај еднозложните зборови паѓа на единствениот слог: *б'ел*, *б'ил*, *г'рд*, *др'аг*, *кр'ал*, *л'еб*, *р'ид*, *тв'ој*, *ч'у* (од гл. *чуе*).

27. Акцентот кај двозложните зборови паѓа на вториот слог од крајот на зборот: *в'исок*, *г'оре*, *д'обар*, *д'олу*, *н'аше*, *н'оси*, *п'еат*, *п'оле*, *с'ело*, *т'ашко*, *к'ерка*.

28. Кај трозложните и повеќезложните зборови, акцентот паѓа на третиот слог од крајот на зборот*: вним'ателно*, *пол'ициja – полиц'ијата*, *пол'овина*, *пр'азнина*, *р'амнина – рамн'ината*, *со'обраќај – сообр'ќајот*, *ср'едина*, *'ученик – уч'еникот*.

Акцентот кај морфолошки сложените зборови подлежи на правилата за акцентирање на трозложните и повеќезложните зборови: *пол'увреме*; *бел'оморски*, *горн'оселец*, *долг'овечен*, *едно'образен*, *остр'оумен*; *градо-н'ачалник*, *грозј'ебрање*, *казненоп'оправен*; *земј'оделец*, *знам'еносец*, *оч'евидец*, *п'атоказ*; *втор'остепен*.

29. Така е и кај:

а) Бројните форми за означување лица со завршок *-мина*: *дев'етмина*, *девет'емина*, *п'етмина*, *пет'емина*, *сед'уммина*, *седум'емина*, *ст'омина*, *сто'емина*.

б) Сложените прилози: *б'ездруѓо*, *едноп'одруѓо*, *н'авреме*, *'однадвор*, *'однатре*, *'отсеѓа*, *'отстрана*, *'оттука*, *пон'екаде*, *пон'екоѓаш*, *п'опладне*, *с'осила*, *тр'ипати*.

в) Заменските форми: *какв'а-ѓоде*, *как'ов-ѓоде*, *коѓ'о-ѓоде*, *ко'и-ѓоде*, *к'ој-ѓоде*, *што'-ѓоде*.

г) Броевите со приближна бројност: *два-трин'аесет*, *пет-шесн'аесет*, *три-ч'етири*, *три-четир'иесет*, *три-четирин'аесет*.

д) Сложените зборови составени од две заповедни форми: *лајн'иѓолтни*, *молч'итолчи*, *падн'истани*, *тур'ипечи*.

ѓ) Имињата на празниците: *В'елиден*, *М'итровден*, *П'етровден*, *Сп'асовден*.

Акцентот во македонскиот стандарден јазик никогаш не паѓа на четвртиот слог од крајот независно од тоа дали се работи за одделен изговорен збор или за синтагматска единица.

ОТСТАПУВАЊЕ ОД ПРАВИЛАТА ЗА АКЦЕНТИРАЊЕ

Отстапување од правилата за акцентирање има кај:

30. Глаголскиот прилог: *вик'ајќи*, *бид'ејќи*, *орѓанизир'ајќи*, *пишув'ајќи*, *раскажув'ајќи*, *сак'ајќи*.

31. Прилозите за време: *ѓодин'ава*, *зим'ава*, *лет'ово*.

32. Одделните прилози за степен (деминутивни образувања со засилена емоционалност): *малк'уцка* (и *м'алкуцка*), *олк'уцка*, *толк'уцка* (и *т'олкуцка*), *трош'ичка*.

33. Некои именки од турско потекло: *апс'ана*, *барут'ана*, *тарап'ана*.

34. Сложени зборови од типот: *југоз'апад*, *југо'исток*, *североз'апад*, *северо-'исток*; (но: *југоз'ападен*, *југо'источен*, *североз'ападен*, *северо'источен*).

35. Сложенките со прв елемент *полу-* и двосложни зборови. Кај овие зборови акцентот најчесто паѓа на вториот слог од крајот на зборот: *полул'ево*, *полу'остров*, *полуп'ијан*, *полуп'исмен*, *полус'енка*, *полус'естра*, *полут'емен*, *полут'опка*, но *пол'увреме.* Ако, пак, по првиот елемент *полу-* следува еднозложен збор, акцентот паѓа на третиот слог од крајот на зборот: *п'олубоѓ*, *п'олубрат*, *п'олуѓлас*, *п'олужив*, *п'олукруѓ*, *п'олусвет*.

36. Сложените придавки: *црвенобр'ад*, *црвенок'ож*, *црвенок'ос* (но: *с'ивокос*, *с'ивоок*, *с'иноок*, *ц'рнобрад*, *ц'рнокож*, *ц'рнокос*, *ц'рноок*); *светложт'олт*;

темноз'елен, *темноц'рвен* (но: *т'емножолт*, *т'емносин*); *црвено-ц'рн*; *сино-з'елен*, *сино-ц'рвен* (но: *с'ино-бел*, *ц'рно-бел*).

37. Сложените зборови кај кои секој составен дел го чува својот акцент: *амер'иканско-мак'едонски*, *'англиско-мак'едонски*, *в'оспитно-обр'азовен*, *к'ултурно-пр'осветен*, *л'ека-п'олека*, *'одвреме-н'авреме*, *'увозно-'извозен*.

38. Личните имиња, презимињата и имињата на места:

а) Некои сложени имиња имаат акцент на првиот слог од двете компонени: *Бр'анисл'ава*, *М'иросл'ава*, *Ст'анисл'ава.*

б) Некои лични имиња и презимиња (по потекло од други јазици, но вообичаени во македонската средина) имаат акцент на вториот слог од крајот на зборот: *Абдул'аким*, *Афрод'ита*, *Габри'ела*, *Дij'ана*, *Ире'на*, *Исид'ора*, *Јулиј'ана*, *Адриј'ана*, *Кали'опи*, *Красим'ира*, *Линд'ита*, *Мер'ита*, *Сан'ела*, *Славом'ира*, *Те'ута*, *Теод'ора*, *Ад'еми*, *Бес'ими*, *Зек'оли*, *Јаш'ари*, *Пољ'оска*, *Рамад'ани*, *Стар'ова*.

в) Некои македонски презимиња, кои имаат акцент врз вториот слог од крајот на зборот, образувани со следниве суфикси:

- *-ев*(*-а*)/*-ов*(*-а*): *Аксент'иев*, *Алекс'андров*, *Дрвош'анов*, *Магл'ешев*. Кај некои презимиња образувани со овој суфикс, акцентот може да паѓа и на вториот и на третиот слог од крајот. Сп.: *'Адамчев* и *Ад'амчев*, *'Алексов* и *Ал'ексов*, *Гл'игоров* и *Глиг'оров*, *'Иванов и Ив'анов*.
- *-ски*(*-а*)/*-цки*(*-а*)/*-чки*(*-а*)/*-шки*(*-а*) кои доаѓаат директно на основата, односно без проширување со *-ев-*/*-ов-*. Сп.: *Ажд'ерски/Ажд'ерска*, *Ајд'арски/Ајд'арска*, *Џамб'аски/Џамб'аска*; *Карав'ецки/Карав'ецки*, *Пат'ацки/Пат'ацка*, *Тро'ицки/Тро'ицка*; *Ал'ачки/Ал'ачка*, *Парм'ачки/Парм'ачка*, *Ра'ички/Ра'ичка; Коч'ишки/Коч'ишка*, *Мрен'ошки/Мрен'ошка*.

г) Некои странски лични имиња и презимиња кои имаат акцент:

- На првиот слог од крајот на зборот: *Андр'е Вај'ан*, *Верл'ен* (*Пол*), *Диоклециј'ан*, *Дон Жу'ан*, *Наполе'он*, *Одис'ej* (но: *Одис'еев*), *Октавиј'ан*, *Паст'ер*, *Промет'ej*, *Сен-Сим'он*, *Фердин'анд де Сос'ир*.
- На вториот слог од крајот на зборот: *Алиги'ери*, *Артем'ида*, *Верг'илиј*, *Вас'илиј*, *Досто'евски*, *Макијав'ели*, *Ностра'амус*, *Тутанк'амон*, *Џуз'епе*.

д) Некои македонски топоними: *Добр'ејци*, *Прд'ејци*, *Рад'ожда*, *Трп'ејца.*

ѓ) Некои географски имиња (планини, планински масиви, островски архипелази) имаат акцент на вториот слог од крајот на зборот: *Апен'ини*(*те*), *Ард'ени*(*те*), *Кар'иби*(*те*), *Карп'ати*(*те*), *Пирин'еи*(*те*), *Хав'аи*(*те*).

е) Некои имиња на држави, региони, градови и нивни жители кои имаат акцент на:

- Првиот слог од крајот на зборот: *Азербеџ'ан* (*Азербеџ'анец*, *Азербеџ'анка*), *Таџикист'ан* (*Таџикист'анец*, *Таџикист'анка*), *Борд'о* (*бордо'анец*, *бордо'анка*), *Диж'он* (*диж'онец*, *диж'онка*), *Стразб'ур* (*стр'азбурец*, *стр'азбурка*).
- На вториот слог од крајот на зборот: *Аргентʹина*, *Гвин'еја*, *Грен'ада*, *Екв'адор*, *Мал'аја*, *Мар'око*, *Најр'оби*, *Бол'оња*, *Ел'ада*, *Сан Ди'его*, *Сан Франц'иско*, *Хирош'има*.

АКЦЕНТИРАЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ ОД ТУ́ГО ПОТЕКЛО

Голем број зборови преземени од други јазици се акцентираат во согласност со правилата за акцентирање во македонскиот стандарден јазик. Некои од нив се неприспособени, па затоа може да се издвојат акцентски потсистеми со поинаков акцент од тој во македонскиот.

39. Зборови со приспособен акцент

а) Некои двосложни именки со акцент на вториот слог од крајот на зборот: *м'аршал*, *с'имбол*, *в'ирман*, *д'екан*, *б'илтен*, *'орден*, *т'ерен*, *к'омфор*, *л'ектор*, *р'ектор*, *с'ектор*, *тр'актор*, *тр'езор*, *ф'актор*, *г'уру*, *к'иви*, *к'ино*, *к'орзо*, *п'алто*, *т'орзо*, *'албум*, *'аспект*, *б'ензин*, *б'ојкот*, *к'армин*, *к'онфликт*, *м'оментʹ*, *'објект*, *п'аркет*, *п'арфем*, *п'илот*, *пл'оштад*, *пр'оценттʹ*, *р'еспект*, *р'ефлекс*, *с'убјект*, *тр'иумф*, *тр'офеј*, *т'урнир*.

б) Некои трисложни и повеќесложни именки со акцент на третиот слог од крајот на зборот: *м'аскенбал*, *'апостол*, *м'онопол*, *пр'амаатар*, *бот'аничар*, *матем'атичар*, *ф'изичар*, *м'инистер*, *д'иректор*, *м'онитор*, *пр'офесор*, *с'емафор*, *к'арактер*, *д'ијалог*, *'епилог*, *м'онолог*, *'епископ*, *м'икроскоп*, *п'ерископ*, *сп'етроскоп*, *т'елескоп*, *'аптека*, *м'инимум*, *м'аксимум*, *к'алциум*, *маг'незиум*, *н'атриум*, *конт'инуум*, *'адреса*, *'антимон*, *д'ефицит*, *к'амбана*, *метр'опола*, *с'интакса*, *с'уфицит*.

в) Некои трисложни и повеќесложни придавки со акцент на третиот слог од крајот на зборот: *'активен*, *м'онтажен*, *н'ервозен*, *п'асивен*, *пр'ецизен*, *л'егален*, *л'окален*, *н'ормален*, *ф'ормален*, *ц'ентрален*, *л'абилен*, *м'обилен*, *с'енилен*, *ст'абилен*, *ст'ерилен*, *с'уптилен*, *ст'омачен*, *дин'амичен*, *драм'атичен*, *др'астичен*, *ел'ектричен*, *ир'оничен*, *кл'асичен*, *по'етичен*, *пр'актичен*, *хр'оничен*, *'анкетен*, *д'иректен*, *к'онфликтен*, *'ажурен*, *'азурен*, *д'ежурен*, *к'ултурен*, *стр'уктурен*.

40. Зборови со неприспособен акцент

а) Зборови со акцент на првиот слог од крајот:

- Некои именки со завршок на самогласка (главно, преземени од францускиот јазик): *аташе*, *ателје*, *биде*, *експозе*, *желе*, *кабаре*, *клише*, *крупје*, *купе*, *пире*, *протеже*, *резиме*, *реноме*, *сепаре*, *сиже*, *фоаје*, *дебѓи*, *жирѓи*, *релѓи*, *бирѓо*, *деѓо*, *лаваѓо*, *макрѓо*, *нивѓо*, *пањо*, *плаќо*, *сакѓо*, *трикѓо*, *интервју*, *какадѓу*, *рандеву*.
- Некои именки со завршок на согласка: *штафелѓај*, *јубилеј*, *мавзолеј*, *адмирѓал*, *ѓенерѓал*, *журнѓал*, *иделѓал*, *интервѓал*, *капиќѓал*, *крисќѓал*, *материјѓал*, *минерѓал*, *потенцијѓал*, *рециќѓал*, *ритуѓал*, *акварел*, *крокодѓил*, *проекќил*, *карфиѓол*, *ореѓол*, *ветерѓан*, *ресторѓан*, *целофѓан*, *феномѓен*, *витамѓин*, *нафталѓин*, *никоќѓин*, *параф'ин*, *пеницилѓин*, *пластелѓин*, *протеѓин*, *авиѓон*, *бариќѓон*, *дијапазѓон*, *електрѓон*, *камелеѓон*, *ламиѓон*, *лексикѓон*, *теписѓон*, *фараѓон*, *шампиѓон*, *дијамѓант*, *емиѓрант*, *практикѓант*, *амбиѓент*, *аргумѓент*, *елемѓент*, *парламѓент*, *продуцѓент*, *темперамѓент*, *тестамѓент*, *булевѓар*, *куроѓар*, *мемоѓар*, *репертоѓар*, *троторѓар*, *формулѓар*, *хонорѓар*, *амаќѓер*, *волонќѓер*, *вулканизѓер*, *диспанзѓер*, *милијардѓер*, *милионѓер*, *опозиционѓер*, *преми'ер*, *рекордѓер*, *репорќѓер*, *симпатизѓер*, *фрижидѓер*, *манѓир*, *маникѓир*, *сувенѓир*, *агрегѓат*, *адвокѓат*, *акробѓат*, *апарѓат*, *демократ*, *дипломѓат*, *кандидѓат*, *патронѓат*, *резервѓат*, *суроѓат*, *фалсификѓат*, *циќѓат*, *кабинѓет*, *кларинѓет*, *тротинѓет*; *еруѓит*, *колорѓит*, *параѓит*, *фаворѓит*, *идиоѓт*, *институѓт*, *рендгеноѓрам*, *историоѓраф*, *кинематоѓраф*, *кореоѓраф*, *авантурѓист*, *алтруѓист*, *есеѓист*, *журналѓист*, *интернѓист*, *лингвѓист*, *македонѓист*, *националѓист*, *јавноста*, *јавноста*, *јавноста

филмо̄т'ека, *це̄дет'ека*, *јану'ари*, *февру'ари*, *сеп̄т'ември*, *окт̄'омври*, *но'ември*, *дек'ември*, *аванг̅'арда*, *анк'ета*, *анс'амбл*, *ант̄'ена*, *дин'амо*, *е̄пиз'ода*, *ет̄'апа*, *каз'ино*, *лав'анда*, *лимуз'ина*, *орб'ита*, *п̄арал'ела*, *силу'ета*, *цун'ами*.

- Некои придавки: *г̅енџ'ален*, *иде'ален*, *сп̄ециј'ален*, *т̄еатр'ален*, *акт̄у'ален*, *визу'ален*, *адап̄тиб'илен*, *варијаб'илен*, *аларм'ан̄тен*, *аро̄г'ан̄тен*, *хидрат̄'ан̄тен*, *шарм'ан̄тен*, *ург̅'ен̄тен*, *фрекв'ен̄тен*, *секунд'арен*, *кок'е̄тен*, *т̄оал'е̄тен*, *малер'озен*, *т̄енденци'озен*, *администрат̄'ивен*, *ефект̄'ивен*, *п̄озит̄'ивен*, *релат̄'ивен*, *факулт̄ат̄'ивен*, *г̅арн'иран*, *мотив'иран*, *п̄лан'иран*, *резерв'иран*, *т̄рен'иран*.
- Глаголите: *ирониз'ира*, *лак'ира*, *п̄арк'ира*.

41. Зборови со два начина на акцентирање

Дел од зборовите од туѓо потекло се наоѓаат во постојан процес на приспособување кон македонскиот акцентски систем. Тие што се опфатени со овој процес имаат два начина на акцентирање: *б'иф'е*, *'екр'ан*, *м'икроф'он*, *н'ерв'оза*, *п̄'ортр'е̄т*, *р'ез'ерва*, *р'еф'орма*, *с'ем'ес̄тар*, *ст̄'ади'он*, *т̄'елеф'он*, *фр'аг̅м'ен̄т*, *ш'ам̄п'он*.

СМИСЛОРАЗЛИКУВАЧКА ФУНКЦИЈА НА АКЦЕНТОТ

Акцентот врши смисларазликувачка функција во одделни случаи:

42. Кај некои зборови каде што во едниот случај акцентот е на третиот слог, а во другиот на вториот слог од крајот на зборот:

а) Членувана именка наспрема прилог за време: *веч'ерава – вечар'ава*, *г̅од'инава – г̅один'ава*, *з'имава – зим'ава*, *л'е̄тово – лет̄'ово*, *нед'елава – недел'ава*.

б) Домашен збор наспрема збор од туѓо потекло: *г̅'азела – г̅аз'ела* (*л*-форма од гл. *г̅ази* – вид животно), *к'анела – кан'ела* (*л*-форма од гл. *кани* – вид зачин), *к'ан̄тата – кан̄т'ата*, *кр'ават̄а – крав'ат̄а*, *н'ат̄ура – нат̄'ура*, *п̄'ијано – п̄ијано* (прид. од ср. р. од гл. *п̄ие* – музички инструмент), *п̄р'ост̄ата – прост̄'ата*, *т̄'окат̄а – т̄ок'ат̄а*.

43. Кај проклитичките изрази во случаи кога акцентот се пренесува врз проклитиката наспрема случаи кога не се пренесува, со што се добива различно значење:

а) Прашални реченици (акцентот се пренесува врз проклитиката) наспрема односни/временски реченици (акцентот не се пренесува врз проклитиката): *кога‿г̅'о‿виде? – кога‿г̅о‿в'иде*, *ког̅'а‿дојде? – кога‿д'ојде*, *к'ој‿*

gojge? – кој‿g'ojge, *кому‿му‿j'a‿gage? – кому‿му‿ја‿g'age*, *шт'о‿рече? – што‿р'ече*.

б) Проклитички изрази со предлози каде што акцентот се пренесува врз предлогот кога е тој со своето основно пространствено значење и не се пренесува кога е со друго значење: *з'а‿г̄лава* (се фати) – *за‿г̄л'ава* (апче, повисок), *з'а‿раце* (се фатија) – *за‿р'аце* (крем), *н'а‿тутун* (оди) – *на‿т'утун* (мириса), *'од‿дрво* (падна, слезе) – *од‿д'рво* (направено), *'од‿коњ* (слезе) – *од‿к'оњ* (месо), *п'о‿г̄лава* (го удри) – *по‿г̄л'ава* (на жител).

44. Кај лични имиња од туѓо потекло заради разликување на родот: *'Андре(ј)а* (м. р.) – *Андр'е(ј)а* (ж. р.), *М'ате(ј)а* (м. р.) – *Мат'е(ј)а* (ж. р.).

АКЦЕНТСКИ ЦЕЛОСТИ И КЛИТИЧКИ ИЗРАЗИ

Акцентските целости и клитичките изрази се една од основните одлики на македонскиот стандарден јазик во сферата на правоговорот.

45. Акцентски целости

Поимот акцентски целости се однесува на поврзување (синтагми) на два збора носители на акцентот изговорени со еден акцент, како во следните случаи:

а) Лексикализирани изрази (означување на еден поим): *кисел'а‿вода*, *кисел'о‿млеко*, *сув'о‿г̄розје*, *црв'ен‿пипер*, *ц'рн‿пипер*.

б) Синтагми од атрибут + именка (вториот член на синтагмата е двосложна именка и затоа акцентот се пренесува врз придавката): *зимн'о‿време*, *летн'о‿време*, *н'ов‿бунар*, *ст'ар‿човек*, *стар'и‿луѓе*, *топл'а‿вода*.

в) Синтагми од атрибут + именка (вториот член на синтагмата е трисложна именка и затоа акцентот останува на именката): *долг̄а‿'улица*, *Нова‿г̄'одина*, *црна‿ш'амија*.

г) Членуван атрибут (при што е редовно образувањето вакви целости): *другат'а‿страна*, *леват'а‿рака*, *нашат'а‿нива*, *новат'а‿куќа*, *новот'о‿палто*, *стариот'е‿луѓе*.

д) Нечленувани синтагми со самостојно значење: *прв'а‿вечер*, *Рус'а‿среда*, *трет'а‿вечер*.

ѓ) Изрази со прилошко значење образувани од атрибут + именка: *ц'ел‿ден*, *ц'ел‿живот*, *цел'а‿зима*, *цел'о‿време*, *цел'о‿лето*.

е) Синтагми од именка + сопствени имиња: *Поп‿'Андова*, *Хаџи‿Конст'антинов*, *цар‿С'амуил*.

ж) Синтагми од прост број + именка (еднослоѓна или двослоѓна): *дв'а‿дена*, *двеш'е‿ѓрама*, *дес'еш‿дена*, *ѝ'еш‿ѝари*, *ш'о‿евра*.

з) Синтагми од заменски придавки + именка: *ваш'и‿ѓлави*, *м'ој‿човек*, *н'аш‿човек*, *наш'и‿луѓе*, *ѿвој'а‿ѓлава*.

ѕ) Синтагми од показна заменка + именка (еднослоѓна или двослоѓна): *ов'а‿деѿе*, *ов'ој‿ѝаѿ*, *ов'ој‿човек*, *ѿа'а‿жена*, *ѿи'е‿луѓе*, *ѿ'ој‿ден*, *ѿ'ој‿час*, *ѿ'ој‿човек*.

и) Синтагми образувани од неопределените заменки *еден* и *некој* + именка (акцентот се префрла врз именката): *еден‿ч'овек*, *една‿ж'ена*, *некој‿ч'овек*, *некоја‿ж'ена.* Но акцентот останува кај заменската форма *секој*: *с'екој‿ден*, *секој'а‿вечер*, *секо'е‿ѹѿро.*

ј) Поздрави: *до‿вид'ување*, *до‿ѓл'едање*, *д'обар‿ден*, *добр'о‿ѹѿро*, *добр'а‿вечер*, *д'обра‿ноќ*, *добр'е‿дојде*, *добре‿д'ојдовѿе*, *здрав'о-живо*.

к) Месни (географски) имиња: *Газ'и‿Баба*, *Гол'о‿Брдо*, *Дем'ир‿Хисар*, *Кисел'а‿Вода*, *Мечк'ин‿Камен*, *Нов'о‿Село*, *Овч'е‿Поле*, *Црн'а‿Гора*.

46. Клитички изрази

Клитичките изрази претставуваат една изговорена целина составена од клитика (неполнозначен збор) и акцентогена форма (полнозначен збор). Клитика претставува збор кој нема свој акцент и може да се најде пред зборот носител на акцентот (проклитика) и по зборот носител на акцентот (енклитика).

а) Проклитики

Кај клитичките изрази разликуваме три случаи на поврзување: задолжително пренесување, можно (факултативно) пренесување и непренесување на акцентот врз првиот збор.

- Задолжително пренесување на акцентот:
  - Во прилошки синтагми образувани од предлог + именка: (со просторно значење) *в'о‿вода*, *д'о‿дома*, *д'о‿небо*, *з'ад‿врааѿа*, *н'а‿ѓосѿи*, *н'из‿ѝоле*, *ѝ'о‿ѝаѿ*, *ѝ'од‿земја*, (со временско значење) *д'о‿зори*, *з'а‿час*, *ѝрек'у‿леѿо*, *ср'ед‿зима*, (за начин) *н'а‿сон*(*е*), *н'а‿ноѓа*, *н'а‿рака*, *н'а‿смеа*, *н'а‿срце*.
  - Во состави од предлог + долга заменска форма: *б'ез‿нас*, *д'о‿мене*, *к'ај‿ѿебе*, *меѓ'у‿себе*, *ѝр'ед‿вас*, *с'о‿мене*.
  - Во состави од негација + еднослоѓни или двослоѓни глаголски форми: *н'е‿бев*, *н'е‿ѓледам*, *н'е‿дојде*, *н'е‿одам*, *н'е‿ѝиј*, *н'е‿ѿрчај*, *н'е‿чекам*.
  - Во состави од прашален збор + глагол: *к'ој‿рече? ш̄ѿ'о‿рече? ког'а‿дојде? ш̄ѿ'о‿виде? к'ај‿одиш? ш̄ѿ'о‿сакаш?*

- Во состави од сврзник + полнозначен збор: *'и‿јас 'и‿ѿи*, *'и‿ние 'и‿вие*, *н'и‿ваму н'и‿ѿаму*.

- Факултативно пренесување на акцентот:
  - Предлог + именка: *без‿м'ака – б'ез‿мака*, *на‿В'ардар – н'а‿Вардар*, *на‿мл'адоста – н'а‿младоста*, *на‿ѿр'актор – н'а‿трактор*, *п̄ред‿Б'ожик – п̄р'ед‿Божик*, *сѿроѿи‿ср'еда – сѿроѿ'и‿среда*.
- Отстапувања од третосложното акцентирање кај проклитичките изрази

  Клитичките изрази со проклитика се акцентираат на вториот слог од крајот кога првиот збор е двосложен, а вториот (акцентогената форма) е еднослоѓен заради симетрија со случаите кога акцентогената форма е двосложна. Тоа се прави во следниве случаи:
  - двосложен предлог + долга заменска форма: *п̄окр'ај‿нас*, *п̄окр'ај‿вас*, *п̄окр'ај‿нив* (симетрија со: *п̄окр'ај‿мене*, *п̄окр'ај‿ѿебе*), *меѓ'у‿нас*, *меѓ'у‿вас*, *меѓ'у‿нив*, *оѿк'ај‿нас*, *оѿк'ај‿вас*, *оѿк'ај‿нив*, *окол'у‿нас*, *окол'у‿вас*, *окол'у‿нив* и др.
  - двосложен предлог + еднослоѓна именка: *п̄окр'ај‿sug*, *окол'у‿рид*, *п̄рек'у‿п̄аѿ*.

    Забелешка: кај трослоѓните изрази акцентот може да падне и на третиот слог од крајот: *п̄рек'у‿п̄аѿ* и *п̄р'еку‿п̄аѿ*, *п̄рек'у‿sug* и *п̄р'еку‿sug*, но кај четирислоѓните изрази секогаш се акцентира на вториот слог од крајот: *окол'у‿sug* (не: *ок'олу‿sug*).
  - негација + две кратки заменски форми + еднослоѓен глагол: *не‿му‿ѓ'о‿зел*, *не‿ми‿ј'а‿дал* (симетрија со: *не‿ми‿ј'а‿даде*).

    Забелешка: изразите со една кратка заменска форма може да се акцентираат и на третиот и на вториот слог од крајот на изразот: *н'е‿го‿зел* и *не‿ѓ'о‿зел*.
  - прашален збор + две кратки заменски форми + еднослоѓен глагол: *кој‿ми‿ѓ'о‿зел*,*кој‿му‿ј'а‿дал.*

б) Енклитики

Кај клитичките изрази со енклитика секогаш имаме задолжително пренесување на акцентот во составите од:

- Именка + кратка заменска форма: *бр'аѿ‿ми*, *браѿ'учед‿ми*, *браѿуч'еѿка‿ми*, *ж'ена‿му*, *м'ајка‿ми*, *ѿ'аѿко‿ѿи*, *жен'аѿа‿му*.
- Показен збор + кратки заменски форми: *'еве‿го*, *'еве‿ја*, *'еве‿ѿи*, *'ене‿ѓи*, *'ене‿го*, *'еѿе‿ѓи*; *ев'е‿ѿи‿ја*, *ен'е‿им‿го*.
- Заповеден начин + кратка заменска форма: *вид'еѿе‿го*, *'види‿се*, *ѓ'ајѿе‿ја*, *дон'еси‿ѓи*, *'оди‿си*, *'речи‿му*.

в) Акцентски низи

Кај акцентските низи разликуваме два случаја на поврзување: задолжително пренесување и непренесување на акцентот врз клитиката.

- Задолжително пренесување:
  - Проклитика + полнозначен збор + енклитика: *не‿ḡл'едај‿ја*, *не‿д'авај‿ми*, *не‿ч'екај‿го*, *си‿му‿р'екол‿ли*?
  - Проклитики (од кои негацијата е задолжителна) + полнозначен збор: *не‿б'и‿дошол*, *не‿ḡ'о‿виде*, *не‿м'у‿рече*, *не‿с'е‿смеаш̄*, *не‿с'ум‿дошол*, *не‿ќ'е‿дојде*.
  - Прашален збор + проклитика + полнозначен збор: *кај‿ќ'е‿оди? коḡо‿ḡ'о‿виде? кој‿м'у‿рече? кој‿ќ'е‿оди? кому‿м'у‿рече? шш̄о‿м'у‿рече? шш̄о‿с'и‿мислиш?*
  - Полнозначен збор + клитика + полнозначен збор: *ḡодин'а‿и‿п̄ол*, *п̄едесеш̄‿'и‿еден*, *ш̄р'и‿и‿п̄ол*, *ш̄риесеш̄‿'и‿ш̄ри*.
  - Полнозначен збор + енклитики: *заблаḡодареш̄'е‿му‿се*, *носеш̄'е‿му‿го*.
- Непренесување на акцентот:
  - Проклитики + полнозначен збор: *би‿го‿в'идел*, *ш̄и‿ја‿п̄р'очиш̄ав*, *ќе‿си‿'одам*, *ќе‿ш̄и‿го‿д'адам*.

III.

УПОТРЕБА НА ГОЛЕМА И НА МАЛА ПОЧЕТНА БУКВА

Во македонскиот јазик голема почетна буква се пишува:
– во првиот збор во реченицата,
– во имиња и во зборовни состави со статус на имиња.

Еден зборовен состав во македонскиот јазик може да се пишува:
– со голема почетна буква на сите делови,
– со голема почетна буква само на првиот дел, или
– со мала почетна буква на сите делови.

Само по исклучок има зборовни состави каде што:
– со голема почетна буква се пишуваат повеќе, но не сите делови (*Жан-Клод ван Дам*, *Рио де Жанеиро* итн.), и
– зборови кои се пишуваат со сите големи букви (скратениците: МАНУ, МНТ итн.).

ГОЛЕМА БУКВА НА ПОЧЕТОК НА РЕЧЕНИЦА

47. а) Со голема почетна буква се пишува првиот збор во секоја реченица:

Утрото беше прекрасно. – Стадионот беше полн со гледачи од целата земја. – Се ближеше крајот на годината.

б) Не се препорачува реченицата да почнува со број напишан со цифри, со скратувања, ниту со симболи од типот: *α*, *γ*, *pH* итн.

48. а) По три точки, ако со тоа завршува реченицата, односно ако е прекината, но понатаму не продолжува, се пишува голема буква:

Но сега, значи последниве неколку недели... Се слушаат чудни работи за тебе, Барух...

Ви ветувам... Заради вашата молба, ви ветувам. Повеќе нема да кажам ниту збор против него.

б) Но ако со три точки се означува прекин во говорот што потоа продолжува, се пишува мала буква во почетокот на продолжението:

– Мачно се наоѓаат... ама ќе најдам, – угодливо рече прислужникот.

49. а) Голема буква се пишува на почетокот на првиот збор на реченицата што доаѓа по друга реченица која завршува со извичник или со прашалник:

Не губете време! Излегувајте...

– Какви се тие шеги? Вие сте пијан...

б) Ако се јавува во реченицата извичник или прашалник што се однесува на конкретен збор или на нејзин дел, а потоа реченицата продолжува, зборот по интерпункцискиот знак се пишува со мала почетна буква:

Јас – заѓатка? ја повлеков раката од нејзиното рамо. Која и да си, се мамиш.

Чума да ми те однела! дрзнува тој.

Стоимире, Стоимире, Стоимире! се извиваа одглашенија од доловите, но тој, глув и мртов, лежеше со мраз во челуста.

50. Со голема почетна буква се пишува првиот збор на реченицата што доаѓа по две точки, ако почнува директен говор, ако почнува цитат што претставува самостојна реченица и ако почнува одделен пасус на нов ред што е завршена реченица или што содржи повеќе реченици на директен говор или цитат:

Тој тоа го знаеше, тој, не Благоја:

„Ги нема. Ако чекаме, и денот ќе нè најде овде.“

Ова движење тој го наречува „прв чекор кон самодејност“ во Македонија: „Тоа неосетно се прероди во револуционерно движење. Од почетокот во револуционерното дело неосетно прво и главно учество зедоа истите луѓе што ја водеа борбата против Егзархијата.“

51. Цитат вклучен во реченица како дел од друга реченица – се пишува со мала почетна буква:

Во тоа решение, меѓу другото, се истакнува и „правото на македонските маси да се служат со мајчиниот јазик во сите државни и општествени установи“, да се употребува тој во училиштата и да се издаваат на него книги.

52. а) По директен говор што завршува со три точки, извичник или со прашалник, авторовата реч се пишува со мала почетна буква:

– Изгоре... – шепоташе девојката, нурната во прегратката и се тресеше како во треска.

– Човек! – извика некој препалено. – Човек во пламенот! Гори! – викаше некој и сите гледаа натаму.

– Кој е тоа? – се одзва некој од скалите.

б) Кога директниот говор е прекинат со авторовата реч, првиот збор во продолжението се пишува со мала почетна буква:

– Не знам, му враќам, ми се зеде сонот.

„Ни со молитви“, рече Менка Силиноска, „ни со молитви...“

53. а) Во писма и сл. по обраќањето каде што стои запирка, се пишува голема почетна буква ако текстот оди во нов ред:

Почитувани господа,
Би сакале да ви го претставиме нашиот најнов модел...
Драга пријателке,
Очекував да ми пишеш порано...

б) Но ако продолжува текстот на писмото во истиот ред по обраќањето, следниот збор се пишува со мала буква:

Почитувани господа, *би сакале да ви го претставиме нашиот најнов модел...*
Драга пријателке, *очекував да ми пишеш порано...*

в) Ако стои извичник зад обраќањето, текстот продолжува со голема буква во обата случаја:

Почитувани дами и господа!
Ми причинува огромно задоволство...
Почитувани дами и господа! Ми причинува огромно задоволство...

54. а) Во поезијата, големата буква се употребува како и во прозата:

Ако носиш нешто неизречено,
нешто што те притиска и пече,
закопај го во длабока тишина,
тишината сама ќе го рече.

б) Секој стих може да почнува и со голема буква:

Во бело одајче од снегови
Заспивај ме со бајки
Една цигара од сплетени ветрови
Во рацете на сонлив јавач
Ноќ – меѓусебно намигање
На вљубени простори

55. Со голема почетна буква се пишува првиот збор:

- Во натпис и известување:
  Забрането пушење! – Испратете СМС и добијте награда. – Се враќам за половина час.
- На предната и задната страница на книга, потпис под фотографија, дидаскалии, различни програми, прикази на табели, обрасци итн.:
  Име и презиме: Филип Николовски
  Адреса: ул. „Хаванска“ бр. 5, Скопје

Дaтум на раѓање: 10.5.1986
Занимање: студент
Уредник: Петар Петровски
Лектор: Марија Стојановска
Превела: Ана Поповска

56. Но титули и звања се пишуваат со мали букви:
проф. д-р Петар Петровски, *академик Никола Николовски*
Рецензенти:
проф. д-р Марија Поповска
проф. д-р Илија Илиевски

57. Зборови за искажување почит**:**

- Сите зборoформи на *вие* и *ваш* се пишуваат со голема почетна буква кога му се обраќаме на едно лице:
  Почитуван господине Петровски,
  Го примив Вашето писмо во кое ме известувате дека не сме Ви испратиле покана за учество на конференцијата.
- Сите зборoформи на *вие* и *ваш* се пишуваат со мала почетна буква кога им се обраќаме на повеќе лица:
  Почитувани дами и господа,
  Чест ни е да ве поканиме на нашата прослава на јубилејот. Со вашето присуство ќе го збогатите овој, *за нас*, *особено важен настан.*
- Со голема почетна буква се пишува секој збор во изразите со кои им се обраќаме на високи државни и црковни претставници или со кои зборуваме за нив:
  Ваша Екселенцијо, *Ваше Височество*, *Ваша Светост*, *Неговата Екселенција*, *Неговото Височество.*

ГОЛЕМА ПОЧЕТНА БУКВА НА СЕКОЈ ДЕЛ КАЈ СОПСТВЕНИТЕ ИМИЊА

Под сопствени имиња се подразбираат личните имиња, презимињата, прекарите, псевдонимите, фамилијарните, племенските, етничките, географските имиња. Под географски имиња се подразбираат имињата на галаксии, cosвездија, планети, sвезди, континенти, држави, прекуморски територии, региони, општини, градови, села, населби, океани, морија, реки, водопади и др. Во рамките на ваквите имиња со мала почетна буква се пишуваат службените зборови – предлозите, сврзниците и честичките – тогаш кога со нив не почнува името.

58. а) Личните имиња, презимињата, фамилијарните имиња и други определби што влегуваат во состав на името: *Александра*, *Бисера*, *Весна*, *Горан*, *Дарко*, *Дејан*, *Зоран*, *Sвездан*, *Љубица*, *Марија*, *Румена*, *Томислав*, *Георгиески*, *Попов*, *Петровска*, *Стојанова; Миладиновци*, *Петревци*, *Стојковци; Петар Велики*, *Хенри VIII*, *Александар Македонски*, *Џорџ Буш Постариот*, *Џорџ Буш Помладиот* (може и *Сениор и Јуниор*, но предност им се дава на *Постариот* и на *Помладиот*), *Александар Дима Татко*, *Александар Дима Синот*.

- Присвојните придавки изведени од лични имиња и презимиња со наставките *-ов*, *-ев* и *-ин*: *Рацинов*, *Езопов*, *Марков*, *Мариин*, *Јудин*.

б) Членот или честичката во туѓите имиња се пишува со мала буква: *Лудвиг ван Бетовен*, *Леонардо да Винчи*, *Фердинанд де Сосир*, *Хафез ел Асад*, *Карл Марија фон Вебер*, но кога членот или честичката доаѓаат на почетокот, односно кога стојат само со презимето, се пишуваат со голема почетна буква: *Ван Бетовен*, *Да Винчи*, *Де Сосир*, *Ел Асад*, *Фон Вебер*.

- Слеаните членови или делови на имињата или презимињата, како и оние поврзани со цртичка се пишуваат со голема буква: *Лафонтен*, *Ван-Дајк*, *Мекдоналд*, *О'Нил*, *Сен-Симон*, *Сан-Мартин*, *Жан-Клод ван Дам*.

в) Имињата од Далечниот Исток се пишуваат со почетна голема буква на секој составен дел: *Конфуциј*, *Лао Це*, *Цуанг Це*, *Мао Сетунг*, *Чанг Кај Шек*, *Беј Дао*, *Ко Ун*, *Кензабуро Ое*.

59. Прекарите, псевдонимите, духовните имиња и уметничките имиња: *Алваџијата*, *Бикот Што Седи*, *Зограф*, *Ликсур*, *Ненадејна Смрт*, *Мечката*, *Лисицата*, *Слугата*, *Докторот*, *Рацин*, *Ел Греко*, *Свештарот*, *Црвениот Барон*, *Донателo*, *Калигула*, *Свети Климент Охридски*, *Свети Петар*, *Свети Мина*, *Света Богородица*, *Анѓел Жаров* (*Михаил Сматракалев*), *Марк Твен* (*Семјуел Клеменс*), *Нав Муан* (*Ванѓел Нау-*

мовски), *Мајка Тереза*, *Франциск II*, *Дар-Мар* (*Дарко Марковиќ*), *Џина Пајас Џокси* (*Ѓорѓе Васиќ*).

60. Племенските имиња: *Десарети*, *Смолјани*, *Ринхини*, *Сагудати*, *Струмјани*, *Брсјаци*, *Мијаци*, *Вандали* (но *вандали* како општа именка), *Кумани* (но *кумани* за навивачка група), *Саси*, *Печенези*.

61. а) Имињата на жители на континенти и на региони: *Африканец*, *Американка*, *Европеец*, *Азијци*, *Егеец*, *Тиквешанец*, *Малешевец*, *Мариовец*.

б) Жителите на сегашни и некогашни држави: *Англичани*, *Германци*, *Македонци; Византијци*, *Османлии*, *Римјани* (жители на Стариот Рим, но *римјани* – жители на денешниот Рим).

62. Имињата на божества и на конкретни митолошки суштества: *Перун*, *Лада*, *Весна*, *Хера*, *Афродита*, *Аполон*, *Јупитер*, *Марс*, *Дијана*, *Один*, *Тор*, *Бог* (но *бог* како општа именка), *Алах*, *Јахве*, *Буда*; *Херкул*, *Пегаз*, *Химера*, *Медуза*, *Минотаур*.

- Во религиозни текстови, личната заменка за 3 лице еднина *Тој*, *Он*, кратките и долгите заменски форми за директен и индиректен предмет: *Го*, *Му*, *Него*, *Нему*, што се однесуваат на Бог, се пишуваат со голема почетна буква.

63. а) Имињата на уметнички ликови: *Ана Каренина*, *Мики Маус*, *Супермен*, *Тарзан*, *Могли*, *Пипи Долгиот Чорап*, *Алиса*, *Хари Потер*, *Петар Пан*, *Франкенштајн*, *Офелија*, *Пенелопа*, *Отело*, *Џемс Бонд*, *Брзата Птица Итрица*, *Грдото Пајче*, *Немо*, *Леси*.

б) Со посебна стилска функција или кога се персонифицира некој апстрактен поим, со голема почетна буква може да се пишуваат и одделни општи именки: *Слобода*, *Љубов*, *Злото*, *Доброто*, *Човек*, *Мир*, *Татковина*.

64. Имињата на животни и на конкретни растенија, иако општите имиња на растенијата се пишуваат со мала буква: *Шарко*, *Белка*, *Доли; Чинарот* (старо дрво во центарот на Охрид), *Бо* (свето дрво во будизмот), *Игдрасил* (свето дрво во скандинавската митологија).

65. Имињата на небесни тела:

- Планети и нивни сателити – *Венера*, *Земја*, *Јупитер*, *Марс*, *Меркур*, *Месечина*, *Нептун*, *Сатурн*, *Сонце*, *Уран*.
  - Со мала почетна буква се пишуваат *земја*, *месечина*, *сонце* кога се општи именки.
- Галаксии и делови од галаксии – *Млечен Пат*, *Андромеда*, *Омега Кентаур*, *Бодеева Галаксија*, *Голем Магеланов Облак*, *Мал Магеланов Облак*, *Јужна Ветерница*, *Сончев Систем*.
- Cозвездијата – *Голема Мечка*, *Орион*, *Кентаур*, *Златна Рибка*, *Мал Лав*, *Рајска Птица*.

- Ѕвездите – *Деница*, *Вечерница*, *Веѓа.*

66. Географските имиња, административните единици и неофицијалните имиња на територии:

а) Континентите и половите: *Европа*, *Азија*, *Африка*, *Северна Америка*, *Јужна Америка*, *Австралија*, *Антарктик; Јужен Пол*, *Северен Пол.*

б) Државите, без оглед дали се тоа официјални имиња или не, како и прекуморските територии: *Азербејџан*, *Антиѓа и Барбуда*, *Брегот на Слоноваата Коска*, *Доминика*, *Доминиканска Република*, *Југословенска Федерација*, *Македонија*, *Турско* (*Османлиско*) *Царство*, *Франција*, *Италија*, *Филипини*, *Холандија*, *Германија*, *Австроунгарија*; *Британска Антарктичка Територија.* Така се пишува и *Европска Унија.*

в) Макрорегионите и микрорегионите: *Средна Америка*, *Мала Азија*, *Далечен Исток*, *Среден Исток*, *Блиски Исток*, *Средоземје* и *Медитеран*, *Ориент; Азурен Брег*, *Повардарие*, *Пореч*е, *Река.*

- Именките *запад*, *исток*, *север*, *југ* кога со нив се именува општествен, политички или културен простор: *борба меѓу Истокот и Западот*, *разлики меѓу Северот и Југот*, како и придавките *западен*, *источен*, *северен*, *јужен*, *среден* итн. кога се составен дел на географски имиња, без разлика дали означуваат подрачја во географска, културна, политичка или историска смисла: *Југоисточна Европа*, *Западна Европа*, *Источна Европа*, *Средна Европа*, *Западен Балкан*, *Јужна Македонија*, *Северна Италија*, *Западна Полска*, *Источна Бугарија.*

г) Регионите (во географска или друга смисла): *Алпски Регион*, *Вардарски Регион*, *Пелагониски Регион*, *Полошки Регион*, *Скопски Регион*, *Ил де Франс* (*Регион Париз*), *Нор Па де Кале*, *Појасот Газа*, *Западен Брег*, *Лисабон и Долината Тежо*, *Скопско*, *Битолско*, *Прилепско.*

д) Административните единици (покраини, општини, округи, војводства, грофовии, жупании, области и др.): *Покраина Антверп*, *Автономна Покраина Болцано*, *Покраина Западна Фландрија*, *Покраина Фламански Брабант*, *Град Скопје*, *Општина Центар*, *Јоркшир и Хамберсајд*, *Општина Чашка*, *Општина Центар Жупа*, *Општина Конче*, *Општина Старо Нагоричане*, *Општина Чучер-Сандево*, *Округ Вестернорланд*, *Шлезиско Војводство*, *Област Град Софија*, *Вараждинска Жупанија*, *Сибирска Губернија.*

ѓ) Градовите, селата и населбите, маалата: *Белград*, *Берлин*, *Куала Лумпур*, *Њу Делхи*, *Њујорк*, *Скопје*, *Санкт Петербург*, *Токио*, *Париз*, *Битола*, *Кочани; Кадино Село*, *Ново Село*, *Волково*, *Горна Матка*, *Лазарополе*, *Тресонче*, *Моносипитово; Капиштец*, *Тафталиџе*, *Ѓорче Петров*, *Карпош; Дебар Маало*, *Мајир Маало*, *Горно Маало.*

е) Океаните, моријата, заливите, езерата и барите, реките и водопадите:

- *Атлантски Океан*, *Тихи Океан*, *Индиски Океан*, *Антарктички Океан*, *Арктички Океан*, *Јужен Океан.*
- *Јадранско Море*, *Егејско Море*, *Средоземно Море*, *Јонско Море*, *Црно Море*, *Балтичко Море*, *Северно Ледено Море*, *Јужно Кинеско Море*, *Берингово Море.*
- *Баскиски Залив*, *Бенгалски Залив*, *Мексикански Залив*, *Персиски Залив*
- *Охридско Езеро*, *Преспанско Езеро*, *Дојранско Езеро*, *Скадарско Езеро*, *Бајкалско Езеро*, *Женевско Езеро*, *Моносшитовско Блашо.*
- *Црна Река*, *Вардар*, *Дрим*, *Радика*, *Треска*, *Амазон*, *Нил*, *Конго*, *Дунав*, *Рајна*, *Мисисипи*, *Жолша Река*.
- *Колешински Водопад*, *Корајски Водопад*, *Смоларски Водопад*, *Нијагарски Водопади*, *Анѓелски Водопади.*

ж) Планините и врвовите: *Шар Планина*, *Кораб*, *Дешаш*, *Јабланица*, *Галичица*, *Кожув*, *Килиманџаро*, *Олимп*, *Хималаи; Монш Еверест*, *Мон Блан*, *Голем Кораб*, *Пелисшер*, *Солунска Глава*, *Црн Врв.*

з) Островите, полуостровите, 'ртовите, морските гребени и каналите: *Азорски Острови*, *Американски Девствени Острови*, *Галапагоски Острови*, *Големи Антили*, *Малдивски Острови*, *Карипски Острови*, *Хавајски Острови; Балкански Полуостров*, *Апенински Полуостров*, *Пиринејски Полуостров; Аркона*, *Флиѓели*, *Кејп Код*, *Трафалгар; Атлантски Гребен*, *Африкански Рог*, *Панамски Канал*, *Суецки Канал.*

ѕ) Кањоните, клисурите, пештерите и вулканите: *Гранд Кањон*, *Матка; Демиркаписка Клисура; Врело*, *Мечкина Дупка*, *Дуова Пештера*, *Калина Дупка*, *Пештера Убавица; Етна*, *Везув*, *Кракатау.*

и) Котлините, низините, висорамнините и долините: *Скопска Котлина; Пелагониска Низина; Тибетска Висорамнина; Вардарска Долина*, *Долина Аоста.*

ј) Шумите, прашумите и пустините: *Амазонска Прашума*, *Шервудска Шума; Сахарска Пустина*, *Арабиска Пустина*, *Гоби*, *Калахари*, *Голема Песочна Пустина*, *Патагониска Пустина*, *Сириска Пустина.*

к) Општопознатите неофицијални имиња на територии – континенти, држави, области, океани, градови и слично, со оглед на нивниот статус на име: *Нов Свет* (Америка), *Црн Континент* (Африка), *Див Запад* (историско име за дел од САД), *Стар Континент* (Европа), *Стар Свет* (Евроазија и Африка), *Стара Грција*, *Антички Рим*, *Древен Египет*, *Трет Свет* (група неразвиени земји), *Светиот Престол* (Ватикан), *Големото Јаболко* (Њујорк), *Градот на Светлината* (Париз), *Вечниот Град* (Рим), *Големата Бара* (Атлантски Океан), *Зелениот Остров* (Ирска).

ГОЛЕМА ПОЧЕТНА БУКВА САМО НА ПРВИОТ ДЕЛ ОД НАЗИВОТ

(И НА ДРУГИ СОСТАВНИ ДЕЛОВИ АКО ПРЕТСТАВУВААТ ИМИЊА)

67. Називите на органи на законодавната, извршната и судската власт: *Министерство за внатрешни работи*, *Министерство за образование и наука*, *Министерство за култура*, *Врховен суд*, *Основен суд*, *Суд за прекршоци*, *Државен просветен инспекторат*, *Биро за развој на образованието*, *Државен испитен центар*, *Управа за јавни приходи.*

68. Закони, историски настани, мировни конференции, акции и други собири:

а) Законите, декларациите и резолуциите: *Устав на Република Македонија*, *Закон за употребата на македонскиот јазик*, *Закон за високото образование*, *Закон за установите; Декларација за независност; Резолуција на Советот за безбедност 1325.*

б) Историските настани (војни, револуции, битки, востанија, воени фронтови итн.): *Француска револуција*, *Октомвриска револуција*, *Прва светска војна*, *I светска војна*, *Втора светска војна*, *II светска војна*, *Илинденско востание*, *Народноослободителна војна*, *Солунски фронт*, *Македонски фронт*, *Источен фронт*, *Западен фронт*, *Третата битка кај Ипер*, *Прва балканска војна* (*Балкански војни 1912 – 1913*).

в) Мировните конференции и други меѓународни договори, конгресите и реформите: *Версајски договор*, *Букурешки мировен договор*, *Дејтонски мировен договор*, *Протоколот од Кјото*, *Болоњска декларација; Берлински конгрес*, *Конгрес на офталмолозите; Болоњски процес* (европска реформа во образованието).

г) Научните, културните, политичките, стопанските и други собири: *Денови на Благоја Корубин*, *Струшки вечери на поезијата*, *Рацинови средби*, *Месец на книгата*, *Недела на борбата против алкохолизмот.*

- Хуманитарните и образовните акции: *Да им помогнеме да оздрават*, *Бесплатно образование.*
- Јавните трибини: *Јавна трибина за ефектите на корупцијата врз универзитетската диплома.*

69. Називите на дипломатски претставништва, меѓународни организации и политички институции: *Амбасада на САД*, *Конзулат на Република Турција*, *Канцеларија за врски на Република Грција; Организација на*

обединетите нации, *Светска трговска организација*, *Совет на Европа*, *Европски суд за човекови права*, *Меѓународен монетарен фонд.*

70. Установите, јавни и производствени претпријатија и медиуми.

а) Установите и нивните оддели: *Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“*, *Одделение за лексикологија*, *Филолошки факултет „Блаже Конески“*, *Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици*, *Универзитет „Свети Кирил и Методиј“*, *Ректорат на Универзитетот „Гоце Делчев“*, *Национална универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски“*, *Градска библиотека „Браќа Миладиновци“*, *Музеј на современа уметност*, *Национална галерија*, *Културно-информативен центар*, *Државен завод за статистика*, *Средно училиште „Јосип Броз Тито“*, *Општинско основно училиште „Јан Амос Коменски“.*

б) Јавните и производствените претпријатија (компании): *Водовод и канализација*, *Комуналец*, *Јавно претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор; Алкалоид*, *Прилепска пиварница*, *Битолска млекарница*, *Макстил*, *Европа Скопје*, *Кока-Кола*, *Хајнекен интернационал*, *Проктер и Гембл*, *Сони*, *Панасоник*, *Пежо*, *Мерцедес-Бенц.*

в) Електронски и печатени медиуми, публикации:

- Телевизиските и радиостаниците: *Македонска радио-телевизија*, *Телма телевизија*, *Канал 5*, *Антена 5*, *Клуб ФМ*, *Метрополис радио.*
- Називите на весници, списанија: *Дневник*, *Вест*, *Нова Македонија*, *Утрински весник*, *Слободен печат*, *Пари мач*, *Њујорк хералд трибјун*, *Фокус*, *Теа модерна*, *Вог*, *Ел*, *Економист*, *Фајненшел тајмс.*
- Називите на рубрики: *Културна рубрика*, *Забавна рубрика*, *Црна хроника.*
- Порталите на интернет: *Идивиди*, *Офнет*, *Курир*, *Либертас.*
- Социјалните мрежи и компјутерските програми: *Фејсбук*, *Твитер*, *Мајспејс*, *Линкдин*, *Мајкрософт ворд*, *Пауерпоинт*, *Корел дро*, (но *фејсбук-профил*, *пауерпоинт-презентација*).
- Филмовите: *Беше еднаш во Америка*, *Пред дождот*, *Адвокатот на ѓаволот*, *Војна на ѕвездите*, *Големиот Гетсби*, *Господарот на прстените.*
- Медиумските емисии и програми: *Вести*, *Утринска програма*, *Танц со ѕвездите*, *Кој сака да биде милионер.*

71. Називи на воени и полициски формации, сојузи, партии и здруженија:

а) Војските, воените и полициските единици, воените и паравоените групи: *Армија на Република Македонија*, *Хезболах*, *Ирска републиканска армија*, *Легија на странци*, *Исламска држава.*

- Воените и полициските акции: *Пустинска бура*, *Килибарни лисици*, *Барбароса.*

б) Политичките и воените сојузи: *Атлантски сојуз*, *Антанта*, *Варшавски пакт*, *Коалиција за Македонија.*

в) Политичките партии: *Лабуристичка партија*, *Конзервативна партија*, *Демохристијанска партија*, *Социјалдемократска партија.*

г) Здруженијата: *Здружение на лектори на Република Македонија*, *Македонско лекарско друштво*, *Здружение на филмски работници*, *Здружение на судии на Македонија.*

72. Верските институции, заедниците: *Македонска православна црква – Охридска архиепископија*, *Исламска верска заедница*, *Англиканска црква*, *Римокатоличка црква*, *Струмичка епархија*, *Дебарско-кичевска епархија.*

73. Верските и други празници: *Божиќ* и *Божик*, *Велигден*, *Петровден*, *Илинден*, *Ѓурѓовден*, *Велјасабота*, *Величетврток*, *Свети Илија*, *Свети Никола*, *Свети Мина*, *Тодорова сабота*, *Томина недела*, *Рамазан бајрам*, *Курбан бајрам*, *Пасха*, *Нова година*, *Осми септември*, *Единаесетти октомври.*

- Ако празникот како прв составен дел содржи број напишан со цифра, тогаш и вториот збор се пишува со голема буква, за да може празникот да се разликува правописно од датум: *8 Септември*, *11 Октомври*, *8 Декември*, *1 Мај*.

74. Имиња на градби создадени од човекот:

а) Црквите, манастирите, џамиите и другите верски објекти: *Свети Спас*, *Лесновски манастир*, *Свети Наум*, *Осоговски манастир*, *Свети Јован Бигорски*, *Шарена џамија*, *Богородична црква* или *Нотр Дам* (во Париз).

б) Градбите и објектите: *Арајска куќа*, *Судска палата*, *Собрание*, *Ајфелова кула*, *Триумфална капија*, *Бела куќа.*

в) Сообраќајниците: *Автопат Скопје – Велес*, *Автопат Е-71*, *Јадранска магистрала.*

г) Плоштадите, улиците, мостовите: *Македонија*, *Гоце Делчев*, *Камен/Камени мост*, *Илинденска*, *Партизански одреди*, *Широк сокак.*

- Доколку општата именка спаѓа во назив на институцијата, улицата и сл., поврзана со предлог, се пишува со голема буква: *Плоштад на Крушевската Република*, *Плоштад на Револуцијата*, *Мост на воздишките.*

д) Вештачките вселенски објекти: *Меѓународна вселенска станица*, *Мир*, *Аполо 13*, *Спутник.*

ѓ) Пазарите: *Зелен пазар*, *Буњаковец*, *Бит-пазар* (но *бит-пазар*, општо).

е) Гробиштата: *Градски гробишта „Бутел“*, *Француски гробишта.*

75. Уметничките, музичките и др. групи: *Танец*, *Леб и сол*, *Лева патика*, *Ансамбл на Македонската опера и балет*, *Танцов оркестар*, *Битлси*, *Ролинг стоунс.*

76. Насловите на уметнички настани и на уметнички и други творби:

а) Изложбите: *Изложба на Хенри Мур*, *Годишна изложба на ДЛУМ.*

б) Фестивалите: *Скопски фестивал*, *Макфест*, *Евровизија.*

в) Сликите, скулптурите, музичките дела, книгите и др.: *Мона Лиза*, *Голата Маја*, *Ѕвездена ноќ*, *Фрлач на диск*, *Ода на радоста*, *Месечинската соната*, *Пиреј*, *Странствувањето на Чајлд Харолд*, *Капетановата ќерка*, *Анѓели и демони*, *Белиот песјак*, *Норвешка шума.*

г) Песните, химните, молитвите: *Твоите бакнежи на моите бели кошули*, *Неправда*, *Оченаш*, *Денес над Македонија.*

77. Насловите и поднасловите на научни и други дела:

а) Учебници, прирачници, научни статии и др.: *Математика за трето одделение*, *Синтакса на македонскиот стандарден јазик*, *Нацртна геометрија*, *За заемките во македонскиот стандарден јазик*, *Потеклото на неколку имиња на реки*, *Нормата и практиката.*

б) Насловите, поднасловите, меѓунасловите, насловите на поглавја и потпоглавја во книга: *Библија*, *Стар завет*, *Нов завет*, *Книга за Јов*, *Евангелие по Матеј.*

в) Колоквијалните имиња на книги: *Граматиката на Конески*, *Зелениот правопис*, *Тритомниот речник.*

78. Називите на школите, теориите, наставните предмети и студиските програми: *Прашка школа; Теорија за значењето*, *Теорија на релативноста; Лексикологија на македонскиот јазик*, *Современ македонски јазик 1*, *Историја на правото*, *Математика за економисти*, *Биологија* (но науките се пишуваат со мала почетна буква: *синтакса*, *математика*, *биологија*, *право*); *Македонски јазик и јужнословенски јазици*, *Македонска книжевност и јужнословенски книжевности*.

79. Одликувањата, ордените и наградите: *Орден за заслуги за народот*, *награда „Свети Климент Охридски“*, *награда „23 Октомври“*, *Пулицерова награда*, *Нобелова награда*, *Оскар*, *Златен лав*, *Златна палма*, *Златна копачка*, *Легија на чест*а.

80. Спортските натпреварувања, натпреварувачките лиги и спортските клубови: *Прва македонска фудбалска лига*, *Лига на шампиони*, *Светски куп*, *Примера*, *Серија А*, *Премиер лига; Вардар*, *Металург*, *Работнички*,

Шкендија, *Манчестер јунајтед*, *Манчестер сити*, *Ливерпул*, *Астон вила*, *Реал Мадрид*, *Лацио*, *Баерн Минхен*, *Борусија Дортмунд*, *Бешикташ*, *Фенербахче.*

81. Латинските имиња на растенија, животни и сл.: *Tulipa* (лале), *Gingko biloba* (гинко билоба), *Bison bison* (бизон), *Robinia pseudoacacia* (багрем), *Amphibia* (амфибија).

82. Присвојните придавки со наставките *-ов/-ев* и *-ин* изведени од историски и митолошки личности како и присвојните придавки изведени од небесните тела *Сонце*, *Земја*, *Месечина*: *Адамово јаболко*, *Ахилова пета* или *Ахилеева петица*, *Грејвзова болест*, *Пандорина кутија*, *Сизифов труд*, *Танталови маки*, *Морзеова азбука*, *Вартоломеева ноќ; Сончеви дамки*, *Земјина тежа*, *Месечеви* или *Месечинини мени.*

83. Ако од целиот назив се употреби само еден збор, тој се пишува со голема почетна буква: *Владата* (скратено, на пример, од *Влада на Република Македонија*), *Факултетот* (на пример, од *Економски факултет*), *Револуцијата* (на пример, од *Октомвриска револуција*) итн.

МАЛА ПОЧЕТНА БУКВА

Со мала почетна буква, освен кога се во почеток на реченица или наслов, се пишуваат:

84. Следниве зборовни групи:

а) Општите именки, вклучувајќи ги и оние кои се добиени од сопствени имиња: *куче*, *мачка*, *човек*, *куќа*, *молив*, *љубов*, *чувство*, *ваш*, *ом*, *њутн*, *тесла*, *рендген*, *јуда* (предавник), *донжуан* (заводник), *казанова* (љубовџија), *ментор*, *бешамел*, *сендвич*, *вирџинија*, *скандинавка.*

- Општите именки изведени со префикси од сопствени имиња: *немакедонец*, *квазимакедонија*, *псевдобугари*, *ексјугословени.*

б) Сите придавки во македонскиот јазик со исклучок на присвојните придавки изведени од сопствени имиња на *-ов/-ев* и *-ин*: *македонски*, *англиски*, *албански*, *турски*, *скопски*, *охридски*, *аристотелски*, *платонски*, *сизифовски*, *новогодишен*, *божиќен* (и *божикен*), *велигденски*, *златен*, *сребрен*, *воден*, *дабов*, *речен*, *рибји*, *телешки*, *млечен*, *зелен*, *син*, *црвен*, *понеделнички*, *септемвриски.*

в) Заменките, со исклучок на оние со кои се изразува почит: *јас*, *ти*, *вие*, *мене*, *нас*, *нам*, *којшто*, *чијашто*, *овој*, *онаа*, *тоа.*

г) Глаголите, прилозите, броевите, предлозите, сврзниците, честичките, извиците и модалните зборови: *трча*, *многу*, *пет*, *до*, *а*, *ли*, *ај*, *веројатно.*

85. Следниве временски периоди:

а) Деновите: *понеделник*, *вторник*, *среда*, *четврток*, *петок*, *сабота*, *недела.*

б) Датумите: *први март*, *7 јуни.*

в) Месеците: *јануари*, *февруари*, *март*, *април*, *мај*, *јуни*, *јули*, *август*, *септември*, *октомври*, *ноември*, *декември.*

г) Годишните времиња: *пролет*, *лето*, *есен*, *зима.*

д) Временските периоди, епохи во развојот на Земјата и на општествата: *палеолит*, *мезозоик*, *јура*, *креда*, *неолит*, *плиоцен*, *камена епоха*, *бронзена ера*, *стар век*, *среден век*, *нов век*, *деветнаесетти век*, *дваесет и први век.*

86. Страните на светот: *исток*, *запад*, *север*, *југ*, *југозапад*, *југоисток*, *северозапад*, *североисток.*

87. Именките *земја*, *сонце* и *месечина* тогаш кога немаат астрономско значење:

Заоѓа сонцето. – Не излегувајте на сонце меѓу 10 и 17 часот. – Ти си моето сонце. – Се скри месечината зад облаци. – На земјата има сè повеќе бездомни луѓе.

- Кога немаат значење на сопствена именка: *Јупитер има 67 месечини. – Откриена е планета со три сонца.*

88. Лица именувани според територијална или друга припадност:

а) Жителите на населени места (градови, села, населби, маала): *скопјанец*, *штипјанка*, *њујоркчани*, *новоселец*, *горномаалци.*

б) Припадниците на раси: *белец*, *белкинка*, *белци*, *белкинки*, *црнец*, *црнкинка*, *црнци*, *црнкинки*, *црвенокожец*, *црвенокошци.*

в) Припадниците на воени и полициски единици: *алфи*, *тигри*, *волци*, *скорпиони.*

г) Припадниците на разни уметнички, социјални, политички, културни, верски движења и слично: *рокерка*, *рајер*, *џезер*, *преродбеник*, *модернистка*, *кубист*, *христијанка*, *исламист*, *шиит*, *сунит*, *хиндус.*

д) Навивачките групи: *комити*, *чкембари*, *шверцери*, *кумани.*

89. Видови митолошки и фантастични суштества (кога се повеќе од ист вид): *сатири*, *музи*, *хобити.*

90. Животинските раси и растителните видови:

а) *шарпланинец*, *бернардинец*, *германски овчар*, *кокер*, *дога*, *пекинезер*, *англорка*, *липицанер*, *џек расел.*

б) *темјанушка*, *трендафил*, *мајчина душица*, *роза*, *кокиче*, *невен*, *даб*, *липа.*

91. Трговските марки на производи:

а) Пијалаци: *фанта*, *спрајт*, *кока-кола*, *пепси*, *скопско*, *златен даб*, *амстел*, *туборг*, *темјаника*, *александрија*, *џони вокер*, *чивас.*

б) Марки на автомобили и нивни модели: *форд*, *тојота*, *опел*, *голф*, *порше*, *мицубиши*, *дачија*, *астра*, *фиеста*, *приус*, *поло*, *карера*, *колт*, *логан.*

в) Бела и друга техника: *панасоник* (телевизор), *филипс* (миксер), *самсунг* (*фрижидер*), *сони* (засилувач), *беко* (машина за миење садови), *нео* (тостер), *горење* (машина за перење алишта).

г) Производи за широка потрошувачка: *нивеа*, *бенетон*, *конверс*, *адидас*, *најки*, *армани-кошула.*

92. Природните и вештачките јазици: *македонски*, *албански*, *турски*, *српски*, *бугарски*, *англиски*, *јапонски*, *есперанто.*

93. Службените зборови во состав на сопствено име, кога не се на почетокот на името: *Лудвиг ван Бетовен*, *Леонардо да Винчи*, *Рио де Жанеиро*, *Анвар ел Садат*, *Мухамед бин Рашид ел Мактум.*

94. Хороскопските знаци: *стрелец*, *девица*, *скорпија*, *терезија*, *близнаци*, *лав.*

95. Паричните единици: *денар*, *евро*, *долар*, *јен*, *франк*, *круна*, *лира.*

96. Мерните единици: *ампер*, *ват*, *волт*, *кулон*, *њутн*, *ом*, *тесла*, *џул.*

97. Термини/називи од различни научни и уметнички области:

а) Хемиските елементи: *водород*, *кислород*, *азот*, *јаглерод*, *фосфор*, *бор*, *германиум.*

б) Музичките термини: *адаџо*, *алегро*, *интермецо*, *рондо*, *скерцо*, *стакато*, *форте.*

в) Научните подрачја и дисциплини: *астрономија*, *анатомија*, *физика*, *хемија*, *историја*, *географија*, *биологија*, *математика*, *лингвистика*, *семантика*, *прагматика.*

г) Разни уметнички, социјални, политички, културни, верски движења и слично: *рок*, *рап*, *хуманизам*, *ренесанса*, *преродба*, *барок*, *реализам*, *модерна*, *футуризам*, *кубизам*, *христијанство*, *ислам*, *будизам*, *богомилство.*

д) Информатичките термини: *веб-пајка*, *веб-страница*, *датотека*, *етернет*, *интернет*, *интерфејс*, *интранет*, *сервер*, *софтвер*, *хардвер.*

ѓ) Научните степени и научните титули: *магистранд*, *магистер*, *докторанд*, *доктор*, *доцент*, *вонреден професор*, *редовен професор*, *научен советник*, *академик*, *специјалист стоматолог*, *инженер агроном.*

е) Титулите, функциите, професиите, специјалностите: *крал*, *кралица*, *цар*, *царица*, *принц*, *принцеза*, *војвода*, *војвотка*, *кнез*, *кнегиња*, *папа*, *архиепископ*, *далај-лама*, *претседателка*, *премиер*, *министерка*, *градоначалник*, *канцелар*, *инженер*, *архитект*, *технолог*, *педагог*, *шекспиролог.*

- Ако кон личното име или презимето стои атрибут што не претставува дел од личното име и служи само како општа определба, тој се пишува со мала почетна буква: *чорбаџи Петре*, *мајстор Перо*, *професор Николоски*, *доктор Поповски*, *господин и госпоѓа Смит*, *поп Драги.*

98. Општите именки кога се поврзани со конкретен број: *слика 2*, *табела 3*, *глава 7.1*, *второ поглавје*, *графикон 9*, *член 4*, *став 1.*

IV.

СЛЕАНО, ПОЛУСЛЕАНО И РАЗДЕЛЕНО ПИШУВАЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ

99. Зборовите во современиот стандарден македонски јазик, според правописот, се пишуваат секој посебно, разделени со белини. Сложените зборови и изрази од два или од повеќе зборови можат да се пишуваат слеано, полуслеано или разделено, односно како сложенки, полусложенки или сложени изрази, синтаксички структури на тесно поврзани зборови по значење и по функција – синтагми. Како семантички и формални критериуми врз кои се дефинираат правописните правила за изделување на сложените зборови и изрази се налагаат следните: поимското значење на сложениот збор, односот (рамноправен или нерамноправен) на компонентите што влегуваат во неговиот состав, самостојноста или несамостојноста на компонентите од кои е образуван, граматичкото (морфолошко и синтаксичко), зборообразувачкото и акцентското оформување на сложениот збор, како и автентичноста на правилата за образување сложени зборови во македонскиот јазик и туѓојазичните влијанија. Врз таа основа, правописната проблематика на сложените зборови и изрази се обработува по зборовни групи.

ИМЕНКИ

Слеано се пишуваат

100. Сложените именки (сложенки) кај кои компонентите се поврзани со составна самогласка, интерфиксот *-о-* (ретко со интерфикс *-е-*), или се непосредно сраснати, а се наоѓаат во нерамноправен однос – првата компонента (основа на зборови од различни зборовни групи: именка, придавка, заменка, број, глагол, прилог) го пообјаснува, го конкретизира значењето на втората, којашто е самостојна именка (риб*олов*) или изведена именска форма без самостојна употреба (човеко*љубец*); сложената именка најчесто има еднопоимско значење и е акцентски оформена.

а) Сложените именки со составна самогласка -о-: *баснописец*, *богољубец*, *бродоградилиште*, *ветроказ*, *водовод*, *градоначалник*, *дрворед*, *иконописец*, *југоисталгичар*, *коловоз*, *кривоверец*, *машинобравар*, *мостоградба*, *нискоградба*, *средношколец*, *страхопочит*, *човекољубец*, *душовадец*, *душогрижник*.

б) Сложените именки, ретки образувања, со составна самогласка -е-: *венценосец*, *очевидец*; исто и: *знаменосец*, *јајцевод*, *срцебол*, што може да се земат како сраснати образувања.

в) Сложените именки со непосредно срастување: *братучед*, *бубамара* (инсект), *денгубник*, *домазет*, *злоупотреба*, *именден*, *роденден*, *секојдневие*.

101. Сложените именки со рамноправен однос на компонентите, односно со двопоимско значење, многу поретки образувања: *богочовек* (бог и човек), *купопродажба* (купување и продажба), *примопредавање* (примање и предавање), *Евроазија* (Европа и Азија), *Индокина* (меѓу Индија и Кина), *југоисток* (меѓу југ и исток), *југозапад*, *североисток*, *северозапад*.

102. Сложените именки на кои првата компонента им е глаголска форма на заповедниот начин: *влечипола*, *врткуќник*, *дерикожа*, *зајдисонце*, *изгрејсонце*, *клукајдрвец* (птица), *лајкучка* (растение), *неранимајко*, *паликуќа*, *пуштикуќа*, *развигор* (ветар), *трчилаж*, *турилеќа*.

103. Сложените имиња на празници: *Велигден*, *Дуовден* (и *Духовден*), *Ѓурѓовден*, *Иванден*, *Илинден*, *Крстовден*, *Митровден*, *Петровден*, *Спасовден*; исто и: *Величетврток*, *Великпеток*, *Вељасабота*.

104. а) Сложените географски имиња на кои составните компоненти им се поврзани со составна самогласка *-о-* или сраснати: *Кривогаштани*, *Криволак*, *Лазарополе*, *Радобор*, *Суводол*, *Црнобуки*; *Карабуниште*, *Светилија*, *Среденрид*, *Трибор*, *Тројкрсти*.

б) Туѓите географски имиња се пишуваат според транскрипцијата од изворниот јазик или според усвоената практика: *Белград*, *Благоевград*; *Њујорк*, *Монблан*, *Ламанш*; *Костарика*, *Порторико*.

105. Сложените именки со прва компонента *пол-* (скратена основа од именката *половина*) и *полу-* (со интерфикс *-у-*): *полден*, *полкило*, *полноќ*, *полноќница* (црков.), *полоканик*, *полпат*, *полчас*; *полубог*, *полубрат*, *полувистина*, *полувреме*, *полуглас*, *полукруг*, *полуматура*, *полумрак*, *полуостров*, *полусон*, *полуфабрикат*, *полуфинале*, *полуцилиндар*.

106. Сложените именки со прва компонента *само-* (основа на заменската придавка *сам* со интерфикс *-о-*): *самоанализа*, *самовоспитание*, *самогласка*, *самодисциплина*, *самодоверба*, *саможртва*, *самозадоволство*, *самозаштита*, *самоизмама*, *самоконтрола*, *самокритика*, *самоник* (растение), *самоодбрана*, *самопочит*, *самоук*, *самофинансирање*, *самоцензура*.

107. Сложените именки (обично глаголски) со прва компонента заменката *себе-*: *себеафирмирање*, *себеизразување*, *себеиспитување*, *себеистакнување*, *себељубец*, *себељубивост*, *себељубие*, *себеунижување*.

108. Сложените именки со прва компонента *се-*: *севласт*, *Седржител* (Бог), *сезнајко*, *сезналец*, *сејад* (инсект), *семоќ*, *семоќник*, *семудрост*, *сенешшар*, *сенешшарница*.

109. Сложените именки со прва компонента прилогот *многу*: *многубошшво*, *многуженсшво*, *многукашница*.

110. Именки со прва компонента предлог во служба на префикс: **меѓу-**: *меѓувреме*, *меѓунаслов*, *меѓурек*; **над-**: *надбискуп*, *надвојвода*, *нашчовек*; **под-**: *подназлов*, *подофицер*, *пошпретседашел*, *пошшекш*, *пошшочка*; **пра-**: *прабаба*, *прадедо*, *прашашковина*; **пред-**: *предговор*, *предјадење*, *предуслов*, *претстража*; **при-**: *прибрашт*, *примајка*, *присестра*; **против-**: *противакција*, *противвредност*, *противдејство*, *противдоказ*, *противјуриш*, *противкандидат*, *противмерка*, *противнапад*, *противотров*, *противофанзива*, *противпредлог*, *противречност*, *противтежа*, *противтужба*, *противудар*, *противуслуга*; **со-**: *соборец*, *соговорник*, *соживот*, *соучесник*.

111. Еднопоимските сложени именки со прва компонента туѓојазична основа што атрибутски го дополнува значењето на втората компонента:
авио-: *авиокомпанија*, *авиоматеријал*, *авиомеханичар*, *авиопревозник*; **авто[1]-** (‘само’, ‘сопствен’): *автобиографија*, *автогол*, *автопортрет*, *автосугестија*; **авто[2]-** (‘автомобилски’): *автомеханичар*, *автопат*, *автосервис*, *автотранспорт*, *автошкола*; **агро-**: *агроекологија*, *агротехника*, *агрохемија*; **аеро[1]-** (‘воздушен’, ‘воздухопловен’): *аеродром*, *аеронаутика*, *аеротранспорт*; **аеро[2]-** (‘гас, гасен’): *аеродинамика*, *аеростатика*; **аква-**: *аквапарк*; **анти-**: *антивирус*, *антиталент*, *антифашизам*, *антициклон*; **астро-**: *астрокалендар*, *астронаутика*, *астропрогноза*, *астрофизика*; **аудио-**: *аудиозапис*, *аудиометар*, *аудиосистем*, *аудиоснимка*; **афро-**: *Афроамериканец*, *афрофризура*; **био-**: *биогас*, *биогенеза*, *биодизел*, *биоекологија*, *биоенергија*, *биоритам*, *биохемија*; **видео-**: *видеоигра*, *видеокасета*, *видеонадзор*, *видеопроекција*; **вице-**: *вицеадмирал*, *вицегувернер*, *вицепремиер*, *вицешампион*; **галвано-**: *галванокаустика*, *галванопластика*, *галванотехника*; **гео-**: *геоботаника*, *геополитика*, *геофизика*; **диско-**: *дискоклуб*, *дискомузика*; **евро-**: *еврозона*, *евроинтеграција*, *еврокомесар*, *евролига*, *евроскептик*; **еко-**: *екозагадување*, *екомитинг*, *екосело*, *екосистем*; **екс-**: *екскрал*, *експретседател*, *ексшампион*; **екстра-**: *екстрадобивка*, *екстрадоход*, *екстрапрофит*; **електро-**: *електроанализа*, *електродистрибуција*, *електроиндустрија*, *електроинженер*, *електромотор*, *електротехника*, *електроцентрала*; **етно-**: *етногенеза*, *етнокултура*, *етномотив*, *етномузика*, *етнопарк*, *етносело*; **зоо-**: *зоогеографија*, *зоопарк*, *зоопланктони*; **интер-**: *интеракција*, *интерпункција*; **инфра-**: *инфразвук*, *инфраструктура*; **квази-**: *квазиавторство*, *квазинаука*,

квазимакедонец, *квазипатриот*; **кибер-**: *кибербезбедност*, *киберпростор*; **кино-**: *кинооператор*, *кинопарк*, *кинопретстава*, *кинопроектор*, *кинореклама*, *киносала*; **контра-**: *контраагитација*, *контраадмирал*, *контраакција*, *контранапад*, *контраофанзива*, *контраразузнавање*, *контрареволуција*; **космо-**: *космобиологија*, *космонаутика*; **крим-**: *кримтехника*, *кримтехничар*; **латино-**: *Латиноамериканец*, *латиномузика*, *латинотанци*; **макро-**: *макроекономија*, *макроклима*, *макрокосмос*, *макроструктура*; **мега-**: *мегабајт*, *мегават*, *мегасвезда*; **мета-**: *метајазик*, *метафизика*; **мецо-**: *мецосопран*; **микро-**: *микробиологија*, *микробран*, *микроклима*, *микроорганизам*, *микрофилм*, *микрочип*; **мини-**: *минимаркет*; **моно-**: *моногенеза*, *монодрама*, *монокултура*; **морфо-**: *морфогенеза*, *морфосинтакса*; **мото-**: *мотокрос*, *мотопрка*; **мулти-**: *мултивитамин*, *мултикултура*, *мултимилионер*; **нано-**: *наночестичка*, *нанотехнологија*; **нарко-**: *наркодилер*, *наркокартел*, *наркосиндикат*; **невро-**: *невропатологија*, *неврохирургија*; **нео-**: *неокласицизам*, *неореализам*, *неофашизам*; **нитро-**: *нитроглицерин*, *нитролак*, *нитрофосфат*; **нуз-/нус-**: *нузефект*, *нуспојава*, *нуспродукт*, *нуспроизвод*, *нуспросторија*; **палео-**: *палеозоологија*, *палеославистика*; **пан-**: *панславизам*, *пантеизам*, *панхуманизам*; **пара-**: *паравојска*, *параолимпијада*, *парапсихологија*; **пиро-**: *пироманија*, *пиротехника*; **поли-**: *поликлиника*, *полисинтеза*, *политехника*; **порно-**: *порноиндустрија*, *порнокино*, *порнофилм*; **пост-**: *постдипломец*, *постпозиција*; **псевдо-**: *псевдодемократија*, *псевдокласицизам*, *псевдомакедонец*, *псевдонаука*, *псевдоуметност*; **психо-**: *психоанализа*, *психолингвистика*, *психотерапија*, *психотест*, *психофизика*; **радио[1]-** (‘што се однесува на радио’): *радиоапарат*, *радиоврска*, *радиодрама*, *радиоемисија*, *радиокоментар*, *радиооркестар*, *радиопредавател*, *радиопренос*, *радиопретплата*, *радиопрограма*, *радиостаница*, *радиотехника*, *радиохор* (но: *радио-телевизија*, в. т. 120); **радио[2]-** (‘што се однесува на радијација, на зрачење’): *радиоактивност*, *радиобиологија*, *радиогенетика*, *радиоизотоп*, *радиотерапија*; **репро-**: *репроматеријал*; **ретро-**: *ретроакција*, *ретровегетација*, *ретроградација*, *ретрореформа*; **рото-**: *ротороман*, *ротохартија*; **серво-**: *сервоволан*, *сервомеханизам*, *сервосопирачка*; **стерео-**: *стереозвук*, *стереокамера*, *стереослушалки*, *стереоуред*; **суб-/суп-**: *субординација*, *супкултура*, *супспецијалист*, *супстандард*; **супер-**: *суперкомисија*, *супермаркет*, *супертродукција*, *суперревизија*, *суперсила*, *суперхерој*; **теле[1]-** (‘на далечина, далечински’): *телекомуникација*, *телеобјектив*, *телеуправување*; **теле[2]-** (‘телевизиски’): *теледрама*, *телесапун*, *телетекст*; **термо-**: *термодинамика*, *термоизолација*, *термоцентрала*; **техно-**: *техномузика*; **турбо-**: *турбогенератор*, *турбокомпресор*, *турбореактор*, *турбофолк*; **ултра-**: *ултрадесница*, *ултразвук*, *ултралевица*,

ултрамикроскоп, *ултранационализам*; **феро-**: *феролегура*, *феромагнетизам*, *фероксид*; **физио-**: *физиотерапевт*, *физиотерапија*; **фито-**: *фитобиологија*, *фитопаразит*, *фитопатологија*, *фитотерапија*; **фоно-**: *фонодокументација*, *фонопластика*, *фоностилистика*; **фото[1]-** (‘фотографски’): *фотоаматер*, *фотоапарат*, *фотодокументација*, *фотокопија*, *фотомодел*, *фотомонтажа*, *фоторепортажа*, *фотосафари*; **фото[2]-** (’што е во врска со светлина’): *фотоефект*, *фотосинтеза*, *фотосфера*, *фототерапија*, *фотоќелија*; **хелио-**: *хелиотерапија*, *хелиотехника*, *хелиофизика*; **хемо-**: *хемодијализа*, *хемокултура*, *хемотерапија*; **хетеро-**: *хетеросексуалност*; **хидро-**: *хидроавион*, *хидробиологија*, *хидроизолација*, *хидромеханика*, *хидросфера*, *хидротерапија*, *хидроцентрала*; **хипер-**: *хипермедиуми*, *хиперпродукција*, *хипертекст*; **хипо[1]-** (‘што се однесува на коњи’): *хиподром*, *хипопатологија*; **хипо[2]-** (‘под, пониско од нешто’): *хипотеза*, *хипоцентар*; **хомо[1]-** (‘исто’): *хомосексуалност*; **хомо[2]-** (‘што се однесува на човек’): *хомоцентризам*; **хромо-**: *хромолитографија*, *хромофотографија*.

Кога некои од овие први елементи се употребуваат како неменливи придавки (в. т. 159), се пишуваат разделено и може да се јават како дел од именскиот предикат: **екстра** ‘извонреден, одличен’: *екстра класа*; **ретро** ‘застарен, старовремски’: *ретро облека*; **супер** ‘одличен’: *супер филм*; **термо** ‘многу топол’: *термо чорапи*; **турбо** ‘енергичен, брз’: *турбо работник*; така и: *екс Југославија*.

Кога *радио* значи установа, радиостаница, се пишува: *Радио Скопје*, *Радио Москва*, *Радио Софија*, *Радио Лондон* и сл.

112. а) Сложените единици за мерење со втора компонента *грам*, *литар*, *метар*: *декаграм*, *дециграм*, *килограм*, *милиграм*, *сантиграм*; *декалитар*, *децилитар*, *килолитар*, *милилитар*, *хектолитар*, *сантилитар*; *декаметар*, *дециметар*, *километар*, *хектометар*, *сантиметар*.

б) Сложенките со втора компонента *метар* (‘што се однесува на мерење’): *амперметар*, *аудиометар*, *барометар*, *видеометар*, *волтметар*, *галванометар*, *лактометар*, *манометар*, *термометар*, *фонометар*, *хидрометар*, *хронометар* и сл.

в) Сложените единици од компјутерската терминологија со втора компонента *бајт*, *бит*: *килобајт*, *мегабајт*, *гигабајт*, *терабајт*, *петабајт*, *ексабајт*, *зетабајт*, *јотабајт*; *килобит*, *мегабит*, *гигабит*, *терабит*, *петабит*, *ексабит*, *зетабит*, *јотабит*.

113. Сложените називи на хемиски соединенија на кои составните компоненти им се поврзани со составна самогласка -о-: *бромоводород*, *јодоводород*, *сулфуроводород*, *хлороводород*, *флуороводород* и др. (в. т. 129).

114. Одделни сложени именки кај кои составните компоненти се од туѓо потекло (поновите најчесто од англискиот јазик), при што се применуваат правилата за транскрипција на туѓи зборови и за образување и изговор на сложени зборови во македонскиот јазик: *акведукт*, *аутсајдер*, *бајпас*, *барељеф*, *бебиситер*, *бекстеџи*, *билборд*, *бодибилдер*, *бодибилдинг*, *бормашина*, *букмејкер*, *ватерполо*, *генералштаб*, *голгетер*, *еркондишн*, *интранет*, *лајтмотив*, *лајтшоу*, *лаптоп*, *локалпатриотизам*, *лонгплеј*, *лунапарк*, *маршрута*, *мизансцена*, *нокаут*, *нокдаун*, *олдтајмер*, *плејбек*, *плексиглас*, *примабалерина*, *примадона*, *рентакар*, *сексапил*, *стендбај*, *тајмаут*, *фелдмаршал*, *ферплеј* (поради несамостојноста на компонентата *-плеј*, но: *фер игра*, в. т. 159), *фиксидеја*, *филхармонија*, *фрезмашина*, *фусноta*, *хаусмајстор*, *центарфор*, *џамбоџет*, *џубокс*, *шоумен*, *шперплоча*, *штрајкбрехер* итн.

115. а) Сложените именки во кои првата компонента е број или бројна придавка (реден број) – основа на многу потенцијални образувања, која со втората компонента се поврзува со составна самогласка или непосредно: *дваесетгодишнина*, *дваесеткатница*, *двегодиначе*, *двоколка*, *двоцевка*, *десетгодишник*, *десетденарка*, *едночинка*, *осумкатница*, *педесетгодишник*, *педесетгодишнина*, *петаголник*, *петбрзинец*, *петденарка*, *петнаесеткатница*, *петолист*, *петопрст*, *седумдесетгодишник*, *седумдесетгодишнина*, *стогодишник*, *стогодишнина*, *стоденарка*, *стоногалка*, *триаголник*, *тригодишнина*, *тримесечје*, *тробојка*, *тромеѓа*, *четириаголник*, *четирикатница*, *четиристишје*, *шестаголник*, *шестокатница*.

Исто и образувањата со бројна придавка: *второроденец*, *второкласник*, *осмокласник*, *петтоколонаш*, *петтоодделенец*, *седмокласник*, *четвртокласник*, *шестокласник* и сл.

б) Кога бројот е сложен израз од повеќе членови, определуваната компонента се поврзува со крајниот член: *дваесет и петгодишник*, *илјада двесте дваесет и петгодишнина* и сл.

в) Првата компонента во образувањата со број може да се претстави со бројка, која со втората (определуваната) компонента се поврзува со цртичка: *5-брзинец*, *25-годишнина*, *70-годишнина*, *1125-годишнина*, *15-катница* и сл. (в. т. 126).

Полуслеано (со цртичка) се пишуваат

116. Две именки, поврзани без составна самогласка -о-/-е-, што означуваат еден поим; во полусложената именка првиот дел атрибутски го дополнува значењето на вториот и граматички не се менува, а вториот го определува граматичкиот род и се менува: *бизнис-заедница*, *бизнис-заедницата*,

бизнис-заедници; односот меѓу деловите на полусложената именка може да биде и обратен: *ваѓон-ресторан*, *ваѓон-ресторанот*, *ваѓон-ресторани*.

а) Полусложени именки во кои првиот дел го дополнува вториот: *андер-ѓраунд-сцена*, *балет-мајстор*, *бизнис-асоцијација*, *бизнис-заедница*, *блуз-музичар*, *брејк-тоџка*, *бруто-доход*, *бруто-плата*, *бруто-тежина*, *веб-дискусија*, *веб-записник*, *веб-локација*, *веб-страница*, *визит-карта*, *волеј-удар*, *вуду-магија*, *вуду-ритуал*, *ѓала-вечера*, *ѓала-концерт*, *ѓала-претстава*, *ѓеј-брак*, *ѓеј-заедница*, *ѓеј-култура*, *ѓеј-однесување*, *ѓеј-парада*, *ѓол-разлика*, *дел-реченица*, *дизел-мотор*, *диск-сопирачки*, *думдум-куршум*, *еж-фризура*, *емајл-лак*, *Еразмус-програма*, *жар-птица*, *жири-комисија*, *жиро-сметка*, *интернет-кафе*, *интернет-култура*, *интернет-медиум*, *интернет-пребарувач*, *ирокез-фризура*, *камџи-приколка*, *кафе-пауза*, *клима-уред*, *клуб-ѓарнитура*, *коктел-бар*, *колор-телевизор*, *колор-филм*, *компакт-диск*, *контакт-лице*, *контакт-телефон*, *крем-сирење*, *крем-супа*, *куќи-систем*, *ланч-пакет*, *лоб-удар*, *лонѓплеј-плоча*, *маркетинѓ-менаџер*, *маркетинѓ-служба*, *мас-медиум*, *мастерс-куп*, *мебел-штоф*, *нето-плата*, *нето-приход*, *нето-содржина*, *нето-тежина*, *омнибус-филм*, *оџо-мотор*, *пакет-аранжман*, *панел-дискусија*, *панел-плоча*, *панк-музика*, *панк-рок*, *параѓон-блок*, *патент-брава*, *патент-клуч*, *пилот-проект*, *пире-компир*, *поп-арт*, *поп-икона*, *поп-музика*, *поп-рок*, *портабл-машина*, *портабл-телевизор*, *пост-рестант*, *прес-биро*, *прес-клуб*, *прес-конференција*, *прес-центар*, *рагу-супа*, *рак-рана*, *ранѓ-листа*, *реванш-квалификација*, *реванш-натпревар*, *револвинѓ-кредит*, *регистар-каса*, *рејв-култура*, *рејтинѓ-листа*, *ремек-дело*, *рок-бенд*, *рок-музика*, *рок-опера*, *роуд-шоу*, *салдо-конто*, *секс-бомба*, *сендвич-бар*, *синѓл-плоча*, *ски-натпревар*, *скок-шут*, *спаринѓ-партнер*, *спа-центар*, *спомен-куќа*, *спомен-плоча*, *стендбај-аранжман*, *стоп-светло*, *табу-тема*, *такси-возач*, *такси-услуѓа*, *тампон-зона*, *танц-мајстор*, *тон-мајстор*, *топ-модел*, *трач-муабет*, *трач-партија*, *трим-пашека*, *турбофолк-забава*, *тур-оператор*, *туш-кабина*, *фитнес-инструктор*, *фитнес-центар*, *фолио-формат*, *фолк-пејач*, *фолк-фест*, *хет-трик*, *хит-книѓа*, *хит-песна*, *хит-серија*, *хорор-приказна*, *хорор-филм*, *хулахоп-чорапи*, *церемонијал-мајстор*, *чартер-лет*, *чартер-линија*, *чип-картичка*, *џез-музика*, *џинс-кошула*, *џудо-клуб*, *шатл-дипломатија*, *шери-бренди*, *шок-соба*, *шок-терапија*, *шопинѓ-центар*, *шоу-бизнис*, *шунд-литература*.

б) Одделни полусложени споеви од две именки во кои втората именка ја дополнува (ја определува, појаснува) првата: *ваѓон-ресторан*, *ѓенерал-лајтнант*, *ѓенерал-мајор*, *ѓенерал-полковник*, *ѓенерал-потполковник*, *заменик-директор*, *заменик-претседател*, *министер-претседател*,

нацрт-закон, *предлог-меморандум*, *предлог-програма*, *предлог-резолуција*, *премиер-министер* и сл.

117. Сложените ориентализми со еднопоимско значење во кои двата дела се поврзани без составна самогласка: *баш-чаршија*, *дроб-сарма*, *кафе-муабет*, *леблеби-шеќер*, *локум-шеќер*, *раат-локум*, *раки-сајун*, *саат-кула*, *сиктер-кафе*, *таан-алва*, *тутун-ќесе*, *кетен-алва*, *ќор-сокак*, *ќор-фишек*, *чардак-боја*, *чкембе-чорба*, *шам-кајсија*, *шам-кутија*, *шам-шалвари*.

118. Двочлените (ретко повеќечлени) именски сложенки образувани со повторени исти или со значењски или фонемски спротивставени компоненти: *бери-бери* (болест), *буги-вуги* (танц), *воки-токи* (апарат), *пар-непар* (сопоставеност во игри и сл.), *пинг-понг* (спорт.), *писмо-глава* (игра), *рол-решка* (в. писмо-глава), *ча-ча-ча* (танц), *чау-чау* (пес), *чифт-тек* (игра), *фифти-фифти* (еднаква поделба), *хип-хоп* (музички правец), *џиу-џицу* (спорт.); *младост-лудост*, *старост-грдост*, *тркање-спасување*.

119. Именските полусложенки со прва компонента заштитено име (знак): *адидас-патики*, *бешамел-сос*, *бош-пумпа*, *виза-картичка*, *ворд-документ*, *киндер-јајце*, *лего-коцка*, *мишелин-гума*, *палома-марамче*, *панасоник-телевизор*, *пауерпоинт-презентација*.

120. Именските полусложенки со двопоимско составно значење – ‘и’ или ‘со’: *пропан-бутан*, *сол-пипер*, *вотка-џус*, *џин-тоник*, *шах-шех*, *шах-мат*, *радио-телевизија*.

121. Кога две сложени именки со еднаков втор дел ќе се поврзат така што вториот дел во првата од нив ќе отпадне, на неговото место се пишува цртичка, а двата дела се поврзуваат со сврзникот *и*: *аудио- и видеоопрема* (аудиоопрема и видеоопрема), *био- и библиографија* (биографија и библиографија), *еко- и етнотуризам* (екотуризам и етнотуризам), *микро- и макроекономија* (микроекономија и макроекономија), *хидро- и термоизолација* (хидроизолација и термоизолација).

122. Кога во сложени именски состави првиот дел е полусложенка во атрибутска функција, вториот дел се пишува разделено: *коктел-шоу емисија*, *револвинг-кредит лимит*, *ролс-ројс автомобил*, *хип-хоп забава*, *хип-хоп изведувач*, *хип-хоп музика*; *Би-би-си програма*, *Це-дур скала* и сл. (За сложените именски состави со прв дел сложен израз в. т. 131.)

123. Именските сложенки со прв дел буква или симбол:
А-бомба, *Н-бомба* (*ха-бомба*, хидрогенска бомба), *А-репрезентација*, *В-категорија* (*бе-категорија*), *Rh-фактор* (*ерха-фактор*, резус фактор), *pH-вредност* (*пеха-вредност*), *Т-профил* (*те-профил*), *V-изрез* (*ве-изрез*);

а-гр̄упа (глаголи), *е-гр̄упа*, *а-раздел* (глаголи), *е-п̄ошта*, *о-нозе*, *х-нозе* (*икс-нозе*);

С-дур (*Це-дур*), *D-дур* (*Де-дур*), *F-дур* (*Еф-дур*), *G-клуч* (*Ге-клуч*); *с-мол* (*це-мол*), *d-мол* (*де-мол*), *f-мол* (*еф-мол*);

А-витамин (но, *витамин А*), *В-витамин* (*Бе-витамин*), *С-витамин* (*Це-витамин*);

А-час (Ah – *ампер-час*), *А-секунда* (As – *ампер-секунда*), *W-час* (Wh – *ват-час*), *W-секунда* (Ws – *ват-секунда*), *V-ампер* (VA – *волт-ампер*);

α-зраци (*алфа-зраци*), *β-зраци* (*бета-зраци*), *γ-зраци* (*гама-зраци*), *β-каротен*, *Δ-крило* (*делта-крило*).

124. Сложените именски споеви со прв дел повеќебуквена скратеница:

АДСЛ-модем/ADSL-модем, *АДСЛ-п̄риклучок/ADSL-п̄риклучок*, *ВИП-гости/VIP-гости*, *ВХС-касета/VHS-касета*, *ГПС-следење/GPS-следење*, *ДВД-уред/DVD-уред*, *ДНК-анализа/DNK-анализа*, *ЕКТС-бодови*, *ЕУ-интеграции*, *ИП-адреса/IP-адреса*, *ИСО-стандард/ISO-стандард*, *ЛЦД-екран/LCD-екран*, *ЛП-п̄лоча/LP-п̄лоча*, *МП3-формат/MP3-формат*, *НАТО-мисија*, *НБА-лига/NBA-лига*, *ПВЦ-амбалажа/PVC-амбалажа*, *ПЕН-клуб*, *ПЕН-центар*, *ПТТ-услуги*, *РТВ-п̄рограма*, *СИМ-картичка/SIM-картичка*, *СМС-п̄орака/SMS-п̄орака*, *СОС-сигнал*, *ТВ-антена*, *ТВ-водител*, *ТВ-п̄ретплата*, *ТЕМПУС-п̄роект*, *УВ-зраци/UV-зраци*.

125. Одделни скратеници според читањето на латиничните букви (најчесто од англискиот јазик): *Бе-ем-ве*, *ве-це́* (*ве-це́то*, *ве-це́а*, покрај: *веце*), *Ен-бе-а*; *Ај-би-ем*, *Би-би-си*, *Ем-ти-ви*, *Си-ен-ен*; но: *бесеже*.

126. Именските сложенки со прв дел број кога тој ќе се напише со бројка: *5-брзинец* (петбрзинец), *18-годишник* (осумнаесетгодишник), *50-годишник* (педесетгодишник), *65-годишник* (шеесет и петгодишник), *10-годишнина* (десетгодишнина), *100-годишнина* (стогодишнина), *1125-годишнина* (илјада сто дваесет и петгодишнина), *15-катница* (петнаесеткатница), *35-катница* (триесет и петкатница) и сл.

Разделено се пишуваат

127. Двочлените состави од именки од кои едната ја определува другата, а и двете се граматички променливи; при членувањето, членот доаѓа кон првата именка од составот (на пр. *жена борец*, *жената борец*, *жени борци*, *жените борци*): *ангел спасител*, *ангел чувар*, *автомобил бомба*, *асистент истражувач*, *асистент режисер*, *банкар милионер*, *бомбаш самоубиец*, *волк самотник*, *господин човек*, *гостин професор* (*професор гостин*), *град домаќин*, *град херој*, *гулаб писмоносец*, *елен капиталец*, *жена академик*, *жена борец*, *жена премиер*, *жена претседател*, *жена*

фармер, *земја аспирант*, *земја домаќин*, *земја кандидатка*, *земја корисник*, *земја членка*, *јазик посредник*, *јазик потомок*, *јазик предок*, *кралица мајка*, *кучe чувар*, *лекар специјалист*, *луѓе жаби*, *мајка природа*, *мисла водилка*, *наставник ментор*, *патник намерник*, *пес водич*, *птица преселница*, *советник Албанец*, *советник Македонец*, *советник Ром*, *солзи радосници*, *член соработник*, *човек жаба*.

128. Сложените географски имиња во кои составните делови се чувствуваат како наполно самостојни зборови: *Горни Полог*, *Демир Капија*, *Демир Хисар*, *Кадино Село*, *Крива Паланка*, *Мечкин Камен*, *Ново Село*, *Овче Поле*, *Света Гора*, *Тихи Океан*, *Црна Гора*, *Црно Море*, *Шар Планина*, *Јужна Америка*, *Среден Исток*, *Мала Азија* и сл.

129. Сложените називи на хемиски соединенија на кои составните компоненти не им се поврзани со составна самогласка -о-: *алуминиум хлорид*, *бариум сулфат*, *јаглерод диоксид*, *сулфур диоксид*, *калиум цијанид*, *метил алкохол* и др. (в. т. 113), како што се бележат во практиката на оваа наука.

130. Латинските и другите странски изрази: *ад акта*, *ад хок*, *анте фестум*, *де јуре*, *де факто*, *екс анте*, *ин виво*, *ин меморијам*, *пост скриптум*, *суи генерис*; *ан пасан*, *а пропо*; но: *априори*, *апостериори*; *ангро*, *анфас*.

131. Кога во сложени именски состави првиот дел е сложен израз, вториот дел се пишува разделено: *ад хок комисија*, *њу еџи движење*, *фенг шуи принцип* и сл. (За сложените именски состави со прв дел полусложенка в. т. 122.)

Лични имиња

132. Во македонската традиција личното име и презимето се обично едночлени и се пишуваат разделено (на пр. *Петар Николов*, *Стојан Трајкоски*), а кон нив може да дојдат и други називи (хипокористична форма, прекар и сл.).

133. Старите образувања што содржат две основи имаат затврдена форма и се однесуваат како едночлени: *Борислав*, *Бориславa*, *Драгољуб*, *Драгослав*, *Драгослава*, *Красимир*, *Красимира*, *Љубомир*, *Љубомира*, *Мирослав*, *Мирослава*, *Радослав*, *Радослава* и сл.

134. Двојните форми на личното име (машко или женско) се пишуваат разделено: *Александар* (*Ацо*) *Ѓурчинов*, *Ацо* (*Александар*) *Јовановски*, *Ацо* (*Александар*) *Караманов*, *Георги* (*Гоце*) *Делчев*, *Коста* (*Кочо*) *Солев Рацин*, *Марија* (*Мери*) *Бошкова*, *Стефан* (*Стив*) *Наумов*. Во загради се формите на имињата што се употребуваат покрај официјалните лични имиња на познати личности.

Разделено се пишуваат двојните имиња: *Јован Владислав* (син на Самуиловиот брат Арон), *Гаврил Радомир* (син на цар Самуил), а со цртичка по традиција – *Конс̄танс̄тин-Кирил Филозоф*.

135. Двочлените женски имиња (што е нова појава во именувањето на женско лице) се пишуваат според определбата на именуваното лице: *Ана Марија*, *Ана-Марија* или *Анамарија*, односно како што е запишано во матичната книга.

136. Во составите од име, татково име и презиме трите члена се пишуваат разделено: *Гус̄тав Димит̄ров Влахов*, *Коле Недев Неделковски*, *Крс̄те Пет̄ков Мисирков*.

137. Прекарите кон презимињата (машки или женски) се пишуваат со цртичка: *Драѓан Ѓаконовски-Шпат̄о*, *Кузман Јосифовски-Пит̄у*, *Мет̄одија Андонов-Ченто*, *Наум Василевски-Овчарот̄*, *Невена Георгиева-Дуња*, *Трајко Бошковски-Тарцан*.

138. Презимето на сопругот што се додава кон моминското презиме при стапувањето во брак се пишува со цртичка: *Весна Гиновска-Илкова*, *Кос̄тандина Корнет̄и-Пекевска*, *Лилјана Минова-Ѓуркова*, *Нат̄ка Пенушлиска-Мит̄ревска*, *Оливера Јашар-Нас̄тева*, *Радмила Угринова-Скаловска*, *Сабина Ајрула-Тозија*, *Тодорка Кондова-Зафировска*.

139. Именките што доаѓаат пред името и/или презимето со значење на титула, потекло, занимање, функција и сл. се пишуваат разделено: *бан Кулин*, *кнез Милош*, *кралица Елизабет̄а*, *цар Самуил*, *докт̄ор Трифуновски*, *п̄рофесор Панов*, *инженер Петар Цвет̄ковски*, *п̄рет̄седат̄ел Киро Глиг̄оров* итн.

140. Ориенталните титули, чинови и сл. – ага, бег, ефенди, оџа, паша, хан, чауш, кога се пред името, не се дел од името и се пишуваат разделено, обично членувано, а кога доаѓаат по името како составен дел од него, се поврзуваат со цртичка: *Арслан-бег̄*, *Екрем-чауш*, *Насрадин-оџа*, *Омер-п̄аша*, *Смаил-аг̄а*, *Сулејман-ефенди*, *Џинг̄ис-хан*.

Таквиот назив може и наполно да срасне со името на определена личност и да се пишува слеано: *Скендербег̄*.

141. Именките *п̄оп̄* и *хаџи/аџи*, кога доаѓаат пред или по личното име, се пишуваат разделено и може да се членуваат: *п̄оп̄* (*п̄оп̄от̄*) *Арит̄он*, *Арит̄он п̄оп̄от̄*; *хаџи/аџи* (*хаџијат̄а/аџијат̄а*) *Васил*, *Васил хаџијат̄а/аџијат̄а*.

Кога тие именки се во состав на презимињата, се пишуваат така како што е определено од носителот на презимето: *Поп̄ Ст̄ојанов*, *Поп̄-Ст̄ојанов* или *Поп̄ст̄ојанов*; *Хаџи Василев*, *Хаџи-Василев* или *Хаџивасилев*, односно *Аџи Василев*, *Аџи-Василев* или *Аџивасилев*.

ПРИДАВКИ

Слеано се пишуваат

142. Сложените придавки образувани од придавска и именска основа, поврзани со составна самогласка -о-: *белолик*, *великодушен*, *гологлав*, *добродушен*, *крivоврат*, *младолик*, *остроаголен*, *простонароден*, *разнобоен*, *светлокос*, *старомоден*, *тврдоглав*, *целодневен*, *чистокрвен*; исто и: *живоспособен*, *кредитоспособен*, *работоспособен*, *крвожеден*, *огноотпорен* и сл.

Исто и од две именски основи: *златогрив*, *златоклунесит*, *златокрил*, *златоуст*, *змијоглав*, *змијолик*, *ѕвездочел*, *клинорог*, *огноок*.

143. Сложените придавки образувани со суфикс од зборовни состави од придавка и именка: *армиранобетонски* (спрема *армиран бетон*), *високообразовен* (: *високо образование*), *високопланински* (: *висока планина*), *високошколски* (: *висока школа*), *внатрешнополитички* (: *внатрешна политика*), *доцноантички* (: *доцна антика*), *имотноправен* (: *имотно право*), *кривичноправен* (: *кривично право*), *надворешнополитички* (: *надворешна политика*), *научноистражувачки* (: *научно истражување*), *научнофантастичен* (: *научна фантастика*), *новозаветен* (: *Нов завет*), *органскохемиски* (: *органска хемија*), *политичкоекономски* (: *политичка економија*, но: *политичко-економски* ‘политички и економски’ в. т. 151), *популарнонаучен* (: *популарна наука*), *првокласен* (: *прва класа*), *ранохристијански* (: *рано христијанство*), *средновековен* (: *среден век*), *средношколски* (: *средна школа*), *старозаветен* (: *Стар завет*).

Исто и од зборовни состави од две именки: *бракоразводен* (спрема *развод на брак*), *природонаучен* (: *наука за природата*).

144. Сложените придавки изведени со суфикс од сложени именки: *авиомеханичарски*, *водоводен*, *душогрижнички*, *електротехнички*, *патописен*, *правописен*, *риболовен*, *сончогледов*, *спектроскопски*; *великденски*, *илинденски*, *петровденски*.

145. Сложените придавки изведени од, главно, двочлени географски имиња: *демиркаписки* (спрема *Демир Капија*), *демирхисарски* (: *Демир Хисар*), *кривопаланечки* (: *Крива Паланка*), *новоселски* (: *Ново Село*), *светиниколски* (: *Свети Николе*), *горнополошки* (: *Горни Полог*), *овчеполски* (: *Овче Поле*), *светогорски* (: *Света Гора*), *шарпланински* (: *Шар Планина*), *јужноамерикански* (: *Јужна Америка*), *северноамерикански* (: *Северна Америка*), *малоазиски* (: *Мала Азија*), *тихоокеански* (: *Тихи Океан*).

146. Сложените придавки што означуваат нијанса на определена боја: *бакарноцрвен*, *бисернобел*, *бледовиолетов*, *бледожолт*, *бледосин*, *валканобел*, *виолетовосин*, *затворенозелен*, *зеленосин*, *златножолт*, *костенливорус*, *пурпурноцрвен*, *светложолт*, *светлозелен*, *седефестосребрен*, *сивомаслинест*, *синозелен*, *темножолт*, *темнозелен* итн. (в. т. 152).

147. Сложените придавки на кои првиот член им е скратена основа на *половина – пол-*, *полу-*: *полчасовен*, *полгодишен* и *полугодишен*, *полувековен*, *полугладен*, *полугол*, *полуготов*, *полужив*, *полузатворен*, *полулегален*, *полумесечен*, *полумрачен*, *полумртов*, *полуобразован*, *полуофицијален*, *полупијан*, *полуписмен*, *полусуров*.

148. Сложените придавки на кои првата компонента им е прилог: *благозвучен*, *долготраен*, *истозначен*, *лекомислен*, *ранобуден*; *високопоставен*, *гореприведен*, *гореспоменат*, *густонаселен*, *долгоочекуван*, *долупотпишан*, *многуброен*, *многугодишен*, *многустран*, *неколкугодишен*, *неколкудневен*, *неколкумесечен*, *неколкучасовен*, *општопознат*, *општоприфатен*, *повеќечасовен*, *таканаречен*.

Но кога првиот дел од одделни вакви состави посебно се нагласува, се пишува разделено: *високо поставен*, *горе* (*погоре*) *споменат*, *долго очекуван* и сл.

149. а) Сложените придавки во кои првата компонента е број: *едновечерен*, *едноверен*, *дволичен*, *двомоторен*, *тригодишен*, *тристран*, *тридимензионален* и *тродимензионален*, *четиристран*, *петвековен*, *петокрак*, *шестостран*, *седумдневен*, *седуммесечен*, *осумгодишен*, *осумчасовен*, *деветмесечен*, *десеткатен*, *петнаесетгодишен*.

б) Кога бројот е сложен израз од повеќе членови, придавскиот дел се поврзува со крајниот член: *дваесет и петметарски*, *триесет и осуммилиметарски*, *четириесет и осумчасовен*, *шеесет и петгодишен*.

в) Првиот дел на ваквите сложени придавки, особено кога и самиот е сложен израз, може да се претстави со бројка: *18-годишен*, *20-месечен*, *42-часовен*, *155-годишен* (в. т. 153).

г) Сложените придавки во кои првиот дел е бројна придавка: *првобитен*, *првокласен*, *прворoден*, *второстепен*, *третокласен*, *третосложен* (акцент), *третостепен*, *петтоколонашки* (од *петтоколонаш*), *седмокласен* (*седмокласно* образование) и сл.

150. Сложените придавки на кои првиот дел им се: ово-: *овогодишен*, *овоземен*, *овоземски*; само-: *самобитен*, *самоволен*, *самозадоволен*, *самозаљубен*, *самозапалив*, *саморачен*, *самостоен*, *самохран*; се-: *севкупен*, *севластен*, *севозможен*, *сенароден*, *сеопшт*, *сестран*; свое-: *своевиден*, *своеволен*, *своеглав*, *своерачен*; себе-: *себељубив*; секој-: *секојдневен*.

Полуслеано (со цртичка) се пишуваат

151. Сложените придавки образувани, главно, од две придавки што се во рамноправен однос со значење – ‘и’ или ‘помеѓу’: *бӯгарско-македонски* (односи), *македонско-албански* (јазични контакти), *македонско-г̄рчка* (граница), *ср̄ско-македонски* (врски), *македонско-руски* (речник), *француско-македонски* (речник); *Гевг̄елиско-валандовска* (Котлина), *Крат̄овско-злет̄овска* (вулканска област), *Охридско-стр̄ушка* (Котлина), *Полошко-кумановска* (православна епархија), *п̄рилеп̄ско-бит̄олски* (крај); *восп̄итно-образовен* (систем), *извозно-увозно* (претпријатие), *казнено-п̄оправен* (дом), *култ̄урно-ист̄ориски* (контекст), *култ̄урно-сп̄орт̄ски* (активности), *машко-женски* (моден стил), *наст̄авно-научна* (институција), *научно-п̄опуларен* (стил), *научно-стр̄учен* (собир), *научно-т̄ехнолошки* (достигнувања), *оловно-цинкова* (руда), *п̄олит̄ичко-економски* (проблеми), *п̄риродно-мат̄ематички* (факултет), *стр̄учно-ап̄ликат̄ивна* (дејност), *музичко-кореог̄рафско-сценски* (детали), *хрват̄ско-словенечко-ит̄алијанска* (турнеја) итн.

152. Сложените придавки што означуваат состав, комбинација од различни бои: *жолт̄о-зелен* (‘жолт и зелен’, ‘со жолто и со зелено’), *сино-зелен*, *црвено-бел*, *црвено-црн*, *црно-жолт̄*, *сино-бело-црвен* (в. т. 146).

153. Сложените придавки на кои првиот дел им е број претставен со бројка: *4-собен* (стан), *12-кат̄на* (зграда), *7-дневен* (одмор), *18-г̄одишно* (момче), *20-месечно* (отсуство), *5-вековно* (ропство), *25-мет̄арска* (ограда), *30-п̄роцент̄ен* (раствор), *100-п̄роцент̄на* (шанса), *400-киловат̄ен* (далновод), *24-карат̄но* (злато), *35-милимет̄арска* (пукнатина), *65-г̄одишна* (возраст), *155-г̄одишен* (период); *1,5-лит̄арско* (шише), *2,5-часовен* (одмор), *3,5-собен* (стан), *4,5-г̄одишно* (дете), *5,35-калибарски* (пиштол), *7,62-калибарска* (пушка), *15,8-калибарска* (двоцевка).

154. Сложените придавки со прв дел буква, симбол или повеќебуквена скратеница: *А-п̄озит̄ивен*, *pH-неут̄рален*, *Rh-нег̄ат̄ивен*, *ХИВ-п̄озит̄ивен*.

155. Придавските состави со фразеологизирано значење, образувани од две придавки со блиско, модифицирано или спротивно значење: *ваков-т̄аков*, *каков-т̄аков*, *важен-важен*, *гол-г̄оличок*, *сам-самичок*, *речено-ст̄орено*, *т̄рп̄ен-сп̄асен*, *ит̄ар-будалест̄* (покрај *ит̄ар-будала*), *г̄решен-п̄рег̄решен*, *скај-п̄рескај* и сл.

156. Придавските сложени состави од две и повеќе презимиња, поретко имиња, со кои се означува некаков однос на соработка, коавторство и сл.: *Бојл-Мариот̄ов* (закон), *Гајг̄ер-Милеров* (бројач), *Кант̄-Лапласова* (теорија), *Кирило-Мет̄одиева* (епоха), *Сап̄ир-Ворфова* (хипотеза), *Сименс-Март̄инова* (печка).

157. Кога две сложени придавки со ист втор дел ќе се поврзат така што вториот дел во првата од нив ќе отпадне, на неговото место се пишува цртичка, а двата дела се поврзуваат со сврзникот *и* (в. т. 121): *внатрешно- и надворешнополитички* (*внатрешнополитички и надворешнополитички* услови), *дво- и четиригодишни* (*двогодишни и четиригодишни* студии), *независно- и зависносложени* (*независносложени и зависносложени* реченици), *хидро- и термоизолациски* (*хидроизолациски и термоизолациски* материјали).

158. Со цртичка се поврзуваат двата дела на неопределената заменска придавка: *каков-годе*, *каква-годе*, *какво-годе*, *какви-годе*.

Разделено се пишуваат

159. Составите од неменлива придавка и именка: *асли човек*, *ачик работа*, *серт тупун*, *серт човек*, *тазе леб*, *тапли боза*; *бланко кредит*, *бланко меница*, *бланко потпис*, *блиц посета*, *бордо здолниште*, *гратис влезница*, *екстра класа*, *екстра производ*, *индиго боја*, *инстант кафе*, *инстант пире*, *каки панталони*, *крем кошула*, *лила фустан*, *макси здолниште*, *макси поаус*, *мат ефект*, *мат материјал*, *мат пудра*, *мачо изглед*, *металик боја*, *мини здолниште*, *мини лабораторија*, *окер картон*, *окер палто*, *онлајн продажба*, *офшор зона*, *офшор компанија*, *ретро стил*, *ретро облека*, *реш* (*свинско*) *печено*, *секси девојка*, *секси облека*, *соло акција*, *соло изведба*, *соло пејач*, *стрејт мажи*, *супер приредба*, *супер филм*, *термо кошула*, *термо чорапи*, *турбо работник*, *унисекс облека*, *унисекс парфем*, *фер игра*, *хипи облека*, *цикцак линија*, *шик дама*, *шик шапка*.

160. Составите од заменската придавка *каков* и честичките *било*, (*и*) *да е*: *каков било* (не: било каков), *каква било*, *какво било*, *какви било*; *каков* (*и*) *да е*, *каква* (*и*) *да е*, *какво* (*и*) *да е*, *какви* (*и*) *да се*.

БРОЕВИ

Слеано се пишуваат

161. Броевите од *единаесет*, *дванаесет*, *тринаесет* до *деветнаесет*, десетиците од *дваесет*, *триесет*, *четириесет* до *деведесет*, стотиците од *двесте* (не: двеста), *триста*, *четиристотини* до *деветстотини*.

162. а) Бројните срастенки со *-мина* што значат одредена бројност за лица: *петмина*, *шестмина*, *седуммина*, *десетмина*, *дваесетмина*, *стомина*, *двестемина* и сл.

б) Во повеќечлените бројни изрази *-мина* доаѓа кон крајниот член: *дваесет и петмина*, *триесет и шестмина*, *сто дваесет и седуммина* (в. т. 170).

в) Бројните срастенки за лица се пишуваат слеано и кога се членувани: *петтемина*, *седумтемина*, *дванаесеттемина*; *дваесет и петтемина*, *сто и петнаесеттемина* (в. т. 191). Членувањето на *-мина* (петминатa, осумминатa) не се допушта.

163. а) Изведените бројни форми со суфиксот *-ина* што значат приближна бројност: *дванаесетина*, *петнаесетина*, *дваесетина*, *триесетина*, *седумдесетина*.

б) Во повеќечлените бројни изрази *-ина* доаѓа кон крајниот член: *сто и педесетина*, *двесте и четириесетина*, *триста и шеесетина*.

164. Бројните придавки (редните броеви) од *единаесетти*, *дванаесетти*, *тринаесетти* до *деветнаесетти*, *дваесетти*, *триесетти*, *четириесетти* до *деведесетти*, *двестоти* и *двестотен*, *тристоти* и *тристотен*, *четиристоти* и *четиристотен* до *деветстоти* и *деветстотен*, *двеилјадити*, *трилјадити* итн.

Бројните придавки може да се напишат и на следниот начин: *11-ти*, *20-ти* итн. (в. т. 168).

Бројните придавки може да се напишат со арапска бројка, означена со точка зад неа: *5. кат*; кон бројката означена со точка не се допишуваат граматички форми (со цртичка).

165. а) Бројните прилози изведени од броеви со именската форма *-пати* (во служба на суфикс, в. т. 190): *двапати*, *трипати*, *дванаесетпати*, *триесетпати*, *стопати*, *двестепати*, *тристапати*, *илјадапати* и сл.

Ако се употреби членувано, сложениот прилог може да се разложи: *двата пати*, *трите пати* итн.

б) Бројните прилози изведени од бројни придавки (редни броеви) со именката *-пат* (во служба на суфикс, в. т. 190): *првпат*, *второпат*, *третпат*, но разделено кога се членува: *првиот пат*, *ториот пат*, *третиот пат*; понатаму (по прилогот *третпат*) и нечленуваната форма се пишува разделено: *четврти пат*, *четвртиот пат*, *петти пат*, *шести пат* итн.

Со цртичка се поврзуваат

166. Приближните броеви: *два-три*, *три-четири*, *пет-шест*, *шест-седум*, *седум-осум*, *два-тринаесет*, *три-четиринаесет*, *пет-шеснаесет*, *шест-седумнаесет*, *седум-осумнаесет*, *два-триесет*, *три-четириесет*, *пет-шеесет*, *шест-седумдесет*, *седум-осумдесет*, *две-три стотини*, *три-четири стотини*, *пет-шест стотини*, *седум-осум стотини* (во

последниве примери зборот *стотини* се пишува разделено), *две-три илјади*, *три-четири илјади*, *пет-шест илјади*, *седум-осум илјади*.

167. Приближните бројни именки: *два-тројца*, *три-четворица*; исто и сложените образувања со *-мина*: *пет-шестмина*, *пет-шестемина*, *седум-осуммина*, *седум-осумтемина*, *два-тринаесетмина*, *три-четиринаесетмина*, *пет-шеснаесетмина*, *седум-осумнаесетмина*, *два-триесетмина*, *три-четириесетмина*, *пет-шеесетмина*.

168. Граматичките наставки на бројните придавки кога основниот број е напишан со бројка: *11-ти*, *11-тиот*, *12-ти*, *20-ти*, *30-ти*, *200-ти* и *200-тен*, *200-тниот*, *900-ти* и *900-тен* итн.

169. Граматичките наставки кога бројната придавка е напишана со бројка во значење на период од десет години: *40-тите* години на минатиот век, *30-тите* години ги поминал во странство и сл.

Разделено се пишуваат

170. Сложените бројни изрази: *дваесет и еден*, *дваесет и два*, *триесет и пет*, *четириесет и четири*, *сто и еден*, *сто и дванаесет*, *триста дваесет и пет*, *петстотини дваесет и осум*, *илјада и дваесет*, *илјада дваесет и пет*, *седум илјади двесте дваесет и три* и сл. Кај повеќецифрените броеви секоја класа (илјади, милиони итн.) се запишува како трицифрен број со додавање на името на класата: *двесте и педесет милиони седумстотини дваесет и пет илјади деветстотини триесет и пет*, *триста осумдесет и еден милион четиристотини и една илјада сто педесет и два*.

171. На истиот начин се пишуваат и сложените изрази со бројна придавка (реден број): *дваесет и први*, *дваесет и втори*, *четириесет и четврти*, *сто и први*, *сто дваесет и трети*, *триста дваесет и петти*, *илјада двесте четириесет и трети*, *пет илјади триста дваесет и трети* и сл.

ЗАМЕНКИ

Слеано се пишуваат

172. Сложените релативни сврзници образувани со спојување на заменките *кој*, *чиј* со *што*: *којшто*, *чијшто* (в. т. 203).

173. Сложените заменки: *секој*, *секоја*, *секое*, *секои*; *сешто*, *сенешто*; *некојси*, *некојаси*, *некоеси*, *некоиси*, *понекој*, *понекоја*, *понекое*, *понекои*; *себеси* (в. т. 177).

174. Сложените сврзници: *ѿукушѿо*, *шѿоѿуку* (в. т. 203).

Со цртичка се поврзуваат

175. Двата дела на неопределените заменки: *кој-ѓоде*, *која-ѓоде*, *кое-ѓоде*, *кои-ѓоде*, *кого-ѓоде*, *кому-ѓоде*, *што-ѓоде*.

Разделено се пишуваат

176. Кратките заменски форми, кога се употребуваат со присвојно значење зад именки што значат сродство: *мајка ми*, *ѿашко ѿи*, *баба му*, *дедо ѝ*, *сесѿра ви*, *браѿ им*; исто и: *зеѿ ми*, *друѓар ми*, *друѓарка ми* и сл.

177. Формата *си* од повратната заменка *себе* во исказите: во *себе си* помислив, во *себе си* реков, *себеси си* реков и сл.; исто и кога доаѓа со именка, како во примерите: *ѿашко си*, *мајка си*, *сесѿра си*.

Но слеано се пишува во исказите: си дојде на *себеси*, сам со *себеси* и сл.; во овие искази формата *себеси* ја заменува обичната форма *себе* (си дојде на *себе*, сам со *себе*).

178. Релативните сврзници: *кај што* и *каде што*, *како што*, *колку што*, *каков што* (в. т. 204).

179. Сложените сврзници: *макар што*, *освен што*, *само што*, *ѿака што* (в. т. 204).

180. Составите од заменките *кој*, *што*, *чиј* и честичките *било*, (*и*) *да е*: *кој било* (не: било кој), *која било*, *кое било*, *кои било*, *кого било*, *кому било*; *што било*; *чиј било*, *чија било*, *чие било*, *чии било*; *кој* (*и*) *да е*, *која* (*и*) *да е*, *кое* (*и*) *да е*, *кои* (*и*) *да се*, *кого* (*и*) *да е*, *кому* (*и*) *да е*; *што* (*и*) *да е*; *чиј* (*и*) *да е*, *чија* (*и*) *да е*, *чие* (*и*) *да е*, *чии* (*и*) *да се*.

181. Изразите: *од сѐ срце*, *са ѓодина*, *са лето*, *са зима*, *са ноќ*.

ГЛАГОЛИ

Слеано се пишуваат

182. Сложените глаголи кај кои првиот дел е заменскопридавската форма *сам-о-*: *се самозалаже*, *се самозаштити*, *се самокритикува*, *се самонабљудува*, *се самоодржи*, *се самоотказе*, *се самоопредели*.

183. Глаголите: *нејќе*, *нема* (со формите на промената: *нејќам*, *нејќеш*, *нејќе*, *нејќеме*, *нејќете*, *нејќаш* и др.; *немам*, *немаш*, *нема*, *немаме*, *немаѿе*, *немаат* и др.).

184. Глаголите: *неѓодува* и *ненавиди*, *ненавидува*, *недоѓледува*, *недослушува* (со формите на промената), во кои *не-* е дел од основата на глаголот.

185. Формите на заповедниот начин: *немој*, *немојте*.

186. Првиот дел *поне-* или (ретко) *најне-* во сложените несвршени глаголи: *понебара*, *понеболи*, *пониеврне*, *понеѓреши*, *понезнае*, *понеиѓра*, *понејаде*, *понеможе*, *понепие*, *понесака*; *најнезнае*, *најнеможе*, *најнесака* и др. (в. т. 207.г)

187. Глаголските именки и глаголските придавки со одречната честичка *не*, кај кои таа доаѓа како префикс: *неврнење*, *незнаење*, *немешање*, *неплаќање*, *непознавање*, *непочитување*, *непризнавање*, *неработење*, *неразбирање*; *небричен*, *неваросан*, *неврзан*, *недоварен*, *недосиран*, *недојден*, *недопечен*, *неискористен*, *неканет*, *ненајаден*, *ненареден*, *ненапишан*, *неоднесен*, *непродаден*, *непрочитан*, *нерешен*, *нескриен*, *нетоварен*;

исто и во употреба како прилог: *невенчано* (живеат), *недозволено* (тргува), *незабележано* (влезе), *неодмерено* (троши), *неочекувано* (си замина), *несврзано* (зборува) и др.

Полуслеано (со цртичка) се пишуваат

188. Глаголските состави со фразеологизирано значење, образувани од два сопоставени или спротивставени глаголи (глаголски форми): *виде-не виде*, *влези-излези*, *има-нема*, *јал-не јал*, *кажи-речи*, *падни-стани*, *појди-дојди*, *поди-постој*, *сака-нејќе*.

Разделено се пишува

189. Одречната честичка *не* од формите на глаголот: *не сака*, *не земам*, *не реков*, *не носеа*, *не дошол*, *не дошле*, *не би можел*, *не викај*, *не викајте*, *не знаејќи*, *не можејќи*, *не сакајќи*.

Но: *нејќе*, *нема* (в. т. 183), *нејќејќи*, *немајќи*.

ПРИЛОЗИ

Слеано се пишуваат

190. Сложените прилози што како втор дел ги имаат именските форми *-пат*, *-пати*: *прпат*, *второпат*, *третпат*; *двапати*, *трипати*, *четиринати*, *петпати*, *шестпати*, *седумпати*, *единаесетпати*, *дванаесетпати*, *стопати*, *двестепати*, *тристапати* и сл.; во сложен броен израз се пишува: *дваесет и петпати*, *триесет и петпати*, *сто дваесет и*

пе̄тпа̄ти (в. т. 165.а и 165.б). Исто и прилозите: *некојпа̄т*, *по̄некојпа̄т*, *секојпа̄т*, *никојпа̄т*, *колкупа̄ти*, *многупа̄ти*, *по̄веќепа̄ти*, *неколкупа̄ти*.

Ако двата дела на овие прилози посебно се акцентираат, тогаш се пишуваат разделено: *пр̄в па̄т*, *четири па̄ти*, *многу па̄ти*, *неколку па̄ти*, *често па̄ти*.

191. Прилозите: *колкумина*, *многумина*, *неколкумина*, *по̄веќемина* итн.

При членувањето, се членува само првиот дел: *многутемина*, *неколкутемина*, *по̄веќетомина* (в. т. 162.в).

192. Изразите *затоа*, *потоа*, *притоа* употребени како прилози се пишуваат слеано. Но ако се употребат како предлог и заменка, се пишуваат разделено: *за то̄а* (дете), *по̄ то̄а*, *пр̄и то̄а*.

193. Се пишуваат слеано и сложените прилози:

вез̄ден, *вчеравечер*, *вчерашто̄ро*, *еднодруг̄о*, *едноводруг̄о*, *еднододруг̄о*, *еднозадруг̄о*, *еднонадруг̄о*, *едноподруг̄о*, *едночудо*, *ланизима*, *ланилето̄*, *полудесно*, *полулево*, *сеедно*, *середум*, *сетики*, *скрснозе*, *тукуречи*, *тукутака*.

194. Срастените прилози од предлог и прилог или именка:

безброј, *бездруг̄о*, *бестраг̄а*;

вдесно, *вдолж*, *веднаш*, *вземи*, *взори*, *вкрај*, *вкупе̄*, *вкуќи*, *влево*, *воедно*, *всоне*, *встрана*, *вчас*, *вшир*;

довде и *довдека*, *довек* и *довека*, *довечер*, *дог̄одина*, *додолу*, *доземи*, *докрај* покрај *до крај*, *донде* и *дондека*, *донекаде*, *допо̄лу*, *допр̄ва*, *дореда*, *досег̄а*, *доскоро*, *дотаму*, *дотог̄аш*, *дотокму*, *дотука*;

завек, *завчас*, *заедно*, *засег̄а*, *засеког̄аш*, *зачас*;

завчера, *задутре*;

з̄г̄ора, *здола*;

наблизу, *набосо*, *набр̄г̄у*, *набрзана*, *набрзина*, *набрзо*, *наваму*, *навек*, *навета̄р*, *наветӣво*, *навечер*, *нависоко*, *навистина*, *навнатре*, *навреме*, *навчас*, *нагалено*, *наглас*, *наголемо*, *наголо*, *нагоре*, *надалеку*, *надве*, *надвор*, *надесно*, *надокрај*, *надолг̄о*, *надолж*, *надолу*, *наеднаш*, *наедно*, *наесен*, *наживо*, *назаем*, *наздраво*, *наземи*, *наизусте̄*, *најаве*, *накосо*, *накрај*, *накратко*, *накриво*, *накрсте̄*, *накупе̄*, *накусо*, *налево*, *наместа*, *место̄*, *нанадвор*, *наназад*, *нанапред*, *наниско*, *наново*, *наоколу*, *наопаку*, *напамет*, *напати*, *напладне*, *наплеќи*, *наполно*, *наполу*, *направо*, *напреку*, *напролет*, *напросто̄*, *напротив*, *наред*, *нарет̄ко*, *насамо*, *насекаде*, *насила*, *наскоро*, *насмеа*, *насон* и *насоне*, *насреде*, *настрана*, *насуво*, *натаму*, *наугоре*, *наудолу*, *наум*, *науста*, *наутро*, *начас*, *начело*, *начесто̄*, *начисто̄*, *нашег̄а* и *на шег̄а*, *нашир*, *нашироко*;

надземи;

одблизу, *одблиску*, *одѓоре*, *оддалеку*, *оддесно*, *оддолу*, *оддома*, *одеднаш*, *одзади*, *одземи*, *одлево*, *однадвор*, *одназад*, *однапред*, *однатре*, *однекаде*, *одненадеж*, *одникаде*, *одново*, *одовде* и *одовдека*, *ододзади*, *одозѓора*, *одоздола*, *одоко*, *одоколу*, *одонде* и *одондека*, *одрано*, *одред*, *озѓора*, *оздола*, *откорен*, *откосо*, *открај*, *отполу*, *отпорано*, *отпосле*, *отпрвин*, *отпрво*, *отсеѓа*, *отсекаде*, *отсекоѓаш*, *отскраја*, *отскришум*, *отспреди*, *отспротива*, *отстрана*, *оттаму*, *оттоѓаш*, *оттука*;
подземи, *подрака*; *поземи*, *понеѓде* и *понеѓдека*, *понекаде*, *понекоѓаш*, *понекојпат*, *попладне*, *посреде*, *потоа*; *предвид*, *предвреме*, *предзори*, *предручек*, *претпладне*; *прекуглава*, *прекуден*, *прекумера*, *прекуноќ*, *прекупат*, *прекуред*, *прекусила*, *прекутре*, *прекутруша*; *призори*, *приквечер*, *прикрај*, *присрце*, *притоа*;
скраја; *скришум*, *совреме*, *сосем* и *сосема*, *сосила*; *среднoќ*.

Кога во одделни вакви состави прилогот или именката посебно се нагласуваат и смисловно и изговорно не образуваат сложен прилог, предлогот се пишува разделено: *досеѓа* (ова не сум го видел) : *до сеѓа* (беше тука), *наѓолемо* (се крева наголемо) : *на ѓолемо* (продава); *бестраѓа* (оди бестрага! ‘во неврат’) : *без траѓа* (исчезна без трага), *наглас* (чита) : *на глас* (тоа е сега на глас), *накрај* (дојде) : *на крај* (со него не се излегува на крај), *наместо* (нека си стои наместо) : *на место* (тоа е збор на место), *напамет* (учи напамет) : *на памет* (не ми доаѓа тоа), *наум* (пресметува) : *на ум* (тоа не ми иде), *нашеѓа* (зборува така) : *на шеѓа* (само така му рекол на шега).

195. Модалните зборови: *воопшто*, *впрочем*, *всушност*, *меѓутоа*, *можеби*, *речиси*.

Полуслеано (со цртичка) се пишуваат

196. Сложените прилози: *брѓу-брѓу*, *брзо-брзо*, *ваму-таму*, покрај *ваму-таму*, *ѓоре-долу*, покрај *ѓоредолу*, *ден-денес* и *ден-денеска*, *денес-утре*, *деење-ноќе*, *зѓора-зѓора*, *коѓа*(*ш*)*-тоѓаш*, *колку-толку*, *криво-лево*, покрај *криволево*, *лека-полека*, *малку-многу* и *малу-многу*, *малку-нешто* и *малу-нешто*, *наѓоре-надолу*, *надве-натри*, *овде-онде*, *одвреме-навреме*, *отаде-одоваде*, *уѓоре-удолу* и др.;
кај-ѓоде, *како-ѓоде*, *коѓа-ѓоде*, *колку-ѓоде*, *неѓде-ѓоде*.

Разделено се пишуваат

197. Прилошките изрази: *до немајкаде*, *меѓу себе*, *на брза рака*, *на врат*, *на ѓолемо* (продава на големо), *на гости*, *на мало* (продава на мало), *на место* (човек на место), *ни оддалеку*, *одѓоре додолу*, *од ден на ден*, *од*

каде на каде, *од немајкаде*, *од памтивек* и *од памтивека*, *од почеток*, *од рака на рака*, *сега засега* и др.

198. Изразите: *на пример* (скратено *на пр.*), *то есть* (скратено *т. е.*), *сè на сè*, *сè уште*, *сè повеќе*, *сè погоре*, *сè подолу*, *сè помалку*.

199. Составите од прилозите *каде* (и *кај*), *како*, *кога*, *колку* и честичките *било*, (*и*) *да е*: *каде било* (не: било каде) и *кај било*, *како било*, *кога било*, *колку било*; *каде* (*и*) *да е* и *кај* (*и*) *да е*, *како* (*и*) *да е*, *кога* (*и*) *да е*, *колку* (*и*) *да се*.

ПРЕДЛОЗИ

Слеано се пишуваат

200. Предлозите: *докај*, *накај*, *откај*, *заради*, *место*, *наспрема*, *наспроти*, *насред*, *покрај*, *помеѓу*, *поради*, *сосе*.

Разделено се пишуваат

201. Прашалните изрази: *до кај* и *до каде* (одиш), *на кај* и *на каде* (одиш), *од кај* и *од каде* (идеш).

202. Два предлога: *до над* (колена), *до пред* (една година), *за на* (работа), *за по* (дома), *од зад* (куќата), *од по* (еден килограм), *од под* (вратата), *од пред* (четири години), *од преку* (видот), *со по* (триесет ученици) и сл.

СВРЗНИЦИ

Слеано се пишуваат

203. Сложените сврзници: *додека*, *зашто*, *иако* (на пр.: *дојде*, *иако беше болен*, но: *и ако не дојдеш со нас*, *нема да ти се налутиме*), *којшто*, *којашто*, *коешто*, *коишто*, *чијшто*, *чијашто*, *чиешто*, *чиишто*, *одошто*, *откако*, *откога* (на пр.: *дојде откога му реков*, но: *од кога те немам видено*), *отколку*, но: *отколку што*, *тукушто*, *штотуку*.

Разделено се пишуваат

204. Сврзниците: *само што*, *единствено што*, *освен што*; *за да*, *затоа што*, *така што* (не: така да); *макар да*, *макар што*, *при сè што*, *дури и да*; *кога што*, *кога да*, *дури да*, *додека да*, *пред да*; *каде што*, *кај што*; *како што*, *колку што*, *каков што*, *каква што*, *какво што*, *какви што*, *како да*, *колку да*.

ЧЕСТИЧКИ

Слеано се пишуваат

205. а) Честичката *не*, кога е составен дел на именките и придавките и образува со нив нов збор:

неборец, *небрат*, *неверник*, *невистина*, *невреме*, *недомаќин*, *недругар*, *неметал*, *неморал*, *непријател*, *непушач*, *нечовек*, *нелуѓе*; исто и: *неамериканец*, *неевропеец*, *немакедонец*, *неалбанец* итн.

кај придавките: *невешт*, *невин*, *невкусен*, *недвосмислен*, *недобар*, *недобронамерен*, *недоверлив*, *недоволен*, *незгоден*, *нездрав*, *незрел*, *неискрен*, *некултурен*, *ненароден*, *несмел*; исто и во употреба како прилози: *невешто* (работи), *невино* (изгледа), *невкусно* (се облекува).

б) Честичката *не* кај прилозите: *неволно*, *недалеку*, *неправо*; *некаде*, *некако*, *некогаш*, *некојпат*; кај придавките: *некаков*, *некаква*, *некакво*, *некакви*, *некогашен*; кај заменките: *некој*, *некоја*, *некое*, *некои*, *некого*, *некому*, *нешто*, *нечиј*, *нечија*, *нечие*, *нечии*.

в) Се пишува: *нели* (в. т. 208), *небаре*.

206. а) Честичката *ни* во одречните заменки: *никој*, *никоја*, *никое*, *никои*, *никого*, *никому*, *ништо*, *ничиј*, *ничија*, *ничие*, *ничии*; исто и: *никаков*, *никаква*, *никакво*, *никакви*; *ниеден* покрај *ни еден* при акцентирање на двата дела.

б) Честичката *ни* во прилозите: *никако*, *никаде*, *никогаш*, *никојпат*, *ниеднаш* покрај *ни еднаш* при акцентирање на двата дела.

207. а) Честичките *по* и *нај* при степенувањето на придавките: *голем*, *поголем*, *најголем*; *добар*, *подобар*, *најдобар*; *мал*, *помал*, *најмал* и сл.

б) Честичките *по* и *нај* кај именките кога добиваат придавско значење: *мајстор*, *помајстор*, *најмајстор*; *пријател*, *попријател* и др.

в) Честичките *по* и *нај* кај прилозите:

повеќе, *подруго*, *поинаку* (и кај придавката *поинаков*), *покроце*, *полани*, *помалку*, *понаваму*, *понагоре*, *понадолу*, *понастрана*, *понатаму*, *поодамна*, *пополека*, *попосле*, *поправо*, *попрвин*, *порано*, *поскоро*, *посовреме*, *потаму*; *најмногу*, *најнакрај*, *најнапред*, *најодзади*, *најпосле*, *најпрвин*, *најпрво*; *поназапад*, *понаисток*, *понајуг*, *понасевер*; *најназапад*, *најнаисток*, *најнајуг*, *најнасевер*.

г) Некои глаголи што доаѓаат со негација (*не сака*, *не може*) се употребуваат и степенувани, и тогаш се пишуваат слеано: *понесака*, *понеможе*, *понеоди*, *најнесака*, *најнеможе*, *најнеоди* (понеобична е употребата со *нај*) и сл. (в. т. 186). Но кога меѓу негацијата и глаголот доаѓа кратка заменска форма, се пишуваат на следниов начин: *по не го сака*, *нај не го сака*, *по не му бара*.

208. Слеано се пишува честичката *ли* во: *дали*, *нели* (в. т. 205.в), *камоли*, но разделено во прашални реченици за потсилување на прашалниот карактер на исказот: *Има ли некоѓо дома?* и како сврзник во условни реченици: *Го виде ли*, *кажи му дека ѓо барам!*

Разделено се пишува

209. Честичката *не* кога се употребува како негација што не влегува во состав на именка, придавка или прилог, ами се употребува за спротивставување на два исказа во реченицата: *Не пријател*, *ами брат да си ми*, *нема да ти простам*. – *Не добар*, *ами предобар беше со нас*. – *Не ретко*, *ами скоро секој ден се случуваат незгоди*.

ИЗВИЦИ

Полуслеано (со цртичка) се пишуваат

210. Сложените извици образувани од два или од повеќе извици или пак со повторување на ист извик два или повеќе пати:

ав-ав, *априли-ли-ли*, *бам-бум*, *бим-бам*, *бим-бам-бум*, *бум-бум*, *ѓу-ѓу*, *ква-ква*, *ку-ку* покрај *куку*, *куку-куку*, *мац-мац*, *мјау-мјау*, *му-му*, *оф-оф*, *паф-пуф*, *тик-так*, *тинтири-минтири*, *трас-трус*, *ха-ха* и *ха-ха-ха*, *хе-хе*, *хи-хи-хи*, *чак-чук*, *чук-чук* и др.

Разделено се пишуваат

211. Поздравите што содржат два или повеќе зборови:

добар ден, *добро утро*, *добра ноќ*; *добре дојде*, *добре ми дојде*, *добре најдов*, *добре* (*ми*) *те најдов*; *до видување*, *до гледање*; *со здравје*, *со добро*; но се пишува: *здраво-живо*, *добровечер* (покрај *добра вечер*); *добарденот*, *здравоживото* (ти го нејќам).

V.

ИНТЕРПУНКЦИЈА

Интерпункцијата претставува систем од писмени знаци со кои се означуваат почетокот и крајот на реченициите; границата и односите меѓу дел-реченици и меѓу реченични членови; интонацијата, темпото и паузите при зборувањето. Интерпункцијата ги опфаќа и правилата за употреба на интерпункциските знаци.

Во македонскиот јазик се користат следните интерпункциски знаци: точка (.), прашалник (?), извичник (!), запирка (,), точка и запирка (;), две точки (:), три точки (...), загради – заоблени ( ) и квадратни [ ], црта (тире) (–), наводници („ “) и полунаводници (’ ‘) и (‘ ’).

ТОЧКА (.)

212. Точката е интерпункциски знак кој се бележи на крајот на расказна реченица (проста или сложена) или логички напишана мисла што претставува целина и ја пренесуваме како реченица:

Таа ми раскажа еден сон. – Наум беше буден пред да ѕвони будилникот. – Девојката се смееше гласно. – Ракометарите го постигнаа најголемиот успех досега. – Надвор врне. – Нам малку ни треба за среќа. – Димитар ќе остане дома, а ние ќе одиме на свадба. – Кога ќе наближеше до аргатите, тие секогаш ја забрзуваа работата. – Никој не знае каде отиде момчето. – Влегоа во автомобилот за да не ги наврне.

213. Точка се пишува и на крајот на заповедна реченица кога е таа искажана без заповед, мирно, особено кога се наоѓа во составот на сложена реченица или кога се јавува модалност во исказот:

Чекај да се вратам, да мине летото, па ќе зборуваме. – Чувај го детето од уроци и од лоши очи. – Помини неделава да се напиеме кафе. – Научи се да молчиш кога ти зборува постар. – Гледај сега ништо да не направиш како што треба. – Види, види и тој знаел да зборува и да ме учи на нова мода.

214. Точка се пишува на крајот на искази што претставуваат реченични соодветници каде што е испуштен прирокот, односно делови од текст

што заменуваат реченици и носат информација како реченица. Тие може да бидат и делови кои се одделени стилски со точка:

Тој, таа, децата, само обврски без одмор. – Над реката планина, над планината небо, небо до бесконечност. – Ниски цени за долги разговори и успешни договори.

Пролет. Расцветани ливади. Топло ветре. Разиграни деца и весел џагор. – Ноќ. Долга, темна ноќ. Последна ноќ во старата куќа.

215. Точка се пишува и кога по неа следува реченица што започнува со сврзник (*но*, *и*, *а*, *ни*, *па*, *та*, *меѓутоа*, *зашто* и др.):

Може да му никнуваат запчиња, а може да го боли мешето. Ама, кога ќе види дека не запира, ќе отрча на доктор. – Тие мислеа дека ќе мине само од себе. И навистина се случи чудо. – Тој го напиша ова во 1903 година кога беа многу силни пропагандите во Македонија. И тој настрада токму од пропагандите зашто беше обвинуван за национален сепаратизам. – Девојчињата трчаа низ куќата. Меѓутоа, на дедото му беше забавно. – Диме знаеше дека новите пристројувања ќе престанат. Зашто тоа не беше првпат да се спроведуваат реформи.

216. Точка се пишува по реченици што претставуваат воведување во натамошно кажување:

Сите настани се редеа како во филм, токму вака. Таа дојде во раните часови. Свари кафе и чекаше да дојдат другите. – Утринските вежби се изведуваат во пет фази. Прво се работат вежбите со главата и со рацете. Второ...

217. Точка се пишува по наслови и поднаслови кога текстот продолжува во ист ред:

Проценката од ЕУ останува позитивна. Барањата растат

Очекуваме долга зима. Снегот и студот настапуваат во декември

218. Точка не се пишува по наслови, поднаслови, зададени теми и потписи:

Најдолгиот пат

Пиреј

Правопис на македонскиот јазик

Независносложени реченици

Составни (копулативни) реченици

Блаже Конески

Есента во мојот град

219. Точка не се пишува по скратувања на зборови што завршуваат со точка како правописен знак:

Поограничени се образувањата со флексија -а: дозвола, доплата, потврда, примена, размена, процена итн. – Во училиштето дојдоа учениците од прво одделение, наставниците, родителите, родините и др. – Голем е бројот на новите придавски образувања од туѓа основа: хокеарски, телевизиски, ревизионистички, еколошки, радиолошки и сл. – Најголеми успеси во македонскиот спорт се постигнаа во 2011 год.

220. Точка не се пишува по други интерпункциски знаци на крајот од реченицата, т. е. по прашалник, извичник или три точки:

Каде си цел ден? – Дојди да се напиеме едно кафе!

221. а) Точка се пишува по излезните наводници или полунаводници кога делот во наводниците или полунаводниците е вметнат во исказот и е на крајот од реченицата:

Денес празнуваше Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. – Таа ја изполни песната „Црно и бело е сè“. – Тој е само еден обичен ’уличен свирач‘. – Толку од нејзината ’кариера‘.

б) Точка се пишува пред излезните наводници кога делот што се издвојува претставува цела реченица, цитат или директен говор кога тој се наоѓа по авторските зборови:

На судот пишуваше „Смрт или слобода! Земјо, секогаш ќе ти останеме верни.“ – „Сè што е убаво е ретко.“ – Таа му рече на момчето: „Дотука било нашето.“

в) Точката се пишува пред излезните наводници во цитирани делови каде што имаме завршен исказ со соодветна интонација. Во слични примери пред наводниците за завршен цитат може да се напише и некој друг интерпункциски знак (извичник, прашалник, три точки) според природата на реченицата:

Според македонските празнични обичаи „...за Благовец рано наутро јаделе мед. Некои правеле пресна погача и на сите им давале по едно парче.“ – „Многу внимавале ниту едно зрно да не падне на земјата, зашто во спротивно ќе им се случела голема несреќа и на луѓето и на добитокот.“ – „Те заколнувам во Бога, да ми ја кажеш вистината: ти ли си Јован Кукузел, толку бараниот од царот.“

222. Во поезијата точката се употребува и како средство за стилско обележување. Точка не мора да се напише во поезијата меѓу стиховите каде што наредниот ред започнува со голема буква:

Затворен сум како што е затворен
Каменот во својот говор нем
Занданата со синџирите и студот

Змијата во кошулата на вечноста
Вечноста во Словото Твое.

Закопчувајќи ги трепките ја смалуваше собата,
го ставаше во употреба најчистиот воздух
и со здивот почнуваше да управува со ноќта.
Дениција дишеше како да ставаше течни завирки,
како да свиреше на тамбура, како да се чешлаше
и од нејзината воздишка можеше да се научи,
дека секој ден е ден последен
и дека секогаш докрај треба да се искористи.

ПРАШАЛНИК (?)

Прашалникот е интерпункциски знак со кој се бележи прашалната интонација, т. е. промената на тонот од ниска кон висока точка.

223. Прашалник се пишува на крајот од прашална реченица (прашање) во чијшто состав има прашални зборови или изрази:

Дали да се јавам? – Мислите ли дека паркот ќе биде готов до јуни? – Кој пристигна прв? – Што се случува овде? – Зошто го расturивте замокот? – Од кои причини пропадна таа работа? – Кога бил изграден Безистенот во Штип? – За што се зборува овде?

224. Прашалник се пишува на крајот од алтернативно прашање, т. е. од прашална реченица со сврзникот *или* во составот:

Се радуваш или не се радуваш што ќе дојдам? – Пливаше или не пливаше? – Пливаше или само се сончаше? – Капинките ќе ги јадеме свежи или да ги замрзнеме? – Вистина зборуваш или се шегуваш?

225. Прашалник се пишува на крајот од прашална реченица што не содржи прашални зборови или изрази, а прашалниот карактер го добива со помош на интонацијата:

Пристигнале? – Врне? – Купи леб? – Утре патувате? – Излегуваш вечер? – И вам ви ја раскажал приказната?

226. Прашалник се пишува на крајот од прашална реченица составена од повеќе прашања:

Зошто молчиш, зошто ништо не кажуваш, зарем не ни веруваш? Нели требаше да дојдеш, нели ќе ми помогнеше, па заедно нели ќе вежбавме?

– Сеѓа ве прашуваме отворено: може ли да одиме на конференцијата, можете ли да работите без нас и може ли проектот да почека додека не се вратиме?

227. Прашалник може да се напише и сред реченица доколку се однесува на конкретен збор или на нејзин дел, а зборот по прашалникот се пишува со мала почетна буква:

Што ќе излезе од оваа работа на крајот? ќе ја поддржат ли? ќе ѝ помогнат? да не се разочара уште на почетокот? – Знаеш ли во што се впушташ, знаеш ли колкав е ризикот? подготвена ли си да одиш до крај?

228. Прашалник се пишува за да се означи прашален збор или прашален израз во кој е вградена поширока прашална содржина:

Зошто? – Кога? – Како така? – Молам? (сп.: *Молам, ќе повторите уште еднаш?*) *– Се извинувам? – Пак ништо? – Кога инаку? – Зошто да не? – Зар дури сеѓа? – Чај со лимон? – Турско или еспресо? – Со шеќер или без?*

229. Прашалник се пишува на крај или во средина на реченица, по прашање преземено од директниот говор:

На крајот од интервјуто го прашаа: „Да очекуваме ли нов албум оваа година?“ – „Зошто да не?“ – им одговори со прашање стариот мајстор на џезот. „А, ветувате?“, беа упорни новинарите.

230. Прашалник во состав на реченицата се пишува за да се изрази несигурност, неверување, сомневање, несогласување и сл. во врска со содржината вметната во загради или со содржината пред прашалникот вметнат во загради:

На тоа место убаво ќе изгледаат две мали (*и една голема?*) *светилка. – Рече дека* (*до вечер?*) *на ситe ќе ни ја испрати пораката.*

Метеоролозите најавуваат снег (*?*) *за утре. – Поради недостиг на техничка опрема* (*?*), *не се пријавија на конкурсот. – Сите се согласија да се одржи свеченоста, со исклучок на една паралелка од четврта година* (*?*).

231. Прашалник не се пишува на крајот од исказна реченица во којашто е прекажана содржината на директно прашање:

Прашува дали да ја поправат оградата. – Се прашувам зошто не настапи хорот. – Се интересираше уште колку дена ќе останеме. – Се колебаше кому да му го даде цвеќето.

232. Наслови на уметнички дела и на медиумски содржини – статии, рубрики, колумни, емисии и сл. можат да се пишуваат и со прашалник и без него:

Чија си – Со што може да се купи сиот свет – За кого бијат камбаните – Кој се плаши од Вирџинија Вулф – Кој сака да биде милионер – Зошто вреди да се патува во ... – Што сакав да кажам – Како да останете свежи по напорниот ден

Ќе се намали ли загаденоста во главниот град? – Би ја посетиле ли планината која вечно „гори“? – Пријател или вистински непријател?

233. На крајот од реторички исказ или од исказ со нагласен личен став или чувствен однос може, но не мора да се напише прашалник:

Си дојде, конечно? – Пак истата песна? – Што да кажам, остана нешто за кажување?

И ти ли со истото... – Важно ли е сега веќе дали ќе учиш или не. – Како така одеднаш се растури таква дружба.

234. Прашалникот се употребува заедно со извичник за да се зголеми изразноста на прашалната содржина и да се означи чудење. Во зависност од тоа дали треба да се нагласи прашалноста или зачуденоста, може да се менува редоследот на овие два интерпункциски знака:

Сите доаѓаат?! – Вистина зборуваш?! – Ќе учиш да плетеш!? – Го исекле дрвото во дворот!? – Тој (?!) зборува за чесност? – Сакале да заминат без да платат (!?) бидејќи не биле задоволни од услугата во хотелот.

235. Прашалникот се употребува заедно со извичник и за искажување желба или поттик за вршење или за невршење некое дејство:

Да земевте билети и за нив?! – Ако можете, да донесете песок и за нашата патека!? – Да се јавиме до дома!?

236. Повеќе од еден прашалник (а најмногу три) се пишуваат за да се истакне значењето на прашалната содржина:

Пак ќе трчаш?? – Кој ми го изел чоколадото??? – Брат ми (???) не ти дозволи да ми се јавиш? – Со чевли ли ќе одиш по снегов???

237. Прашалникот може да се употреби и самостојно, т. е. без соодветниот зборовен состав, при што „скриената“ прашална содржина – јазична, мимичка и интонациска се претпоставува од контекстот:

– Мислам дека треба да дојдеш и ти.

– ?

– Барем само на отворањето.

–??

– Иако, најпристојно ќе биде да останеш до крај.

– ???

ИЗВИЧНИК (!)

Извичникот е интерпункциски знак со кој се бележи извичната интонација, т. е. различниот интензитет на покачување на тонот при: изразени чувствени состојби или реакции; повикување некого; нагласени заповед, забрана, поттик или желба за вршење некое дејство итн.

238. Извичник се пишува на крајот од извични реченици со кои се изразуваат чувствени состојби или реакции (возбуда, чудење, радост, одушевеност, изненадување, предупредување, лутина, страв, гнев и сл.):

Ќе си летнам од радост! – Каква убавина е ова! – Не ми се верува! – Ова ќе им биде последен пат! – Внимавај, дупка! – Само да си дојдат живи и здрави! – Леле, колку боли! – Ах, како не го послушав! – Ех, баш убаво! – Ауууу, колку се изненадив! – Ха, уште и прашува!

239. Извичник се пишува на крајот од извични реченици со кои се изразуваат заповед или забрана за вршење некое дејство:

Зборувај поѓласно! – Насмевни се кога поздравуваш! – Поклонете се пред публиката! – Трчајте по нив! – Нека се врати порано! – Денес нека ги испратат честитките! – Не викај! – Доста зборуваш! – Немој да возиш на пешаката за пешаци! – Нека не се враќа без документите!

240. Извичник се пишува на крајот од извични реченици со кои се изразуваат желба или поттик за вршење или за невршење некое дејство – во вакви ситуации со извичникот може да се употреби и прашалник:

Кога би направила сега едно кафе! – Да сакате да ни помогнете малку! – Да му кажевте како да стигне до киното!? – Колку би ме израдувало да се појават овде сега! – А, да не купуваат билети за концертот!?

Ајде да работиме! – Да одиме и да им објасниме што се случи! – Доста ѓубиме време на непотребни работи!

241. Извичник се пишува на крајот од извични реченици со кои се изразуваат благослови или клетви:

Да сте живи и здрави! – Нека се среќни и долговечни младите! – Од убаво да не куртулите!

Матната нека ги носи! – Бело видело да не видат! – Оган да ги изгори!

242. Извичник се пишува на различни места во исказ составен од повеќе заповедни реченици искажани едноподруго и смисловно поврзани во една целина:

а) На крајот од сложена реченица составена од повеќе заповедни дел-реченици:

Движете се право, кај семафорите свртете десно, продолжете до крајот на улицата, застанете и чекајте кај театарот! – Направи три копии, една дај им на колешките, една дај ми мене и една задржи за себе!

б) На крајот од секоја или од секоја втора заповедна реченица, кога следната започнува со голема или со мала буква:

Нарачај будење! Стани веднаш по повикот! Потоа разбуди ги децата! – Оди, не чекај да те повика! продолжете кај што застанавте! – Пополнете го формуларот! Ставете го во џликот заедно со парите! Џликот внесете го во автоматот!

243. Извичник се пишува на крај или во средина на реченица, по извична реченица преземена од директниот говор:

„Ставете една чаша вода на говорницата!“ – нè потсети шефот на протоколот. – Од трибините се слушаше: – Ништо не ни можете! Најјаки сме ние!

244. Извичник се пишува по нагласени форми за обраќање или за повикување, по извици и честички:

Мила моја! Тоа не значи дека нема да успееш. – Почитувани колеги! За ова сме дискутирале и другпат. – Ученици! Вратете ја опремата на место! – Борјане! Си ги заборави клучевите. – Еј! Вратава е отклучена! – Бум! Трас! Се слушна во соседната соба. – Ако! Ние му дозволивме. – Да! Ќе дојдам. – Не! Не се јавија.

245. Извичник се пишува по поздрави, како и по зборови или изрази со значење на учтивост, љубезност, погрдност, предупредување и сл.:

Здраво! Ние пристигнавме. – До видување! – Поздрав! – Ви благодарам! – По Вас, господо! – Повелете, ве молам! – Интересно! – За никаде! – Срамота! – За среќа! – Убавина! – Убавица на мајка! – Бесрамник! – Лажго низаеден! – Внимание! – Опасност! – Забранет пристап!

246. Извичник во состав на реченицата се пишува за да се искаже чудење, револт, предупредување и сл. во врска со:

а) Содржината вметната во загради:

Состојбата во којашто се наоѓаат реквизитите во депото (*и не само во депото!*) *е загрижувачка. – Дождовите не престануваа* (*иако прогнозите беа поинакви!*), *на места реките почнаа да се излеваат од коритата. – Нивниот однос кон клиентите* (*нека се засрамат исклучоците!*) *беше за пофалба.*

б) Содржината пред извичникот вметнат во загради:

Најмладата учесничка на државниот натпревар има 11 (*!*) *години. – Сите преведувачи се пожалија од издавачите* (*!*). *– Ниедна балетска претстава* (*!*) *не влезе во конкуренција за наградата.*

247. Извичник не се пишува по заповед или молба прекажани во исказна реченица:

Им рече да ги полеваат цвеќињата додека е отсутна. – На студентите им порача да останат доследни на своите идеали. – Ми напиша да ви кажам дека ја добила стипендијата. – Ги замолив да не доцнат.

248. Во наслови на уметнички дела и на медиумски содржини – статии, рубрики, колумни, емисии и сл. може, но не мора да се напише извичник:

Никогаш не оставај ме – Замини и не враќај се –Продолжува проектот „Земи книга – остави книга“ – Или шетај или летај – Браво! Мини библиотека на отворено! – Лежи на богатство, а нема автомобил!

249. Повеќе од еден извичник (а најмногу три) се пишуваат за да се истакне значењето на извичната содржина:

Пандев, врати се!!! Ни требаш!!! – Не пиј, не е чиста водата!!! – Во ред, ќе се договориме!!! – Остави ми од чоколадото, слушаш!!

250. Извичникот се употребува заедно со прашалник за да се зголеми изразноста на извичната содржина и да се означи чудење. Во зависност од тоа дали треба да се истакне зачуденоста или прашалноста, може да се менува редоследот на овие два интерпункциски знака:

Навистина!? – Што зборуваш!? – Повторно снег!? – Зарем ги исекле липите?! – Знаеш да свириш на кавал!? – И ти (*?!*) *ми кажуваш што да правам. – Скриена камера* (*!?*) *донесоа во нашата улица?!*

251. Извичникот може да се употреби и самостојно, т. е. без соодветниот зборовен состав, при што „скриената“ извична содржина – јазична, мимичка, интонациска и сл. се претпоставува од контекстот:

– Повторно падна на возачкиот испит.

– !

– По осми пат.

– !!

– И веднаш се пријавил за следното полагање.

– !!!

ЗАПИРКА (,)

Со запирка се бележат паузите во зборувањето кои одделуваат: реченични членови, вметнати делови и изделени елементи во составот на простата и на сложената реченица. Во секоја запирка од пишаниот текст читателот треба да препознае куса пауза при зборувањето.

Запирката во простата реченица

Запирката во простата реченица се користи при: набројување, дополнување, нагласување и изделување.

252. Запирка при набројување

а) Запирка се пишува меѓу членовите на бесврзничка набројувачка низа:
Извидниците, *планинарите*, *ловиите лесно се снаоѓаат во шума. – Домаќините беа расположени*, *насмеани*, *задоволни. – Во селото отвори ја амбуланта*, *аптека*, *градинка*, *библиотека. – Куќниот совет расправаше за проблемите со греењето*, *за гласната музика од кафулето*, *за зеленилото пред зградата*, *за шетањето на миленициите.*

б) Запирка се пишува помеѓу два исторедни реченични члена кога не се врзани со сврзник:
Чиста, *зелена е населбата по акцијата на еколозиите. – Страста*, *поривите за цртање ги наполнија овие sидови со слики. – Сакаш да поразговараме пред претставата*, *по претставата? – Наутро*, *навечер ќе капнеше по некоја капка дожд. – Со тебе*, *без тебе во хорот – не е исто.*

в) Запирка се пишува помеѓу два исторедни реченични члена или помеѓу членовите на набројувачката низа, составени од два или од повеќе елементи, т. е. кога и самите претставуваат набројувачка низа:
Трите групи на обуката бевме: јас, *Марко*, *Дафина и Климе; Елена*, *Софија*, *Дина и Васил; и Јана*, *Мила*, *Јован и Кирил. – Последните поени ќе бидат за Елена*, *Војдан или Калина*, *за Тамара*, *Билјана или Никола или за Соња*, *Јана или Влатко. – Двојките што ќе го отворат првиот круг се Вардар – Пелистер*, *Тетекс – Работнички*, *Турново – Шкендија. – Нашите автобуси не сообраќаат на релациите Скопје – Гостивар – Кичево*, *Велес – Штип – Струмица и Прилеп – Битола – Ресен.*

г) Запирка се пишува пред сврзникот *како и/како ни* во набројувачка низа или помеѓу два исторедни реченични члена:
Во оваа зборовна група спаѓаат засилувачките, *изделувачките*, *определувачките*, *количествените*, *како и посочувачките честички. –*

На состанокот нема да се зборува за распоредувањето на годишните одмори и за извештаите на приправниците, како ни за претстојната крводарителска акција. – Угледни јавни личности, како и претставници од амбасадите и од дипломатските претставништва во нашата земја присуствуваа на свечената седница. – Во интервјуто не зборува ништо за новиот роман, како ни за наградата.

д) Запирка се пишува меѓу придавките во набројувачка низа употребени како определби, т. е. како атрибути на ист реченичен член:

Убава, стројна, калеша мома се појави тој ден во селото. – Тука треба да се вработат млади, умни, способни, самоуверени, квалитетни, доверливи, трудољубиви, енергични луѓе. – Им помагаше на сиромашните, бездомните, напуштените, осамените талкачи од градот. – Неговите родители беа мирни, чесни, вредни и добри луѓе. – За забавата не сакаше зелени, жолти или розови балони.

ѓ) Запирка не се пишува помеѓу две или повеќе придавки, кога првата е членувана:

Долгите тенки прсти играа по клавијатурата. – Ова беше првиот нерешлив случај во нејзината адвокатска кариера. – Ги сакаше оној-ниот летен мирис и гласната ноќна тишина на улицата. – Ја купија убавата мала шумска куќичка. – Никогаш не ги сакаше тажните романтични долги љубовни филмови.

е) Запирка не се пишува пред сврзниците *и* и *или* кога врзуваат два истородни реченични члена:

Извидниците и планинарите лесно се снаоѓаат во шума. – Поубаво и чисто изгледа населбата по акцијата на еколозите. – Работата завршете ја вие или вашите соседи! – Сакаш ли да донесам вода или сок? – Ниеднаш не им се јави на мајка му или на татко му. – Терминот го запишува на посебен лист или во здравствената книшка.

ж) Запирка не се пишува пред сврзниците *и* и *или* кога ги врзуваат двата последни члена во набројувачката низа:

Децата, старите лица и лицата со хронични болести први примија вакцина против грип. – Утре ќе ги посетат стариот град, тврдината, големиот парк и новиот музеј. – Секој ден им се јавуваше на родителите на децата, на директорот на училиштето или на дежурните во метеоролошката станица. – Друштвото се собираше околу фонтаната, на плато-то пред зградата или во училишниот двор.

253. Запирка при дополнување

а) Запирка, обично, се пишува по дополнување во форма на податоци за околностите на дејството (прилошки определби), кои во реченицата се

наоѓаат во делот пред глаголската форма, а најчесто на почетокот од реченицата:

Заради контрола на квалитетот, разговорот ќе биде снимен. – Во врска со Вашата пријава на конкурсот, Ве повикуваме на разговор. – Поради промоцијата, печатењето на книгата беше забрзано.

б) Запирка се пишува по глаголскиот прилог, глаголската именка или глаголската придавка, како и по состави кои ги содржат кога се наоѓаат на почетокот на реченицата:

Шетајќи низ паркот, тој најде еден црвен шал. – Читајќи стари весници, тој дојде до интересни сознанија. – Со изгревањето на сонцето, тргнавме кон Галичица. – Едно седнување во кафеана, почна да пее. – Седнат на клупата, размислуваше за својот живот.

в) Со запирки се одделува збор или зборовен состав употребен како определба на именски реченичен член, т. е. пред или по изделен придавски или именски атрибут:

Го испи чајот, горчлив и студен. – Разбранувано и диво, езерото си ја покажуваше силата. – На свеченоста настапија и две момчиња, членови на академскиот хор.

г) Запирка се пишува пред дополнување воведено со сврзниците: *а*, *но*, *ама*, *меѓутоа*, *ни*, *ниту*, *освен*, *само*, *значи* и др.:

Баба му беше стара жена, а пргава. – Продавницата е мала, но добро снабдена. – Носеше стар фустан, ама убав. – На состанокот се кажаа многу работи, меѓутоа нејасни. – Не дојде организаторот, ниту водичот на групата. – Сите работи им ги кажа в лице, освен најважната. – Купив јагоди, само незрели. – Утре одите на Шайка, значи на скијање.

д) Со запирки се одделува вметнат збор или зборовен состав, со којшто се дополнува содржината на реченицата:

Разговорот траеше, на општо задоволство на новинарите, повеќе од два часа. – Дури тогаш, според кажувањата на соселаните, а и на нејзините постари роднини, Роска се согласила на мажачка.

ѓ) Запирка се пишува пред дополнување во форма на реченичен член со иста функција како дополнетиот:

Сакав да купам нешто за логорувањето, вреќа за спиење или ранец. – Лесно поминаа, без многу испрашување. – На многу убаво место им е летувалиштето, во шума. – Тогаш, во тишината на ноќта, се слушаа и ѕвездите.

е) Со запирки се одделува дополнување во форма на збор или зборовен состав преземен од директниот говор или од натписи, наслови, забелешки и сл.:

Овде внесете една од двете можности, *„без приговор“ или „на своја одговорност“. – Погледнете го знакот*, *забранет правец! – Ви го читам напишаното во брошурата*, *еден брачен или два единечни кревета. – Тие ни кажаа така*, *пат во реконструкција.*

ж) Со запирки се одделува географски поим, како дополнување на географскиот поим пред него:

Од месноста Маркови Порти, *Скопско*, *се шири убав поглед кон вештачкото езеро Матка. – Истата година се отвори и лекторатот по македонски јазик во Краков*, *Република Полска. – Сојузот на извидниците на Македонија учествуваше на Светската извидничка конференција во Рогла и во Љубљана*, *Словенија.*

з) Со запирки се одделува определба во форма на звање, функција, чин, професија и сл., употребена по лично име. Кога овие определби се употребени пред личното име, не се пишува запирка:

Војдан Николовски, *поет и публицист*, *е добитник на наградата за животно дело. – Во улогата на Тоска ќе настапи Илина Василевска*, *сопран во Македонската опера. – Писателот Стојан Петровски беше назначен за почесен член на ДПМ. – Многу странци слушнале за нашиот пејач Тоше Проески.*

s) Со запирки се одделува датум, како појаснување на реченичниот член што стои пред него:

Четврток, *8.12.2014 год.*, *се прогласува за неработен ден. – Завршната манифестација се одржа денес*, *20 ноември*, *на платото пред Младинскиот културен центар. – Конференцијата за печат ќе се одржи на последниот фестивалски ден*, *31 октомври*, *во 12:00 ч.*

и) Запирка се пишува или не се пишува, во зависност од синтаксичките потреби, зад дополнување пренесено во загради:

Во табелата се внесени формите на именските зборови (*именките*, *придавките*, *заменките и броевите*), *како и сите глаголски форми од текстот. – Најгоре на страницата* (*над сликата*) *не пишувајте ништо.*

ј) Запирка не се пишува пред или по збор или зборовен состав употребен како дополнување во форма на именска или придавска определба (атрибут):

Сестра ми Невена пее во хор. – Во емисијата се зборуваше за градбите заштитени со закон. – Собирачот на народни умотворби Марко

Цепенков е автор на неколку публикации на македонски јазик. – Никола лаборантот е на годишен одмор.

к) Запирка не се пишува пред дополнување што се јавува како втора определба, т. е. како втор атрибут на некој реченичен член, и во чиешто значење, на некој начин, се повторува значењето на првиот атрибут:

Слаткото кафе со многу шеќер е штетно за здравјето. – Старите куќи изградени пред земјотресот ги прогласија за културно наследство. – Од турнирот се врати со утешно петто место.

л) Запирка не се пишува по реченичен член чиешто дополнување се воведува со сврзникот *или:*

Тромбоцитите или крвните плочки учествуваат во засирувањето на крвта. – Најпрво излегоа патниците со мал или со рачен багаж.

љ) Запирка не се пишува пред дополнување што се воведува со сврзниците *отколку* и *одошто* во реченица што содржи форма за споредување:

Подобро да го фатат последниот автобус отколку ниеден. – Поубаво им беше да се собераат дома одошто на плоштад.

м) Со запирка не се одделува глаголскиот прилог кога во реченицата, обично, се наоѓа по прирокот и кога, според значењето, се доближува до прилог:

Таа зборуваше плачејќи. – Цел ден го мина шетајќи по продавници. – Цел одмор го помина читајќи весници и списанија. – Детето стоеше пред мајка си треперејќи. – Ноќта ја мина правејќи планови.

254. Запирка при нагласување

а) Со запирки се одделува збор или зборовен состав (најчесто честичка или модален збор или израз) употребен со нагласувачко значење на различни позиции во реченицата:

Доаѓаш со нас, нели, Кире? – Да, акцијата започнува утре. – Ако, нека одат први! – Извинувањето, впрочем, беше изнудено. – Ако, воопшто, почнал да вежба. – Глетката не беше лоша, напротив.

Во ред, ќе платиме со картичка. – Ми се лути, згора на тоа. – Цвеќето овена за неполни два часа, неверојатно нешто. – Никогаш, според мене, нема да се случи такво нешто.

б) Со запирки се одделува нагласување со збор или со зборовен состав што е второ име за реченичниот член пред него, т. е. апозиција:

Најстарата кафеана во Дебар Маало, „Идадија“, го прослави 80-тиот роденден. – Повторно им се обрати ним, на своите навивачи. – Сакаа да ги испратат со песната за Битола, нивниот роден крај.

в) Запирка се пишува пред нагласување воведено со зборовите: *односно*, *тоест* (*т. е.*), *поправо*, *поточно*, *пред сè*, *и тоа* и др.:

Со мрежа ги покрија сите дванаесет дрвца, *односно целиот мал овоштарник. – Кафето и какаото*, *поточно кафеното злато на современиот свет*, *се пред исчезнување. – На дневен ред беа барањата на станарите*, *пред сè*, *на сопствениците на домашни миленици. – Во галеријата за слатки ни подарија по едно чоколадо*, *и тоа од најдобрите.*

г) Запирка се пишува пред зборовите: *тоа*, *сè*, *сите*, *сето*, *само*, *само тоа*, *сето тоа* и др., со што се воведува нагласување на претходниот дел од реченицата или на претходното набројување:

Пролет и есен, *тоа се нејзините омилени годишни времиња. – Музеј*, *опера*, *слаткарница и аквариум*, *сè се најде на списокот за посетување. – Фудбалското*, *кошаркарското*, *одбојкарското и тениското игралиште*, *сите беа подготвени за туристичката сезона. – Двата списока*, *само нив ги отпечатив. – Одговорноста*, *редовноста*, *дисциплината*, *љубезноста*, *односот со клиентите*, *сето тоа придонесе за нејзиното унапредување.*

д) Запирка се пишува меѓу зборови што се повторуваат со цел да се нагласи нивното значење:

Да, *да*, *ги добивме книгите од размената. – Мене*, *мене нека ми каже такво нешто! – Цела ноќ си врне*, *си врне*, *си врне... – Не трчај*, *не трчај толку брзу! – А*, *таа една мила*, *мила... – Кај и да погледнеш: нивје*, *нивје*, *нивје.*

ѓ) Запирка се пишува пред зборот што се повторува (сврзник или честичка) за да се нагласи значењето на членовите во набројувачката низа:

Сите беа поканети – и организаторот, *и учесниците*, *и новинарите*, *и членовите на жири-комисијата. – Со ништо не беа задоволни*, *ни со настан*, *ни со награда*, *ни со позитивна критика. – Не можеше да одлучи дали јас*, *дали ти*, *дали Марија. – Било рецитал*, *било монодрама*, *било ораторска точка*, *било есеј... нека подготват што и да е.*

е) Запирка се пишува пред нагласување воведено со честичките: *и*, *речиси*, *скоро*, *одвај*, *просто*, *едноставно*, *дури* и др.:

Сите учествуваа во гаснењето на пожарот, *и гостите на хотелот. – Тоа беше многу малку*, *речиси ништо. – Денес пополнија голем дел*, *скоро цел тротоар. – Го напиша само најважното*, *одвај една страница. – Нејзините нови раскази се одлични*, *просто неверојатно добри. – Украсите во салата беа преубави*, *едноставно празник за очи. – Овие фотографии му се многу добри*, *дури најдобри од сите.*

ж) Запирка се пишува пред нагласување воведено со сврзниците: *туку*, *ами*, *макар*, *а камоли* и др.:

Не ти, туку тој треба да зборува. – Со зборови не, ами со дела да се покажете. – Можеше да ни донесеш нешто од Берово, макар една тегла мед. – Во монографијата не беа внесени заслужните граѓани, а камоли членовите на хорот.

з) Запирка не се пишува меѓу деловите на реченицата нагласени со повторените сврзници: *и... и*, *а... а*, *ем... ем*, *ту... ту*, *било... било*, *де... де*, *ни... ни* (*ниту... ниту*), *или... или* и др.:

И станарите и соседите го гасеа пожарот. – Исти беа седиштата, а напред а назад. – Цело време одеше ту наваму ту натаму. – Останаа ем гладни ем непрошетани. – Де едниот де другиот се појавуваа на сцена. – Никого не наградија, ниту најбрзите ниту највештите. – Требаше да се избрише или првата или втората точка.

ѕ) Запирка не се пишува пред честичките *ли*, *па*, *та* и др. употребени со збор што се повторува:

Убава ли си убава, Македонијо! – Велика – распеана ли распеана чека гости. – Само за тоа зборува, филмот па филмот. – Испитот та испитот – нека полага веќе!

и) Запирка не се пишува меѓу деловите на реченицата нагласени со сврзниците: *како... така и*, *не толку... колку*, *исто толку... колку* (*и*), *не само... туку* (*ами*, *но*) *и* и др.:

Како ти така и јас ќе издржам до крај. – На новото игралиште му се радуваа не толку децата колку возрасните. – Во паркот поставија не само дрвени ами и метални клупи.

ј) Запирка не се пишува по честичките: *о*, *ој*, *леле*, *мори*, *бре*, *бе*, *ма* и др. употребени за нагласување на формата за обраќање ако стојат пред неа:

О царице на убавината, биди моја! – О игрооорци, ој лични сте и прелични! – Леле дечиња, сте премрзнале на снегов. – Што стори со водата, мори невесто?

к) Запирка обично не се пишува по честичките: *ај*, *ајде*, *ајдете* и *де*, како ни по глаголските форми од типот: *оди*, *ела*, *земи* и др., употребени пред формите за заповед за нагласување или за поттикнување некоја активност:

Ај дај по едно од тие јаболката ресенски! – Ај да не возиме по дождов до Пештани! – Ајде јадете, деца! – Ајде да не се расправаме пак за истото. – Ајдете да повториме ушите еднаш! – Де отвори ја малку вратата! – Оди речи му да ја врати теслата! – Ела рипни ако можеш.

– Земи полеј ги цвеќињата! – Ајде, по мене! – Ајде, елате да се качиме! – Елате, ручајте!

255. Запирка при изделување

Запирката се употребува за да се изделат зборови или зборовни состави што синтаксички не се дел од реченицата.

а) Со запирки се изделуваат именските форми за обраќање, на различни позиции во реченицата:

Милице, повтори го ова уште еднаш! – Пријатели мои, од кога не сме се виделе. – Бидете со нас и во текот на летото, наши верни читатели! – На почетокот, почитувани присутни, ви посакувам срдечно добредојде на отворањето на новиот рекреативен центар! – Не сакаш ни да ме ислушаш, мамо.

б) Со запирки се изделуваат поздрави, здравици, желби, зборови или изрази на учтивост и на различни видови реакции и сл.:

Здраво, уште еднаш! – Добар ден, може да влезам? – До следната средба, до видување! – Ќе дојдам утре, чао! – Пријатен престој, нашиот персонал ви е на располагање! – Среќен роденден, уживај во забавата! – Никако, не ни помислувај на тоа! – Нема да им се јавам, добро! – Како да не, ќе лета со параглајдер! – Каква дрскост, треба да ми се извините за ова! – По ѓаволите, ова не го очекував! – На здравје, и за следната пречистава да наздравуваме! – Браво, одлично испеавте!

в) Со запирки се изделуваат извиците на различни позиции во реченицата:

Еј, да не се качуваме со лифт! – Псст, поштивко, ве молам! – Ау, многу ме разочара! – Колку ми недостига, ах, стариот велосипед со двете ѕвончиња! – Не можам, леле, да престанам да се смеам! – Да си бевме сега таму, ех! – Се слушна само студеното затворање на кваката, штрак!

г) Со запирки се изделуваат модалните зборови и изрази на различни позиции во реченицата:

Напротив, сакам да ја слушнам вашата нова песна. – Пристигна, конечно, пратката од странство. – Ќе повториме уште еднаш, бездруго. – Според мене, не треба да повторуваме. – На излегување, за среќа, го исклучив компјутерот. – Убаво го сработиле тоа, нема што.

д) Со запирки се изделуваат честичките на различни позиции во реченицата:

Еве, за илустрација, прочитајте ја и оваа строфа! – Не одиме повторно сами, не. – И ти, дури, му поверува на тие зборови. – Нека се пријават двајцата на конкурсот, ако. – Ти го кажа истото, зарем не?

ѓ) Со запирки се изделуваат некои сврзници и зборови за засилување на почеток на реченица кои имаат воведувачка функција и се однесуваат како партикули:

Но, *тој никако не погледнува. – Ама*, *сега е вистинскиот момент. – Меѓутоа*, *денот беше пред крај.*

е) Со запирка се изделуваат зборови пренесени од директниот говор кога објаснувачките (авторските) зборови следуваат по него:

Таа одговори само едно кусо: „Да.“ – „Да“, *повтори и тој по неа.*

Запирката меѓу реченициите во составот на сложената реченица

Употребата на запирката меѓу реченициите во составот на сложената реченица е поврзана со односите што се јавуваат меѓу дел-реченициите.

256. Дел-реченициите во составот на независносложените реченици може да бидат: составни, спротивни, разделни, исклучни и заклучни. Тие може и да не се поврзани со сврзници (асиндетон).

а) Независносложените реченици што не се поврзани со сврзник (составните, спротивните и заклучните) се одделуваат со запирка:

Ние останавме до утрото, *виното го испивме*, *песните ги испеавме*, *зората ја дочекавме. – Во тој момент сите беа ученици*, *сите мораа да ја сфатат тежината на задачата. – На постара возраст се јавуваат проблеми*, *притисокот расте*, *холестеролот и шекерот во крвта се зголемуваат*, *мускулатурата слабее. – Цела ноќ се веселеше*, *јадеше*, *пиеше*, *пееше*, *изморен заспа во нејзините прегратки. – Оваа екипа ја следи состојбата*, *проучува*, *евалуира*, *известува*, *планира проекција на идните здравствени потреби. – Не може без мене*, *тој уште денес ќе дојде. – Половина клас не дојде на училиште*, *болни се од грип.*

б) Составните (копулативните) реченици поврзани со сврзникот *и* не се одделуваат со запирка:

Тој влезе во собата и седна до девојката. – Марко читаше весник и пушеше евтини цигари. – Момчето стана и си отиде. – Утре ќе одиме кај нив и ќе им кажеме в лице. – Секој ден ние јадевме и пиевме во исто време и на исто место. – Просветителството во Македонија започнало кон крајот на XVII век и траело до крајот на XIX век. – Тој живеел и работел во странство.

в) Во примерите кога се јавуваат различни вршители на дејства (различни подмети) или кога втората реченица се јавува како заклучок во однос на првата, тогаш пред *и* бележиме запирка:

Таа се лутеше и не зборуваше, и тој не беше подобар. – Учениците се подготвуваа за настапот, и родителите со нетрпение го очекуваа настанот. – Сега сите се потсмеваат и зборуваат зад грб, прават шеги на наша сметка, и тоа ќе помине.

г) Во составни реченици кога се јавуваат одречни дел-реченици со *ни* и *ниту* (засилени со некој збор за потсилување – *па*, *пак* и сл.) меѓу дел--реченициte се бележи запирка:

Не го сакам, ниту пак го мразам. – Тој не се согласува, ни па ни пречи во работата. – Не сакам да се сретнам со него, ни (ниту) гласот да му го слушнам.

д) Составните реченици со сврзниците *па*, *та* (од народниот јазик *да*) се одделуваат со запирка:

Ја извади шамијата од глава, па фати да реди. – Праша за работата, па излета низ врата. – Многу беше вредна, та со лесноќија ги завршуваше работите. – Таа зборуваше цело време, та од неа до збор не можеше да дојде.

ѓ) Сврзничкиот спој на оддалеченост *не само* (*што*)... *туку* (*но*, *ама*, *ами*) *и* не се одделува со запирка (доколку овој спој се јавува како вметната реченица, пред *не само* се пишува запирка):

Според првото, карактерот на повредата треба да се проценува, не само според времето на извршување на делото туку и со уважување на можноста за лекување, зашто секогаш од медицинската интервенција зависи квалификацијата на делото. – Тој треба постојано да мисли на семејството, не само да ги исхрани туку и да им овозможи нешто подобро, а тоа не е лесно.

е) Спротивните реченици (поврзани со сврзниците: *а*, *ама*, *ами*, *меѓутоа*, *но*, *туку*) се одделуваат со запирка:

Децата ја молеа, а таа не ги слушаше. – Многу сакаше да зборува, а сепак не рече ништо. – Не сакав да дојдам, ама ме донесоа. – Можеби беше горделива, ама беше со стил. – Не се смееше, туку плачеше гласно. – Лицата им беа како осланети, но очите носеа блесок. – Времињата се менија, но спомените останаа.

ж) Со запирка се одделуваат и речениците поврзани со (*а*) *камоли* (каде што се развива градациски однос) и *додека* (каде што имаме сопоставување, надоврзување и спротивставување):

Таа не сака да ме види, а камоли со мене да оди на натпревар. – Тие не сакаат да ме поддржат, камоли со мене да работат. – Во овој труд тој се ориентира кон феноменот на генетските модификации, додека во книгата тој е против генетскиот инженеринг.

з) Разделните реченици со сврзникот *или* не се одделуваат со запирка:

Со таквата критичка анализа се верифицира или се кориѓира определено толкување на законските одредби. – Навечер ѓледам телевизија или читам некоја книѓа. – Тој ќе седи со часови замислен или ќе оди да ја види. – Не можеше да дојде или не сакаше да пее, тоа никој не ѓо знае.

ѕ) Во разделните реченици поврзани со сврзникот *или*, по кој следува дел-реченица што е во одречна форма, или кога се јавува дел-реченица како логичен заклучок (кога сврзникот *или* е засилен со некој збор – *па*, *пак*, *можеби*, *поточно*, *подобро*, *барем* и сл.) се бележи запирка:

Таа е малку уплашена, или можеби мене така ми се чини. – Тој ќе победи на натпреварот, или барем ќе освои некое подобро место. – Не ѓо брани, или подобро да се тргнеш од мојот пат.

и) Разделните реченици со повторени сврзници (*или... или*, *било... било*, *ја... ја*, *де... де*, *час... час*, *ем... ем*, *и... и*, *ни... ни*, *ниту... ниту*) не се одделуваат со запирка, освен ако сакаме интонациски да издвоиме некој дел за да се нагласи дека се искажува со повисок тон:

Вечерта и виното ѓо испивме и прасето ѓо изедовме, ѓладни и жедни не останавме. – Ни (*ниту*) *руча ни* (*ниту*) *вечера, само си седи и си мисли. – Де супата била солена де салатата била свената, нему не му се погодува. – И паните ѓи дадовме и ѓладни останавме. – Ја ќе се сторам невеста ја ќе пукнам од јадови. – Ем паните си ѓи сака ем стоката ја сака. – Ниту играат ниту пеат.*

Или ќе им раскажеш дома за сите настани во последните неколку дена, или мисли му ја. – Ниту ручек видовме, ниту кафе ни дадоа. – Дојди невесто до мене, ти цело време де постануваш, де седнуваш!

ј) Ако се јавуваат едноподруго три или повеќе разделни реченици со повторени сврзници, тогаш тие се одделуваат една од друга со запирка, а кога меѓу нив ќе се јави некоја реченица како вметнат дел, ги одделуваме со запирка според смисловната оцена и според поблиската врска меѓу деловите:

До крајот на својот живот Партениј Зографски секоѓаш инсистирал на посебно, македонско, било да станувало збор за општиот – заеднички книжевен јазик, било да станувало збор за орѓанизирање самостојна словенска црква како опозиција на цариѓрадската (*фанариотска*), *било да се работело за раководство на црквата, било за унапредување на просветата. – Или ќе се заврши оваа приказна уште вечерва, додека не сме заборавиле зошто сме собрани, или тие ќе живеат цел живот без да ја знаат вистината. – Во овие денови на таѓа ниту му се јадеше ниту му се пиеше, ниту спиеше ниту буден беше, ниту сакаше да седи*

дома ниту да излезе. – Таа ем ја знаеше вистината ем зборуваше со неа, *ем сакаше да пресече ем сакаше да молчи.*

к) Исклучните реченици (поврзани со: *само*, *само што*, *освен што*, *единствено*, *единствено што*) се одделуваат со запирка:

Сите си заминаа, *само таа остана последна. – Тие ќе издржат до финалето*, *само повредените играчи нема да играат. – Добри сме сите*, *само девојчето малку настина. – Сите го положија испитот*, *само резултатите не се високи. – Ништо не му реков*, *освен што се смеев на неговите зборови*.

л) Заклучните реченици (поврзани со: *значи*, *веројатно*, *сигурно*) се одделуваат со запирка:

Таа била среќна, *значи добро им оди. – Тој се премисли*, *веројатно се свести. – Тие ја најавија промоцијата*, *веројатно ќе се случува овој месец. – Секоја година ни носи јаболка*, *веројатно ќе дојде повторно оваа година. – Таа работеше цел ден*, *сигурно е многу гладна.*

љ) Независните реченици вметнати во некоја друга сложена реченица, составена од повеќе дел-реченици, се одделуваат со запирка, било да станува збор за самостојна дел-реченица било за некој вид независносложена реченица:

Додека постои светот, *ќе има некои правила*, *ниту здравје ќе има ниту пари*т*е ќе се важни*, *љубовта е таа што е клуч на сите работи. – Таа сакаше да замине некаде далеку и да не се јави повеќе*, *не само за себе туку и за своите најблиски*, *ама тоа не е лесно и не се завршува за еден ден. – Седеше на истото место каде што го остави пред многу години*, *не си замина тој*, *туку таа се реши на таков чекор*, *сега треба да се видат и да си ги кажат вистините. – Постојаните анализи може само да ни дадат информација*, *без да се има предвид возраста на пациентите или да се издвојува половата различност*, *како прогресира болеста и дали се јавуваат нови секундарни заболувања.*

НЕЗАВИСНОСЛОЖЕНИ РЕЧЕНИЦИ

Запирка се пишува:	**Запирка не се пишува:**
Во составните, спротивните и заклучните реченици што не се поврзуваат со сврзник.	Во составните реченици поврзани со сврзниците *и*, *ни* и *нит͡у*.
Во составните реченици пред сврзникот *и*, кога во дел-реченицитe има различни вршители на дејствата (различни подмети) или кога втората дел-реченица се јавува како заклучок во однос на првата.	
Во составните реченици кога се јавуваат одречни дел-реченици со *ни*, *нит͡у* (засилени со некој збор – *и͡па*, *и͡пак* и сл.).	
Во составните реченици со сврзниците *и͡па*, *т͡а* (од народниот јазик *да*).	
Во составните реченици пред делот *не само* од сврзничкиот спој *не само... т͡уку* (*но*, *ама*, *ами*) *и*, кога тој е содржан во вметнатата дел-реченица.	Во составните реченици во сврзничкиот спој на оддалеченост *не само... т͡уку* (*но*, *ама*, *ами*) *и*.
Во спротивните реченици (поврзани со сврзниците: *а*, *ама*, *ами*, *меѓу͡тоа*, *но*, *т͡уку*).	
Во спротивните реченици поврзани со (*а*) *камоли* (каде што се развива градациски однос) и *додека* (каде што има временско сопоставување и спротивставување).	
Во разделните реченици, поврзани со *или*, кога се јавува одречна дел-реченица по која следува друга дел-реченица или кога се јавува дел-реченица како логичен заклучок (кога *или* е засилен со некој збор – *и͡па*, *и͡пак*, *можеби*, *и͡по͡точно*, *и͡подобро*, *барем* и сл.).	Во разделните реченици со сврзникот *или*.
Во разделните реченици со повторени сврзници (*или... или*, *било... било*, *ја... ја*, *де... де*, *час... час*, *ем... ем*, *и... и*, *ни... ни*, *нит͡у... нит͡у*) само ако треба интонациски да се истакне некој дел.	Во разделните реченици со повторени сврзници (*или... или*, *било... било*, *ја... ја*, *де... де*, *час... час*, *ем... ем*, *и... и*, *ни... ни*, *нит͡у... нит͡у*).
Во разделните реченици, според смисловната оцена и според поблиската врска меѓу деловите, кога последователно се јавуваат три или повеќе дел-реченици со повторен разделен сврзник.	

Запирка се пишува:	Запирка не се пишува:
Во исклучните реченици (поврзани со: *само*, *само што*, *освен што*, *единствено*, *единствено што*).	
Во заклучните реченици (поврзани со: *значи*, *веројатно*, *сигурно*).	
Во независните реченици вметнати во некоја друга сложена реченица, било да станува збор за самостојна дел-реченица било за некој вид независносложена реченица.	

257. Запирката меѓу реченициte во составот на зависносложените реченици

а) Кога се реченициte во инверзија (т. е. кога започнува реченицата со зависната, а по неа е главната дел-реченица), се одделуваат со запирка:

Ако дојдеш некогаш во нашето село, дојди ни на гости. – Ако е за арно, кажувај веднаш! – Додека се мислиш, некој ќе ти го купи фустаноt. – Кога ќе помине невремето, ќе одиме во градината да си играме. – Затоа што сме сиромаси, никој не доаѓа кај нас. – Бидејќи немам мир никаде, заминав кај баба ми. – Штом не можам да ја видам, веднаш ќе си заминам. – Кога го виде, не можеше да му се изнагледа. – Штом си толку итра, немој да бараш помош од мене. – Дури да трепнеш, лебоt ќе го изедаt. – Затоа што е убава, сите ја загледуваат. – Да знаев што ме чека, немаше да дојдам вечерва.

б) Со запирка се одделуваат деловите во сложената реченица кои претставуваат прилошки определби:

Додека се враќаше накај дома, мислејќи за настаноt, се лизна и падна. – Читаше книга, испружен на фотелјата, кога мајка му влезе во собата. – Седеа двајцата на клупата и, со смеење и шегање, си раскажуваа случки од минатото.

в) Кога се јавува независната (главната) дел-реченица пред зависната дел--реченица (или реченици), обично не се одделуваат со запирка:

Дојди најролет кога ќе биде потопло времето. – Остани кај нас ако сакаш да спиеш во селово. – Таа зборуваше тивко за да не го разбуди детето. – Тогаш мислеше дека нема крај на среќата. – Не си одам додека не го видам детето пред мене. – Таа остана да го разгледа градоt поубаво. – Тие го видоа момчето како се весели во кафеаната. – Нејзина заслуга е што го имаме станоt на вториоt кат. – Тој

раскажуваше како било некогаш. – Се насмевна пред да почне да зборува. – Не можеше да дојде бидејќи беше многу болна. – Сакам музика затоа што се родив во музичко семејство.

г) Зависнопрашалните реченици што се јавуваат по главната дел-реченица обично не се одделуваат со запирка:

Сите прашуваа дали ќе дојде таа кај нас. – Таа сакаше да знае кој е одговорен за настаноt. – Тој мислеше дали да ја прими назад. – Јас сум заборавила како се држи бебе. – Тогаш мислеше како да им помогне. – Прашајте ги што сакаат да јадат.

д) Зависнопрашалните реченици што се јавуваат пред главната дел-реченица се одделуваат со запирка:

Дали ќе дојде крај на макиите, сите прашуваа. – Дали да ја казни, си мислеше тој. – Како да им помогне, цела ноќ размислуваше. – Кој ти рече да дојдеш ваму, ми вели.

ѓ) Односните зависносложени реченици (со: *што*, *кој*, *којшто*, а и со предлози пред нив) не се одделуваат со запирка од зборовите на кои се однесуваат кога заедно со нив претставуваат поврзана целост:

Сите мои другарки што се омажија пред мене сега се мајки. – Добри се децата што се грижат за своите родители. – Студените капки дожд ги воденеа прозорците што ги бришевме утрото. – Ретко се среќава таква жена како што е Јана. – Го сака тоа што не може да го добие. – Девојките со кои се сретнавме биле од Куманово.

е) Не се пишува запирка кај односните реченици што се јавуваат во атрибутска служба и кога зад односната реченица што се однесува на подметот на главната следуваат други зборови:

Ќе сториме сè што треба. – Тој што го сакам сега е до мене. – Она што ми треба ќе го најдам. – Секој што ќе дојде е добредојден. – Луѓето што дојдоа не се одовде. – Таа што ми треба сега е далеку.

ж) Се одделува со запирка односната реченица ако е дел од сложена реченица составена од повеќе дел-реченици за да се определи главната реченица и за да не се изгуби смислата, доколку има вметнат дел:

Сите досегашни настани во Месецот на книгата, што ги имаше во голем број, ја покажуваат нашата грижа за пишаниот збор. – Моите колеги од оваа институција, со кои поминавме многу заеднички потфати, знаат колку е тешко да се работи на вакви проекти.

з) Се одделува со запирка односната реченица ако е во апозитивна служба и притоа определува познат поим:

Толковниот речник на македонскиот јазик, *којшто е составен од шест томови*, *е резултат на повеќегодишна работа. – Градскиот трговски центар*, *сместен во централниот дел на Скопје*, *којшто е изграден по земјотресот*, *има три ката.*

ѕ) Исказните зависносложени реченици (со сврзниците: *дека*, *оти*, *како*, *што*, *да*, *дали*, *кога*, *колку*, *како*) не се одделуваат со запирка:

Сите мислат дека ова е најдоброто нешто. – Го мачи тоа што не го забележала меѓу присутните. – Просто зачудува фактот дека може да бидеме толку неодговорни.

и) Заповедниот начин во дел-реченицата не се одделува со запирка, освен ако не следува по него дел-реченица како објаснување или дополнување:

Речи му да престане. – Дојди кај мене кога ќе завршиш со работата. – Престани да се плашиш. – Почни да работиш и да заработуваш. – Остани овде и продолжи со работата, *не си го губи времето.*

ј) Месните односни зависносложени реченици (со сврзниците *каде што*, *кај што* и со предлог пред нив) не се одделуваат со запирка:

Јас бев на местото каде што се случил настанот. – Таа оди каде што може да ги искаже сите свои умешности. – Јас не одам на места каде што оди тој. – Тие нека се вратат од кај што дошле.

к) Месните односни зависносложени реченици (со сврзниците *каде што*, *кај што* и со предлог пред нив) се одделуваат со запирка кога претставуваат вметнат дел или дополнување:

Јас бев во центарот на градот на големиот плоштад, *каде што се случил настанот*, *со некои мои блиски пријатели. – Таа оди во Белград*, *каде што студирала.*

л) Временските зависносложени реченици (со сврзниците и сврзувачките зборови: *кога*, *штом*, *штотуку*, *тукушто*, *откако*, *пред да*, *дури*, *дури да*, *додека*, *додека да*) не се одделуваат со запирка:

Јас не видов кога дошле гостите. – Секогаш знаеше кога треба да престане со работата и да им се посвети на домашните обврски. – Сосема се повлече откако ги роди децата. – Таа се појави пред да заврши филмот. – Некој влегол во станот додека спиевме. – Тие се прекрстиле пред да влезат во црквата. – Не запирам додека не ја фатам среќата за гуша. – Нашите средби престанаа откако дипломира таа. – Тие ја завршија работата додека да трепнеш. – Немој да излегуваш од дома дури да дојдам од часови.

љ) Временските зависносложени реченици се одделуваат со запирка кога зависната дел-реченица се јавува по главната на крајот само како допол-

нување или како вметната реченица во составот на сложена реченица составена од повеќе реченици:

Таа постојано беше присутна во неговиот живот и претставуваше негова инспирација, додека тој живееше во Франција. – Вечерта, кога немаше никој дома, таа полека влезе во куќата, прошета низ собите и ги зеде фотографиите.

м) Условните зависносложени реченици (со сврзникот *ако*) обично се одделуваат со запирка кога зависната дел-реченица се јавува по главната:

Можеш да постигнеш многу, ако сакаш да се потрудиш. – Сите ќе се спротевме, ако се јавеше еден храбар водач. – Сите наши идеали ќе беа наша реалност, ако бевме храбри да истраеме. – Можеше да продолжи да го одгледува зеленчукот, ако имаше добра заработувачка. – Таа нема да дојде кај нас ако има срам и образ.

н) Во кратки искази каде што врската е непосредна, условните зависносложени реченици не се одделуваат со запирка:

Јави се ако си слободен. – Дојди ако сакаш. – Јади ако си гладен. – Не доаѓај ако не можеш.

њ) Причинските зависносложени реченици (со сврзниците и сврзувачките зборови: *бидејќи*, *затоа што*, *поради тоа што*) не се одделуваат со запирка:

Таа сака да помогне затоа што само така ќе се расчисти целата работа. – Ваквиот пристап се чини и порационален бидејќи претпоставува посеопфатна заштита на човековото здравје. – Ова прашање заслужува внимание бидејќи содржи иницијативи за развиток на стопанството. – Не дојдов бидејќи немав доволно време. – Во Долна Долина најмногу луѓе се плашеа поради тоа што не си верувааа себеси.

о) Кога е причинската зависносложена реченица поголема и кога е врската полабава, кога станува збор за повеќе дел-реченици што се јавуваат како причински или кога се јавува како вметнат дел или како дополнување, причинските реченици се одделуваат со запирка:

Ваквите книги се корисни зашто објаснуваат методски постапки, бидејќи нудат богата литература, зашто сознанијата во нив се добро елаборирани.

п) Во последичните зависносложени реченици пред сврзувачкиот состав *така што* редовно се пишува запирка, а во сврзувачките состави *толку што/толкав што/таков што* не е задолжително:

Тој ја наведна пониско главата, така што лицето му стана темно и невидливо. – Неговиот долг беше толкав што не можеше да го отплати.

– Таа го сакаше толку, што не можеше да го замисли животот без него.

р) Последичните зависносложени реченици (со сврзниците *така... што*, *толку... што*) не се одделуваат со запирка кога е *што* одделено од *толку* и од *така* со некој збор или реченичен член:

Воздухот беше толку врел што се чинеше дека гори. – Тој зборуваше така лесно и убаво што сите останаа без здив. – Таа е толку слаба што не може да се движи.

с) Целните зависносложени реченици (со сврзниците *за да* и *да*) не се одделуваат со запирка:

Дојде за да ми ја соопшти убавата вест. – Ме повика за да ме почести за дипломата. – Таа дојде да ни помогне. – Потребна е голема акција за да се реализира оваа програма. – Отидовме во болница да го посетиме болниот. – Тој застана да ја поздрави девојката. – Тие дојдоа за да пијеме кафе.

т) Допусните зависносложени реченици (со сврзниците и сврзувачките зборови: *иако*, *макар што*, *и покрај тоа што*, *ако*, *и да*, *дури и да*, *колку и да*, *како и да*, *каде и да*) не се одделуваат со запирка:

Јас ќе си купам мотор макар да ги дадам сите пари. – Голема работа завршивме макар што бевме малку. – Таа се покажа во најдоброто издание иако не сакаше да зборува за своите успеси. – Таа ќе остане доследна на ветувањето дури и да се случи нешто.

ќ) Допусните зависносложени реченици се одделуваат со запирка кога зависната дел-реченица се јавува по главната како вметнат дел или како дополнување:

Таа е упорна во достигнувањето на зацртаните планови и никогаш не отстапува, иако е тоа понекогаш многу тешко. – Неа веќе нема да ја барам, колку и да ми треба, ќе си најдам друга.

у) Начинските и споредбените реченици (со сврзувачките зборови: *како што*, *така како што*, *како да*, *како божем*, *небаре*, *без да*, *колку што*, *отколку што*) не се одделуваат со запирка:

Зборувај колку што сакаш. – Таа се облекува како што сака. – Таа заврши со работата побргу отколку што мислеше. – Тие прославуваа како што сакаа. – Живее како божем утре ќе умре. – Јаде небаре сто години гладувал. – Зборува без да внимава кој го слуша.

ф) Кога се вметнати, начинските и споредбените реченици редовно се одделуваат со запирка:

Само по неколку недели, како што ми кажа сестра ми, дошла некоја девојка да ме побара. – На клупите седеа пензионерите, постојано зборуваа за младоста, така како што разбрав, сите биле соседи.

x) Кога се јавуваат повеќе дел-реченици во составот на една сложена реченица, запирката се пишува според опишаните правила за одделни реченици. Во поголеми состави, запирката може да се определи според интонациските потреби и логичкиот сооднос меѓу деловите:

Денеска, во време на глобализација и на драматични општествени и економски промени на национално и на меѓународно ниво, сè појасни се заканите за здравјето на населението, а почитувањето на човековите права, вклучувајќи го правото на здравје и правата на пациентите, сè повеќе се во ситуација да бидат компромитирани. – Очекувањата се дека со оваа заедничка активност на двата факултета во рамките на интегрираниот универзитет, со внесување новини во процесот на едукацијата во областа на правото и јавното здравство, ќе се обезбеди нова генерација професионалци кои ќе бидат оспособени да бидат добри лидери, советници, менаџери и аналитичари, со знаења преку кои ќе го усвојат и ќе го применат интегралниот концепт на правото, на јавното здравство и на човековите права со цел да се подобри здравјето на заедницата, подобро да функционира здравствениот сектор и да се промовираат етичките принципи и правните норми на системот во Република Македонија.

ЗАВИСНОСЛОЖЕНИ РЕЧЕНИЦИ

Запирка се пишува:	Запирка не се пишува:
Кога речениците се во инверзија (реченицата започнува со зависната дел-реченица, а по неа е главната дел-реченица), при одделувањето на дел-реченициte.	Кога независната (главната) дел-реченица се јавува пред зависната дел-реченица (или реченици).
При одделувањето на глаголскиот прилог, глаголската придавка и глаголската именка кога тие се наоѓаат пред главната реченица или кога се во составот на друга дел-реченица (како вметнат дел, сами или со некој друг збор).	Кога глаголскиот прилог стои непосредно до прирокот и се доближува до него со значењето.

Запирка се пишува:	Запирка не се пишува:
Кај зависнопрашалните реченици што се јавуваат пред главната дел-реченица.	Во зависнопрашалните реченици што се јавуваат по главната дел-реченица. Кога ја нагласуваме зависнопрашалната реченица, ја одделуваме со црта или со две точки.
Кај односната реченица ако е дел од сложена реченица составена од повеќе дел-реченици за да се определи главната реченица и за да не се изгуби смислата, доколку има вметнат дел.	Меѓу односните зависносложени реченици (со: *што*, *кој*, *којшто* и предлозите што може да се најдат пред нив) и зборовите на кои се однесуваат кога заедно со нив претставуваат целина.
За одделување на односната реченица ако е во апозитивна служба и притоа определува познат поим.	Кај односните реченици што се јавуваат во атрибутска служба и кога зад дел-реченица што се однесува на подметот во главната, следуваат други зборови.
	Кај заповедниот начин во дел-реченицата, освен ако по него не следува дел-реченица како објаснување или дополнување.
	Во исказните зависносложени реченици со сврзниците: *дека*, *оти*, *како*, *што*, *да*, *дали*, *кога*, *колку*, *како*.
Кај месните односни зависносложени реченици (со сврзниците *каде што*, *кај што* и со предлог пред нив) кога се во составот на поголема сложена реченица како вметнат дел или како дополнување.	Кај месните односни зависносложени реченици со сврзниците *каде што*, *кај што* со предлог пред нив.
Кај временските зависносложени реченици кога зависната дел-реченица се јавува по главната, на крајот само како дополнување или како вметната реченица во составот на сложена реченица составена од повеќе реченици.	Кај временските зависносложени реченици (со сврзниците и сврзувачките зборови: *кога*, *штом*, *штотуку*, *тукушто*, *откако*, *пред да*, *дури*, *дури да*, *додека*, *додека да*) кога зависната дел-реченица се јавува по главната.

Запирка се пишува:	Запирка не се пишува:
Најчесто кај условните зависносложени реченици, кога зависната дел-реченица се јавува по главната.	Кај условните зависносложени реченици кога зависната дел-реченица се јавува по главната во кратки искази каде што врската е непосредна.
Кај причинските зависносложени реченици кога сложената реченица е поголема и кога врската е полабава; кога станува збор за повеќе дел-реченици што се јавуваат како причински или кога се јавува причинската реченица како вметнат дел или како дополнување.	Во причинските зависносложени реченици кога зависната дел-реченица се јавува по главната.
Во последичните зависносложени реченици пред сврзувачкиот состав *така што*. Во сврзувачките состави *толку што* / *толкав што* / *таков што* не е задолжително.	Во последичните зависносложени реченици (со сврзниците *така... што*, *толку... што*) кога е *што* одделено од *толку* и од *така* со некој збор или реченичен член.
Во целните зависносложени реченици кога се во инверзија.	Во целните зависносложени реченици кога зависната дел-реченица се јавува по главната.
Во допусните зависносложени реченици (со сврзниците и сврзувачките зборови: *иако*, *макар што*, *и покрај тоа што*, *ако и да*, *дури и да*, *колку и да*, *како и да*, *каде и да*) кога зависната дел-реченица се јавува по главната како вметнат дел или како дополнување.	Во допусните зависносложени реченици (со сврзниците и сврзувачките зборови: *иако*, *макар што*, *и покрај тоа што*, *ако и да*, *дури и да*, *колку и да*, *како и да*, *каде и да*) кога зависната дел-реченица се јавува по главната.
Редовно во начинските и споредбените реченици (со сврзувачките зборови: *како што*, *така како што*) кога тие претставуваат вметнат дел.	Во начинските и споредбените реченици со сврзувачките зборови: *како што*, *така како што*, *како...да*, *како божем*, *небаре*, *без да*, *колку што*, *отколку што*.
Според опишаните правила за одделни реченици, кога се јавуваат повеќе дел-реченици во составот на една сложена реченица. Во поголеми состави, запирката може да се определи според интонациските потреби и логичкиот сооднос меѓу деловите.	

ТОЧКА И ЗАПИРКА (;)

258. Знакот точка и запирка се бележи за да се означи одделување независни реченици во составот на една сложена реченица составена од повеќе реченици, особено ако се употребени запирки во реченициte:

Таа стоеше пред него, но не се смееше и не се плашеше; ова беше мигот на вистината; ова беше она од што се плаши секој што мамел. – Обвинетиот има право да биде присутен на судењето и да се брани сам или со помош на правен застапник по свој избор; ако нема бранител, да биде запознаен со своето право да го има; кога тоа го бараат интересите на правдата. – Повторно ќе се јават нови барања и ќе има уште предизвици, а ние ќе бидеме поискусни и помудри; никој не рече дека ќе биде лесно. – Не е лесно да љубиш и да простуваш; да веруваш, а да не го покажуваш тоа; да чекаш да дојде вистинскиот момент.

259. Знакот точка и запирка се бележи и кај независни реченици (поврзани со *но*, *ама* (*сепак*), *меѓутоа*) коишто влегуваат во составот на една поголема независносложена реченица, особено ако се јавуваат запирки во нив:

По камењата слетуваа немирни тресиопашки, кои своите гнезда ги криеја во камењарот; горе, во чистото пространо небо се вишеа орли; но децата од сето тоа ништо не забележуваа. – Сите насоки водат кон него, нема ниту еден знак што може да му помогне; меѓутоа тој не беше виновен, а таа тоа го знаеше. – Се надевав дека повеќепартискиот систем ќе го реши, барем, прашањето со вечните и некадарни директори и незаменливи функционери; но, пак, излезе она старото; кој си имал, ќе си има, и кој си бил, ќе си биде. – Во високите гори, на каменитите почви не се развива буен растителен свет, и она што се јавува е отпорно на студ; ама сепак се среќава рунолистот или горската ѕвезда.

260. Знакот точка и запирка се бележи и кај зависносложени реченици составени од повеќе реченици каде што зависните реченици се упатуваат кон една главна:

Сигурен сум дека ќе дојде кај мене; дека ќе побара објаснување за сите настани; дека ќе се увери дека грешиш; дека ќе се извинува и ќе плаче. – Ако се направат сите потребни анализи; ако се покажат резултатите позитивни; ако се проверат во современи лаборатории – тогаш ќе се знае вистинската дијагноза. – Треба да се побегне од ова место, далеку, далеку; да останеш на пат; да паднеш на патот, сонцето да те изгори; да не се вратиш.

261. Знакот точка и запирка се пишува во сложени реченици составени од повеќе видови различни реченици (зависни и независни) смисловно поврзани во целина:

Местото на смртната казна од претходното кривично законодавство го зазела казната долготраен затвор; кај казната затвор се изменети казнените рамки (од 30 дена до 20 години); воведен е нов модел на парична казна, односно парична казна во дневни износи; модифициран е и начинот на нејзино претворање или замена во т.н. супletорен или супсидијарен затвор; воведена е и општокорисна работа на слобода како посебна (алтернативна) мерка; значително се изменети и мерките на безбедност; воведени се воспитни препораки или воспитни налози како нова категорија на воспитни санкции или мерки кон малолетници, како и некои други помалку важни измени и интервенции. – Луѓето се раѓаат и живеат слободни и еднакви во правата; општествените разлики може да бидат засновани само врз заедничка корист; цел на секое политичко здружување е зачувувањето на природните и незастарливите права на човекот.

262. Со знакот точка и запирка се одделуваат и исторедни реченици во составот на една сложена реченица кога ќе се јават едноподруго:

Сакам да му верувам на момчето; сакам да им верувам на соседите и на пријателите; сакам да престанат караниците; едноставно сакам мир. – Подготвувачите на политиките задолжени за спроведување на територијални анализи за определување на границите треба да ги евалуираат силните и слабите страни на понудата на територијата; да го анализираат нивото на задоволство на жителите и да ги сослушаат нивните потреби; да ги идентификуваат областите каде што може да се преземат мерки.

263. Знакот точка и запирка се пишува и кога следува реченица која претставува дообјаснување или завршна мисла:

Не се знае колку долго ќе трае сето ова; оваа болест некогаш трае со месеци. – Како што карактеристиките поврзани со територијалното подрачје стануваат сè поважни, станува очигледно дека сите територии не се еднакви меѓу себе; територијата, онака како што економистите гледаат на тој поим, со своите многукратни аспекти, ја надминува концепцијата на изоморфен и изотропен простор. – Кога некој се жали против некого, тогаш се повикува обвинетиот, кој, штом ќе дојде, ако е внатре тужителот, треба да излезе надвор; во зависност од карактерот на предметот може да присуствуваат и двајцата наеднаш.

264. Знакот точка и запирка се употребува и кога набројуваме зборови или група зборови во определен редослед што се поврзани со заеднички карактеристики:

Целиот проект е составен од: ученици од предучилишна возраст од тригодишна, четиригодишна и петгодишна возраст; ученици од прво, второ, трето и четврто одделение; ученици од шесто одделение; воспитувачи и наставници.

265. Знакот точка и запирка се пишува кога набројуваме подолги несамостојни зборовни состави што содржат во себе други интерпункциски знаци, особено запирка:

На тоа рамниште судското право се дефинира како систем од правни норми: 1) *правото на пристап до суд, на независен и непристрасен суд и на заштита на другите човекови слободи и права; 2*) *судски систем, положба, организација и надлежност на судовите; 3*) *статус, права, одговорност и должности на судијата. – Локализацијата ќе може да постигне серија од важни цели: а*) *одржување единствени и типични продуктивни стандарди; б*) *достапност во период на ексклузивно продуктивни знаења и технологии; в*) *когнитивни, структурни, менаџерски и економски можности; г*) *достапност на знаење и единствени конкурентни предности; д*) *интеракција меѓу производствените компании и локализацијата на производството и комерцијалниот пазар; ѓ*) *когнитивни можности кои произлегуваат од локалниот контекст на производството и комерцијалниот пазар.*

ДВЕ ТОЧКИ (:)

266. Две точки се пишуваат при набројување, по делот од реченицата на кој се однесуваат содржините што се набројуваат (зборови, зборовни состави, реченици или делови од текст):

Купете: леб, вода, овошје и зеленчук. – Секој треба да носи: вреќа за спиење, прибор за храна, топла облека и компас. – Преведете на латински: Земјата е ѕвезда, Повторувањето е мајка на знаењето и Историјата е учителка на животот. – Во конкурсот пишуваше: да имаат завршено средно образование, да не се постари од 30 години и да зборуваат барем еден странски јазик.

267. Две точки се пишуваат по зборовите или по изразите: *како, на пример, и тоа, имено, следново, следните..., овие...* и др., со кои се воведува набројувачката низа:

Напишете антоними за следните зборови: ноќ, гласна, горе, молчи, пред. – Електронската програма бара, на пример: број на телефон, број на банкарска сметка, електронска адреса, одговор на безбедносно прашање и др. – Не заборавајте го следново: да ја проверите временската прогноза, да се спакувате навреме и добро да отспиете.

268. Две точки може да изостанат при набројувањето ако прават членовите на набројувачката низа интонациска и ритмичка целина со претходниот дел на реченицата:

На учесниците им беа платени сместувањето, храната и курсот. – За него е вообичаено и да запее, и да заигра, и да се радува на мали работи. – Секогаш ги прашуваше каде биле, како си поминале, со кого се виделе, кога се вратиле и што уште не.

269. Две точки се пишуваат при набројување во вертикална низа, т. е. кога единиците на набројувачката низа се пишуваат една под друга:

Да не заборавам:

– *да го исклучам бојлерот,*
– *да ја платам сметката за струја,*
– *да им го дадам клучот на соседите.*

Определете се за една од можностите:

а) *плаќање во банка*

б) *плаќање со картичка*

в) *плаќање со готовина*

Заокружете ја бројката пред точниот одговор:

1. Возачот смее да сврти само лево.

2. Возачот смее да сврти само десно.

3. Возачот смее да сврти и лево и десно.

270. Две точки не се пишуваат при набројување во вертикална низа ако набројувањето следува по наслов: *Содржина*, *Индекс*, *Библиографија*, *Користена литература* и сл.:

СОДРЖИНА

Предговор 3

Поставка за запишување 4

Студиски групи и насоки 6

Наставни активности 10

Мобилност на студирање 12

271. Две точки се пишуваат за да се воведе содржина којашто ќе дообјасни дел од реченицата или целата реченица, што смисловно е целосна и без делот по двете точки:

Треба да се внесат и лични податоци: име, презиме и матичен број. – Тоа беше среќен период за нив: се вселија во новиот стан, децата дипломираа, а таа ја доби наградата. – Уште тогаш знаев дека ќе биде така: ќе дојдеш и ќе донесеш среќа во нивниот дом.

272. Две точки се пишуваат пред директен говор или пред цитат што се воведува со зборовите: *рече, праша, вели, пишува, потсетува, повторува*:

Уште еднаш праша: „Влегуваат ли и патните трошоци во цената?“ – Во интервјуто Котеска вели: „Критичар е човек кој е кадарен доволно да се оддалечи од делото, а потоа да се врати кон себеси и точно да ја измери оддалеченоста.“ – Текстот продолжува мајсторски: „Проклет да бидам, тој како да не беше во стројот, како да не одеше по тој грутчест, трагичест полски пат. Се колнам, тој како да не беше на земја.“

273. Две точки може и да изостанат при пренесување директен говор или цитат ако нема воведувачки зборови или ако се пренесува само збор или зборовен состав (в. Наводници):

Тоа е тој „ред воспоставен од хаосот“. – Навистина „ништо не е повидливо и ништо не е поприсутно од твоето отсуство“. – И „релативноста“ на Ајнштајн сакаат да ја побијат со своите глупости. – Такви „лажни пророци“ опева Конески.

ТРИ ТОЧКИ (...)

274. Три точки се пишуваат на крајот на незавршен исказ (без празно место пред нив, без белина по последниот збор), а по нив следува празно место во примерите кога исказот продолжува. Тие може да се употребат и на различни места од текстот каде што се јавува прекин:

Таа остана сама во туѓа земја, без децата, без... – Никој не ја знае мојата болка... Мојата тага е затворена длабоко. – Сега е време за молчење... – тивко прозбори таа. – Треба да се планира подобро, да се работи, да се мисли... Тоа не е лесна работа.

275. Три точки се пишуваат во незавршен исказ од прашални или од извични реченици (по прашалникот или по извичникот) или такви изрази што доаѓаат едноподруго, и по нив следува празно место:

– Ха, ха, ха!... Толкава ли беше храброста?...

– Оди, девојко!... Оди и најди ја среќата!...

276. Три точки се пишуваат за да се означи застој во говорот или при испрекинато искажување на зборовите:

– До... до... добро! – нема да се случи ништо лошо.

– Таа е многу убава... ах, како ангел, како привид... со прекрасна става, тешко се опишува.

– Са... сакам – вресна момчето.

277. Три точки се пишуваат при пренесување делови од разговор (телефонски, електронски и сл.) за да се обележи застој и подолга пауза во исказот:

– Здраво... кого бараше? Ништо не се слуша... зборувајте погласно! – Се јавувам во врска со огласот... сте продавале стан?

278. Три точки се пишуваат за да се означи прекин на натамошно набројување:

Територијата е производ кој веќе е создаден со текот на историјата, развојот, традицијата, културата... – Добро зачуваните природни богатства (реки, планини, ридови...) претставуваат добра кои влијаат врз атрактивноста на туризмот. – Италија се перципира како земја на вино, храна, музика, море...

279. Во ваквите примери знакот три точки, според видувањата на составувачот на информацијата, може да се замени со: *и така натаму* (*итн.*), *и слично* (*и сл.*), *и други/друго* (*и др.*):

Во процесот на стратешкото територијално планирање се вклучени: стопански комори, здруженија на производители, здруженија на потрошувачи и сл. – Тоа се производи што се синоними за совршеност, здравје, услуга, функционалност итн.

ЗАГРАДИ ( )

280. а) Во загради се пишува појаснување, забелешка, прашање и др. во врска со претходниот дел од реченицата:

Пред да започнат со работа (независно каде), треба да добијат упатница од агенцијата за вработување. – Некои преземени туѓи зборови (најчесто именки, придавки и прилози на -о) имаат двоен акцент. – Македонски производи (тутун, афион, памук, кожарски изработки) беа продавани и по пазариштата на Виена, Лајпциг и други светски градови. – Шапкарев собирал народни песни (најдолгата епска песна кај нас, за Кузман Капидан, ја запишал тој), приказни, гатанки, пословици и др. – Состојбата на садниците од минатата година (и не само од минатата година!) е загрижувачка. – Едноставно, мораше да замине ненајавено (можеше ли поинаку во тие околности?).

б) Во загради, заради дополнително појаснување, се пишуваат и податоци што на некој начин ја повторуваат информацијата од претходната содржина:

Неда (*мајката на Кузман*) *и самата е јунак. – Истата година* (*1945*) *се појавува неговата прва поетска збирка*, *„Мостови“. – Од Хераклеја патот дијагонално се протегал кон Стоби* (*археолошки локалитет на устието меѓу Црна Река и Вардар*).

281. а) Во загради може да се внесе и дел-реченица што е во смисловна и синтаксичка врска со претходниот исказ:

Ова е специфична професија (*и затоа е многу голем предизвик*). *– Ги донесе книгите од библиотека* (*но не и моите*) *и рече дека утре не доаѓа. – Не застанаа* (*ниту да јадат*, *ниту да пијат*). *– Тргнал наваму* (*значи ќе стигне*), *ама не зел опрема за нуркање. – Престана да скија* (*откако ја скрши ногата*). *– Сноши задоцнив* (*така што денес нема излегување*), *и дома не ми зборуваат. – Не би можела поинаку* (*и кога би сакала*).

б) Во загради се пишува израз или реченица како забелешка и појаснување на авторот за содржината од претходната реченица:

Ќе дојдете ли повторно во Македонија? – И повеќе од сигурно. (со широка насмевка) – *Многу ви благодарам*, *без сите вас немаше да се случи оваа прекрасна вечер!* (последен длабок поклон, ја напушта сцената) – *Драги наши дипломци*, *ви посакувам успех во вашата професија и светла иднина!* (Громогласен аплауз. Капите летаат високо во воздух.)

в) Во загради се пишуваат една или повеќе реченици како дополнување на содржината од претходната реченица:

И затоа неговите аргументи ќе бидат земени предвид. (*Ќе се разгледаат и аргументите од другите. Следниот состанок ќе се одржи в петок.*) – *Далечинскиот управувач е најнечистиот предмет во вашиот дом.* (*По телефоноти*, *се разбира!*) – *Апаратите траат помалку од гаранцијата*, *а резервните делови се поскапи од нов апарат.* (*За апаратите за кои има резервни делови.*) – *Гостите имаат можност да изберат соба со поглед.* (*Во термините што не влегуваат во главната сезона.*)

282. Во загради се пишуваат дидаскалиите во драмските текстови:

СИМОН (*Станува. Го зема шишето. Се гледаат.*): Не можам. Не тебе.

АНЃЕЛЕ: Алал вера. (*Пауза. Му ја подава сообраќајната дозвола. Благоја ја зема. Пауза.*)

283. Во загради во состав на реченицата или по неа, во научни и стручни текстови се внесуваат упатства за полесно снаоѓање во текстот, како и библиографски податоци за претходно цитирани содржини:

Изразот „Се извинувам?“ (*сп.: „Се извинувам, не слушнав добро?“*) *е употребен самостојно со прашална интонација.*– Фотосинтезата (слика 28) *е процес во кој растенијата создаваат храна. – Според Конески, јазикот ја дели судбината на своите носители* (*Андреевски 1991: 433*).

284. а) Во загради во состав на реченицата или по неа се пишува и прашалник или извичник, за да се нагласи личниот став на зборувачот кон еден дел од реченицата или кон целата нејзина содржина:

Тој (*?*) *ти го кажа тоа? – Платиле двојно повеќе, а не се побуниле.*(*?*) *– Неговата книга* (*!*) *ја издаваат по третпат.*

б) При цитирање, во загради во состав на реченицата или меѓу реченици се пишуваат три точки за да се означи намерно испуштен текст:

Целните зависносложени реченици имаат доцирни точки со причинските (...) *Така, реченицата „Дојдов за да те видам.“ може да се трансформира во причинска* (...) *„Дојдов затоа што сакав да те видам.“ – Настојувајте да бидете смирени и да ја намалите тремата. Подгответе неутрални одговори за прашања кои можат да Ве претставаат во лоша светлина.* (...) *На заминување, не заборавете: насмевка и позитивен став секогаш и секаде! – Кај ќе стасам ќе разделам топло од студено, на шеќерот ќе му забранам да се споредува со тебе, не ќе оставам растојание што ќе биде меѓу нас,* (...) *слепо и глуво ќе исцелам само да ме сакаш.*

285. Во квадратни загради [ ] се внесуваат забелешки на читателот, редакторот или лекторот, во состав на неизворен, преземен текст:

Наградниот [награденият] *расказ се издвојува од другите според својата уметничка поетика, како и според интенцијата да фрли нова светлина врз историскиот лик на Константин Миладинов. – Со исти здив умираат љубовниците. Со исти здив умираат оние што макар еднаш, во еден миг се љ у б е л е* [белините се мои].

286. За внесување содржини во загради во текст кој е веќе во загради, се комбинира употребата на заоблените и на квадратните загради:

(*Поставувањето на целите на наставната единица во оваа [поодминатата] фаза од планирањето на часот може да се смета, меѓу другото, и за грубо нарушување на повеќе наставни принципи. Понатамошниот тек на активностите е во директна врска со целите на часот. [Проверете го делот за наставните принципи. Не пристапувајте кон креирање содржини за мотивацијата без да ги прецизирате образовните, функционалните и воспитните рамки на активностите.]*)

ЦРТА (ТИРЕ) (–)

Цртата е интерпункциски знак што се пишува пред почетокот и во средината на реченицата и од двете страни се одделува со белини.

287. Црта се пишува при пренесување директен говор:

а) Пред реченици од директниот говор што започнуваат во нов ред:

– Знаеше дека наваму не смееше да возиш по 20 ч.?

– Да, го прочитав известувањето.

– Тогаш, побрзај, веќе е 19:45!

– Благодарам!

б) Во средина на реченицата, по исказот од директниот говор, а пред објаснувачкиот (авторски) текст:

– Дојди порано ако сакаш да поразговараме – им рече Марија.

„Не врти се по она што сте го оставиле, немаш право на него!“ – со лутина во гласот и низ заби процеди мајка им.

в) Во средина на реченица од директниот говор, пред и по објаснувачкиот (авторски) текст:

– Нам не ни останува ништо друго, – рече на крајот сојузниот капитен – туку да играме на победа.

„И кога го велам ова – продолжи учителот – јас мислам, пред сè, на вас, драги ученици.“

г) Помеѓу реченици од директниот говор, пред и по објаснувачкиот (авторски) текст:

– Јас сум нова во хорот, – рече таа. – Може ли да влезам?

„Колку минути доцневте? – ги праша. – Се надевам не повеќе од пет.“

288. Црта се пишува во средина на реченицата за да се одделат делови од текстот – реченици, зборовни состави или зборови, вметнати како објаснување или дополнување во состав на реченицата. Вметнатите делови во реченицата можат да бидат одделени и со запирка, две точки или загради, меѓутоа цртата означува поголема пауза од запирката, поголема нагласеност од двете точки и посилна врска со околниот текст отколку заградата:

а) Црта се пишува пред и по вметнати реченици или зборовни состави:

Неговата мајка пристигна – весела и расположена како и секогаш – на само две минути пред тргнувањето на возот. – Тој си ги зеде ситесвои работи – палтото, ранецот, капата и шалот – и излета како фурија од станот.

б) Со црта може да се одделуваат апозицијата или други делови на реченицата, како дополнување на претходната содржина:

Таа – девојката на Марко – и самата не беше свесна што се случува. – Во 1944 година почна да се печати првиот весник на македонски јазик – „Нова Македонија“. – Сакав да си купам нешто ново за летувањето – неколку маички и едни бермуди. – Таму – на истото тоа место од пред многу години, го немаше стариот даб.

в) Со црта се одделува дополнување во форма на збор или зборовен состав преземен од директниот говор или од натписи, наслови, забелешки и сл.:

Овде внесете една од двете можности – ’се согласувам‘ или ’не се согласувам‘. – Погледнете го знакот – забрането паркирање! – Ќе читам како што напишале од агенцијата – екскурзиите се по избор и се плаќаат дополнително.

289. Црта се пишува пред дел од реченицата што треба да биде посебно истакнат:

а) Црта се пишува пред зборовите: *тоа*, *сè*, *сите*, *сето*, *само*, *само тоа*, *сето тоа*, *ништо* и др., со кои се воведува нагласување на претходниот дел од реченицата или на претходното набројување:

Љубовта – тоа е вечно воспевано чувство кај сите народи. – Охрид, Ресен, Битола и Прилеп – сите спомнати градови требаше да се посетат во еден ден. – Плоштадот, калето, градскиот парк и домот на културата – сето тоа го видовме заедно со него. – Амилаза, липаза, лактаза... – сè се тоа ензими. – Ни со настап, ни со награда, ни со позитивна критика – со ништо не беа задоволни.

б) Црта се пишува за да се нагласи делот од реченицата што искажува содржина спротивна на претходната, т. е. за да се потсили неочекуваноста на крајот од исказот:

На пари сите – покрив нема. – Не старите – младите сега треба да се покажете. – Ние подготвени за на промоција – тој нè носи в кино. – Село се плени – баба се чешла. – Наместо на летување – на скијање отидоа.

290. Црта се пишува пред прирокот што е оддалечен од подметот во реченицата:

Кандидатите што ги исполнуваат сите услови и за кои сме најмногу заинтересирани – не можат да дојдат. – Филателијата, која последниве години станува немал товар за нивниот семеен буџет и поради која мора да се откажува дури и од најпотребните работи – беше и остана негова голема љубов.

291. Црта се пишува пред делот од сложената реченицата во којшто се испушта прирокот што е еднаш посочен:

Резервирала билети за вас – но не и за мене. – Продолжи да ги критикува нивните постапки – сега веќе и јавно. – Тој ќе биде проектантот – таа неговиот помошник. – Ова е благородна професија – иако многу тешка.

292. Црта се пишува во искази со именски прирок (обично во насловите) каде што се испушта глаголот *сум:*

Земјоделството – фактор на стабилизацијата. – Пеле – фудбалер на столетието. – Градот – огледало на неговите жители. – Без татко – половина сирак, без мајка – цел сирак.

НАВОДНИЦИ („“)

293. Со наводници се обележуваат зборови, изрази, реченици и состави од реченици. Влезните наводници („) се пишуваат долу во почетокот, а излезните наводници (“) горе на крајот на исказот, цитатот, директниот говор и сл. Наводници се пишуваат кога се издвојуваат цитати, нечии искази што се претставуваат директно, онака како што се искажани или напишани:

Таа застана во дворот и праша: „Има ли некој во оваа куќа, чекате ли гости?“ – Маркетинг, според дефиницијата на Котлер, претставува „социјален и управувачки процес преку кој индивидуите и групите ги остваруваат своите желби и потреби преку креирање и размена на производи и вредности со другите...“ – „Ова септемвриско утро е прекрасно!“ – помисли девојката во тој момент.

294. Во наводници се издвојуваат и искази (изрази, зборовни состави, реченици и сл.) што ги преземаме од друг во сопствените искажувања:

Преку мислата дека „јазикот е нашата единствена татковина“ е даден недвојбен став кон местото и значењето на мајчиниот јазик. – Тематскиот опфат на нивната јазична комуникација е „ограничен на сферата на традиционалниот селски живот“, при што се употребува само македонскиот јазик.

295. Општопознати изрази и пословици употребени во текст не се изделуваат со наводници:

За нас повторно се јавува онаа народната да му умре козата на комшијата. – Село гори, баба се чешла, се вели во народната мудрост. – Кога требаше да се купи нешто, како да имаше змија во џебот.

296. Пред излезните наводници се пишува некој друг интерпункциски знак (точка, извичник, прашалник, три точки) според природата на исказот или реченицата, цитатот или во директната реч:

Без да помисли, таа им рече на девојките: „Тоа е, сега е моментот.“ – Во право е професорот кога вели: „Некаков организиран општествен отпор кон турцизмите нема.“ – Застана и гласно прозборе: „Дали ќе имам сила да ја издржам тркаата?“ – „Нека ти објасни учителот, ене го поназад.“

Два месеца потоа, Благуна ѝ рече на мајка си:
„Кого, добро, кого ми го чекаше?“
„Не знам. Но, него не.“

297. Со наводници се изделуваат зборови употребени со преносно значење:

Неговата улога на „посредник“ меѓу Господ и народот никој не ја прифаќаше сериозно. – Таква значи била „убавината“ што ми ја вети. – Таков „циркус“ во нашиот дом одамна немавме видено. – Тука „во живо“ се набљудува процесот на постепено заменување и потоа истиснување на еден јазик од друг. – Дистрибуцијата на производот, односно „туркањето“ на производот на пазарот е во прв план.

298. Не се изделуваат со наводници зборови кои според смислата вообичаено се употребуваат во такви изрази со преносно значење, каде што нема издвојување и нагласување:

Реката го дели селото на два дела. – Тие сакаат да создадат свое гнездо, свој топол дом.

299. Со наводници се изделуваат зборови што сакаме да ги нагласиме:

а) Да ги издвоиме и да ги истакнеме:

Македонската конструкција „имам дојдено“ се разгледува како нов словенски перфект, настанат како последица на балканската јазична интерференција. – Вакви „вкрстувања“ во современиот јазичен израз има во голем број примери.

б) Зборови кои според личното видување на авторот треба да се нагласат, а исто така и зборови што се необични, архаизирани, несоодветни за функционалниот стил во кој се употребени:

Таа си го стори детето „амал“ и воопшто не се вознемируваше. – Многу „како“ и „зошто“ се присутни во мојот живот. – Од овој аспект, територијата (со своите ресурси) се „производот“ што ќе се анализира.

300. Меѓу наводници се стават именувања и наслови на: установи, весници, филмови, книги, хотели, здруженија, училишта, улици итн.:

Прв весник на македонските иселеници во Австралија печатен на македонски е „Македонска искра“, а по овој весник се јавуваат голем број други весници („Весник“, „Македонија“, „Македонски весник“, „Македонска вистина“, „Македонски живот“, „Илинденски весник“ и др.). – Плоштад „Македонија“. – Основно училиште „Кочо Рацин“. – Гимназија „Никола Карев“. – Филолошки факултет „Блаже Конески“. – Универзитет „Гоце Делчев“. – Престојуваме во хотелот „Молика“. – Го гледавме филмот „Пред дождот“. – Еден од најдобрите романи на Петре М. Андреевски е романот „Пиреј“. – Песната „Чија си“ во изведба на Славе Димитров е прогласена за најслушана. – Институтот за македонски јазик е сместен на ул. „Григор Прличев“ бр. 5.

301. Не се пишуваат наводници на именувањата на книги, весници и сл. кога се напишани на корицата, на плакати или на насловната страница како титулар:

Петре М. Андреевски
Последните селани

Блаже Конески
Граматика на македонскиот литературен јазик

302. Не се пишуваат наводници кога се знае на што се однесува односното име кај спортски друштва, филмови, книги, весници, хотели, секаков вид здруженија или ако се на некој друг начин означени (со затемнети, коси или подвлечени букви):

Металург и *Вардар* се најдобрите ракометни клубови во Македонија. – Списанието *Литературен збор* се печати редовно. – *Примерите може да се проверат во* ***Речникот на македонската народна поезија****, издание на Институтот за македонски јазик.*

ПОЛУНАВОДНИЦИ (’‘) И (‘’)

303. Отворени полунаводници (’‘) употребуваме кога е даден текст во наводници и ако сакаме да изделиме некој збор или дел од тој текст што е цитиран или искажан од друг:

Авторот истакнува: „Од јазикот на стручната комуникација се изделува јазикот на науката со признаците ’висок степен на стручност‘, ’висок степен на апстракција‘, ’висок степен на специјализираност‘... Постојат неколку модели на вертикално и хоризонтално раслојување на стручниот јазик.“ – Во своите мемоари за него тој ќе напише: „Кај него секогаш има едно ’сакам, нејќам‘, потоа ’можам, не можам‘. Наредниот ден прв се јавува за да ја заврши работата.“ – За неа се

вели: „Таа е многу учтива, секогаш со 'благодарам, повелете', но и со нескриена дискретност.“ – Мајка му утрото го слушаше како занесено зборува: „Цела ноќ не спијам само да ја сретнам и да го слушнам нејзиното 'добро утро, пријатен ден', ова е ново за мене.“

304. Во некои примери толкувањето и изделувањето на делови од текстот се врши со употреба на различни технички можности (коси букви, затемнети, потцртани и сл.).

Покрај основниот поим *цврсти зборовни состави* во науката за јазикот можат да се сретнат и други термини. – *Недефинираните дамки или попознатите* ***црни дупки*** *се предмет на истражување. – Светскиот пазар е тој што го трасира целокупниот развој и претставува <u>невидлива</u> рака на општествената хармонија. – Кај некои автори се среќава поимот <u>интегрална средина</u> што претставува дел од пошироко сфатената природна средина*

305. Во лингвистиката и во некои други научни области се употребуваат и затворени полунаводници (‘’) за толкување на значењето: *Тоа се учи во реториката 'наука за убавото зборување'. – Разбој 'направа за ткаење'. – Сладолед 'замрзната слатка смеса'. – Палтата ги изработуваат од сукно 'дебела, мека ткаенина'. – Втората фаза започнува со трансформација на либералната држава во интернационалистичка држава или 'држава на благосостојба'.*

ЗНАЦИ ЗА ДИРЕКТЕН ГОВОР

306. При писмено пренесување, директниот говор се обележува со наводници или со црта (тире).

а) Црта се пишува кога директниот говор почнува во нов ред:

– Има лаги, шума од лаги, но вистината секогаш си го пробива патот, – вели Мара.

Мара сега знае дека погрешно е сфатена. Брза да објасни:

– Зошто да не? Зошто да не?! Немојте да мислите дека јас тоа ќе го сторам заради некаква одмазда. Кому да се одмаздувам? Зар вам?! Зар воопшто некому?

Младиот човек ѝ вели:

– Не плаши се! Не плаши се! Сè ќе испадне добро!

б) Наводници се стават пред почетокот и на крајот на исказот кога директниот говор не почнува во нов ред:

Вечерта Марија го прекори: „Доста е. Треба да мислиш на својата иднина!“

307. а) Наводници се пишуваат да се обележи внатрешниот монолог којшто има форма на директен говор:

„Не се лажам“, рече во себе. „Подобро да останев сам. Да сонував вистински облаци и спокојство. Како некогаш. Некогаш“, се праша. „Кога тоа некогаш?“, побара одговор. „Никогаш“, одговори. „Никогаш, во ниеден април. Можеби ни како дете не сум сонувал жолто осветлен прозорец и ластареста жена на него и напор на дете да му истргне на памучниот кловн една нога. И еден бол, тој пат, нејзин. Марија“, спокојно ѝ рече. „Не плаши се!“

б) Црта вообичаено се употребува кога секоја реплика од дијалогот се бележи во нов ред:

Стојмир им приђе и на другите, се ракува:

– Како си?

– Добро.

– Добро си, значи?

– Добро.

– Само добро да слушаме. Се радувам.

– И јас.

– Запеј!

– Која?

– Некоја убава.

– Една тажна. Љубовна. Полна со чувства.

в) При предавање дијалог во литературните текстови честопати се употребуваат само наводници:

„Прашај ме што сакаш за птиците!“ продолжи Злате лизнувајќи од бокалот.

„Каде свива гнездо ластовицата?“

„Или над луѓето или над водите!“

„А што ќе ви се камењето?“

„Изведуваме мозаик!“

„Што правите?“

308. а) Кога пред директниот говор се наоѓаат зборови што го појаснуваат исказот, излезните наводници се пишуваат по знакот точка:

Вечерта Марија го прекори: „Доста е. Треба да мислиш на својата иднина.“

Велика му рече: „Не можам да живеам повеќе вака.“

б) Излезните наводници се пишуваат и по следниве интерпункциски знаци: прашалник, извичник и три точки.

- *„Зошто не ме прашаш?“ – рече. „Зошто, кажи?“*
  „Што да те прашам?“ – го праша.
  „Што сакаше? – праша. Сметаше ли дека нешто не е како што треба?“
- *„Остави ме сам, оди си!“*
  „Остави нè сега да работиме!“ – извика повисокото, пред да се појави на другата страна од мостот.
- *„Не те очекував“ – му рече. „Мислев – никогаш повеќе...“*

309. а) Кога објаснувачките (авторските) зборови следуваат по директниот говор, по него се стават или запирка или прашалник или извичник или три точки, а потоа се пишува црта:

– Дојди да легнеш и да се одмориш, – му вели таа.

– Сигурно е на наша страна, – шепна Вера.

– Вие веќе се познавате? – покажа со главата кон девојката.

– Зошто? Зошто? – во еден момент успева да праша.

– Здраво! – рече збунето брат му и застана.

– Заспиј! Заспиј! – му шепоти и му ја милува главата.

– Заминувам... – го погледна остро и излезе низ вратата.

– А така... – рече задоволно Божо.

б) Кога ваквите реченици почнуваат со наводници, тие можат да се напишат уште и на следниов начин:

„Здраво!“ – рече збунето брат му и застана. „Вие веќе се познавате?“ – покажа со главата кон девојката. И: *„Здраво!“, рече збунето брат му и застана. „Вие веќе се познавате?“, покажа со главата кон девојката.*

„Здраво!“ – рече и самиот. „Секако дека се познаваме, ако она, денес, беше запознавање...“ И: *„Здраво“, рече и самиот. „Секако дека се познаваме, ако она, денес, беше запознавање...“*

310. Ако директниот говор е разделен со објаснувачки (авторски) зборови на два дела, тогаш зад првиот дел, во зависност од неговиот карактер, се пишува запирка, прашалник, извичник или неколку точки, а потоа се става црта. По објаснувачките зборови се пишува точка, а потоа црта ако првиот дел од директниот говор претставува завршена реченица. По објаснувачките зборови се пишува само црта ако првиот дел од директниот говор е незавршена реченица.

а) Примерите со завршена реченица во првиот дел од директниот говор можат да се напишат како во примерите подолу:

- *– Вие ќе ме побарате – ѝ вели. – Можеби уште денес.*
  – Зошто? – се интересира Илија. – Која е причината?
  – Немав лошо детство. – раскажува Илија. – Напротив, многу среќно.
- *„Вие ќе ме побарате – ѝ вели. – Можеби уште денес.“* Или: *„Вие ќе ме побарате“*, *ѝ вели. „Можеби уште денес.“*
  „Зошто? – се интересира Илија. – Која е причината?“ Или: *„Зошто?“ – се интересира Илија. „Која е причината?“*

б) Примерите со незавршена реченица во првиот дел од директниот говор можат да се напишат како во примерите подолу:

- *– Кој да реши – го прашува – и што да реши?*
  – Вие сте човек – му вели – со впечатлива надворешност.
  – Мајка ми – продолжува со нескриена гордост – е една од тие големи мајки ...
- *„Кој да реши – го прашува – и што да реши?“* Или: *„Кој да реши“*, *го прашува „и што да реши?“*
  „Вие сте човек – му вели – со впечатлива надворешност.“ Или: *„Вие сте човек“*, *му вели „со впечатлива надворешност.“*
  „Мајка ми – продолжува со нескриена гордост – е една од тие големи мајки...“ Или: *„Мајка ми“*, *продолжува со нескриена гордост*, *„е една од тие големи мајки...“*

311. Ако едноподруго во исти редови се наведуваат неколку реплики без да се нагласи од кого се изречени, тогаш секоја од нив се одделува со наводници. Покрај ова, секоја од реченицте се одделува со црта:

„Морав!“ – „Многу пакости ни правеше.“

„Браво, браво!“ – „Колку години имаш?“ – „Осумнаесет.“

VI.

ПРАВОПИСНИ ЗНАЦИ

Правописните знаци служат за разбирање на конкретен збор или на група зборови во реченицата. Правописни знаци се: точка (.), запирка (,), две точки (:), црта (–), цртичка (-), загради (( ), [ ]), коса црта (/), надреден знак (`), апостроф (’), ѕвездичка (*), белина (празно место) и други.

Знаците: точка, запирка, две точки, црта, загради, коса црта се употребуваат и како правописни и како интерпункциски знаци.

ТОЧКА

312. Точката како правописен знак се пишува:

а) При скратување на зборовите: *и др.* (и друго), *и сл.* (и слично), *на пр.* (на пример), *бул.* (булевар), *проф.* (професор), *л.* (лице), *ас.* (асистент), *ср. р.* (среден род) и др.

б) Ако зад точката со која се означуваат скратувањата треба да следува точка како интерпункциски знак (знак за граница на реченицата), се пишува само една точка:

Такви текстови можат да се сретнат и кај поетите на следната генерација, *А. Шопов*, *С. Јаневски*, *Л. Каровски и др. – Според податоците заведени во влезните книги*, *станува збор за 310 откупени носии* (*женски и машки*) *за невеста*, *стара жена*, *девојка*, *зет*, *постар маж*, *дете итн. – Хидроизолацискиот малтер може да се вгради директно на цигла*, *бетон*, *блокови и сл.*

в) Зад точката, со која се означуваат скратувањата, се пишуваат сите други интерпункциски знаци:

Околу живеалиштето се граделе стопански згради како помошни, *на пр.: амбари*, *кошеви*, *трапови*, *казанџилница*, *коларница со трем и др.*

г) Кај имињата при потписи и во други случаи кога се скратуваат:

Б. Видоески (за Божидар Видоески), *Б. Конески* (за Блаже Конески), *Џ. Г. Бајрон* (за Џорџ Гордон Бајрон).

д) Зад арапска цифра која претставува редна бројна придавка, освен кога по цифрата следува име на месец, како и зборовите *година* или *век*:

Со одиграните натпревари синоќа беше комплетирано 4. коло од квалификациите за Европското првенство за ракометарки. – За квалитетно оценување е потребно соследување на повеќе аспекти од знаењата и

способноста на учениците: 1. квантитет и квалитет на знаењата; 2. логичка поврзаност на материјата; 3. проверка на знаењата преку тест; 4. работа со географска карта; 5. активност на часовите.

- Во последниот пример наместо точката по броевите 1, 2, 3, 4, 5, може да се напише вториот дел од заградите:

  За квалитетно оценување е потребно согледување на повеќе аспекти од знаењата и способноста на учениците: 1) *квантитет и квалитет на знаењата; 2*) *логичка поврзаност на материјата; 3*) *проверка на знаењата преку тест; 4*) *работа со географска карта; 5*) *активност на часовите.*

ѓ) Зад броеви (арапски или римски) или буква (голема или мала) со која се означува глава, оддел и сл. ако текстот продолжува во ист ред:

1. Содржина: I. Пишување на гласовите. II. Акценти. А. Акцентска целост со енклитика. Б. Акцентска целост со проклитика. III. Употреба на големата буква.

е) Зад броеви (арапски или римски) или буква (голема или мала) при вертикална организација на текст:

I. Увод

II. Зборообразување на именките

II.1. Деривација

А. Суфиксни именски образувања

1. Транспозициски категории

1.1. Називи на дејства

1. Содржина на вежбите

а. Увод

б. Заеднички особини

- При вертикална организација на текст зад арапската цифра и зад буквата (голема или мала) може да се напише вториот дел од заградите.

  1) *Содржина на вежбите*

  а) *Увод*

  б) *Заеднички особини*

ж) Зад трите точки во загради со кои се нагласува дека е изоставен завршниот дел од реченицата:

Тој „ја предочи оригиналната собирачка постапка на овој прилепски терзија, укажувајќи на тоа дека во Цепенковите народни записи треба да гледаме наш прв вистински прозаист (...). *Идните истражувања на собирачко-писателскиот портрет на Цепенков во целост ја потврдија*

*прв*и*чно изнесената констатација на Конески за Марковата собирачка дејност од подрачјето на народното творештво“.*

з) При пишување библиографски единици:

Блаже Конески. Историја на македонскиот јазик. Скопје: Култура, 1986.

ѕ) Во составот на интернет-адресите: *www.imj.ukim.edu.mk* и како составен дел на адресите за електронска пошта: *ilina.petrova@yahoo.com*.

и) Во математиката, за да се означи операцијата множење; тогаш и пред и по точката, чија позиција е на средината од редот, се остава белина:

2 · 4, *32 · 2*, *16 · 4.*

- Како математички знак за множење се употребува и знакот *x*.

ј) Кај целите броеви меѓу класите на илјадите, десетките илјади, стотките илјади, милионите итн., во банкарството кај паричните вредности напишани со повеќе од три цифри и во други стручни текстови, се пишува точка за одвојување на три бројни места, броејќи од десно кон лево:

3.569,00 – 18.000,00 – 125.567,00 – 104.056.321,00.

313. Точка не се пишува:

а) Во скратувањата на определбите за општественото уредување на државите, како ни во кратенките за државите:

Р Македонија, *СФР Југославија*, *НР Кина*, *САД*, *РМ и др.*

б) Зад арапските броеви во функција на редна бројна придавка по кои следуваат име на месец, како и зборовите *година* или *век*:

24 јануари, *15 март 2015 година*, *21 век.*

в) Зад римски броеви:

Македонскиот јазик во XXI век влезе како современ стандардизиран јазик со повеќевековна јазична и писмена историска традиција. – Полугодишен тест по физика за VI одделение. – Петар II Алексеевич бил император на Русија во периодот од 1727 до 1730 година.

г) Кај целите броеви меѓу класите на илјадите, десетките илјади, стотките илјади, милионите итн., а меѓу нив се остава белина:

3 000, *5 000*, *10 000*, *30 000 000*, *100 000 000*, *500 000*, *1 000 000.*

314. Употреба на точката при пишување датуми

При пишување датуми, секогаш редоследно се пишуваат: денот, месецот и годината.

- Ако датумот е напишан со арапски цифри, зад денот и месецот се пишува точка и не се остава белина:

  8.9.1991 г. – 2.8.1903 г.

- Ако месецот е напишан со римски број, по него не се става точка, но се остава белина меѓу месецот и годината:
  8.IX 1991 г. – 2.VIII 1903 г.
- Ако месецот е напишан со збор, тогаш се остава белина меѓу денот, месецот и годината:
  15 септември 1991 г. – 23 август 1903 г.
- Во банкарството, во книговодството и во други административни документи се користи и нулата (0) за означување на првите девет дена и месеци:
  07.09.2006 г.; 01.07.2013 г.

ЗАПИРКА

315. Правописниот знак запирка се пишува:

а) При пишување децимални броеви (т.н. децимален знак) за да се оддели целиот број од децималниот:
Остварената стапка на инфлација се сведе на 3,2 % на годишна основа (3,6 % во третиот квартал) и беше во рамките на октомвриските очекувања. – Во најновата научна студија на НАСА за климата, доколку не се преземат одлучни мерки, температурите до 2050 година би можеле да пораснат од 2,8 до 5,6 °C. – Во бројот 65,25 цифрата 5 се сретнува двапати. – Земјата е стара околу 4,6 милијарди години. – Цуцестата врба, која успева во шкотските ридести предели, е висока 2,5 см.

б) При набројување децимални броеви, за да се избегне совпаѓање на запирката како правописен со запирката како интерпункциски знак, на местото на интерпункцискиот знак се препорачува да се напише знакот точка и запирка: *2,5; 3,8; 4,7.*

в) Кај изрази што означуваат место и време:
Скопје, 14 мај 2014 година. – 7 декември 1856, Петроград.

г) При пишување библиографски единици:
Блаже Конески. Историја на македонскиот јазик. Скопје: Култура, 1986.

д) За да се одвојат секундите од нејзините помали делови, десеттинки и стотинки:
Милчевски во квалификациите на 800 метри постигна резултат од 2 минути 3 секунди и 89 стотинки (2:03,89), со што го зазеде 35-тото место од вкупно 56 учесници што настапија во оваа дисциплина.

ДВЕ ТОЧКИ

316. Правописниот знак две точки се пишува:

а) За да се одвои часот од минутите и минутите од секундите. Пред и по двете точки не се остава белина:

Канцеларијата ќе работи секој работен ден од 9:00 до 17:00 часот и сабота од 9:00 до 14:00 часот. – МЖ Транспорт потсетува дека кон Прилеп во деновите на „Пивофест“ сообраќаат и редовните патнички возови, кои од Скопје тргнуваат во 6:48, 14:30, 17:10 и во 19:38 часот, а во повратен правец од Прилеп за Скопје во 3:49, 6:10, 13:35 и 19:24 часот. – Николовски во квалификациите на 400 метри грбно постигна резултат од 1 минута 49 секунди и 23 стотинки (1:49,23).

б) За да се означи резултат изразен во бројки (најчесто во спортот) и сооднос меѓу величини. Тогаш, пред и по двете точки, се остава белина:

Резултатот од натпреварот е 2 : 1 за „Вардар“. – Картата е во размер 1 : 500. – Ризикот предизвикан од природно заболување е 1 : 1 000 случаи.

Овде двете точки се читаат *спрема* или *на* или не се читаат.

в) За означување опозиција или сооднос:

црно : бело, носи : износи, оди : изоди, избра : бере : избира : избор.

г) Во математиката, наместо изразот *поделено со*. Во овој случај се остава белина пред и по двете точки:

8 : 2, 32 : 4, 180 : 4.

д) При пишување библиографски единици и при библиографско цитирање:

Блаже Конески. Историја на македонскиот јазик. Скопје: Култура, 1986. – Мисирков 1903: 250.

ѓ) Како составен дел на интернет-адресите по префиксот на протоколот: *http://xxx.xxx*, *https://xxx.xxx.*

ЦРТА (ТИРЕ)

Цртата е правописен знак што може да се пишува со или без белина од двете страни.

317. Црта со белини се пишува:

а) Кога се означува односот *од – до* или *до*:

Работно време: понеделник – петок, *Октомври 2013 – февруари 2014; Блаже Конески* (*1921 – 1993*), *Толковен речник на македонскиот јазик*, *том I*, (*А – Ж*).

б) Ако првиот дел од односот е означен со предлогот *од*, тогаш не се пишува црта, туку се пишува предлогот *до*:
Најверојатно, *неолитските населби во Охридско датираат од IV до III милениум пред нашата ера. – Вежбите се практикуваат од 2 до 3 пати во деноќ.*

в) Кога се означува растојанието меѓу две и повеќе места или правецот на движењето од едно место кон друго:
Движењето на патот Гостивар – Кичево е прекинато.
Растојанието Скопје – Гевгелија изнесува 160 км.

г) Кога се означува односот *помеѓу* или *против* меѓу два поима:
Фудбалскиот натпревар Македонија – Србија заврши нерешено.

д) Кога се приведуваат реченици како примери, а меѓу нив нема друга врска:
Густата скопска магла беше главниот виновник за осумнаесетчасовната одисеја на нашите ракометари. – Настаноќ се реализира како тридневен спектакл со ревијален дел.

ѓ) За да се означи опозиција или сооднос:
Видски односи на некои глаголи: одговори – одговара, *роди – раѓа.*

е) Кога се набројуваат поими, доколку стојат еден под друг:
Збирката податоци за родителите опфаќа:
– сродство со ученикот
– име и презиме
– датум и место на раѓање
– адреса и место на живеење
– телефон за контакт.

ж) Во математиката, наместо зборот минус. Во овој случај се остава белина и пред и по цртата:
6 – 4 = 2, *96 – 14 = 82.*

318. Црта без белини се пишува:

а) Кога се поврзуваат две имиња тесно поврзани во еден поим:
Дуетот Селимова–Желчевски е повеќе од синоним за македонската народна песна.

б) Ако завршокот на некој период се очекува во иднина, зад првиот број се пишува само црта:

Речник на македонската народна поезија (*1993–*);
Македонскиот поет Радован Павловски (*1937–*) *литературните критичари го нарекуваат „крал на метафората“.*

в) Кога се цитираат соседни страници од ист труд:
Конески 1982: 122–124.

ЦРТИЧКА

Цртичката како правописен знак секогаш се пишува без белина од двете страни.

319. Цртичката се пишува:

а) Меѓу две именки што означуваат еден поим:
Нацрт-законот за високото образование влезе во процедура. – Уплатите се вршат на посочената жиро-сметка.

б) Кај неполно сраснатите зборови, т. е. кога деловите што го образуваат složениот збор имаат извесна самостојност:
Општествено-политички услови во Македонија во втората половина на 19 век. – Охридско-струшката Котлина го зафаќа крајниот југозападен дел на Република Македонија. – Македонско-францускиот речник содржи 10 000 заглавни зборови.

в) Помеѓу двојни презимиња:
Марија Петрова-Николовска, *Соња Стојановска-Поповска.*

г) Помеѓу презиме и прекар:
Методија Андонов-Ченто.

д) Кај придавските сложени состави од две или повеќе презимиња, поретко имиња, со кои се означува некаков однос на соработка, коавторство и сл.:
Сапир и Ворф заедно ја поставуваат т.н. Сапир-Ворфова хипотеза според која културата на еден народ зависи од нивниот јазик.

ѓ) Кога првиот дел од сложените зборови е напишан со бројка:
Стручните работници треба да имаат завршено најмалку 4-годишно универзитетско образование. – Магистерскиот труд се брани пред 3-члена комисија. – По повод 60-годишнината од основањето на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ се одржа меѓународна научна конференција. – Периодот на 60-тите години од 20 век е познат по многу настани што го промениле светот на секое поле.

е) Кај некои скратувањата и скратени изрази:
д-р, *м-р*, *г-ѓа*, *г-ца*, *ТВ-програма*, *Rh-фактор*, *pH-вредност*.

ж) При пренесување дел од зборот во друг ред:
вр-вулица, *врву-лица*, *врвули-ца*.

з) При делење на зборот на слогови:
Именката улица се дели на три слога: у-ли-ца.

ѕ) При писмено предавање на нагласени зборови:
На-пред ко-ми-ти! – На-пред Вар-дар!

и) Кај ономатопејски изрази:
Клип-клоп, *клип-клоп! – Тик-так*, *тик-так!*

ј) При одвојување комбинации на цифри, најчесто при графиско бележење на телефонски броеви, банкарски сметки, жиро-сметки, величини и др.:
2038-456 (наместо цртичката може да стои и белина: *2038 456*)
210-884-9875439; *40100-788-1242*
Идеални пропорции се: 90-60-90.

к) Како составен дел од интернет-адресите:
www.sk-airport.mk

ЗАГРАДИ

Заградите како правописен знак се пишуваат:

320. За да се загради делот од зборот што може да се изостави, при што се добива алтернативната форма на зборот:

Арај(*ин*), *бакал*(*ин*), *вико*(*ница*), *касај*(*ин*), *насмев*(*ка*), *сом*(*е*)*нува*.

321. За да се загради делот од зборот што се изоставува, при што се укажува на два различни збора што имаат некој заеднички значенски дел:

(*секој*)*дневно*, (*се*)*вкупно*, (*се*)*присутен*,(*се*)*едно*, (*само*)*определување*, (*интер*)*активен*, (*архи*)*епископ*, (*за*)*стана*, (*при*)*дава*, (*пра*)*дедо*, (*по*)*мајка.*

322. При хоризонталното и вертикалното набројување, кај цифрите и буквите се употребува вториот дел од заградите.

КОСА ЦРТА

Косата црта е правописен знак што може да се пишува со или без белина од двете страни.

323. Коса црта со белини од двете страни се пишува:

а) При одделување на стихови кога не се подредени еден под друг:

Спаси ме Боже, од болните луѓе / што се накажани, / та не се криви, / нивната злоба умерено суди ја, / самите од неа одвај се живи.

б) При одделување на строфи кога не се подредени една под друга се пишуваат две коси црти:

Денови ли се – денови / аргатски маки големи! // Стани си утре порано / дојди си вечер подоцна / наутро радост понеси / навечер тага донеси.

324. Коса црта без белини се пишува:

а) Меѓу два збора наместо зборовите *и*, *или*, *односно*, *напоредно*:

ама/но, *директор/директорка*, *врата/порта*, *спомнува/споменува*.

б) При означување на два последователни временски интервала (часови, денови, месеци, годишни времиња, години, векови):

Утрово меѓу 10/11 часот. – Распоред за понеделник/вторник. – Статистика за април/мај. – Модерн каталог пролет/лето 2013 година. – Учебна година 2013/2014. – Списание од 1956/1957 година. – На преминот од 19/20 век.

в) При изразување сооднос помеѓу величини кога е испуштен предлогот:

Вози 120 км/час (*120 километри на час*). *– Густината е 1 гр/см*^{3} (*еден грам на кубен сантиметар*). *– Протокот на вода е 1 м*^{3}*/сек* (*еден метар кубен во секунда*).

г) Во адреси, наместо *низ*:

бул. „Климент Охридски“ бр. 74/4/3 (*булевар „Климент Охридски“, број 74, влез 4, стан 3*). *– ул. „Илинденска“ бр. 6/2* (*улица „Илинденска“, број 6, стан 2*).

д) Како составен дел на некои интернет-адреси, една или две:

mk.wikipedia.org/wiki; https://www.ppp.com.mk.

НАДРЕДЕН ЗНАК

325. Надреден знак (ˋ) се става над *е* во кратката заменска форма *нѐ*, над *и* во кратката заменска форма *ѝ* и во количествената заменска форма *сѐ:*

Никој не нѐ виде. – Со сѐ се мие. – На сѐ се смее. – Влезе и ѝ кажа тивко.

АПОСТРОФ

326. Апострофот (’) се пишува за да се покаже дека отпаднал некој глас од зборот, најчесто во поезијата:

... дал’ ѓрад ѿолињаѿа жиѿородни ѓи беше фаѿил.

327. Со апостроф се предава темната самогласка што се среќава во некои сопствени именки: *В’чков; с. С’лѿ*, *Велешко; с. К’шање*, *Кумановско.*

328. Со апостроф во определени ситуации се обележува и самогласното *р*: *’рбеѿ*, *’рж*, *за’ржи*.

SВЕЗДИЧКА

329. Sвездичката (*) како правописен знак може да стои од десната или од левата страна на зборот или на текстот.

а) Ако сакаме под текстот да објасниме извесен збор, тврдење, став и др., sвездичката стои од десната страна, над последната буква од зборот. Ако на страницата има повеќе такви објаснувања, бројот на sвездичките се наголемува секогаш за една повеќе. Објаснувањата обележани со * потоа одат во фусноти:

На ѓредиѿе во овој дел на куќаѿа се фрлени разни алаѿи: рала, јаремиˢ, косила, дршки за моѿики, лоѿаѿи, казмиˢˢ и ред друѓи дрвени осѿениˢˢˢ, ласѿеѓарки, сѿаѿови, кои чекааѿ да ѓи заменаѿ ѿие шѿо се во уѿоѿреба.

ˢ *јаремиˢ – дрвена наѿрава во која се вѿреѓнувааѿ два вола за орање,*
ˢˢ *казми – алаѿка, ѿежок рачен копач,*
ˢˢˢ *осѿени – сѿаѿ со осѿар железен шилец на крајоѿ за сѿоѿерување заѿрежен добиѿок.*

За да се избегне повторувањето на sвездичките на иста страница или ист текст, најчесто објаснувањата се бележат со надредни бројки.

На ѓредиѿе во овој дел на куќаѿа се фрлени разни алаѿи: рала, јаремиˡ, косила, дршки за моѿики, лоѿаѿи, казми² и ред друѓи дрвени осѿени³, ласѿеѓарки, сѿаѿови, кои чекааѿ да ѓи заменаѿ ѿие шѿо се во уѿоѿреба.

ˡ *јаремиˡ – дрвена наѿрава во која се вѿреѓнувааѿ два вола за орање,*
² *казми – алаѿка, ѿежок рачен копач,*
³ *осѿени – сѿаѿ со осѿар железен шилец на крајоѿ за сѿоѿерување заѿрежен добиѿок.*

б) Ѕвездичка се пишува и пред или по наслов на статија за да се обележи податок кој не се однесува на содржината на статијата, туку на податоци што се однесуваат на самата статија, на пр.: кому му е посветена, дали е некаде претходно прочитана како реферат, дали се препечатува и сл.

в) Со ѕвездичка се обележуваат и зборови, најчесто реконструирани од јазици без писмена засведоченост.

БЕЛИНА

Белината како правописен знак е празното место во текстот.

330. Белината се употребува:

а) Помеѓу зборовите за да се означи крајот на зборот:
Нашата улица е најдолга во градот.

б) Зад интерпункциските знаци: точка, запирка, точка и запирка, две точки, три точки, прашалник и извичник.

в) Кај датумите, меѓу составните делови, ако месецот е напишан со римски број: *8.IX 1991 г.*

г) Кај скратувањата, помеѓу два или повеќе скратени збора: *и др.*, *и сл.*

д) Помеѓу иницијали: *Б. К.*, *Џ. Г. Бајрон.*

ѓ) При математичките операции, пред и зад знакот.

е) Меѓу бројот и знакот на мерната единица:
1 кг, *8 м*, *2 W*, *10 м*^{2}, *13 – 25 кг*, *32 °C.*

ж) Меѓу бројот и знакот за процент или промил:
3 %, *од 12 до 24 %*, *36 ‰.*

з) Меѓу бројот и ознаката за паричната единица: *400 МКД*, *10 €.*

ѕ) Пред и зад знакот за параграф: *в. § 4.*

331. Белината не се употребува:

а) Пред реченичните знаци: точка, запирка, точка и запирка, две точки, три точки, прашалник и извичник.

б) Помеѓу наводниците, полунаводниците, заградите и текстот што е во нив: *Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“. – средорек ‘место помеѓу ракави на река’. – 310 откупени носии* (*женски и машки*).

в) Меѓу десниот наводник, полунаводник, вториот дел од заградите и знакот што следува по нив: *„Заминувам“*, *рече таа. – Која од набројаниве именки има значење ‘назив на инструмент’?*

г) Пред и зад заградите што се наоѓаат внатре во зборот: *бакал*(*ин*), *вико*(*ница*).

д) Кај скратувањата, меѓу двете компоненти на сложен збор или полусложенка: *ш.н.* (*шаканаречен*), *с.р.* (*своерачно*), *зам.-мин.* (*заменик-министер*), *ген.-полк.* (*генерал-полковник*).

ѓ) Пред и зад косата црта во сложените мерни единици: *50 м/сек*; и кај дропките: *1/3*.

е) Зад запирката, кај децималните броеви: *3,14; 6,2.*

ж) Меѓу бројот и ознаките за означување позитивен и негативен број: *+5; –10*.

з) Меѓу бројот и знакот за означување степен, минута и секунда: *180⁰ 20’13”*.

ѕ) Зад двете точки со кои во временскиот запис се одвојува часот од минутите и минутите од секундите: *19:00 часот; 2:56 минути*.

и) Кај апострофот пред самогласното *р*: *’рбет*, *’рѓосан*, *за’ржи*.

ј) Кај ѕвездичката како правописен знак:

– во позиција кога зад неа нема белина: **gordъ > град;*

– во позиција кога пред неа нема белина: *јареми**.

к) Кај датумите, меѓу составните делови, ако месецот е напишан со арапска цифра: *8.9.1991 г.*

ДРУГИ ЗНАЦИ

332. Знакот за акцент (') се употребува во текстовите кои се од областа на лингвистиката, на пр. за да се бележи отстапувањето од третосложното акцентирање (*сак'о*, *литерат'ура*), при акцентските целости (*од друг'а страна*, *кисел'о млеко*, *Црн'а Гора*, *не г'о видов*) и др., и се става пред самогласката што е акцентирана.

333. Математички знаци (=, +, –, ×, ·, :, >, <, ≤ , ≥) се пишуваат со белина од двете страни: *2 + 2 = 4; 3 – 1 = 2; 2 × 2 = 4; 2 · 2 = 4; 2 : 2 = 1; 3 > 2; 2 < 3; x ≤ 3; y ≥ 4.*

а) Знакот за еднаквост (=) многу ретко се користи помеѓу зборовите, формите и изразите со исто значење и се остава белина пред и по знакот: *дом = живеалиште*, *суѓестија = предлог*, *има лесна рака = работи лесно и брзо*. За да се предаде значењето на зборот најчесто се користат полунаводниците, па затоа се препорачува: *дом ‘живеалиште’*, *суѓестија ‘предлог’*, *има лесна рака ‘работи лесно и брзо’*.

б) Со знаците плус (+) и минус (–) се изразуваат позитивните и негативните вредности на броевите или на бројните ознаки: *–220.000,00 ден.* (*состојба на сметка*)*; од –8 до +2 °C* (*температура*).

в) Во лингвистиката, знаците > и <, се пишуваат со белина од двете страни:

- > (со значење „дало“): *прасл. *gordъ > град*, **medja > меѓа*, **sъlnьce > сонце; грозд + је > гроздје > грозје; храбар + и > храбри*.
- < (со значење „настанало од“): *млеко < *melko*, *отпадна < од + падна*.

г) Знак за процент (%). Меѓу бројот и знакот за процент се остава белина.

На гласањето излегоа 55 % од гласачите. – Човековото тело содржи од 60 до 79 % вода.

д) Знак за степен (°).

- Знакот за степен стои од десната страна на бројот, кога означува степен на агол или географска ширина. Помеѓу бројот и знакот не се остава белина:

  Агол од 90°. – Меридијанот што лежи 180° источно или западно од нултиот меридијан минува низ Гринич, *Англија*.

- Од левата страна на мерната единица знакот за степен стои кога означува температура. Помеѓу бројот и знакот за степен се остава белина, но не помеѓу знакот и мерната единица:

  Точката на вриење е 100 °C. – Дневната температура се движеше од 10 до 15 °C.

334. Тилда (~). Овој знак обично се користи во речнички статии. Тој заменува збор што се повторува. Пред и зад тилдата се остава белина:

украси, украсат *св.* Накити, дотера. *Девојчето ја украси елката со разнобојни ламиони.* • **се** ~ Се накити, се дотера. *Девојките се украсиле со зелени венци.*

335. Знак за параграф (§) што се користи наместо зборот параграф:

Треба да се има предвид и овој документ, *заедно со другите претходно предложени* (*в. § 4*).

336. Знакот @ (се чита *ет* или *на*), како составен дел од интернет-адресите: *contact@yahoo.com.*

VII.

СКРАТЕНИЦИ (АКРОНИМИ) И СКРАТУВАЊА (АБРЕВИЈАЦИИ)

Во македонскиот јазик под скратеници се подразбираат акронимите – изведени зборови кои се добиваат со скратување на зборовите кои влегуваат во состав на повеќекомпонентни имиња, наслови и називи. Како такви, тие треба да се разликуваат од скратувањата на зборовите, т. е. абревијациите – кратења на одделни зборови кои често се употребуваат заради заштеда на време и на простор.

СКРАТЕНИЦИ (АКРОНИМИ)

337. Најголемиот број скратеници се добиваат од почетните букви на составните делови на називот:

АРМ – *Армија на Република Македонија*
АСНОМ – *Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија*
ВМРО – *Внатрешна македонска револуционерна организација*
ЕУ – *Европска Унија*
ЈСП – *Јавно сообраќајно претпријатие*
МАНУ – *Македонска академија на науките и уметностите*
МНТ – *Македонски народен театар*
МОК – *Македонски олимписки комитет*
МПЦ ОА – *Македонска православна црква – Охридска архиепископија*
НОБ – *Народноослободителна борба*
ОН – *Обединети нации*
РМ – *Република Македонија*
САД – *Соединети Американски Држави*
УЕФА – *Унија на европските фудбалски асоцијации*
УЈП – *Управа за јавни приходи*
УХМР – *Управа за хидрометеоролошки работи*

Скратениците по правило се пишуваат со големи букви и без точки, а се читаат или буква по буква (*АРМ*, *ЈСП*, *МНТ*, *МПЦ* итн.), најчесто тогаш кога во нивниот состав нема самогласка, или се читаат како еден збор (*АСНОМ*, *НОБ*, *МАНУ*, *САД*, *УЕФА* итн.).

По правило, во скратениците не влегуваат предлози и сврзници. Нивното присуство во скратениците претставува исклучок (*УКИМ*).

Во македонскиот јазик сè почесто се среќаваат скратеници од туѓо потекло. За нив, главно, важи тоа што е кажано за скратениците од домашно потекло, со дополнување дека буквите, по правило, се читаат според абецедата:

НБА (ен-бе-а – National Basketball Association)

АТП (а-те-пе – Association of Tennis Professionals)

СМС (ес-ем-ес – Short Message Service)

Кога скратеницата содржи буква што отсуствува во македонската азбука, латиничната буква се предава со кирилска буква со најсличен изговор:

БМВ (од BMW: бе-ем-ве – Bayerische Motoren Werke)

ВТА (од WTA: ве-те-а – Women`s Tennis Association)

ВАН (од WAN – wide area network)

Во принцип, читањето укажува на тоа дали е скратеницата од домашно или од туѓо потекло. Сепак, исклучоци што го потврдуваат правилото има и овде (*МЗТ* – ем-зе-те, *ПТТ* – пе-те-те, *ЕВН* – е-в-н од EVN – Energie-Versorgung Niederösterreich).

Покрај некогашната поделба на скратениците – од домашно наспроти туѓо потекло, во најново време се изделуваат скратениците по потекло од англискиот јазик. Овие скратеници, кои се називи, а не општи именки, не се читаат според изговорот на латиничните букви, туку според изговорот на буквите од англискиот алфабет. Тие, како последица на тоа како се читаат, треба поинаку и да се пишуваат, за да може да ги прочита секој што го зборува македонскиот јазик, а не го познава англискиот:

Ем-ѕи-ви (Music Television)

Би-би-си (British Broadcasting Corporation)

Си-ен-ен (Cable News Network)

Еф-би-ај (Federal Bureau of Investigation)

Ај-би-ем (International Business Machines)

Кај нив читањето според абецедата често би довело до непрепознатливост на името, па затоа таквото читање е нефункционално (*Џи-кју*, а не ГК – Ге-ка од GQ). И кај скратениците од туѓо потекло има такви кои се читаат како еден збор: *БАФТА*, *ВАН*, *НАСА*, *НАТО*, *ОБСЕ*, *УЕФА*, *УНЕСКО*, *УНИЦЕФ*, *ФИФА*, *ЦЕРН*, *ЦИА.*

338. Скратениците можат целосно да се осамостојат како именки, и тогаш престануваат да се сфаќаат и да се третираат како скратеници.

- Ако се имиња, се пишуваат само со почетна голема буква: *Бенелукс*, *Гестапо*, *Интерпол* и др.
- Најчесто се осамостојуваат скратениците што се општи именки: *сида*, *ласер*, *радар*, *вече*, *џеде*, *уесбе* и др.
- Со оглед дека една од карактеристиките на скратениците е нивната неменливост, наметнатата потреба за нивно формоизменување значи дека тие престанале да се сфаќаат како скратеници, односно стекнале статус на општи именки или имиња. Во тој случај се пишуваат како и другите општи именки: *уесбе*, *уесбето*, *уесбиња*, *вмровец*, *вмровци*, *вмровски*, *сдсмовец*, *сдсмовци*, *сдсмовски*, *натовски*, *антинатовски*, *проевропски*, односно сопствени именки (*Унеско*, *Уницеф*, *Европол*, *Евроатом*).

СПИСОК НА СКРАТЕНИЦИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

А

ААМ – *Асоцијација на архитекти на Македонија*
АВНОЈ – *Антифашистичко веќе (собрание) на народното ослободување на Југославија*
АВРМ – *Агенција за вработување на Република Македонија*
АД – *акционерско друштво*
АЕК – *Агенција за електронски комуникации*
АКН – *Агенција за катастар на недвижности*
АКРМ – *Адвокатска комора на Република Македонија*
АМС – *Агенција за млади и спорт*
АМСМ – *Авто-мото сојуз на Македонија*
АРМ – *Армија на Република Македонија*
АСНОМ – *Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија*
АСУЦ – *Автосообраќаен училиштен центар*
АТП – *Асоцијација на тениските професионалци*
АХВ – *Агенција за храна и ветеринарство*
АЦВ – *Агенција за цивилно воздухопловство*

Б

БДП – *бруто-домашен производ*
БЕУК – *Европско биро на здруженијата на потрошувачите*
БЈБ – *Биро за јавна безбедност*
БНП – *бруто-национален производ*
БРО – *Биро за развој на образованието*
БСВ – *Биро за судски вештачења*

В

ВКВ – *висококвалификуван*
ВМК – *Врховен македонски комитет*
ВМРО – *Внатрешна македонска револуционерна организација*
ВПД – *воспитно-поправен дом*
ВСРМ – *Врховен суд на Република Македонија*
ВСС – *висока стручна специјализација*

Г

ГАК – *Гинеколошко-акушерска клиника*
ГАТС – *Општа спогодба за трговијата со услуги*
ГЗЗЗ – *Градски завод за здравствена заштита*
ГМО – *генетски модифициран организам*
ГОБ – *Градска општа болница*
ГП – *градежно претпријатие*
ГП – *граничен премин*
ГТД – *градежно трговско друштво*
ГТЦ – *Градски трговски центар*
ГУП – *генерален урбанистички план*
ГУЦ – *Градежен училиштен центар*
ГШ – *генералштаб*

Д

Д – *дизел*
ДАРМ – *Државен архив на Република Македонија*
ДДВ – *данок на додадена вредност*
ДЗИС – *Државен завод за индустриска сопственост*
ДЗЛП – *Дирекција за заштита на лични податоци*
ДЗР – *Државен завод за ревизија*
ДЗС – *Државен завод за статистика*
ДИК – *Државна изборна комисија*
ДЛУМ – *Друштво на ликовните уметници на Македонија*
ДНК – *дезоксирибонуклеинска киселина*
ДОО – *друштво со ограничена одговорност*
ДООЕЛ – *друштво со ограничена одговорност основано од едно лице*
ДПМ – *Друштво на писателите на Македонија*
ДСУ – *државно средно училиште*
ДУП – *детален урбанистички план*
ДУТ – *Државен универзитет во Тетово*

Е

ЕАНУ – *Европска академија на науките и уметностите*
ЕБОР – *Европска банка за обнова и развој*
ЕБРД – *в. ЕБОР*
ЕБУ – *Европска унија за радиодифузија*
ЕДБ – *единствен даночен број*
ЕЕГ – *електроенцефалограм*

ЕИБ – *Европска инвестициска банка*
ЕК – *Европска комисија*
ЕКГ – *електрокардиограм*
ЕКТС – *Европски кредитен трансфер систем*
ЕЛЕМ – *Електрани на Македонија*
ЕЛС – *единица на локална самоуправа*
ЕМБГ – *единствен матичен број на граѓанинот*
ЕМС – *Европски монетарен систем*
ЕМУ – *Економска и монетарна унија*
ЕПГ – *електронски програмски водич*
ЕУ – *Европска Унија*
ЕУТЕЛСАТ – *Европска организација за сателитски телекомуникации*

З

З – *запад*
ЗЕЛС – *Заедница на единиците на локалната самоуправа*
ЗКП – *Закон за кривична постапка*
ЗНД – *Заедница на Независни Држави*
ЗОИ – *зимски олимписки игри*
ЗПП – *Закон за парнична постапка*
ЗРО – *Закон за работни односи*

И

И – *исток*
ИВЗ – *Исламска верска заедница*
ИЗИИС – *Институт за земјотресно инженерство и земјотресна сеизмологија*
ИК – *извршен комитет*
ИКТ – *информациски и комуникациски технологии*
ИМЈ – *Институт за македонски јазик*
ИМЛ – *Институт за македонска литература*
ИНИ – *Институт за национална историја*
ИО – *извршен одбор*
ИОК – *Меѓународен олимписки комитет*
ИП – *интернетски протокол*
ИПА – *претпристапна помош*
ИСО – *Меѓународна организација за стандардизација*
ИСРМ – *Институт за стандардизација на Република Македонија*

Ј

Ј – *југ*
ЈЗ – *југозапад*
ЈЗО – *јавна здравствена организација*
ЈИ – *југоисток*
ЈКП – *јавно комунално претпријатие*
ЈП – *јавно претпријатие*
ЈСП – *јавно сообраќајно претпријатие*

К

КК – *кошаркарски клуб*
КС – *коњски сили*
КТВ – *кабелска телевизија*
КУД – *културно-уметничко друштво*

Л

ЛЕД – *светлечка диода*
ЛКМ – *Лекарска комора на Македонија*
ЛОИ – *летни олимписки игри*
ЛЦД – *течнокристален екран*
ЛШ – *Лига на шампиони*

М

МАНУ – *Македонска академија на науките и уметностите*
МЖ – *Македонски железници*
МИА – *Македонска информативна агенција*
ММФ – *Меѓународен монетарен фонд*
МНТ – *Македонски народен театар*
МОБ – *Македонска опера и балет*
МОК – *Македонски олимписки комитет*
МПЦ – *Македонска православна црква*

Н

НАТО – *Организација на Северноатлантски договор*
НБРМ – *Народна банка на Република Македонија*
НЛО – *неидентификуван летечки објект*
НОБ – *Народноослободителна борба*

О

ОБСЕ – *Организација за безбедност и соработка во Европа*
ОЛЕД – *органска светлечка диода*
ОН – *Обединети нации*
ООН – *Организација на обединетите нации*
ОПЕК – *Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати*
ОУ – *основно училиште*

П

ПЕН – *Меѓународно здружение на писатели*
ПИОМ – *Пензиско и инвалидско осигурување на Македонија*
ПТТ – *пошта, телеграф, телефон*

Р

Р – *република*
РК – *ракометен клуб*
РМ – *Република Македонија*

С

С – *север*
САД – *Соединети Американски Држави*
СВП – *Струшки вечери на поезијата*
СЕП – *Секретаријат за европски прашања*
СЗ – *северозапад*
СЗО – *Светска здравствена организација*
СИ – *североисток*
СМС – *сервис за кратки пораки*
СОУ – *средно општинско училиште*
СССР – *Сојуз на Советските Социјалистички Републики*
СУГС – *средно училиште на Град Скопје*
СФРЈ – *Социјалистичка Федеративна Република Југославија*

Т

ТВ – *телевизија, телевизиски*
ТЕЦ – *термоелектрична централа*

У

УБК – *Управа за безбедност и контраразузнавање*
УГД – *Универзитет „Гоце Делчев“*
УЕФА – *Унија на европските фудбалски асоцијации*
УЛП – *Управа за јавни приходи*
УКБ – *ултракратки бранови*
УКИМ – *Универзитет „Св. Кирил и Методиј“*
УКЛО – *Универзитет „Св. Климент Охридски“*
УНЕСКО – *Образовна, научна и културна организација при Обединетите нации*
УНИЦЕФ – *Фонд за деца на Обединетите нации*
УО – *управен одбор*
УХМР – *Управа за хидрометеоролошки работи*

Ф

Ф – *Фаренхајт(ови) (степени)*
ФАО – *Организација на ОН за храна и земјоделство*
ФЗО – *Фонд за здравствено осигурување*
ФИФА – *Меѓународна фудбалска федерација*
ФК – *фудбалски клуб*
ФФМ – *Фудбалска федерација на Македонија*

Х

ХДР – *високодинамички опсег*
ХЕЦ – *хидроелектрична централа*

Ц

Ц – *Целзиус(ови) (степени)*
ЦЕРН – *Европска организација за нуклеарни истражувања*
ЦК – *централен комитет*

Ч

ЧССР – *Чехословачка Социјалистичка Република*

Ш

ШС – *шумско стопанство*
ШФМ – *Шаховска федерација на Македонија*

СКРАТУВАЊА НА ЗБОРОВИТЕ (АБРЕВИЈАЦИИ)

Зборовите се скратуваат заради заштеда на простор и време. Тие не се посебни зборови во македонскиот јазик, туку претставуваат скратени постојни зборови кои воопшто не се читаат во својата скратена форма. Со други зборови, скратувањата на зборовите функционираат само при пишувањето, а не и при зборувањето.

При образување на скратувањата треба да се имаат предвид две начела:

– Економичност – зборовите се кратат за да се заштедат простор и време; колку помалку букви содржи скратувањето, толку е поуспешна неговата творба;

– Разбирливост – економичноста не смее да влијае на разбирливоста на скратувањето.

Принципот на создавање скратувања во македонскиот јазик налага кратење на зборовите по согласка, односно пред самогласка. Само кај зборови скратени по првата буква кратењето може да е по самогласка. Има два начина на добивање скратувања во македонскиот јазик:

– Со пишување точка на местото на кратењето на зборот;

– Со пишување цртичка меѓу првата буква и последната буква или последниот слог.

339. Најекономични и најчести се скратувањата сведени на првата буква на зборот. Такви се, на пример, следниве:

в. – век; види; весник

г̄. – г̄одина; г̄оспо̄дин

ж. – женски

л. – лице

м. – мес̄то̄; машки

о. – о̄те̄ц

р. – род

с. – село

т̄. – т̄очка

х. – хо̄те̄л

Мерните единици што се користат често надвор од научната сфера на употреба се пишуваат со кирилски букви и без точка: *м* – метар, *мм* – милиметар, *см* – сантиметар и центиметар, *км* – километар, *л* – литар, *мл* – милилитар, *г̄* – грам, *кг̄* – килограм, *т̄* – тон итн.

Како што може да се забележи, некои скратувања се однесуваат на повеќе зборови. Тоа е практика само тогаш кога контекстот е доволен да биде јасно на кој збор се однесува скратувањето.

Празно место се остава меѓу два скратени збора (на пример: *м. р.* – машки род, но не меѓу две компоненти на сложен збор: *т.н.* – таканаречен).

340. Многу зборови се кратат пред првата самогласка:

бр. – број
вл. – влез
гр. – град
др. – друго
кн. – книга
мн. – множина
пл. – планина; плоштад
пр. – пример
св. – свети, света; свршен (*глагол*)
сл. – слика; слично
сп. – списание; спореди
ср. – среден (*род*)
чл. – член

341. Некои зборови се кратат пред втората самогласка:

ал. – алинеја
арх. – архитект; архаизам
ас. – асистент
астр. – астрономија
безл. – безличен (*глагол*)
бел. – белешка
бот. – ботаника
бул. – булевар
гимн. – гимназија
гл. – глагол
год. – година
грам. – граматика
дем. – деминутив
ден. – денари
дипл. – дипломиран
доц. – доцент

едн. – еднина
заб. – забелешка
изл. – излез
инж. – инженер
ист. – историја
мат. – математика
об. – обично
прев. – преведувач
проф. – професор
спец. – специјалист
разг. – разговорно
таб. – табела
ул. – улица
физ. – физика
хем. – хемија

342. Ретко се среќаваат скратувања кои завршуваат пред третата самогласка во зборот:
админ. – административно
анат. – анатомија
аор. – аорист
геогр. – географија
зоол. – зоологија
ирон. – иронично
неол. – неологизам
нестанд. – нестандарно
филол. – филологија

343. Сосем ретко зборовите се кратат пред четвртата самогласка:
археол. – археологија

344. Поретко, скратувањата се добиваат со поврзување со цртичка на првата и последната буква или на првата буква и последниот слог во зборот и по правило не ја менуваат својата форма, особено пред имиња. Ако сепак треба да ја сменат својата форма, не треба да се кратат (на пример: *ја се обратив на г-а Петровска; ја се обратив на госпоѓата што стоеше пред мене*):
г-а – госпоѓа (*неутрална форма за означување женско лице*)
г-ца – госпоѓица (*младо женско лице без оглед на брачен статус*)
г-ѓа – госпоѓа (*возрасно женско лице без оглед на брачен статус*)

д-р – доктор на науки
м-р – магистер
о-ви – острови
о-в – остров
с-ка – сметка

345. Кај сложените зборови скратувањето се образува со примена на принципот кај секоја од компонентите на сложениот збор:
с.р. – своерачно
т.н. – таканаречен
ст.сл. – старословенски

346. Ако се крати полусложенка, цртичката останува:
зам.-мин. – заменик-министер
ген.-полк. – генерал-полковник

347. Скратувањата од латинско потекло не ги почитуваат секогаш принципите на кратење на зборот во македонскиот јазик. Некои од нив, по традиција, се пишуваат со големи букви:
а. а. – ад акта
Н. Б. – нота бене
П. С. – пост скриптум

348. По традиција, и други скратувања отстапуваат од македонските принципи:
т. е. – то есть
итн. – и така натаму (вака, главно, за да се разликува од *т.н. – таканаречен*)

349. Кога се кратат групи зборови, се почитуваат општите принципи:
заб. на прев. – забелешка на преведувачот
в. д. – вршител на должноста
и др. – и другo, *и други*
и сл. – и слично
ж. р. – женски род
м. р. – машки род
ср. р. – среден род
н. е. – новата/нашата ера
нар. поез. – народна поезија
о. г. – оваа година
о. м. – овој месец
по Хр. – по Христа
пр. н. е. – пред новата/нашата ера

пр. Хр. – пред Христа
ст. ст. – стар стил

350. Во поново време се зголемува бројот на скратувањата кај кои се крати само првата компонента: *е-пошта*, *е-дневник*, *е-влада*, *е-услуги* итн.

351. Личните имиња, заради економичност, се кратат по првата буква, без разлика дали е таа самогласка или согласка: *Т. Димитровски*, *И. Точко*, *Т. Проески*, *А. Каренина.* Сепак, за да биде јасно за кое име станува збор, во некои случаи се вклучува и втората буква: *Бл. Корубин*, *Ал. Сариевски*, *Вл. Малески.*

СПИСОК НА ПОЧЕСТИ СКРАТУВАЊА

А

а. а. – за лат. ad acta – во актите
ав. – авенија
австр. – австриски
австрал. – австралиски
агр. – агрономија
админ. – административно
аз. – азиски
ак. – академски
ак. год. – академска година
акад. – академик
алб. – албански
амер. – американски
анат. – анатомија
англ. – англиски
анон. – анонимно
антроп. – антропологија
арап. – арапски
арх. – архитект
археол. – археологија
архит. – архитектура
ас. – асистент
астр. – астрономија
астрол. – астрологија
афр. – африкански

Б

б. б. – без број
банк. – банкарство
бел. – белешка
Библ. – Библија
биол. – биологија
белор. – белоруски
бот. – ботаника
бр. – број
брод. – бродарство
буг. – бугарски
букв. – буквално

В

в. – век
в. – весник
в. – види
в. д. – вршител на должност
воен. – воен термин
вонр. – вонреден
втор. – второричен

Г

г̄. – го̄дина
г̄. – го̄сподин
г̄. д. – ге̄ографска должина
г̄. ш. – ге̄ографска ширина
ге̄н. – ге̄нерален
ге̄огр. – ге̄ографија
ге̄ол. – ге̄олошки
ге̄ом. – ге̄ометрија
ге̄рм. – германски
гӣмн. – гимназија
гл̄. – глава
гл̄. – главен
гл̄. – глаго̄л
го̄д. – го̄дина
гра̄м. – грама̄тика
гр̄ч. – грчки
г̄-а – го̄спођа (неутрална форма за означување женско лице)
г̄-ѓа – го̄спођа (возрасно женско лице без оглед на брачниот статус)
г̄-ца – го̄спођица (младо женско лице без оглед на брачниот статус)

Д

дан. – дански
дијал. – дијале̄ктӣно
дӣпл. – дӣпломиран
дир. – дире̄кто̄р
доц. – доце̄нт̄
д-р – доктор (*научна тӣтӯла*)

Е

евр. – европски
е-дневник – елекро̄нски дневник
екол. – еколо̄гија
екон. – економија
ел.те̄хн. – елекро̄те̄хника
е-по̄ште̄ – елекро̄нска по̄ште̄
есто̄. – есто̄нски
е̄тнол. – е̄тноло̄гија

Ж

ж. – женски
ж. р. – женски род
жарг̄. – жарго̄нски

З

зб. – збир
зб. – збирен
зб. – збирка
зб. – зборник
зоол. – зоолог̄ија

И

Ибид./Ibid., Иб./Ib. – исто̄
и др. – и друго̄, и други
и сл. – и слично, и слични
изв. – изворно
изд. – издание
инж. – инженер
исл. – исландски
ислам. – исламски
исто̄. – исто̄рија
ита̄л. – ита̄лијански
ито̄н. – и така на̄таму

Ј

ј. – јазик
јаз. – јазик
ја̄ј. – ја̄јонски

К

кат. – категорија
катал. – каталонски
катол. – католички
кин. – кинески
кл. – класа
кн. – книга
кор. – корејски

Л

л. – лице
лат. – латински
лингв. – лингвистика
лит. – литература

М

м. – машки
м. – месец
м. – место
м. р. – машки род
М. П. – место за печат
мак. – македонски
мат. – математика
мед. – медицина
метеор. – метеорологија
мил. – милион, милиони
мин. г. – минатата година
мин. м. – минатиот месец
м-р – магистер

Н

н. е. – наша/нова ера
н. в. – надморска висина
на пр. – на пример
нар. – народен
норв. – норвешки

О

о. г. – оваа година
о. м. – овој месец
одн. – односно

П

п. ф. – поштенски фах
перс. – персиски
по Хр. – по Христа
пол. – половина
пол. – полски
полит. – политика
порт. – португалски
пр. – пример
пр. н. е. – пред нашата ера
пр. Хр. – пред Христа
прасл. – прасловенски
правосл. – православно
прев. – преведувач
прв. – првичен
прим. – примариус
прим. – примарен
прир. – приредувач
прив. – приватен
проф. – професор

Р

р. – род
р. – роден
ред. – редовен
ром. – романски
рус. – руски

С

св. – свети, света
сл. – слика
сл. – слично

сл. – словенски
слов. – словенечки
словач. – словачки
социол. – социологија
сп. – списание
сп. – споредно
спорт. – спортски термин
срп. – српски
ср. – среден
ср. р. – среден род
с.р. – своерачно
ст. ст. – стар стил
стр. – страница
ст.сл. – старословенски

Т

т. – точка
т. е. – то есть
таб. – табела
техн. – технички
т.н. – таканаречен
трад. – традиционално
трг. – трговски
тур. – турски

У

укр. – украински
унг. – унгарски
ул. – улица
ул. – улога
уч. – ученик, ученичка
ур. – уредник

Ф

фиг. – фигуративно
физ. – физика
физиол. – физиологија
филоз. – филозофија
филол. – филологија
филос. – философија
фин. – фински
фр. – француски

Х

хем. – хемија
хол. – холандски
хрв. – хрватски

Ч

чеш. – чешки
чл. – член

Ш

шв. – шведски
шп. – шпански

VIII.

ПРЕДАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ПИСМО СО ЛАТИНИЦА

ПРЕДАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ПИСМО СО ЛАТИНИЦА

352. Понекогаш има потреба да се служиме со латиница во официјални пишувани форми (имиња, патокази, фирми, регистарски таблички, етикети и др.). По традиција, македонските гласови се предаваат со овие печатни и ракописни латинични букви:

А, а	Б, б	В, в	Г, г	Д, д	Ѓ, ѓ	Е, е	Ж, ж	З, з	S, s	И, и
A, a	B, b	V, v	G, g	D, d	Ǵ, ǵ	E, e	Ž, ž	Z, z	Dz, dz	I, i
A, a	*B, b*	*V, v*	*G, g*	*D, d*	*Ǵ, ǵ*	*E, e*	*Ž, ž*	*Z, z*	*Dz, dz*	*I, i*

J, j	К, к	Л, л	Љ, љ	М, м	Н, н	Њ, њ	О, о	П, п
J, j	K, k	L, l	Lj, lj и Ĺ, ĺ	M, m	N, n	Nj, nj и Ń, ń	O, o	P, p
J, j	*K, k*	*L, l*	*Lj, lj* и *Ĺ, ĺ*	*M, m*	*N, n*	*Nj, nj* и *Ń, ń*	*O, o*	*P, p*

Р, р	С, с	Т, т	Ќ, ќ	У, у	Ф, ф	Х, х	Ц, ц	Ч, ч	Џ, џ	Ш, ш
R, r	S, s	T, t	Ḱ, ḱ	U, u	F, f	H, h	C, c	Č, č	Dž, dž	Š, š
R, r	*S, s*	*T, t*	*Ḱ, ḱ*	*U, u*	*F, f*	*H, h*	*C, c*	*Č, č*	*Dž, dž*	*Š, š*

353. За пренесувањето на македонската кирилица со латинично писмо кај личните имиња во официјални документи (лични карти, патни исправи: пасоши, визи) и др. се користат следните букви без дијакритички знаци:

А, а	Б, б	В, в	Г, г	Д, д	Ѓ, ѓ	Е, е	Ж, ж	З, з	S, s	И, и
A, a	B, b	V, v	G, g	D, d	Gj, gj	E, e	Zh, zh	Z, z	Dz, dz	I, i

J, j	К, к	Л, л	Љ, љ	М, м	Н, н	Њ, њ	О, о	П, п	Р, р	С, с
J, j	K, k	L, l	Lj, lj	M, m	N, n	Nj, nj	O, o	P, p	R, r	S, s

Т, т	Ќ, ќ	У, у	Ф, ф	Х, х	Ц, ц	Ч, ч	Џ, џ	Ш, ш
T, t	Kj, kj	U, u	F, f	H, h	C, c	Ch, ch	Dj, dj	Sh, sh

Примери: *Аврамовски – Avramovski*, *Аџиматово – Adjimatovo*, *Богдан – Bogdan*, *Брезница – Breznica*, *Василев – Vasilev*, *Велес – Veles*, *Груевски – Gruevski*, *Галичник – Galichnik*, *Дучевска – Duchevska*, *Дебар – Debar*, *Ѓорѓија – Gjorgija*, *Ѓуриште – Gjurishte*, *Елена – Elena*, *Жарко – Zharko*, *Желино – Zhelino*, *Жужње – Zhuzhnje*, *Зоран – Zoran*, *Зелениково – Zelenikovo*, *Звезда – Dzvezda*, *Звегор – Dzvegor*, *Илија – Ilija*, *Извор – Izvor*, *Јован – Jovan*, *Јабланица – Jablanica*, *Конески – Koneski*, *Крушево – Krushevo*, *Ленка – Lenka*, *Лешок – Leshok*, *Љупка – Ljupka*, *Љубаништа – Ljubanishta*, *Мирко – Mirko*, *Маџиров – Madjirov*, *Маврово – Mavrovo*, *Надежда – Nadezhda*, *Небрегово – Nebregovo*, *Огњановски – Ognjanovski*, *Отуње – Otunje*, *Петар – Petar*, *Пехчево – Pehchevo*, *Ристо – Risto*, *Радовиш – Radovish*, *Светo – Sveto*, *Скопје – Skopje*, *Тодоровски – Todorovski*, *Требиште – Trebishte*, *Ќорвезировски – Kjorvezirovski*, *Ќафа – Kjafa*, *Николиќ – Nikolikj*, *Антиќ – Antikj*, *Убавка – Ubavka*, *Усје – Usje*, *Филип – Filip*, *Фурка – Furka*, *Христина – Hristina*, *Демир Хисар – Demir Hisar*, *Цвета – Cveta*, *Црквино – Crkvino*, *Чинго – Chingo*, *Чаир – Chair*, *Џукески – Djukeski*, *Џидимирци – Djidimirci*, *Шишковски – Shishkovski*, *Штип – Shtip.*

а) Во *Siljan*, *iljada*, *zelje* и др. *lj* има вредност на *љ*.

б) Во *nadzor*, *nadzemi* и др. *dz* има вредност на *дз*.

354. Со латиничните системи од соодветните јазици се допушта пишување на: странски и на мешовити фирми со регистриран заштитен знак; електронски адреси; веб-локации на интернет; генерички и заштитени имиња на лекови; некои скратеници; како и на имиња на странски државјани во официјални документи.

Примери: *post scriptum*, *Lek-Skopje Sandoz* (*Lek Ljubljana*), *acetisal*, *km*, *http://imj.ukim.edu.mk/*, *Oscar Wilde* (на англиски), *Cafer* (на турски).

IX.

ДЕЛЕЊЕ НА ЗБОРОТ НА КРАЈОТ ОД РЕДОТ

355. Кога нема доволно простор, последниот збор во редот се дели со - (цртичка), која се пишува по првиот дел од зборот.

а) При пренесувањето на зборот во друг ред се раководиме од правилото за делење на зборовите на слогови: *ли-ѕе-ра-ѕу-ра*, *ја-зик*, *кул-ѕу-ра*.

б) Еднозложните зборови не се делат: *маж*, *враѕ*, *жолѕ*, *дожд*, *смрѕ*.

в) Кога ќе се најдат внатре во зборот две самогласки една до друга, тие може да се разделуваат: *сме-ење*, *пе-ење*, *на-ука*, *сѕо-ење*.

г) Кога две самогласки се на крајот од зборот, не се разделуваат: *оѕи-доа*, *ви-каа*.

356.

а) Ако внатре во зборот се една до друга две согласки, тие при пренесувањето на дел од зборот се разделуваат: *ѝлис-ка*, *мас-ка*, *седен-ка*, *ѓраѕ-че*, *деѕен-це*.

б) Наставките: *-сѕво* (*-шѕво*), *-ски* (*-чки*) и *-сѕвен* (*-шѕвен*) се пренесуваат цели во следниот ред: *ѝроизвод-сѕво*, *благородни-шѕво*, *ѓосѝод-ски*, *времен-ски*, *скиѝни-чки*, *величе-сѕвен*, *дру-шѕвен*.

357.

а) Сложените зборови ги пренесуваме според составните делови: *море-ѝловсѕво*, *рамно-ѝравен*, *ѕемно-црвен*.

б) Претставките во зборовите не се разделуваат во друг ред: *ѝреѕ-ѝоставка*, *изна-слуша*, *ѝро-чиѕа*, *дис-баланс*, *ѝосѕ-дииломски*, *би-латерален*.

в) При пренесувањето на вториот дел од полусложените зборови знакот (-) се става на крајот од редот и во почетокот на следниот ред:

историско-
-религиозен

ѝрилеѝско-
-биѕолски

X.

ТРАНСКРИПЦИЈА И ТРАНСЛИТЕРАЦИЈА НА ТУЃИТЕ ИМИЊА

АЛБАНСКИ ЈАЗИК

358. Албанското писмо има 36 букви, односно фонеми, од кои 7 самогласки и 29 согласки. Иако најголемиот број согласки се бележат со еден знак, согласките *dh*, *gj*, *ll*, *nj*, *rr*, *sh*, *th*, *xh* и *zh* се диграфи (се бележат со два знака).

а) Акцентот во албанскиот јазик нема фиксирано место (може да се акцентира последниот слог, претпоследниот или третиот слог од крај). Кај менливите зборови при деклинација и конјугација акцентот останува статичен.

б) Табела на транскрипција на албанското латинично писмо во македонско кирилско писмо.

Албанско писмо (големи букви)	Албанско писмо (мали букви)	Македонско писмо (големи букви)	Македонско писмо (мали букви)
Ç	ç	Ч	ч
Dh	dh	Д*	д
Ë	ë	Е[1]	е
Gj	gj	Ѓ	ѓ
L	l	Љ/Л[2]	љ/л
Ll	ll	Л	л
Nj	nj	Њ	њ
Q	q	Ќ	ќ
Rr	rr	Р*	р
Sh	sh	Ш	ш
Th	th	Т*	т
X	x	S	s
Xh	xh	Џ	џ
Y	y	И[3]	и
Zh	zh	Ж	ж

- **Коментари кон табелата**:

(*) Поаѓајќи од начелото дека буквите од албански на македонски јазик треба да се пренесат на начин што ќе биде најблиску до нивниот оригинален изговор, албанските диграфи [Dh]/[dh] треба да се пренесат со [Д]/[д], [Th]/[th] со [Т]/[т] и [Rr]/[rr] со [Р]/[р]: *Dardhishta – Дардиште*,

Bardhi – Барди, *Fatbardha – Фатбарда; Thimi – Тими*, *Thoma – Тома*, *Thaçi – Тачи*, *Rromir – Ромир*, *Rrushe – Руше*, *Rrezarta – Резарта*.

(1) Буквата [Ë] треба да се пренесе со [E] во иницијална и во медијална позиција, а во финална позиција не се пишува воопшто:
Во медијална позиција: *Engjëllushe – Енѓелуше*, *Arbër – Арбер*, *Nëna – Хена*, *Shkëlzen – Шкељзен*, *Gëzim – Гезим*.
Во финална позиција: *Dhuratë – Дурат*, *Ermirë – Ермир*, *Bardhë – Бард*, *Zanë – Зан; Zojë – Зој*.

(2) Буквата [L] треба да се пренесе со [Љ], освен во случаи кога [L] се наоѓа пред [е], [и] и [ј], кога треба да се пренесе со *Л*.
На пример: *Lumturie – Љумтурие*, *Lumnie – Љумние*, *Labinot – Љабинот*, *Lavdrim – Љавдрим*, *Lorik – Љорик*, *Loreta – Љорета*, *Albiona – Аљбиона*, *Altin – Аљтин*, *Alketa – Аљкета;* но: *Lirie – Лирие*, *Lirik – Лирик*, *Lindita – Линдита*, *Leonora – Леонора*, *Leka – Лека*, *Leutrim – Леутрим*, *Halim – Халим*, *Bledar – Бледар*.

(3) Буквата [Y] треба да се пренесе со [И]: *Ylber – Иљбер*, *Yll – Ил*, *Bardhyl – Бардиљ*, *Yllka – Илка.*

АНГЛИСКИ ЈАЗИК

359. Гласовните системи на англискиот и на македонскиот јазик се многу различни. Пред сè, тие се разликуваат според вкупниот број фонеми – англискиот јазик има повеќе самогласни, а помалку согласни фонеми од македонскиот јазик.

Дополнителна тешкотија при споредувањето на гласовите на двата јазика претставуваат територијалните варијанти на англискиот јазик. При транскрипција на англиските гласови треба да се земе предвид изговорот на британската и на американската варијанта.

Сепак, најголем проблем при споредувањето на гласовните системи на англискиот и на македонскиот јазик претставува ортографијата на англискиот јазик. За разлика од македонскиот правопис, англискиот правопис е сложен со разновидни комбинации на соодносот буква–глас. Имено, тој се карактеризира со повеќе гласови (фонеми) од букви (графеми) поради што буквите мора да се комбинираат за да означат одреден глас. Можни се следниве појави: а) еден глас се обележува со една или повеќе букви, и б) една буква самостојно означува неколку различни гласови или влегува во повеќе буквени групи и означува повеќе гласови. Токму затоа, графемата не може да биде појдовна точка при транскрибирањето на англиските имиња во македонскиот јазик.

При пренесувањето на англиските гласови на македонски појдовна точка треба да биде нивниот изговор, а не начинот на кој се пишуваат, односно транскрипцијата да се бележи во однос на тоа како македонските говорители го перципираат конкретниот англиски глас. Според овој принцип, англиските гласови треба да се пренесат со звуково најсличниот глас од македонскиот јазик, при што се дозволуваат одредени отстапувања во однос на општите класификаторни параметри на гласовите. Вториот принцип кој треба да се запази е принципот на полесен изговор во согласност со особеностите на македонскиот јазик. Според овој принцип, гласовите кои не постојат во македонскиот јазик треба да се транскрибираат со звуково сличен глас или транскрипцијата на македонски да се надополни од англиската пишана форма (на пример, *Клинтон*, а не *Клинтн* од *Clinton*).

а) Самогласки и дифтонзи

- Вокалните системи на македонскиот и на англискиот јазик се значително различни. Македонскиот петчлен вокален систем е многу поедноста-

вен од англискиот: британската варијанта има дваесет членови од кои дванаесет монофтонзи (пет долги и седум кратки) и осум дифтонзи, додека американската варијанта брои единаесет монофтонзи (пет долги и шест кратки) и пет дифтонзи.

Иако кај дел од англиските самогласки постои преклопување на фонолошките домени со македонските самогласки, речиси секоја англиска самогласка може да се квалификува како непостоен глас во македонскиот јазик. Во табела 1 се претставени англиските самогласки и дифтонзи (споредбено за британската и американската јазична варијанта), графемите со кои се означуваат овие гласови и македонските самогласки кои најприближно соодветствуваат на нивниот изговор. Тие се поткрепени со примери каде што гласот се јавува во акцентирана почетна, средишна и/или крајна позиција на зборот (во зависност од карактеристичната дистрибуција на гласот во зборот). Фонемските симболи кои се користени во табелите се во согласност со конвенционалните симболи на Меѓународната фонетска азбука.

Англиските самогласки се природно долги /iː, ɑː, ɔː, uː, ɜː/ или кратки /ɪ, e, æ, ʌ, ɒ, ʊ, ə/. Природната должина на самогласките е дистинктивен белег и не е константна во изговорот; таа е условена од придружните гласови, од положбата во слогот, од должината на зборот и од интонацијата. При пренесувањето на англиските самогласки на македонски не се зема предвид нивната должина бидејќи таа нема смисларазликувачко значење во македонскиот јазик.

Англиската самогласка /æ/ покажува варијантност во пренесувањето на македонски, каде што наизменично се употребуваат *е* и *а*. Македонските говорители оваа самогласка почесто ја перципираат како *е*, иако таа е звуково поблиска до *а*. Графијата, исто така, влијае таа да се адаптира и како *а*. Наизменичната употреба на двете графеми може да се забележи во следниве примери: *Елис* и *Алис/Аліса* од *Alice* (се претпочита *Алис*), но и *Меш* и *Маш* од *Matt* (се претпочита *Меш*). Многу имиња се веќе одомаќени во македонскиот јазик со едната или другата фонема/буква поради што ваквата варијантност треба да се дозволи.

Дифтонзите во англискиот јазик имаат фонемски статус: двата самогласни елемента на дифтонгот акустички се доживуваат како единствен глас и секогаш му припаѓаат на ист слог. Иако во македонскиот јазик не постојат дифтонзи, гласовните низи *ay*, *aj*, *ej* и *oj* се акустички слични на англиските /aʊ/, /aɪ/, /eɪ/ и /ɔɪ/ така што нивната транскрипција е директна. Останатите дифтонзи /əʊ(oʊ), eə, ʊə, ɪə/ се адаптираат со комбинирање на два гласа акустички слични на двата елемента од дифтонгот (в. табела 1).

Табела 1. Самогласки и дифтонзи во акцентирана позиција на зборот

Англиски			Македонски	Примери	
британска фонема	**американска фонема**	**графема или графеми**	**буква или букви**	**англиски**	**македонски**
/iː/	/iː/	e	и	***E**ton* *St**e**ve*	***И**тон* *С**т**ив*
		i	и	*R**i**ta* *Gandh**i***	*Р**и**та* *Ганд**и***
		ee	и	*R**ee**d*	*Р**и**д*
		ea	и	*K**ea**ts*	*К**и**тс*
		ie	и	*F**ie**lding*	*Ф**и**лдинг*
		ei	и	*Sh**ei**la*	*Ш**и**ла*
		ey	и	*K**ey**es*	*К**и**з*
/ɪ/	/ɪ/	i	и	***J**im*	*Џ**и**м*
		y	и	***S**ybil*	*С**и**бил*
/e/	/ɛ	e	е	*T**e**d*	*Т**е**д*
		a	е	*Th**a**mes*	*Т**е**мза*
		ea	е	*R**ea**ding*	*Р**е**динг*
		ei	е	*Gr**ei**g*	*Гр**е**г*
/æ/	/æ/	a	е/а	*H**a**rry* *S**a**m*	*Х**е**ри/Х**а**ри* *С**е**м/С**а**м*
			а	***A**lfred* *D**a**llas*	***А**лфред* *Д**а**лас*
			е	*J**a**ck* *M**a**nhattan*	*Џ**е**к* *М**е**нхетен*
/ʌ/	/ʌ/	u	а у	*R**u**ssell* *G**u**lliver*	*Р**а**сел* *Г**у**ливер*
		o	о	*L**o**ndon*	*Л**о**ндон*
		ou	а	*Y**ou**ng*	*Ј**а**нг*
		oo	а	*Fl**oo**d*	*Фл**а**д*
/ɑː/	/ɑr/ /ɑːr/	a	а	*B**a**th* *L**a**ncelot*	*Б**а**т* *Л**а**нселот*
		ar	ар	***Ar**nold* *P**ar**ker*	***Ар**нолд* *П**ар**кер*
		er	ер ар	*D**er**by* *Cl**er**k*	*Д**ер**би* *Кл**ар**к*
		al	ал	*P**al**mer*	*П**ал**мер*
/ɒ/	/ɑː/	o	о	*R**o**bert*	*Р**о**берт*
		a	о	*W**a**rrick*	*В**о**рик*
		ou	о	*Gl**ou**cester*	*Гл**о**стер*
		au	о ав	***Au**stin* ***Au**stria*	***О**стин* ***Ав**стрија*
		aw	о	*L**aw**rence*	*Л**о**ренс*

Англиски			Македонски	Примери	
британска фонема	**американска фонема**	**графема или графеми**	**буква или букви**	**англиски**	**македонски**
/ɔ:/	/ɔ:/	or	ор	*G**or**don*	*Г**ор**дон*
	/ɔr/	ore	ор	*M**ore***	*М**ор***
		ar	ор	*W**ar**ner*	*В**ор**нер*
		our	ор	*R**our**ke*	*Р**ор**к*
		a	о	*W**a**lter*	*В**о**лтер*
		au	о	*Ch**au**cer*	*Ч**о**сер*
		aw	о	*Sh**aw***	*Ш**о***
		augh	о	*M**augh**am*	*М**о**м*
		ou	о	*P**ou**lett*	*П**о**лит*
		ough	о	*Br**ough**ton*	*Бр**о**тон*
/ʊ/	/ʊ/	o	у	*W**o**lsey*	*В**у**лзи*
		u	у	*P**u**litzer*	*П**у**лицер*
		oo	у	*W**oo**d*	*В**у**д*
/u:/	/u:/	o	у	*Bl**o**mfield*	*Бл**у**мфилд*
		u	у	*L**u**cas*	*Л**у**кас*
		oo	у	*Bl**oo**msbury*	*Бл**у**мзбери*
		ou	у	*D**ou**gal*	*Д**у**гал*
		oe	у	*Bl**oe**mfontein*	*Бл**у**мфонтејн*
		ew	у jy	*Br**ew**ster* ***Ew**an*	*Бр**у**стер* ***Ју**ан*
		ui	у	*Cr**ui**se*	*Кр**у**з*
		eu	jy	***Eu**gene*	***Ју**џин*
/ɜ:/	/ɜ˞:/	er	ер	*B**er**nard*	*Б**ер**нард*
	/ɜ:r/	err	ер	*K**err***	*К**ер***
		ear	ер р	*St**ear**n* *S**ear**le*	*С**ер**н* *С**р**л*
		our	ер	*B**ou**rke*	*Б**ер**к*
		ir	ир	*F**ir**th*	*Ф**ир**т*
		yr	ир р	*M**yr**tle* *B**yr**n*	*М**ир**тл* *Б**р**н*
		or	or	*W**or**dsw**or**th*	*В**ор**дсв**ор**т*
		ur	ур ер ар/р	***Ur**sula* *Ch**ur**chill* *T**ur**ner*	***У**рсула* *Ч**ер**чил* *Т**ар**нер/* *Т**р**нер*

Англиски			Македонски	Примери	
британска фонема	**американска фонема**	**графема или графеми**	**буква или букви**	**англиски**	**македонски**
/eɪ/	/eɪ/	a	ej e	*J**a**ke* *Sh**a**kespeare* *W**a**les*	*Ц**ej**к* *Ш**е**кспир* *В**е**лс*
		ai	ej e	*D**ai**sy* *Tw**ai**n*	*Д**ej**зи* *Тв**е**н*
		ay	ej	*W**ay**ne*	*В**ej**н*
		ae	ej	*M**ae***	*М**ej***
		ei(gh)	ej	*L**eigh**ton*	*Л**ej**тон*
		ea	ej	*Y**ea**ts*	*J**ej**тс*
		ey	ej	*H**ey**wood*	*Х**ej**вуд*
		é	e	*Le Carr**é***	*Ле Кар**е***
		e	e	*Olivi**er***	*Оливи**е***
/aɪ/	/aɪ/	i	aj и	*W**i**lde* ***I**celand*	*В**aj**лд* ***И**сланд*
		y	aj	*T**y**son*	*Т**aj**сон*
		igh	aj	*Br**igh**ton*	*Бр**aj**тон*
		eigh	aj	*Cr**eigh**ton*	*Кр**ej**тон*
		uy	aj	*G**uy***	*Г**aj***
		ye	aj	*R**ye***	*Р**aj***
/ɔɪ/	/ɔɪ/	oi	oj	*M**oi**ra*	*М**oj**ра*
		oy	oj	*J**oy**ce*	*Ц**oj**с*
/aʊ/	/aʊ/	ou	ay	*P**ou**nd*	*П**ay**нд*
		ow	ay	*H**ow**ard*	*Х**ay**ард*
/əʊ/	/oʊ/	o	o	*Fi**o**na*	*Ф**ио**на*
		oe	oy o	*R**oe**n* ***Joe***	*Р**оу**ен* ***Цо***
		oa	oy	***Oa**kley*	***Оу**кли*
		ow	oy	*B**ow**ie*	*Б**оу**ви*
		ou	o	*B**ou**lton*	*Б**о**лтон*
		eau	o	*B**eau**mont*	*Б**о**монт*
/ɪə/	/ir/	ear	ир	*L**ear***	*Л**ир***
		eer	ир	*Gr**eer***	*Гр**ир***
		ere	ир	*G**ere***	*Г**ир***
		eir	ир	*D**eir**dre*	*Д**ир**дре*
		ier	ир	*P**ier**ce*	*П**ир**с*
		ea	иа	*L**ea**h*	*Л**иа*** (*Леа*)
		eo	ео	*Th**eo**dore*	*Т**ео**дор*
		ia	ија	*Jul**ia***	*Цул**ија***

Англиски			Македонски	Примери	
британска фонема	**американска фонема**	**графема или графеми**	**буква или букви**	**англиски**	**македонски**
/eə/	/ɛ	are	ер	*Cl**are*** (*Cl**aire***)	*Кл**ер***
		air	ер	*Bl**air***	*Бл**ер***
		aire	ер	*Ast**aire***	*Аст**ер***
		ear	ер	*B**ear**sden*	*Б**ер**зден*
		a	е	*M**a**ry*	*М**е**ри*
/ʊə/	/ʊr/	oor	ур	*M**oor**e*	*М**ур***
		our	ур	*B**our**bon*	*Б**ур**бон*
		ur	ур јур	*Dr**ur**y* ***U**riel*	*Др**ур**и* ***Ј**уриел*
		ure	ур јур	*McCl**ure*** *B**ure**n*	*Меккл**ур*** *Б**ј**ур**ен*

- Англиските самогласки може да се најдат во акцентиран и во неакцентиран слог во зборот, освен /з:/ која се јавува исклучиво во акцентирана позиција на зборот и /ə/ која се јавува исклучиво во неакцентирана позиција на зборот и се карактеризира со честа употреба. Овие две самогласки се исти по квалитет, единствено се разликуваат по природната должина. Во македонскиот јазик акустички најсличен глас на овие два англиски гласа е „темната“ самогласка. При нивното пренесување на македонски треба да се додаде буква според пишаната форма на зборот. Во табела 1 се наведени најчестите графеми со кои се обележува /з:/, а во табела 2 се наведени најчестите графеми со кои се обележува /ə/ како и можните решенија за транскрипција на македонски.

  Во поново време во англискиот јазик се јавуваат уште две слаби самогласки, [i] и [u], без фонемски статус кои во македонскиот се пренесуваат со *и*, односно *у* (в. табела 2).

Табела 2. Самогласки во неакцентирана позиција на зборот

Англиски			Македонски	Примери	
британска фонема	**американска фонема**	**графема или графеми**	**буква или букви**	**англиски**	**македонски**
/ə/	/ɚ/	e	е	*Der**e**k*	*Дер**е**к*
	/ər/	ai	е	*Chamberl**ai**n*	*Чемберл**е**н*
		ei	е	*Madel**ei**ne*	*Мадл**е**н*
		a	а	*V**a**ness**a*** *Goodm**a**n* *Wy**a**tt*	*В**а**нес**а*** *Гудм**а**н* *Вај**а**т*
		o	о	*Byr**o**n* *Washingt**o**n* *Fergus**o**n*	*Бајр**о**н* *Вашинг**о**н* *Фергус**о**н*
		ough	о	*Scarbor**ough***	*Скарборо*
		u	у е	*Marc**u**s* *Bradb**u**ry*	*Марк**у**с* *Бредб**е**ри*
		ou	у	*Ald**ou**s*	*Олд**у**с*
		ir	ир	*V**ir**ginia*	*В**ир**џинија*
		er	ер	*Fost**er*** *Faulkn**er***	*Фост**ер*** *Фокн**ер***
		re	ер	*Dac**re***	*Дејк**ер***
		ar	ар	*Edg**ar*** *Rich**ar**d*	*Едг**ар*** *Рича**р**д*
		or	ор	*Tayl**or***	*Тејл**ор***
		our	ор	*Barb**our***	*Барб**ор***
		ur	ур	*Arth**ur***	*Арт**ур***
/ɪ/	/ɪ/	i	и	*Quent**i**n*	*Квент**и**н*
[i]	[i]	y	и	*Kell**y***	*Кел**и***
		ay	и	*Murr**ay***	*Мар**и***
		ey	и	*Berkl**ey***	*Беркл**и***
		ie	и	*Bobb**ie***	*Боб**и***
		a	и	*Wall**a**ce*	*Вол**и**с*
		e	и е	*Swayz**e*** *Alfr**e**d* *Dick**e**ns* *Or**e**gon*	*Свејз**и*** *Алфр**е**д* *Дик**е**нс* *Ор**е**гон*
/ʊ/	/ʊ/	o	у	*Pembr**o**ke*	*Пембр**у**к*
[u]	[u]	ou	у	*T**ou**raine*	*Т**у**рејн*

б) Согласки

- Според бројот на согласните фонеми, 26 во македонскиот наспроти 24 во англискиот (британската и американската варијанта имаат ист број согласки), постои привидна сличност меѓу двата јазика.
- Согласките /p/, /b/, /k/, /g/, /f/, /v/, /s/, /z/, /ʃ/, /ʒ/, /tʃ/, /dʒ/, /j/, /m/, /l/ се сметаат за исти или слични гласови според сите параметри на изговор и затоа се пренесуваат со соодветниот глас во македонскиот јазик, односно како: *п*, *б*, *к*, *г*, *ф*, *в*, *с*, *з*, *ш*, *ж*, *ч*, *џ*, *ј*, *м*, *л*.
- Неколку гласови во англискиот јазик се разликуваат според местото на образување, а се исти според начинот на образување. Тоа се: /t/, /d/, /n/ и /h/ кои во македонскиот се транскрибираат како *т*, *д*, *н*, *х*.
- Согласките /θ/, /ð/, /w/ и /ŋ/ се разликуваат според сите параметри на изговор и се пренесуваат со звуково најсличниот македонски глас, односно како: *т*, *д*, *в* и *н* (или *нг*).
- Во англискиот јазик изговорот на /r/ варира и според местото на образување и според начинот на образување и се карактеризира со многу контекстуални варијанти. Овој глас често се јавува како придружен елемент на некои монофтонзи и дифтонзи (в. табела 1 и табела 2). Од практични причини, американскиот изговор е поподатлив за транскрипција бидејќи графемата <r> секогаш звуково се реализира. Во согласност со принципот за полесен изговор во македонскиот јазик, оваа согласка се пренесува и се изговара како македонската согласка *р*.
- Согласните низи [ts] и [dz] се пренесуваат со графемите *ц* и *s*, на пример *Кацман* од *Katzman*.
- Во англискиот јазик, звучните согласки на крајот на зборот не преминуваат во својот безвучен парник како во македонскиот јазик. При транскрипција од англиски на македонски, англиските имиња кои завршуваат на звучна согласка не треба да се обезвучуваат во пишана форма, односно треба да се задржи сооодветната македонска звучна согласка. Исклучок од ова правило се имињата и топонимите кои се веќе одомаќени и во широка употреба.
- Во табела 3 се претставени англиските согласки, графемите со кои се означуваат и македонските согласки кои најприближно соодветствуваат на нивниот изговор. Тие се поткрепени со примери каде гласот се јавува во почетна, средишна и крајна позиција на зборот.

Табела 3. Согласки

Англиски		Македонски	Примери	
британска и американска фонема	**графема или графеми**	**буква или букви**	**англиски**	**македонски**
/p/	p	п	***P**aul* *Up**p**ton* ***P**i**p***	***П**ол* *А**п**п**т**он* ***П**и**п***
	pp	п	*A**pp**legate*	*А**п**п**л**ѓеј**т***
/b/	b	б	***B**ill* *Ro**b***	***Б**ил* *Ро**б***
	bb	б	*Ro**bb**ins* *Gi**bb***	*Ро**б**инз* *Ги**б***
/t/	t	т	***T**im* *S**t**anford*	***Т**им* *С**т**анфорд*
	tt	т	*Ki**tt**y* *Pi**tt***	*Ки**т**и* *Пи**т***
	th	т	***Th**ames* ***Th**omas* ***Th**eresa*	***Т**емза* ***Т**омас* ***Т**ереза*
/d/	d	д	***D**avi**d*** *E**d**war**d***	*Дејви**д*** *Е**д**вар**д***
	dd	д	*Te**dd**y* *To**dd***	*Те**д**и* *То**д***
/k/	c	к	***C**arrol*	***К**ерол*
	cc	к	*Rebe**cc**a*	*Ребе**к**а*
	ch	к	***Ch**ris*	***К**рис*
	ck	к	*Patri**ck***	*Патри**к***
	k	к	***K**evin*	***К**евин*
	q (пред u)	к	***Qu**entin*	***К**вен**т**ин*
	x	кс	*Ale**x***	*Але**кс***
/g/	g	г	***G**imson*	***Г**имсон*
	gg	г	*Pe**gg**y*	*Пе**г**и*
	gu	г	***Gu**inness*	***Г**инис*
/f/	f	ф	***F**elicity* ***F**lorida*	***Ф**елисити* ***Ф**лорида*
	ff	ф	*Gri**ff**ith* *Cardi**ff***	*Гри**ф**и**т*** *Карди**ф***
	ph	ф	***Ph**oebe* ***Ph**illip* *Jose**ph***	***Ф**иби* ***Ф**илип* *Јозе**ф***
	gh	ф	*Lau**gh**lin* *Gou**gh***	*Ла**ф**лин* *Го**ф***

Англиски		**Македонски**	**Примери**	
британска и американска фонема	**графема или графеми**	**буква или букви**	**англиски**	**македонски**
/v/	v	в	***V**anessa*	***В**анеса*
	ph	в	*Ste**ph**en*	*С**т**ивен*
/θ/	th	т	***Th**eodore* *Doro**th**y* *Smi**th***	***Т**еодор* *Доро**т**и* *Сми**т***
/ð/	th	д	*Ru**th**erford*	*Ра**д**ерфорд*
/s/	s	с	***S**impson* *Wat**s**on*	***С**имсон* *Во**т**сон*
	ss	с	*Clari**ss**a* *Ro**ss***	*Клари**с**а* *Ро**с***
	c	с	*Lu**c**y*	*Лу**с**и*
	sc	с	*Pri**sc**ila*	*При**с**ила*
	x	кс	*Ma**x***	*Ма**кс***
/z/	z	з	***Z**oe* *Ha**z**el*	***З**ои* *Хеј**з**ел*
	zz	з	*Li**zz**y*	*Ли**з**и*
	s	з	*Su**s**an* *Matthew**s***	*Су**з**ан* *Ме**т**ју**з***
	ss	з	*Be**ss**borough*	*Бе**з**боро*
/ʃ/	sh	ш	***Sh**elly*	***Ш**ели*
	ch	ш	***Ch**arlotte*	***Ш**арло**т***
	sch	ш	***Sch**ild*	***Ш**илд*
	ci	ш	*Patri**ci**a*	*Па**т**ри**ш**а*
/ʒ/	g	ж	*Ro**g**et*	*Ро**ж**е*
/h/	h	х	***H**enry*	***Х**енри*
	ch	х	*Lo**ch***	*Ло**х***
	gh	х	*Calla**gh**an*	*Кала**х**ан*
/ʧ/	ch	ч	***Ch**arles* *Man**ch**ester* *Greenwi**ch***	***Ч**арлс* *Манче**с**т**е**р* *Грини**ч***
	tch	ч	*Fle**tch**er* *Tha**tch**er*	*Фле**ч**ер* *Та**ч**ер*
/ʤ/	j	џ	***J**im* ***J**ohn*	***Џ**им* ***Џ**он*
	dge	џ	*Ri**dge**way* *Coleri**dge***	*Ри**џ**веј* *Колри**џ***
	g	џ	***G**erald* *Ro**g**er*	***Џ**ералд* *Ро**џ**ер*

Англиски		Македонски	Примери	
британска и американска фонема	графема или графеми	буква или букви	англиски	македонски
	ge	џ	***Ge**orge*	***Џ**орџ*
	ch	џ	*Norwi**ch***	*Нори**џ***
/m/	m	м	***M**aggie* *Sale**m***	*Маѓи* *Сале**м***
	mm	м	*Cu**mm**ings*	*Ка**м**ингѓз*
/n/	n	н	***N**orah* *Ra**n**dolph* *Norto**n***	***Н**ора* *Ра**н**долф* ***Н**орто**н***
	nn	н	*Je**nn**y* *Mi**nn**esota*	*Це**н**и* *Ми**н**есота*
	kn	н	***Kn**ightsbridge*	***Н**ајтсбриџ*
	gn	н	*Tei**gn**bridge*	*Ти**н**бриџ*
/ŋ/	n	н	*Pi**n**kerton*	*Пи**н**кертон*
	ng	нг	*Ki**ng**ston* *Kipli**ng***	*Ки**нг**стон* *Кипли**нг***
	ng(h)	нг	*Birmi**ngh**am* *Bucki**ngh**am*	*Бирми**нг**ам* *Баки**нг**ам*
	nc	нк	*Du**nc**an* *La**nc**aster* *Li**nc**oln*	*Да**нк**ан* *Ла**нк**астер* *Ли**нк**олн*
/l/	l	л	***L**inda* *Dy**l**an*	***Л**инда* *Ди**л**ан*
	ll	л	***Ll**oyd* *Piccadi**ll**y* *Bi**ll***	***Л**ојд* *Пикади**л**и* *Би**л***
/r/	r	р	***R**ichard* *Tr**a**cy*	***Р**ичард* *Тр**е**јси*
	rr	р	*Ca**rr**ol* *Ke**rr***	*Ка**р**ол* *Ке**р***
	wr	р	***Wr**en*	***Р**ен*
	rh	р	***Rh**ode Island*	***Р**од Ајленд*
/w/	w	в	***W**estminster* *G**w**en*	***В**естминстер* *Г**в**ен*
	wh	в	***Wh**itman*	***В**итман*
	u (по q)	в	***Qu**ebec*	*К**в**ебек*
/j/	y	j	**Y**eats Saw**y**er	**J**ејтс Со**ј**ер

в) Општи забелешки и отстапки од наведените принципи

- Англиските имиња кои се одомаќени во македонскиот јазик и се длабоко вкоренети во писмената книжевна и историска традиција не треба да се менуваат и покрај тоа што не се транскрибирани според изворниот изговор, туку според изворната пишана форма или навлегле во јазикот со посредство на германскиот или на францускиот јазик, како на пример *Лондон*, *Глазго̄в*, *Вашинг̄то̄н*, *Шекспир*. Во оваа група спаѓаат имиња што се пренесени во македонскиот јазик со додавање на наставка за женски род, како на пример името на кралицата Елизабета (од *Queen Elisabeth*). Кога се однесува на други личности, името треба да се транскрибира според најблиската изговорна форма, односно како *Елизабе̄т*. Во оваа група спаѓаат и имињата кои разликуваат две изговорни форми на македонски, при што варијантноста треба да се дозволи. На пример, во литературата се среќава *Марк Твен* и *Марк Твејн* од *Twain* (се претпочита *Твен*) или *Џејмс Џојс* и *Џемс Џојс* од *James* (се претпочита *Џејмс*).
- Имињата што имаат повеќе пишани варијанти се транскрибираат според изговорот на името на конкретната личност. На пример, *Steven* и *Stephen* треба да се транскрибираат како *Сте̄вен*, додека *Stephan* и *Stefan* треба да се транскрибираат како *Сте̄фан*.

АРАПСКИ ЈАЗИК

360. За арапскиот јазик постои научна транскрипција на латинично писмо (систем DMG – Deutsche Morgenländische Gesellschaft), во која за секој глас (фонема) има посебен буквен знак. За означување на долгите самогласки и согласките специфични за арапскиот јазик, во научната транскрипција се користат дијакритички знаци над и под одредени букви (на пр. *ā*, *ī*, *ū* за самогласките, и *ǧ*, *ġ*, *ḫ*, *ḥ*, *ṯ*, *ṭ*, *š*, *ṣ*, *ḏ*, *ḍ*, *ẓ* за согласките). Во земјите што го користат латиничното писмо дијакритичките знаци се испуштаат, и во одделни случаи наместо нив се додава буквата *h*.

а) Графиите *th*, *dh* се транскрибираат како *t͡h*, *g*: *Таура*, *Гадафи*.

б) Графиите *sh*, *j* и *y* се изговараат приближно како *ш*, *џ*, *j: Шукри*, *Џелал*, *Бен Јахја*.

в) Графиите *kh*, *gh* се читаат како *х*, *ѓ*: *Халид*, *Баѓдад*.

г) Некои самогласки: *u* кратко се предава со *у*: *Мухамед*, *Хусни*, *Хусеин*, *Мубарак*, *Муамер*; *i* кратко се предава со *и*: *Хафиз*, *Халѓид*, *Салих*, *Киркук*.

д) Дифтонгот *ay* во завршниот слог има вредност *еи/аи*: *Хусеин*, *Окаил*, а во други позиции *ej/aj*: *Сулејман*, *Хајдар*.

ѓ) Дифтонгот *aw* се предава со *ау*: *Хадрамаут͡h*, *Тауфик*, *Џебел ел Лауз*, но *Фавзи*, по традиција.

е) Еве како се пишуваат некои имиња: *Saddam – Садам*, *Shakib – Шакиб*, *Faysal – Фејсал*, *Muhammad – Мухамед*.

ж) Членот е *ел: Нефуд ел Дахи*, *Џебел ел Шифа*, *Шат͡h ел Араб*, *Баб ел Мандеб*. Може и да се испушти во почетокот на името: *Асад*, *Рујад*, *Џумхурија*.

БЕЛОРУСКИ ЈАЗИК

361. а) Буквата *е* во почетокот на името и во сите други позиции се предава со *е*: *Ельскі – Ељски*, *Ермаловіч – Ермалович*, *Алесь – Алес*, *Зміцер – Змицер*, *Барысевіч – Барисевич*, *Зазека – Зазека.*

б) Буквата *ё* се транскрибира како *јо*, зад *л* со *љо*, а зад *н* со *њо*: *Ёрш – Јорш*, *Арцём – Арцјом*, *Сямёнавіч – Сјамјонавич*, *Фёдар – Фјодар*, *Савёнак – Савјонак*, *Пётр – Пјотр*, *Макаёнак – Макајонак; Васілёк – Васиљок*, *Васілёнак – Васиљонак*, *Кавалёў – Каваљов; Нёманскі – Њомански*, *Сяднёў – Сјадњов.*

в) Буквата *э* се предава со *е*: *Слесарэнка – Слесаренка*, *Андрэй – Андреј*, *Хадарэнка – Хадаренка*, *Чарнышэвіч – Чарнишевич*, *Астрэйка – Астрејка*, *Бахарэвіч – Бахаревич*, *Бутэвіч – Бутевич*, *Дамашэвіч – Дамашевич.*

г) Буквата *ы* се предава со *и*: *Адамчык – Адамчик*, *Бандарына – Бандарина*, *Рыгор – Риѓор*, *Сымон – Симон*, *Валкавыцкі – Валкавицки*, *Ларыса – Лариса*, *Гмырак – Гмирак*, *Грамыка – Грамика.*

д) Буквата *і*, исто така, се предава со *и*: *Іван – Иван*, *Змітрок – Змитрок*, *Ігнаценка – Иѓнаценка*, *Ілары – Илари*, *Іпатава – Ипатава*, *Віцьбіч – Вицбич*, *Вітка – Витка*, *Віктар – Виктар*, *Марціновіч – Мацинович.*

ѓ) Буквата *ў* (неслоговно *у*) се предава со *в*: *Сіпакоў – Сипаков*, *Станіслаў – Станислав*, *Яўген – Јавѓен*, *Вітаўт – Витавт*, *Шарахоўскі – Шараховски*, *Быкаў – Бикав*, *Аўрамчык – Аврамчик*, *Броўка – Бровка*, *Гапееў – Гапеев.*

е) Мекоста на согласките пред *е* и пред *і* не се означува: *Конеў – Конев*, *Арсеннева – Арсенева*, *Каганец – Каѓанец*, *Алесь – Алес*, *Леанід – Леанид*, *Нікановіч – Никанович*, *Панізнік – Панизник*, *Піліп – Пилип*, *Нэлі – Нели*, *Барадулін – Барадулин*, *Галіна – Галина.*

ж) Групата *ье* зад тврдите согласки се предава како *је*: *Ігнацьевіч – Иѓнацјевич*, *Вікенцьевіч – Викенцјевич*, *Афанасьевіч – Афанасјевич*, *Дзяменцьевіч – Sјаменцјевич*, *Лаўрэнцьевіч – Лавренцјевич.*

з) Групите *лье*, *льі* се предаваат како *ље*, *љи*: *Васільевіч – Васиљевич*, *Савельевіч – Савељевич*, *Анатольевіч – Анатољевич*, *Юльевіч – Јуљевич*, *Ільіч – Иљич.*

ѕ) Групата *ль* на крајот од зборот или во средината на зборот со што во белоруското јазик се означува крај на слогот се предава со *љ*: *Вольга – Вољѓа*, *Васіль – Васиљ*, *Фальскі – Фаљски*, *Анатоль – Анатољ*, *Брыль*

– Бриль, *Вольскі – Вольски*, *Віталь – Виталь*, *Гіль – Гиль*, *Ельскі – Ельски*, *Каваль – Каваль*, *Макаль – Макаль*, *Вальжына – Ваљжина.*

и) Групата *ля* се предава како *ља*: *Валянцін – Ваљанцин*, *Аляхновіч – Аљахнович*, *Аляксей – Аљаксеј*, *Бядуля – Бјадуља*, *Лявон – Љавон*, *Лявіцкая – Љавицкаја*, *Лялько – Љалько*, *Паслядовіч – Пасљадович.*

ј) Групата *лья* се предава како *ља*: *Гальяш – Гаљаш*, *Емяльянчык – Емјаљанчик*, *Ільяшэвіч – Иљашевич*, *Ілья – Иља*, *Емяльянаў – Емјаљанав*, *Ельяшэвіч – Ељашевич.*

к) Групата *лю* се предава како *љу*: *Людміла – Људмила*, *Блюднік – Бљудник*, *Вялюгін – Вјаљугин*, *Калюга – Каљуга*, *Карлюкевіч – Карљукевич*, *Любачка – Љубачка*, *Марзалюк – Марзаљук.*

л) Групата *нь* предава со *њ*: *Лынькоў – Линьков*, *Санько – Сањко*, *Струмень – Струмењ*, *Крэнь – Крењ.*

љ) Групите *ня* и *ню* се предаваат како *ња*, односно како *њу*: *Някляеў – Њакљаев*, *Кандраценя – Кандрацења*, *Паздняко – Паздњаков*, *Каваленя – Кавалења*, *Гумянюк – Гумјањук*, *Станюта – Стањута*, *Завальнюк – Завальњук*, *Міхнюк – Михњук.*

м) Сите останати согласки пред *ь* во сите позиции се предаваат како тврди: *Ігнацьеў – Игнацјев*, *Кнацько – Кнацко*, *Кузьменка – Кузменка*, *Лазько – Лазко*, *Мазько – Мазко*, *Алесь – Алес*, *Віцьбіч – Вицбич*, *Гесь – Гес.*

н) Буквите *я* и *ю* во почетокот на името, освен по *н* и *л*, се предаваат со *ја*, односно со *ју*: *Юрый – Јуриј*, *Юхнавец – Јухнавец*, *Юліяна – Јулијана*, *Ядвігін – Јадвигин*, *Якавенка – Јакавенка*, *Яновіч – Јанович*, *Ярац – Јарац*, *Андрасюк – Андрасјук*, *Васючэнка – Васјученка*, *Касцюкевіч – Касцјукевич*, *Пятрусь – Пјатрус*, *Каятан – Кајатан*, *Мяжэвіч – Мјажевич*, *Мар'ян – Марјан.*

њ) Буквата *г* се предава со *ѓ*: *Галіна – Галина*, *Сяргей – Сјарѓеј*, *Галубок – Галубок*, *Гапеева – Гапеева*, *Рыгор – Риѓор*, *Плуг – Плуѓ*, *Ігар – Иѓар*, *Скрыган – Скриган*, *Чыгрын – Чиѓрин.*

о) Групата *дз* се предава со *ѕ*: *Лідзія – Лиѕија*, *Уладзімір – Улаѕимир*, *Гардзей – Гарѕеј*, *Дзялендзік – Ѕјаленѕик*, *Дудзіцкі – Дуѕицки*, *Родзевіч – Роѕевич*, *Дземідовіч – Семидович*, *Дзядзюшка – Ѕјаѕјушка*, *Генадзь – Генаѕ.*

п) Двојните согласки се предаваат со една: *Арсеннева – Арсенева*, *Таццяна – Тацјана*, *Настасся – Настасја.*

р) При транскрипција на белоруските имиња на македонски не се обележува едначењето по звучност: *Бажко – Бажко*, *Радкевіч – Радкевич*, *Глебка – Глебка*, *Хадкевич – Хадкевич*, *Бабкоў – Бабков.*

с) Белоруските презимиња, како и машките средни таткови имиња што завршуваат на *-іч* на истиот начин се предаваат и на македонски (не со

-иќ!): *Адамовіч – Адамович*, *Акудовіч – Акудович*, *Іванавіч – Иванавич*, *Александровіч – Александрович*, *Бабровіч – Бабрович*, *Раманавіч – Раманавич*, *Навумовіч – Навумович*, *Пашкевіч – Пашкевич*, *Семашкевіч – Семашкевич.*

т) Белоруските имиња си ја задржуваат својата форма независно од нивните македонски аналози: *Піліп – Пилиӣ* (*не: Филиӣ*), *Янка – Јанка* (*не: Јанко*), *Генадзь – Генаѕ* (*не: Генадиј*), *Барыс – Барис* (*не: Борис*), *Валянціна – Ваљанцина* (*не: Валенӣина*), *Віктар – Викӣар* (*не: Викӣор*), *Сакрат – Сакраӣ* (*не: Сокраӣ*), *Мікола – Микола* (*не: Никола*), *Таццяна – Тацјана* (*не: Таӣјана*) итн.

БОСАНСКИ ЈАЗИК

362. а) Босанските самогласки се предаваат со македонските самогласки.

б) Согласките се предаваат на следниот начин:

- Согласката *ć* се предава со *ќ*: *Banovići – Бановиќи*, *Vogošća – Вогошќа*, *Mrkonjić Grad – Мркоњиќ Град*, *Teslić – Теслиќ.*
- Согласката *đ* се предава со *ѓ*: *Đula – Ѓула*.
- Согласката *dž* се предава со *џ*: *Odžak – Оџак*, *Dženana – Џенана*, *Dževdet – Џевдет̄*.
- Согласката *ž* се предава со *ж*: *Žerče – Жеп̄че*, *Živinice – Живиници̇е*.
- Согласката *š* се предава со *ш*: *Posušje – Посушје*, *Tešanj – Тешањ*, *Široki Brijeg – Широки Брије̄г.*
- Буквата *j* се пишува во сите позиции: *Orašje – Орашје*, *Prijedor – Прије̄дор*, *Hajrija – Хајрија*, (но *Сараево*).

в) Сонантските групи *lj/lj* и *nj/nj* се предаваат со *љ* и *њ*: *Kakanj – Какањ*, *Kiseljak – Кисељак*, *Ljubinje – Љубиње.*

БУГАРСКИ ЈАЗИК

363. а) Во бугарските имиња самогласката ъ, освен во некои случаи кога стои пред или по *р*, се предава со апостроф (’): *Вълко – В’лко*, *Вълев – В’лев*, *Гълъбово – Г’л’бово*, *Долни Дъбник – Долни Д’бник*, *Кънчев – К’нчев*, *Събев – С’бев*, *Ърнест – ’Рнест̄.*

б) Самогласката ъ се предава со *а* во именките што завршуваат на *-лък* и *-ър*: *Александър – Александар*, *Димитър – Димит̄ар*, *Искър – Искар*, *Казанлък – Казанлак.*

в) Кога буквата ъ се наоѓа пред или по *р*, а по нив следува согласка, тогаш при предавањето таа се испушта: *Бързицов – Брзицов*, *Велико Търново – Велико Трново*, *Върбан – Врбан*, *Гърданов – Грданов*, *Кърстана – Крст̄ана*, *Несебър – Несебр*, *Първев – Првев*, *Сърмена – Срмена*, *Угърчин – Уг̄рчин.*

г) Буквата *й* ја предаваме со *ј*: *Ивайловград – Ивајловг̄рад*, *Йоана – Јоана*, *Йордан – Јордан*, *Йосифов – Јосифов*, *Найден – Најден*, *Райчо – Рајчо*, *Стойка – Ст̄ојка.*

д) Гласот *џ* во бугарската азбука се бележи со *дж* и се предава со *џ*: *Гложджево – Глоџево*, *Джартов – Џарт̄ов*, *Джуров – Џуров*, *Казанджиев – Казанџиев*, *Пазарджик – Пазарџик*, *Хаджов – Хаџов.*

ѓ) Буквата *щ* се предава со *шт̄*: *Свищов – Свишт̄ов*, *Копривщица – Копрившт̄ица*, *Пещера – Пешт̄ера*, *Търговище – Трг̄овишт̄е*, *Щъркелов – Шт̄ркелов*.

е) Буквите *я* и *ю* се предаваат со *ја*, *ју*: *Илияна – Илијана*, *Янко – Јанко*, *Ясенов – Јасенов*, *Юрдан – Јурдан*, *Юлияна – Јулијана.*

ж) Согласките *л* и *н* пред *ь*, *я*, *ю* се предаваат со *љ*, односно *њ*: *Беню – Бењу*, *Болярово – Бољарово*, *Желю – Жељу*, *Ганьо – Гањо*, *Кольо – Кољо*, *Лясковец – Љасковец*, *Любен – Љубен*, *Маньо – Мањо*, *Огнянов – Огњанов*.

з) Бугарските меки согласки *г* и *к* пред *ь*, *я*, *ю* се предаваат со *ѓ*, *ќ*: *Гьорчев – Ѓорчев*, *Гюешево – Ѓуешево*, *Гюров – Ѓуров*, *Кюрчиев – Ќурчиев*, *Кюлавков – Ќулавков*, *Кюстендил – Ќуст̄ендил*.

ѕ) Другите бугарски меки согласки *б*, *в*, *р*, *п* и др. пред *ь*, *я*, *ю* се предаваат со *ј* по соодветните македонски тврди согласки: *Ботьо – Бот̄јо*, *Дряново – Дрјаново*, *Невяна – Невјана*, *Горна Оряховица – Горна Орјаховица*, *Тотю – Тот̄ју*, *Червен Бряг – Червен Брјаг̄.*

и) При предавањето на бугарските имиња, не се применува едначењето по звучност на согласките: *Безценна – Безцена*, *Разцвет – Разцвет̄*, *Недко – Недко.*

ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК

364. Германското латинско писмо содржи 26 основни графеми (*a*, *b*, *c*, *d*, *e*, *f*, *g*, *h*, *i*, *j*, *k*, *l*, *m*, *n*, *o*, *p*, *q*, *r*, *s*, *t*, *u*, *v*, *w*, *x*, *y*, *z*) и три графеми со умлаут/преглас (*ä*, *ö*, *ü*). Во туѓите зборови се користат графеми со други надредни знаци (на пример *é*). Со исклучок на некои земји (Швајцарија, Лихтенштајн), 30-та графема е *ß* (т. н. ес-цет или остро ес со гласовна вредност [*s*]), која се јавува само како мала буква. Изговорот на сопствените имиња во германскиот јазик се наведува според правоговорниот речник Дуден (*Duden Band 6. Das Aussprachewörterbuch. Der Duden in zwölf Bänden*. Bearbeitet von Max Mangold in Zusammenarb. mit der Dudenredaktion, 6. überarb. u. aktual. Aufl. Mannheim usw.: Dudenverlag 2005).

Германски јазик			**Македонски јазик**	
Графеми	Изговор	Примери	Графеми	Примери
ä	[ɛː]	*Matthäus*, *Schäfer; Bärwalde*	**e**	*Матеус*, *Шефер; Бервалде*
	[ɛ]	*Länge; Eichstätt*, *Langgässer*	**e**	*Ленге; Ајхштет*, *Лангесер*
aa	[aː]	*Aachen*, *Baar*, *Maass; Kohlhaas*	**a**	*Ахен*, *Бар*, *Мас; Колхас*
ae	[ɛː]	*Baesecke*, *Baer*, *Haese*, *Schaefer*	**e**	*Безеке*, *Бер*, *Хезе*, *Шефер*
	[ɛ]	*Bæck*, *Hæften*, *Hænsel*, *Jæckel*	**e**	*Бек*, *Хефтен*, *Хензел*, *Јекел*
	[aː]	*Baerl*, *Laer*, *Raesfeld; Kevelaer* Обично во северногермански имиња.	**a**	*Барл*, *Лар*, *Расфелд; Кевелар*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *a* и *e* минува морфемската/слоговната граница: *Michael* ['mɪçae:l]/['mɪçaɛl] – *Михаел.*			
aeh	[ɛː]	*Baehr*	**e**	*Бер*
aey	[aɪ]	*Baeyer*	**aj**	*Бајер*
ah	[aː]	*Bahrendorf*, *Lahn; Eschenhahn*	**a**	*Барендорф*, *Лан; Ешенхан*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *a* и *e* минува морфемската/слоговната граница: *Ahausen* ['ahaʊzn̩] – *Ахаузен*.			
äh	[ɛː]	*Hähnlein*, *Mähringen*, *Zähringen*	**e**	*Хенлајн*, *Мерингген*, *Церингген*
ai	[aɪ]	*Daimler*, *Mainz; Obermaier*	**aj**	*Дајмлер*, *Мајнц; Обермајер*
aih	[aɪ]	*Maihingen*, *Vaihingen*	**aj**	*Мајингген*, *Фајингген*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *ai* и *h* минува морфемската/слоговната граница: *Maihofer* ['maɪho:fɐ] – *Мајхофер*.			

äu	[ɔy] *Mäuchen*, *Mäusel*	**oj**	*Мојхен*, *Мојзел*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *ä* и *u* минува морфемската/слоговната граница: *Matthäus* [ma'tɛːʊs] – *Матеус*.		
auh	[au̯] *Rauh*, *Rauhe*, *Rauhenstein*	**ау**	*Рау*, *Рауе*, *Рауенштајн*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *au* и *h* минува морфемската/слоговната граница: *Bauhaus* ['bau̯hau̯s] – *Баухаус*.		
ay	[aɪ̯] *Bayern*, *Mayer; Bayreuth*, *Bullay*	**аj**	*Бајерн*, *Мајер; Бајројт*, *Булај*
bb	[b] *Ebbendorf*, *Lübbecke*, *Schwöbber*	**б**	*Ебендорф*, *Либеке*, *Швебер*
	[p] *Abb*, *Abbt*, *Stubb*, *Ybbs*	**б**	*Аб*, *Абт*, *Штуб*, *Ибс*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *b* и *b* минува морфемската/слоговната граница: *Nabburg* ['nɑːpbʊrk] – *Набург*.		
c	[k] *Caldern*, *Cottbus*, *Cuxhaven*	**к**	*Калдерн*, *Котбус*, *Куксхафен*
	[ʦ] *Celan*, *Wicelius*	**ц**	*Целан*, *Вицелиус*
ch	[ç] *Eichsfeld*, *Kirchberg*, *Richard*	**х**	*Ајхсфелд*, *Кирхберг*, *Рихард*
	[x] *Aachen*, *Ansbach*	**х**	*Ахен*, *Ансбах*
	[k] *Achsel*, *Chemnitz*, *Chianti*, *Christian*, *Luchs*, *Lüttich*	**к**	*Аксел*, *Кемниц*, *Кијанти*, *Кристијан*, *Лукс*, *Литих*
	Во а) домашни зборови меѓу самогласка и *s*, кое ѝ припаѓа на истата морфема, б) домашни зборови во почетокот на зборот/морфемата, в) зборови од грчко потекло, особено во почетокот на зборот/морфемата пред *a*, *i*, *o*, *r*; г) во зборови од италијанско потекло. Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *ch* и *s* минува морфемската/слоговната граница: *Buchsee* ['buːxzeː] – *Бухзе*, *Bechstein* ['bɛçʃtaɪ̯n] – *Бехштајн*, вклучувајќи ги зборовите со интерфиксот (сврзувачки елемент) *-s-* во сложенка: *Friedrichstal* ['friːdrɪçstɑːl] – *Фридрихстал*. *Lüttich* е и името на белгискиот град Лиеж.		
ck	[k] *Blicken*, *Dornick*, *Gauck*, *Lübeck*	**к**	*Бликен*, *Дорник*, *Гаук*, *Либек*
cz	[ʧ] *Wilczek*, *Wieczorek-Zeul*	**ч**	*Вилчек*, *Вичорек-Цојл*
dd	[d] *Meddersheim*, *Nidda*, *Widdersdorf*	**д**	*Медерсхајм*, *Нида*, *Видерсдорф*
	[t] *Modd*, *Todd*	**д**	*Mog*, *Tog*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *d* и *d* минува морфемската/слоговната граница: *Süddeutsche Zeitung* ['zyːtdɔyʧə 'ʦaɪ̯tʊŋ] – *Зиддојче цајтунг*, *Süddorf* ['zyːtdɔrf] – *Зиддорф*.		
dh	[d] *Dhünn*, *Hochstetten-Dhaun*	**д**	*Дин*, *Хохштетен-Даун*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *d* и *h* минува морфемската/слоговната гра`ница: *Einödhausen* [aɪ̯nløːt'hau̯zn] – *Ајнедхаузен*, *Waldheim* ['valtha͡ɪm] – *Валдхајм*.		
ds	[ʦ] *Konradsreuth*, *Landsberg*	**дс**	*Конрадсројт*, *Ландсберг*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои *s* не е интерфикс (сврзувачки елемент) во сложенките: *Idstein* ['ɪtʃta͡ɪn] – *Идштајн*, *Waldsee* ['valtseː] – *Валдзе*.		

dsch	[ʧ] *Brạndsch*, *Wịndsch*	**ч**	*Бранч*, *Винч*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *d* и *sch* минува морфемската/слоговната граница: *Edschmid* ['e:tʃmɪt]/['ɛtʃmɪt] – *Едшмид*, *Goldschmidt* ['gɔltʃmɪt] – *Голдшмит*.		
dt	[t] *Brạndt*, *Creutzfeldt*, *Schmịdt*	**т**	*Бранѓт*, *Кројцфелѓт*, *Шмиѓт*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *d* и *t* минува морфемската/слоговната граница: *Waldtraut* ['valttra͡ut] – *Валдѓтраут*.		
(d) dz	[ʦ] *Rịdzard*	**ц**	*Рицард*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *d* и *z* минува морфемската/слоговната граница: *Waldzell* ['valtʦɛl] – *Валдцел*.		
ee	[e:] *Deetz*, *Lübtheen*, *Scheel*, *Spree*	**е**	*Дец*, *Либѓен*, *Шел*, *Шѓре*
eh	[e:] *Ehrenfried*, *Kehl*, *Mehlweg*, *Rehau*	**е**	*Еренфрид*, *Кел*, *Мелвег̄*, *Реау*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *e* и *h* минува морфемската/слоговната граница: *Ehard* ['e:hart] – *Ехарѓ*, *Engehausen* ['ɛŋəha͡uzn̩] – *Енг̄ехаузен*. За именката *Rehau*, во Дуден (2005: 670) е нормиран изговорот ['re:a͡u]. Но кај некои родени говорители се слуша „воздивнувачката“ согласка [h], значи ['re:ha͡u], што може да се толкува како начин за отстранување на контактната позиција на две соседни самогласки меѓу кои минува слоговната граница (хијат).		
ei	[a͡ɪ] *Eisenach*, *Meier; Heilbrọnn*	**aj**	*Ајзенах*, *Мајер; Хајлброн*
eih	[a͡ɪ] *Weih*, *Weihe*, *Weihenstephan*	**aj**	*Вај*, *Ваје*, *Вајенштефан*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *ei* и *h* минува морфемската/слоговната граница: *Freiham* ['fra͡ɪham] – *Фрајхам*.		
eu	[ɔy] *Meura*, *Meumann; Eutịn*	**oj**	*Мојра*, *Мојман; Ојтин*
euy	[ɔy] *Beuys*	**oj**	*Бојс*
ey	[a͡ɪ] *Eyach*, *Steyr*, *Norderney/ Nọrderney*	**aj**	*Ајах*, *Штајер*, *Нордернај*
eyh	[a͡ɪ] *Leyh*	**aj**	*Лај*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *ey* и *h* минува морфемската/слоговната граница: *Weyhausen* ['va͡ɪha͡uzn̩] – *Вајхаузен*.		
ff	[f] *Hauff*, *Pfạ̈ffikon*, *Pfeiffer*, *Wụlff*	**ф**	*Хауф*, *Пфефикон*, *Пфајфер*, *Вулф*
gg	[g] *Brụ̈ggen*, *Ẹggenberg*, *Knịgge*	**г**	*Бриг̄ен*, *Ег̄енберг̄*, *Книге*
	[k] *Ạltwegg*, *Brụgg*, *Ẹgg*, *Kạttnigg*	**г**	*Алтвег̄*, *Бруг̄*, *Ег̄*, *Каттниг̄*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *g* и *g* минува морфемската/слоговната граница: *Lạnggässer* ['laŋgɛsə] – *Лангг̄есер*.		
gh	[g] *Menghịn*	**г**	*Менг̄ин*
	[k] *Loogh*	**г**	*Лог̄*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу (*n*)*g* и *h* минува морфемската/слоговната граница: *Berghaus* ['bɛrkha͡us] – *Берг̄хаус*, *Lụ̈dinghausen* ['ly:dɪŋha͡uzn̩] – *Лидинг̄хаузен*.		

gk	[k] *Bu̯rgk*, *Ge̯rlebogk*, *Ha̯gkling*	**к**	*Бурк*, *Герлебок*, *Хаклинг̄*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *g* и *k* минува морфемската/слоговната граница: *Burgkunstadt* [bʊrk'kʊnʃtat] – *Бург̄кунштат̄*, *Siegkreis* ['zi:kkra͡ɪs] – *Зиг̄крајс*.		
ie	[i:] *Bielefeld*, *Gießen*, *Kiel; Wu̯nsiedel*	**и**	*Билефелд*, *Гисен*, *Кил; Вунзидел*
	[ɪ] *Li̯e̯chtenstein*	**и**	*Лихт̄ештајн*
	[i̯] *Li̯lienthal*	**и**	*Лилиент̄ал*
	[i̯ə] *Li̯lie*	**ие**	*Лилие*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *i* и *e* минува морфемската/слоговната граница: *Lienz* ['li:ɛnʦ] – *Лиенц*.		
ieh	[i:] *Bieh*l, *Bieh*le, *Dieh*le, *Wieh*l	**и**	*Бил*, *Биле*, *Диле*, *Вил*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *ie* и *h* минува морфемската/слоговната граница: *Niehans* ['ni:hans] – *Ниханс*, *Nieheim* ['ni:ha͡ɪm] – *Нихајм*.		
ih	[i:] *Bihlmeyer*, *Ihle*, *Ihringen*	**и**	*Билмајер*, *Иле*, *Иринген*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *i* и *h* минува морфемската/слоговната граница: *Ihausen* ['i:ha͡ʊzn̩] – *Ихаузен.*		
kk	[k] *Lu̯kka*	**к**	*Лука*
ll	[l] *De̯llfeld*, *Ke̯ller*, *Ko̯ller*	**л**	*Делфелд*, *Келер*, *Колер*
mm	[m] *Gri̯mm*, *Ku̯mmer*, *Me̯mmingen*	**м**	*Грим*, *Кумер*, *Меминген*
ngh	[ŋ] *Bo̯delschwingh*	**нг**	*Боделшвинг̄*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *ng* и *h*, одн. *n* и *gh* минува морфемската/слоговната граница: *Recklinghausen* [rɛklɪŋ'ha͡ʊzn̩] – *Реклинг̄хаузен*, *Menghin* [mɛŋ'gi:n] – *Менг̄ин*.		
nn	[n] *Bo̯chmann*, *I̯nnsbruck*, *Le̯nnenstadt*	**н**	*Бохман*, *Инсбрук*, *Ленешт̄ат̄*
ö	[ø:] *Bönen*, *Gö̯the*, *König*, *Schöner*	**е**	*Бенен*, *Гет̄е*, *Кениг̄*, *Шенер*
	[œ] *Hö̯ingen*, *Mö̯ller*, *Rö̯ntgen*	**е**	*Хеинген*, *Мелер*, *Рент̄ген*
oe	[ø:] *Goethe*, *Schroeder; Oebisfe̯lde*	**е**	*Гет̄е*, *Шредер; Ебисфелде*
	[œ] *Mo̯e̯ller*, *Oe̯tker; Bonhoeffer*	**е**	*Мелер*, *Ет̄кер; Бонхефер*
	[o:] *Coesfeld*, *Itzehoe*, *Soest* Во некои северногермански имиња.	**о**	*Косфелд*, *Ицехо*, *Зост̄*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *o* и *e* минува морфемската/слоговната граница: *Buchloe* ['bu:xlo:ə] – *Бухлое*.		
oeh	[ø:] *Boehn*, *Koehler*, *Oehmichen*	**е**	*Бен*, *Келер*, *Емихен*
oey	[ø:] *Bad Oeynhausen*	**е**	*Бад Енхаузен*
oh	[o:] *Kohlberg*, *Mohnhausen; Gütersloh*	**о**	*Колберг̄*, *Монхаузен; Гит̄ерсло*
öh	[ø:] *Köhler*, *Möhrig*, *Söhlingen*	**е**	*Келер*, *Мериг̄*, *Зелинген*
oi	[ɔy] *Hoibach*, *Hoikendorf*, *Voit*(*h*)	**oj**	*Хојбах*, *Хојкендорф*, *Фојт̄*
	[o:] *Grevenbroich*, *Roisdorf*, *Voigt* Особено во рајнски географски имиња.	**о**	*Гревенброх*, *Росдорф*, *Фогт̄*

oo	[oː] *Boos*, *Moosburg*, *Sooden-Allendorf*	**о**	*Бос*, *Мосбург*, *Зоден-Алендорф*
öö	[øː] *Göödck*	**е**	*Гек*
ow	[o] *Grabow*, *Lützow*, *Pankow*, *Treptow* На крајот од зборот, во (географски) имиња, делумно од словенско потекло.	**о**	*Грабо*, *Лицо*, *Панко*, *Трептов*
oy	[ɔy] *Friesoythe*, *Hoyer; Oorsoy*	**ој**	*Фрисојте*, *Хојер*, *Орзој*
pff	[pf] *Schwartzkopff*	**пф**	*Шварцкопф*
ph	[f] *Philip*, *Rudolph*, *Stephan*	**ф**	*Филип*, *Рудолф*, *Штефан*
pp	[p] *Heppenheim*, *Kneipp*, *Wuppertal*	**п**	*Хепенхајм*, *Кнајп*, *Вупертал*
qu	[kv] *Quickborn*, *Quierschied*	**кв**	*Квикборн*, *Квиршид*
r	[r] *Erfurt*, *Erlangen*, *Kurt*, *Wismar*	**р**	*Ерфурт*, *Ерланген*, *Курт*, *Висмар*
	[ɐ̯] *Bär*, *Baerl*, *Erhard*, *Gerke*, *Harz* Неслоготворното самогласно [ɐ̯] има ист квалитет како слоготворното (в. д. под *r*, изговор [ɐ]), а се изговара зад долгите самогласки: *Harz* [hɑːɐ̯ʦ] – *Харц*, *Trier* [triːɐ̯] – *Трир*.	**р**	*Бер*, *Барл*, *Ерхард*, *Герке*, *Харц*
	[ɐ] *Mair*, *Mayr*, *Montabaur/ Montabaur* Слоготворното [ɐ] се среќава на крајот од зборот/морфемата по дво-гласките: *Mair* [maɪɐ] – Majep, *Mayrhofer* ['maɪɐhoːfɐ] – *Мајерхофер*, *Montabaur* ['mɔntabaʊɐ] – *Монтабауер*.	**ер**	*Мајер*, *Majer*, *Монтабауер*
rh	[r] *Innerrhoden*, *Rhein*, *Rhön* Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *r* и *h* минува морфемската/слоговната граница: *Bierhoff* ['biːɐ̯hɔf] – *Бирхоф*, *Hoyerhagen* ['hɔyɐhɑːgn̩] – *Хојерхаген*.	**р**	*Инерроден*, *Рајна*, *Рен*
rr	[r] *Dirr*, *Dürrenmatt*, *Herrenberg* Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *r* и *r* минува морфемската/слоговната граница: *Oberrad* [oːbɐ'rɑːt] – *Оберрад*.	**р**	*Дир*, *Диренмат*, *Херенберг*
s	[z] *Gräser*, *Linse*, *Siegel*, *Wunsiedel; Salzburg*, *Sat 1*, *Siemens* Во следниве позиции: а) во почетокот на зборот/морфемата пред самогласка: *Sonne* ['zɔnə] – *Зоне*, б) меѓу самогласки: *Mühlhausen* [myːl'haʊzn̩] – *Милхаузен* и в) меѓу *l*, *m*, *n* или *r* и самогласка, што ја вклучува и позицијата пред слоготворните [l̩], [m̩] и [n̩]: *Amsel* ['amzl̩] – *Амзел*, *Basler* ['bɑːzlɐ] – *Базлер*, *Felsenstein* ['fɛlzn̩ʃtaɪn] – *Фелзенштајн*, *Linse* ['lɪnzə] – *Линзе*.	**з**	*Глезер*, *Линзе*, *Зигел*, *Вунзидел;* по традиција: *Салцбург*, *Сат 1*, *Сименс*
	[s] *Forst*, *Kies*, *Königsberg*, *Osburg* Во следниве позиции: а) на крајот од зборот/морфемата, дури и кога следната морфема почнува со *p* или *t*: *Kies* [kiːs] – *Кис*, *Wiesbaden* ['viːsbaːdn̩] – *Висбаден*, *Luchsperger* ['lʊkspɛrgɐ] – *Лукспергер*, *Johannistal*	**с**	*Форст*, *Кис*, *Кенигсберг*, *Осбург*

s			[jo'hanɪstɑ:l] – *Јоханисшал*, б) во средината на зборот/морфемата пред поголемиот број согласки, вклучувајќи ја и позицијата пред *p* и *t: Aspe* ['aspə] – *Асше*, *Bastian* ['bastia̯[:]n] – *Басшијан*, *Soest* [zo:st] – *Зосш*, в) во интерфиксот (сврзувачки елемент) во сложенки, значи на морфемската граница, дури и кога следната морфема почнува со *p* или *t*: *Königsberg* [kø:nɪçsbɛrk] – *Кениѯсберѓ*, *Bischofspool* [bɪʃɔfs'po:l] – *Бишофспол*, *Kohlerstal* ['ko:lɐsta:l] – *Колерсшал*.
	[ʃ]	*Der Spiegel*, *Spenge*, *Spree*, *Stǫecker*	**ш** *Дер шпиѓел*, *Шпенѓе*, *Шпре*, *Штекер*
			Пред *p* и *t* во почетокот на зборот/морфемата.
sch	[ʃ]	*Aschendorf*, *Felsch*, *Schiller*	**ш** *Ашендорф*, *Фелш*, *Шилер*
			Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *s* и *ch* минува морфемската/слоговната граница: *Lieschen* ['li:sçən] – *Лисхен*.
ß	[s]	*Gießen*, *Meßkirch*	**с** *Гисен*, *Мескирх*
ss	[s]	*Deiss*, *Essen*, *Hesselbach*, *Heuss*	**с** *Дајс*, *Есен*, *Хеселбах*, *Хојс*
			Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *s* и *s* минува морфемската/слоговната граница: *Ludwigsstadt* ['lu:tvɪçsʃtat] – *Лудвиѯсшшаш*, *Wiessee* ['vi:sze:] – *Висзе*.
sz	[s]	*Wellesz*	**с** *Велес*
			Обично во имиња од унгарско потекло. Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *s* и *z* минува морфемската/слоговната граница: *Hundszell* ['hʊntststɛl] – *Хундсцел*.
th	[t]	*Baath*, *Goethe*, *Helmuth*, *Thomas*	**т** *Баш*, *Гешe*, *Хелмуш*, *Томас*
			Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *t* и *h* минува морфемската/слоговната граница: *Richthof* ['rɪçtho:f] – *Рихшхоф*.
ts	[ʦ]	*Potsdam*, *Voitsberg*	**тс** *Пошсдам*, *Фојшсберѓ*
			Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *t* и *s* минува морфемската/слоговната граница: *Abtsee* ['aptze:] – *Абшзе*, *Altstetten* ['altʃtɛtn̩] – *Алтштетен*.
tsch	[ʧ]	*Motsch*, *Treitschke*, *Pietsch*	**ч** *Моч*, *Трајчке*, *Пич*
			Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу (*t*)*t* и *sch* минува морфемската/слоговната граница: *Altschönau* ['altʃø:nau̯] – *Алтшенау*, *Gottsched* ['gɔtʃe:t] – *Гошшед*.
tt	[t]	*Gotta*, *Gottfried*, *Oettinger*	**т** *Гота*, *Гошфрид*, *Етинѓер*
			Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *t* и *t* минува морфемската/слоговната граница: *Alttann* ['alttan] – *Алштан*, *Ettann* ['ɛttan] – *Ештан*.
tth	[t]	*Matthäus*, *Matthias*	**т** *Машеус*, *Машијас*
			Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *tt* и *h* минува морфемската/слоговната граница: *Gotthard* ['gɔthart] – *Гошхард*.
tz	[ʦ]	*Metzger*, *Metzingen*, *Radetzky*	**ц** *Мецѓер*, *Мецинѓен*, *Радецки*
tzsch	[ʧ]	*Fritzsche*, *Kretzschmar*, *Nietzsche*	**ч** *Фриче*, *Кречмар*, *Ниче*
			Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *tz* и *sch* минува морфемската/слоговната граница: *Mutzschwitz* ['mʊtsʃvɪts] – *Муцшвиц*.

ü	[y:] *Lübeck*, *Mülheim*, *Üetliberg*	**и**	*Либек*, *Милхајм*, *Иетлиберг*
	[ʏ] *Bürger*, *München; Steinbrück*	**и**	*Биргер*, *Минхен; Штајнбрик*
ue	[y:] *Duesterberg*	**и**	*Дистерберг*
	[ʏ] *Ụẹcker*, *Mụẹller; Ueckermụ̈nde*	**и**	*Икер*, *Милер; Икерминде*
	[u:] *Buer*, *Hueber*, *Kues*	**у**	*Бур*, *Хубер*, *Кус*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу (*a*)*u*/(*e*)*u* и *e* минува морфемската/ слоговната граница: *Aue* ['aʊə] – *Ауе*, *Lueg* ['lu:ɛk] – *Луег*, *Neuendorf* ['nɔʏəndɔrf] – *Нојендорф* или границата меѓу два гласа: *Quendlinburg* ['kve:dlɪnburk] – *Квендлинбург*.		
üe	[y:] *Brües*	**и**	*Брис*
uh	[u:] *Buhlen*, *Luhmann*, *Ruhr*	**у**	*Булен*, *Луман*, *Рур*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу (*e*)*u* и *h* минува морфемската/слоговната граница: *Neuhausen* ['nɔyhaʊzn̩] – *Нојхаузен*.		
üh	[y:] *Bühel*, *Mühlheim; Lụ̈tzelflüh*	**и**	*Биел*, *Милхајм*, *Лицелфли*
ui	[y:] *Buir*, *Duisburg*, *Duisdorf*, *Juist*	**и**	*Бир*, *Дисбург*, *Дисдорф*, *Јист*
	[ʏ] *Dụissern*	**и**	*Дисерн*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *u* и *i* минува морфемската/слоговната граница: *Lauingen* ['laʊɪŋən] – *Лауинген* или границата меѓу два гласа: *Quickborn* ['kvɪkbɔrn] – *Квикборн*.		
uu	[u:] *Luuk*	**у**	*Лук*
uy	[y:] *Huy*	**и**	*Хи*
	[ɔy] *de Gruyter*	**oj**	*Де Гројтер*
v	[f] *Bremerhaven*, *Vater*, *Vogel;* *Beethoven*, *Hannover*	**ф**	*Бремерхафен*, *Фатер*, *Фогел;* по традиција: *Бетовен*, *Хановер*
	Gụstav	**в**	*Густав* (на крајот од зборот)
	Во следниве позиции: а) во зборови од домашно потекло и во некои странски зборови: *Verse* ['fɛrzə] – *Ферзе*, б) на крајот од зборот и пред безвучни согласки: *Levke* ['le:fkə] – *Лефке* и в) пред зборообразувачки морфеми: *-bar*, *-chen* итн.		
	[v] *Leverkusen*, *Oeventrop*, *Vaduz*	**в**	*Леверкузен*, *Евентроп*, *Вадуз*
w	[v] *Schwạrzenberg*, *Wạlter*, *Wien*	**в**	*Шварценберг*, *Валтер*, *Виена*
	[f] *Ow*, *Stöwsand*, *Tewswoos*	**в**	*Ов*, *Штевзанд*, *Тевсвос*
	На крајот од зборот/морфемата, пред безвучни согласки и пред суфиксите: *-bar*, *-chen* итн.		
x	[ks] *Cuxhaven*, *Sẹxau*, *Xạnten*	**кс**	*Куксхафен*, *Зексау*, *Ксантен*
y	[y:] *Kyritz*, *Ryzanek*, *Sydow*	**и**	*Кириц*, *Ризанек*, *Зидо*
	[ʏ] *Sylt*, *Thyssen*	**и**	*Зилт*, *Тисен*
	[i:] *Bedburdyck*, *Rys*, *Sythen*, *Wyle*	**и**	*Бедбурдик*, *Рис*, *Зитен*, *Виле*
	[ɪ] *Ỵbbs*, *Kyffhäuser*	**и**	*Ибс*, *Кифхојзер*

y	[y] *Hyphẹn*, *Lysol*	**и**	*Хифен*, *Лизол*
	[ɪ] *Geigy*, *Breisky*, *Radẹtzky*	**и**	*Гајгѝ*, *Брајски*, *Радецки*
yh	[y] *Byhlen*	**и**	*Билен*
	[iː] *Wyhl*, *Wyhlen*	**и**	*Вил*, *Вилен*
	[ɪ] *Pyhrn*	**и**	*Пирн*
z	[ʦ] *Schọlze*, *Weizsäcker*, *Wụ̈rzburg*, *Zẹll; Vaduz*	**ц**	*Шолце*, *Вајцзекер*, *Вирцбургѝ*, *Цел;* по традиција: *Вадуз*
zsch	[ʧ̆] *Zschọkke*, *Zschopau*, *Zschọrsch*	**ч**	*Чоке*, *Чопау*, *Чорш*
	Овде не спаѓаат зборовите во кои меѓу *z* и *sch* минува морфемската/слоговната граница: *Salzschlịrf* [zalʦ'ʃlɪrf] – *Залцшлирф*.		

ДАНСКИ ЈАЗИК

365. Данскиот јазик има 9 самогласки (*a*, *e*, *i*, *o*, *u*, *y*, *æ*, *ø*, *å*) и 23 согласки, од кои 20 се монографеми (*b*, *c*, *d*, *f*, *g*, *h*, *j*, *k*, *l*, *m*, *n*, *p*, *q*, *r*, *s*, *t*, *v*, *w*, *x*, *z*), а 3 се бележат со диграфи (*ch*, *ng*, *sj*). До 1948 година гласот *å* се бележел со диграфот *aa*. Буквите *c*, *q*, *w*, *x* и *z* се користат во заемки од други јазици.

а) Самогласки

- Самогласката *å* (*aa*) се предава со *о*: *Århus – Орхус*, *Kierkegaard – Киркеѓор* (но по традиција *Кјеркеѓор*).
- Самогласката *æ* се пренесува со *е: Sjælland – Сјелан*, *Læsø – Лесу.*
- Секвенцијата *eg* се пренсува со *ej: Regner – Рејнар*.
- Секвенциите *ei* и *ej* со *aj: Hein – Хајн; Ejlinge – Ајлинѓе*, *Ejvind – Ајвин*, *Drejø – Дрејо.*
- Самогласката *i* во позиција пред самогласка се предава со *j: Kristian – Кристијан*, но по традиција Ханс Кристијан Андерсен.
- Кога самогласката *i* се наоѓа пред *m*, *n*, *g* и *k* се пренесува со *и: Helsingør – Хелсинѓор*, *Herning – Херни.*
- Самогласката *ø* се предава со *о: Bjørn – Бјорн*, *Høysgaard – Хојсѓор*, *Bavnehøj Ejer – Баунехој Ајер*, освен во отворен слог кога се предава со *у*: *København – Кубенхаун*, *Læsø – Лесу*.
- Самогласката *и* се предава со *у*: *Humlebæk – Хумлебек.*
- Буквата *у* се предава со *у: Fyn – ФУН*, *Nyhaven – Нухаун*.

б) Согласки

- Кога на *в* му претходи самогласка оваа буква се бележи со *у*: *Nyhaven – Нухаун.* Оттука би требало: *København – Кубенхаун*, *Hjelmslev – Јелмслеу*, но по традиција транскрибираме: *Копенхаѓен*, *Јелмслев.*
- Согласките *с* и согласните секвенции *ch* и *ck* се предаваат со *к: Jacobsen – Јакобсен*; *Joachim – Јоаким*, *Blicher – Бликер; Finecke – Финеке.*
- Согласните групи *ds* и *dt* се предаваат со *с*, односно *g: Knudsen – Кнусен*, *Grundtvig – Грундви; Thorvaldsen – Торвалсен.*
- Согласката *x* кога по неа следува *j*, како и во позиција зад самогласка, а пред согласка нема гласовна вредност и не се транскрибира*: Hjelmslev – Јелмслеу*; *Bohr – Бор.*

- Согласките *g* и *d* во крајна позиција не се транскрибираат: *Grundtvig – Грундви*, *Nordborg* (< *Nord Borg*) *– Норбор*; *Thorvald – Торвал*, *Nørlund – Норлун.*
- Согласката *k* се предава со *к*: *Knut – Кнут*, *Klara – Клара*, *Frederik – Фредерик.*
- Согласката *p* се предава со *п*, а удвоената согласка *pp* со *б*: *Pontoppidan – Понтобидан* (*Фонтобиден*).
- Согласката *t*, удвоената согласка *tt* и согласната група *th* се предаваат со *т: Tåstrup – Тоструп*; *Brigitte – Бригите*; *Thorvaldsen – Торвалсен.*
- Согласката *x* се транскрибира со *кс: Axel – Аксел.*

в) Консонантски групи

- Консонантската група *tz* се предава со *ц: Rantzau – Ранцау.*
- Удвоените согласки секогаш се транскрибираат како една.

ЕВРЕЈСКИ ЈАЗИК

366. Кај предавањето на еврејските имиња имаме традиционален изговор, наследен од црковната традиција, и современ изговор, којшто се прифаќа главно под влијание на западната традиција, а со посредство на печатените и електронските медиуми.

а) Консонантот שׁ (*шин*) во имињата што во нашиот јазик се прифатени преку грчката фонетска адаптација и веќе добиле соодветна афирмација во нашиот јазик преку црковната традиција, се предава со *с*: *Саул*, *Соломон*, *Самоил* и сл. Во имињата, пак, што во нашата традиција не се одомаќени во нивната грцизирана форма или, пак, се однесуваат на современи личности, שׁ (*шин*) се предава според неговиот оригинален изговор *ш*: *Моше: Моше Алтбауер*, *Моше Дајан* (но и *Мојсеј* во црковната традиција), *Шимон: Шимон Перес* (но и *Симон Петар* во црковната традиција), *Шаул: Шаул Мезан* и сл.

б) Консонантот צ (*цаде*) се предава со *с* во имињата што се прифатени во македонскиот јазик преку грчката фонетска адаптација и веќе добиле соодветна афирмација во нашиот јазик преку црковната традиција: *Исак: Исак Таџер*, *Саваот*, *Сион* (но: *ционизам*, *ционист*, *ционистички*).

в) По правило консонантот בּ (*бет*) (ב (*вет*)) во почетокот на зборот и по консонант се предава со *б*, а по самогласка се предава со *в*: *Бенјамин: Бенјамин Нетанјаху*, *Бет-Арам*, *Бет-Нимра* и сл.; *Гаврил*, *Елисавета* и сл., но постојат и исклучоци, наследени од македонската црковна традиција или прифатени под западно влијание: *Венијамин: Венијамин Мачуковски*, *Елизабета*, *Габриела* и сл.

г) Имињата што започнуваат со י (*јод*) во комбинација со ְ (*шва*), се пишуваат без иницијална јотација: *Езекил*, *Ерусáлим*, *Ерихон* и сл.

д) Теофорните имиња што завршуваат на אֵל (*-ел*) (скратеница од *елохим-Бог*), се пишуваат на два начина:

- Ако кај нас дошле преку грчката фонетска адаптација и македонската црковна традиција, еврејската самогласка ֵ (*цере*) се предава со самогласката *и*: *Данил*, *Даниил*, *Самоил*, *Израил* и сл.
- Истата еврејска самогласка во имиња што кај нас се прифатени директно од современиот еврејски јазик или под западно влијание, се предава според нејзиниот оригинален еврејски изговор, со *е: Даниел*, *Ариел*, *Израел.*
- Сложените имиња, составени од два збора, се пишуваат со големи букви и се поврзуваат со цртичка: *Бен-Гурион*, *Беер-Шева*, *Ен-Шемеш*, *Ецион-Гевер* и сл., но по традиција *Тел Авив*.

ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК

367. Италијанската абеседа содржи 21 буква, а покрај единечните графеми, постојат и девет здружени букви – диграфи и триграфи. Според тоа, италијанскиот јазик, во својата целина, опфаќа 30 знаци.

а) Во италијанскиот јазик има 5, односно 7 самогласки, ако се земат предвид и отворените и затворените самогласки.

б) При предавањата на општопознати топоними и имиња транскрипцијата се врши според традицијата: *Roma – Рим*, *Vaticano – Ватикан*.

в) Самогласките *a*, *e* и *o* се пренесуваат исто: *Amalfi – Амалфи*, *Aosta – Аоста*, *Bari – Бари*, *Elba – Елба*, *Sanremo – Санремо*, *Torino – Торино*, *Milano – Милано*, *Guido – Гвидо.*

г) Групата *-ia* се предава со *-uja*: *Maria – Марија*, *Rialto – Ријалто*, *Lombardia – Ломбарџија.*

д) Италијанскиот консонантски систем е сличен со македонскиот. Согласките својата артикулација ја добиваат во зависност од местоположбата и графемата што следува. Удвоените согласки се предаваат со еден знак: *Ferrara – Ферара*, *Sorrento – Соренто*, *Messina – Месина*, *Assisi – Асизи*, *Donatello – Донатело*, *Pirandello – Пиранделo*, *Tasso – Таco*, *Pirelli – Пирели*, *Grillo – Грило.*

Транскрипција на графемата *c*

c + a, o, u	*Capri*, *Corsica*, *Cuneo*	*Капри*, *Корзика*, *Кунео*	*к*
ci + a, o	*Bocaccio*	*Бокачо*	*ч*
c + i, e	*Ciro*, *Francesco*, *Felice*, *Cecilia*	*Чиро*, *Франческо*, *Феличе*, *Чечилија*	*ч*
ch + i, e	*Chicco*, *Michele*	*Кико*, *Микеле*	*к*

Транскрипција на графемата *g*

g + a, o, u	*Gaetano*, *Gorizia*, *Gucci*	*Гаетано*, *Горицијa*, *Гучи*	*г̄*
gi + a, o, u	*Giacomo*, *Giuseppe*, *Gioconda*, *Foggia*	*Џакомо*, *Џузепе*, *Џоконда*, *Фоџа*	*џ*
g + i, e	*Girolamo*, *Geppetto*, *Genova*, *Agrigento*	*Џироламо*, *Џепето*, *Џенова*, *Агрџенто*	*џ*
gh + i, e	*Lamborghini*, *Margherita*	*Ламборг̄ини*, *Марг̄ерита*	*г̄*
gl + i, e, a, o, u	*Castiglione*, *Gigliola*, *Guglielmo*, *Cagliari*	*Кастиљоне*, *Џиљола*, *Гуљелмо*, *Каљари*	*љ*
gn + i, e	*Agnelli*, *Benigni*	*Аљели*, *Бенињи*	*њ*
gn + a, o, u	*Legnano*	*Лењано*	*њ*

ѓ) Гласовите *c* и *g* пред *a*, *o*, *u* во италијанскиот јазик се изговараат тврдо како |k| и |g|, така што при нивната транскрипција во македонскиот јазик се користат *к* и *г̄*: *Capri – Ка̄при*, *Corsica – Корзика*, *Cremona – Кремона*, *Como – Комо*, *Gaetano – Гаета̄но*, *Cuneo – Кунео*.

- |k| и |g| може да имаат и мек изговор кога меѓу согласката и самогласката е вметнат дијакритичкиот знак *i*, па во тој случај се транскрибираат со *ч* и *џ*, како на пример: *Riccione – Ричоне*, *Giacomo – Џакомо*.
- Буквите *c* и *g* пред самогласките од преден ред *i* и *e* се предаваат во македонскиот јазик со *ч* и *џ*, како во примерите: *Marcello – Марчело*, *Cesare – Чезаре*, *Felice – Феличе*, *Boccaccio – Бокачо*, *Lecce – Лече*, *Ciro – Чиро*, *Cecilia – Чечилија*, *Francesco – Франческо*, *Giuseppe – Џузе̄пе*, *Gentile – Џентӣле*, *Genova – Џенова*, *Gioconda – Џоконда*, *Agrigento – Аг̄риџенто̄*, *Gianluigi – Џанлуџи.*
  Според традицијата исклучок прават: *Sicilia – Сицилија*, *Сицилијанец.*
- *C* и *g* може да имаат и веларен изговор, но во тој случај меѓу согласката и самогласката се вметнува дијакритичкиот знак *h*: *Ischia – Искја*.

е) Диграфите *gl* + *i*, *e* и *gli* + *a*, *o*, *u* поради нивната палатална вредност, во македонскиот јазик треба да се предаваат со *љ*: *Gigliola – Џиљола.*

ж) Во диграфот *gl* + *a*, *o*, *u* и двата знака го задржуваат сопствениот глас: *Gloria – Глорија.*

з) Диграфот *gn* + *i*, *e*, *a*, *o* во македонскиот јазик се предава со графемата *њ*: *Gnisci – Њиши*, *Magnani – Мањани*, *Agnelli –Ањели*, *Signoria – Сињорија.*

Транскрипција на графемата *s*

s во иницијална позиција	*Siena*, *Salerno*, *San Marino*	*Сиена*, *Салерно*, *Сан Марино*	*с*
c + *i*, *e* во интермедијална позиција	*Positano*, *Brindisi*, *Molise*	*Позита̄но*, *Бриндизи*, *Молизе*	*з*
s + *a*, *o*, *u* во интермедијална позиција	*Cesare*, *Teresa*, *Frosinone*	*Чезаре*, *Тереза*, *Фрозиноне*,	*з*
s + звучна/ согласка-сонант	*Svevo*	*Звево*	*з*
sc + *i*, *e*	*Gramsci*	*Грамши*	*ш*
sc + *h* + *i*, *e*	*Schiattino*	*Скијатӣно*	*ск*
sc + *a*, *o*, *u*	*Foscolo*, *Francesco*	*Фосколо*, *Франческо*	*ск*
sc + *i* + *a*, *o*, *u*	*Brescia*	*Бреша*,	
ss	*Mussolini*	*Мусолини*	*с*
s во други позиции	*Sforza*	*Сфорца*	*с*

ѕ) Графемата *s* во италијанскиот јазик, во зависност од позицијата, може да има звучна или незвучна гласовна вредност. Кога има звучност, се предава со *з*: *Teresa – Тереза*, *Frosinone – Фрозиноне*, *Pesaro – Пезаро*, *Positano – Позитано*, *Brindisi – Бриндизи*, *Molise – Молизе*, *Pisa – Пиза*, *Cesare – Чезаре.*

- Графемата *s* во италијанскиот јазик може да биде дел од диграфи или триграфи. Кога диграфот *sc* се наоѓа пред самогласките од преден ред, во македонскиот јазик се пренесува со *ш*. Кога диграфот ќе се најде пред самогласките од заден ред, тогаш и двете графеми го задржуваат својот посебен глас: *Foscolo – Фосколо*, *Scavolini – Скаволини.*

и) За задржување на мекиот изговор на диграфот *sc* пред самогласките од заден ред, се додава графискиот знак *i* кој во случајов нема гласовна вредност, на пример: *Бреша* (*Brescia*).

Транскрипција на графемата *z*

z + ia, *ie*, *io*, *iu*	*Patrizia*, *Fabrizio*	*Патриција*, *Фабрицио*	*ц*
zz	*Abruzzo*	*Абруцо*	*ц*
кога е дел од наставката *-enza*	*Cosenza*, *Piacenza*	*Козенца*, *Пјаченца*	*ц*
z во почетна позиција	*Zeno*	*Зено*	*з*

ј) Незвучното *z* во италијанскиот јазик најчесто се удвојува. Пред самогласните групи *-ia*, *-ie*, *-io* и во наставката *-enza* се предава со *ц*: *Abruzzo – Абруцо*, *Piacenza – Пјаченца.*

- Звучното *z* кога се среќава во почетна позиција, во македонскиот јазик се предава со *з*: *Zeno – Зено*.

к) Графемата *q* во италијанскиот јазик секогаш е следена од самогласката *u*, и во македонскиот јазик по правило се предава со групата *-кв-*: *Aquila – Аквила*, *Quasimodo – Квазимодо*, *Pasquale – Пасквале*.

л) Графемата *h* во италијанскиот јазик нема гласовна вредност и се употребува како дијакритички знак. Таа во македонскиот јазик не се транскрибира: *Chicco – Кико*.

љ) Интересни се имињата кои содржат предлог. Правилно се транскрибираат: *Leonardo da Vinci – Леонардо да Винчи*, *Francesco de Sanctis – Франческо де Санктис*, *Monte dei Paschi – Монте деи Паски*, но според традиција се предава *D'Annunzio – Данунцио*, иако би требало *Д'Анунцио*.

ЈАПОНСКИ ЈАЗИК

368. Јапонскиот систем на пишување е мошне карактеристичен по тоа што трите типа знаци (*канџи*, *ка̄такана* и *хиракана*) се употребуваат истовремено и на ист простор, но секој од овие типови има своја функција.

Од друга страна, самата јапонска фонетика е релативно едноставна: со пет јасни самогласки (исто како и во македонскиот), две полусамогласки и помал број согласки во однос на македонскиот. Согласките, обично, не се појавуваат без самогласки, формирајќи слогови со една или со две самогласки, така што *кана* е цврсто фиксирана како фонетска и слоговна единица.

Во врска со транскрипцијата од јапонски се појавуваат неколку проблеми.

а) Од фонолошка гледна точка, кратките и долгите самогласки имаат смисловразликувачка функција (на пример: зборот *обасан* значи ‘тетка’, а *обаасан* ‘баба’, но при транскрипцијата оваа разлика е невидлива, зашто и кратките и долгите самогласки се пишуваат со една буква.

б) Поради смекнувањето пред самогласката *и*, неколку согласки имаат поинаков изговор од другите, па затоа при транскрипцијата на латиница постои колебање дали да се претстават како *si* или *shi*, *ti* или *chi*, *zi* или *ji*, иако денес повеќе се во употреба вторичните претстави на овие смекнати гласови.

в) Во јапонскиот јазик нема фонолошка разлика меѓу гласовите *џ* и *ж*, при што *џ* повеќе се појавува во почетокот на зборот, а *ж* во другите позиции.

г) Пред самогласките *а*, *и*, *е*, *о* се пишува *х*, а пред самогласката *у* се пишува *ф*.

д) Две истородни согласки во непосреден допир формираат одвоена мора, така што Јапонците читаат *Са-ӣ-ӣо-ро*, но при транскрипциите најчесто се пишува само една согласка, односно *Саӣоро*.

ѓ) Не постои разлика меѓу *р* и *л*, па најчесто се употребува само *р*.

е) Единствена самостојна согласка е слоготворното *н* кое носи една мора (*хо-н-да*) и може да се пишува со две *н*, односно *нн*.

Почеток на слог						**Примери**
Самогласки	a	i	u	e	o	*Akita*
	а	и	у	е	о	*Акита*
k	ка	ki	ku	ke	ko	*Kato*
к	ка	ки	ку	ке	ко	*Като*
ky	кya		kyu		kyo	*Kyushu*
кј	кја		кју		кјо	*Кјушу*
g	ga	gi	gu	ge	go	*Goto*
г	га	ги	гу	ге	го	*Гото*
gy	gya		gyu		gyo	
гј	гја		гју		гјо	
s	sa	si/shi	su	se	so	*Sado*
с	са	си/ши	су	се	со	*Сago*
sh	sha	shi	shu	she	sho	*Shikoku*
ш	ша	си/ши	шу	ше	шо	*Шикоку*
z	za	zi/ji	zu	ze	zo	*Ginza*
з	за	зи/жи/џи	зу	зе	зо	*Гинза*
j	ja	ji	ju	je	jo	*Juso*
ж/ц	жа/ца	зи/жи/џи	жу/цу	же/це	жо/цо	*Цусо*, *Ажа*
t	ta	chi	tsu	te	to	*Taro*
т	та	чи	цу	те	то	*Таро*, *Цушима*
d	da	zi/ji	du	de	do	*Dazai*
д	да	зи/жи/џи	ду	де	до	*Дазаи*
n	na	ni	nu	ne	no	*Nagoya*
н	на	ни	ну	не	но	*Нагоја*
ny	nya		nyu		nyo	*Напуи*
њ	ња		њу		њо	*Хању*
h(f)	ha	hi	(hu)/fu	he	ho	*Honshu*
х	ха	хи	фу	хе	хо	*Хоншу*, *Фуџи*
hy	hya		hyu		hyo	*Нyaku*
хј	хја		хју		хјо	*Хјаку*
p	pa	pi	pu	pe	po	
п	па	пи	пу	пе	по	
py	pya		pyu		pyo	
пј	пја		пју		пјо	
b	ba	bi	bu	be	bo	*Basho*
б	ба	би	бу	бе	бо	*Башо*

by	bya		byu		byo	
бј	бја		бју		бјо	*Бјобудани*
m	ma	mi	mu	me	mo	*Murakami*
м	ма	ми	му	ме	мо	*Мураками*
my	mya		myu		myo	*Myorenji*
мј	мја		мју		мјо	*Мјоренџи*
y	ya		yu		yo	*Yamagata*
j	ja		jy		jo	*Јамагата*
r	ra	ri	ru	re	ro	*Rokko*
р	ра	ри	ру	ре	ро	*Рокко*
ry	rya		ryu		ryo	*Ryunosuke*
pja	pja		pjy		pjo	*Рјуносуке*
w	wa	(wi)	u	(we)	wo	*Watanabe*
в	ва	ви	ву	ве	во	*Ватанабе*
n	—	—	—	—	—	
н						*Хонда*

КАТАЛОНСКИ ЈАЗИК

369. а) Во каталонскиот јазик има пет самогласки *a*, *e*, *i*, *o* и *u* чиј изговор зависи од тоа дали се акцентирани или неакцентирани.

- Самогласките *a* и *à* во акцентирана позиција се предаваат со *а*: *Germà – Жерма*, *Català – Каталa*.
- *E*, *é*, *è* во акцентирана позиција се предаваат со *е*: *Carme – Карме*, *Francés – Франсес*, *Pagès – Пажес*. Доколку пак самогласката *е* не е акцентирана, ќе се предаде со *а*: *Pere – Пера*, *Enric – Анрик*, *Rambles – Рамблас*, *Besòs – Базос*, *Fabregas – Фабраѓас.* Во името *Barcelona*, неакцентираното *е* се изговара како немо *е*, но по традиција се транскрибира како *Барселона*. Немото *е* во членот *le* и во предлогот *de*, како чест дел од имињата на лица и на географските имиња, се предава со *а*: *L'Hospitalet de Llobregat – Луспиталет да Љубраѓат*, *Palau de la Música Catalana – Палау да ла Музика Каталана*, *El Prat – Ал Прат*, *Els Segadors – Алс Саѓадорс.*
- Каталонските *i* и *í* секогаш се предаваат со *и*: *Antoni – Антони*, *Martí – Марти.*
- Самогласките *o*, *ò*, *ó* во акцентиран слог се предаваат со *о*: *Mataró – Матаро*, *Òscar – Оскар*, а во неакцентиран слог *o* се предава со *у*: *Oriol – Уриол*, *Dolors – Дулорс*, *Montserrat – Мунсарат.*
- Самогласките *u* и *ú* секогаш се предаваат со *у*: *Urgell – Уржељ*, *Núria – Нурија.*
- При транскрипцијата на зборови кои содржат каква било самогласна група, самогласките *i* и *u* ги транскрибираме со *и* и *у* соодветно, а за другите самогласки со кои овие се комбинираат се раководиме според пишаната форма: *Andreu – Андреу*, *Jaume – Жаума*, *Beatriu – Беатриу*, *Blai – Блаи*, *Perpètua – Перпетуа*, *Nou Barris – Ноу Барис*.

б) Консонантскиот систем во каталонскиот јазик е составен од 22 букви (*b*, *c*, *ç*, *d*, *f*, *g*, *h*, *j*, *k*, *l*, *m*, *n*, *p*, *q*, *r*, *s*, *t*, *v*, *w*, *x*, *y*, *z*) и неколку диграфи.

- Буквите *b* и *v* практично се имаат изедначено при изговорот, односно се изговараат како *б*, но сепак ги предаваме со *б*, односно со *в*: *Vallès – Ваљес*, *Berguedà – Барѓада*, *Badalona – Бадалона*, *Vilanova – Виланова.*
- Изговорот на *c* зависи од буквата што следува по неа. Ако по *c* доаѓа *i* или *e*, оваа буква се изговара како нашето *с*: *Ciutadella – Сиутадеља*, *Cerdanya – Сардања*, *Cerdanyola – Сардањола.* Во сите други случаи (односно пред *a*, *o*, *u* или пред согласка), *c* се изговара како *к*: *Caetà –*

Каета, *Constantí – Кунстантии*, *Costa Brava – Коста Брава*, *Cruïlles – Круиљас.*

- Буквата *d* на почеток на зборот останува иста, а на крајот се пренесува со *т*: *Alfred – Алфрет.*
- Буквата *ç* се изговара како нашето *с*: *Llorenç – Љуренс*, *Barça – Барса*.
- Буквата *g* се изговара како *ж* доколку по неа следуваат *i* или *e*: *Girona – Жирона*, *Gerard – Жарарт*. Во сите други случаи (односно пред *a*, *o*, *u* или согласка), *g* се изговара како г: *Gaudí – Гаудu*, *Gavarres – Гаварас*, *Garraf – Гараф*, *Grau – Грау*. Во комбинациите *gui* и *gue*, самогласката *u* не се изговара: *Figueras – Фиґерас*, *Cala Anguila – Кала Анґила*. Буквата *g* на крајот од зборот (освен во дифрафот *ig*) се предава со *к*: *Hug – Ук*.
- Во каталонскиот јазик буквата *h* е безвучна и при предавањето не ја пишуваме: *Hèctor – Ектор*, *Horta – Орта*, *Hostalets – Усталетс*.
- Буквата *j* се чита и се предава со *ж*: *Jordi – Жорди*, *Jaume – Жаума*, *Joaquim – Жуаким*, *Pujol – Пужол.*
- Буквата *r* на крајот од зборот, најчесто не се изговара: *Cardassar – Кардаса*, *Sóller – Соља*, *Muntaner – Мунтане*, *Verdaguer – Вердаґе.*
- Буквите *s* и *z* помеѓу две самогласки се изговараат и се транскрибираат со *з*: *Osona – Узона*, *Gandesa – Гандеза.*
- Буквата *t* на крајот од зборот кога пред неа се наоѓаат *n* и *l* не ја пишуваме: *Jacint – Жасин.*
- Буквата *x* на почеток на зборот, по буквите *l*, *n*, *r* или по дифтонг што завршува на *i* или *u*, се предава со *ш*: *Xènia – Шенија*, *Arxiduc – Аршидук*, *Tuixén – Туишен*, *Eixample – Аишамила*, *La Caixa – Ла Каиша.*
- Буквата *y* се предава со *ј*: *Puyol – Пујол*
- Дифрафот *ll* се предава со *љ*: *Mallorca – Маљорка*, *Lloret de Mar – Љурет да Мар*, *Castelldefels – Кастељдафелс*, *Bogatell – Буґатељ.*
- Дифрафот *l·l* се предава со *л*: *Paral·lel – Паралел.*
- Дифрафот *ny* се предава со *њ*: *Cerdanya – Сардања*, *Bunyola – Буњола.* Исклучок е географското име *Catalunya* кое по традиција се предава како *Каталонија*.
- Дифрафот *tg* пред *e* или *i*, како и дифрафите *dj* и *tj*, се предаваат со *џ*: *Alcoletge – Алкулеџа*, *Platja d'Aro – Плаџа д'Ару.*
- Дифрафот *ig* на крајот од зборот, како и дифрафот *tx* во која било позиција, се предаваат со *ч*: *Andratx – Андрач*, *Puig – Пуч.*
- Дифрафот *tz* се предава со *s*: *Atzeneta – Асанета.*
- Дифрафот *qu* се предава со *к*: *Miquel – Микел.*
- Дифрафите *rr* и *ss* се предаваат со *р* и *с*: *Casserres – Касерас*, *Messi – Меси.*

КИНЕСКИ ЈАЗИК

370. а) Кинезите зборуваат на многу различни јазици и дијалекти, но стандардниот кинески јазик го говорат најголемиот број Кинези. Кај нас овој јазик, освен кинески, се нарекува и мандарински.

- Кинеското писмо е логограмско, составено од графеми или знаци кои претставуваат збор или морфема. Кинеското писмо е составено од десетици илјади знаци.
- Денес во употреба се две кинески писма, традиционално и поедноставено. Бројноста на кинеските знаци, како и отсуството на стандарден фонетски маркер во знаците, создава ситуација во која читателот што не го познава јазикот, односно знакот, не е во состојба да го прочита, па следствено ни да го транскрибира. Со овој проблем се судирале и се обидувале да го решат самите Кинези уште пред новата ера. До денес се измислени многубројни системи за транскрипција на кинеското писмо, но во моментов системот *ханју пињин* (*Hanyu Pinyin*) или само *пињин*, е предложен, изработен и прифатен како стандард за транскрипција од НР Кина, а од 1982 г. тој е прифатен и како меѓународен ISO-стандард за транскрипција на кинескиот јазик.
- Македонската транскрипција на кинеското писмо се темели врз овој систем, односно претставува транслитерација на пињин во македонска кирилица. Системот пињин не ја пренесува секогаш соодветно фонетската вредност (пр. *уан-јан*, повеќе звучи како *јен*; *е* и *і* немаат секогаш еднаква вредност итн.).
- Фонетската вредност во кинескиот јазик, освен фонемите, ја определуваат и четири, односно пет тона. Во некои системи за транскрипција тоновите се бележат со броеви. Доколку е потребно, во македонската транскрипција се следат правилата на пињин за обележување на тонот со дијакритички знак.

б) Табели за транскрипција

- Слоговите во кинескиот јазик најчесто се составени од **почетни позиции** (првата согласка во слогот) и **крајни позиции** (самогласка или сложена група што содржи самогласка). Табелите ги прикажуваат сите можни почетни и крајни позиции во кинескиот јазик.

Почетни позиции				Крајни позиции			
МФП	Ханју пињин	Македонска транскрипција	Примери	МФП	Ханју пињин	Македонска транскрипција	Примери
[p]	*b*	*б*	***b**aidu – **б**аидү*	[a]	*a*	*а*	*m**a**l**a** – м**а**л**а***
[p^h]	*p*	*п̄*	***P**udong – **П**удонг̄*	[ɔ]	*o*	*о*	*M**o** Yan – M**o** Јан*
[m]	*m*	*м*	***m**ajiang – **м**аџјианг̄*	[ɛ]	*e/ê*	*е*	*H**e**nan – Х**е**нан*
[f]	*f*	*ф*	***F**ujian – **Ф**уџјиан*	[i]	*i*	*и*	*Х**i** Ни – Шџ**и** Ху*
[t]	*d*	*д*	***D**ou Wei – **Д**оу Веи*	[ɨ][z̩]	*i*	***и***	*Sh**i**jiazhuang – Ш**и**џјиаџуанг̄*
[t^h]	*t*	*т̄*	***T**aishan – **Т**аишан*	[ar]	*er*	*ер*	***er**hu – **ер**ху*
[n]	*n*	*н*	***N**anjing – **Н**анџјинг̄*	[aɪ]	*ai*	***аи***	*W**ai**tan – В**аи**т̄ан*
[l]	*l*	*л*	***L**i Bai – **Л**и Баи*	[ei]	*ei*	*еи*	*B**ei** Dao – Б**еи** Дао*
[k]	*g*	*г̄*	***G**uangdong – **Г**уангдонг̄*	[aʊ]	*ao*	*ао*	*G**ao** Xingjian – Г**ао** Шјинг̄џјиан*
[k^h]	*k*	*к*	***K**angxi – **К**анг̄шји*	[oʊ]	*ou*	*оу*	*Suzh**ou** – Суџ**оу***
[x]	*h*	*х*	***H**ebei – **Х**ебеи*	[an]/ [ɛn]	*an*	*ан*	*Tiant**an** – Тиант̄**ан***
[tɕ]	*j*	***џј***	***J**iangxi – **Цј**анг̄шји*	[ən]	*en*	*ен*	*Sh**en** Zhou – Ш**ен** Џоу*
[$tɕ^h$]	*q*	***чј***	***Q**ingdao – **Чј**инг̄дао*	[aŋ]	*ang*	*анг̄*	*W**ang** Zhen – В**анг̄** Џен*
[ɕ]	*x*	***шј***	***X**i Jinping – **Шј**и Џјинп̄инг̄*	[xŋ] [əŋ]	*eng*	*енг̄*	*D**eng** Xiaoping – Д**енг̄** Шјиаоп̄инг̄*
[ʦ]	*zh*	*џ*	***Zh**ang Yimou – **Ц**анг̄ Јимоу*	[ʊŋ]	*ong*	***онг̄***	*G**ong** Li – Г**онг̄** Ли*
[$ʦ^h$]	*ch*	*ч*	***Ch**ongqing – **Ч**онг̄чјинг̄*	[ja]	*ia*	*иа*	*Х**ia**мен – Шј**иа**мен*
[ʂ]	*sh*	*ш*	***Sh**aolin – **Ш**аолин*	[jaʊ]	*iao*	*иао*	*Anji **Q**iao – Анџји Чј**иао***
[ʐ̩]/[ɻ]	*r*	*ж/р*[1]	***R**enmin **R**ibao – **Ж**енмин **ж**ибао, рие**р** – ӣуе**р***	[jɛ]	*ie*	*ие*	*Cangj**ie** – Цанг̄џј**ие***
[ʦ]	*z*	*s*	***z**aozi – **s**aosu*	[joʊ]	*iu*	*иу*	*L**iu** Xiaobo – Л**иу** Шјиаобо*
[$ʦ^h$]	*c*	*ц*	***C**ao **C**ao – **Ц**ао **Ц**ао*	[jɛn]	*ian*	***иан***	*T**ian**`antep – Т**иан**`анмен***

[1] Во почетокот на зборот се транскрибира со *ж*, на крајот од зборот со *р*.

Почетни позиции				Крајни позиции			
МФП	Ханју пинјин	Македонска транскрипција	Примери	МФП	Ханју пинјин	Македонска транскрипција	Примери
[*s*]	*s*	*с*	***S**anxia – **С**аншјиа*	[*in*]	*in*	*ин*	*Х**in**jiang – Шј**ин**цјиангӣ*
[*w*]	[*w*][2]	*в*	***W**uhan – **В**ухан*	[*jaŋ*]	*iang*	*иангӣ*	***Jiang** Wen – Цј**иангӣ** Вен*
[*i̯*]/[*ɥ*]	[*y*]	*j*	***Y**angzhou – **J**ангӣоу*	[*iŋ*]	*ing*	*инӣ*	*D**ing** **Ling** – Д**инӣ** Л**инӣ***
				[*jʊŋ*]	*iong*	*ионӣ*	***Qiong** Yao – Чј**ионӣ** Јао*
				[*u*]	*u*	*у*	***D**u Fu – **Д**у Фу*
				[*wa*]	*иа*	*уа*	*Н**иа** Yanjun – Х**уа** Јанцјун*
				[*wɔ*]	*ио*	*уо*	*Yangsh**uo** – Јангӣш**уо***
				[*waɪ*]	*иаі*	*уаи*	*Н**иаі** He – Х**уаи** Хе*
				[*weɪ*]	*иі*	***уи***	*G**ui**lin – Г**уи**лин*
				[*иɛ̯n*]	*иап*	*уан*	*D**uan**wu – Д**уан**ву*
				[*wən*]	*ип*	***ун***	*Y**un**nan – **Јун**нан*
				[*waŋ*]	*ианг*	*уангӣ*	*Н**иангӣ**shan – Х**уангӣ**шан*
				[*y*]	*ӥ*	*у*	*L**ӥ** Bicheng – Л**у** Биченгӣ*
				[*ɥœ*]	*üe/иe*	*уе*	*Y**ue** Minjun – **Јуе** Минцјун*
				[*ɥɛn*]	*üan*	*уен*	*Yihe**uan** – Јихе**јуан***
				[*yn*]	*ün*	*ун*	*Lu Х**ун** – Лу Шј**ун***

- Личните имиња во кинескиот јазик секогаш се наведуваат по редослед: презиме па име. Најчесто презимето е еднослоѕно, а името двослоѕно (*Денгӣ Шјиаоӣингӣ*) иако неретко се среќаваат и еднослоѕни имиња (*Вангӣ Шуо*), а сосема ретко и двослоѕни презимиња (*Сима Чјиан*).

[2] Според правилата на системот пинјин, *w* и *y* не се вистински почетни позиции, туку се употребуваат во случаи кога пред крајната позиција која почнува со *u* или *i*, нема почетна позиција. Заради прегледност, во оваа табела се прикажани заедно со другите почетни позиции.

- Топонимите се пренесуваат според зададените правила на транскрипција, при што името се пишува заедно, а географската единица на македонски стои пред името, или се користи транскрипција на целиот назив. На пример: *градот Чонгчјинг* или *Чонгчјинг Ши*, *провинцијата Хубеи* или *Хубеи Шенг*, *планината Таи* или *Таишан.*
- Кога топонимот е повеќесложен, се пишува слеано, со голема буква на почетокот, како на пр.: *Санлитун*, позната улица во Пекинг.

в) Отстапки

Во македонскиот јазик постојат заемки од кинескиот јазик, кои и покрај несистематската транскрипција, веќе подолго време се дел од јазичната практика. Во овие случаи се задржува веќе општоприфатениот назив и нема потреба од директна транскрипција. Такви се, на пример, топонимите: *Шангај*, *Пекинг*, *Тајпеи*, *Хонгконг*, *Макао*, *Сечуан*, *Јангце*, *Жолта Река*, *Кинески sид* итн. или антропонимите: *Конфуциј*, *Лао Це*, *Цуанг Це*, *Чанг Кај Шек*, *Мао Сетунг.*

ЛАТИНСКИ ЈАЗИК

371. Навлегувањето на латинизмите во македонскиот јазик се случувало во поголем дел преку други јазици, со директно позајмување или посредно.

Македонскиот правопис ги има предвид класичното и традиционалното читање на латинските имиња и зборови со латинско потекло, со тоа што е потребно во определен интегрален текст да биде применето, односно застапено само едно од нив. Мешање на двата вида читање во текстови не се допушта.

Поради преземањето на голем дел од терминологијата и на личните имиња и на топонимите сврзани со римската литература и историја преку други јазици во македонскиот, во нашата средина се прифатило традиционалното читање, на пример: *Horatius – Хорациј*, *Cicero – Циџерон*.

Во последните педесет години во изучувањето на латинскиот јазик, како и во преводите и во стручната литература се применува класичното читање за да се постигне доближување до изворниот облик на латинскиот изговор.

а) Самогласки и дифтонзи

- Латинскиот дифтонг *ae* по класичниот изговор се предава со *aj*: *Aeneas – Ајнеј*, *Caesar – Кајсар*, *Gnaeus – Гнај*, *Maecena – Мајкена*; додека, по традиционалното читање се предава со *е*: *Енеј*, *Цезар*, *Мецена*.
- Латинскиот дифтонг *oe* по класичниот изговор се предава со *oj*: *Oea – Оја* (град во Африка, денешен Триполи), *Oedipus – Ојдип*, *Croesus – Кројс*; додека по традиционалното читање со *е*: *Еа*, *Едип*, *Крес*.
- Дифтонзите *au* и *eu* според класичното и традиционалното читање се предаваат со *ав* и *ев*: *Aurora – Аврора*, *Ausonia – Авсонија*, *Augustus – Август*, *Claudius – Клавдиј*, *Aurelius – Аврелиј*, *Euclides – Евклид*.

  Но, како исклучок: *Plautus – Плаут*, како и имињата на митските суштества (од грчко потекло): *Centaurus – Кентаур*, *Minotaurus – Минотаур*.
- Самогласката *i* на почетокот на зборот пред самогласка и меѓу две самогласки се предава со *j*: *Iulius – Јулиј*, *Traianus – Трајан*, а пред согласка, меѓу согласка и самогласка и во други позиции се предава со *и*: *Africanus – Африкан*, *Iberes – Ибери*, *Tullius – Тулиј*.
- Вокалната група *ia* се предава со *ија*: *Justitia – Јустиција* (трад. Јустиција), *Livia – Ливија*, *Placentia – Плакентија* (Пјаченца), *Perusia – Перусија* (Перуџа), *Florentia – Флоренција* (Фиренца), *Italia – Италија*.

- Самогласката *y* којашто е по потекло од грчкото *υ* (ипсилон) и се среќава во грчки имиња или имиња преземени преку грчкиот, се предава со *и*: *Aegyptus – Ајгипт*, *Cyclops – Киклоп*, *Cybele – Кибела*.

б) Согласки

- Согласката *c* според класичното читање пред самогласките *e*, *i*, *y*, дифтонзите *ae*, *oe* и пред сите други самогласки и согласки се изговара како *k*: *Seneca – Сенека*, *Campania – Кампанија*, *Cae**c**ilius – Кајкилиј*, *Cupido – Купидон*, C*l*audius – K*л*авдиј, O*c*tavius – Окт*а*виј; додека, според традиционалното читање *c* пред *e*, *i*, *y* и пред дифтонзите *ae*, *oe* се изговара како *ц*: *Ci**c**ero – Цицерон*, *Caecilius – Цецилиј*, а пред самогласките *a*, *o*, *u* и пред други гласови се чита *к*: *Cornelia – Корнелија*, *Copia – Копија*, *Curtius – Куртиј*.
- Согласката *s* меѓу самогласки и во сите други позиции според класичното читање се предава со *с*: *A**s**inius – A**с**иниј*, *Na**s**o – Ha**с**он*, *Scipiones – Скипиони* (трад. *Сципиони*), *Sisyphus – Си**с**иф*.
  Според традиционалното читање ***s*** меѓу самогласки се предава со ***з***: *А**з**иниј*, *На**з**он*, *Си**з**иф*.
- Групата *-ti-* пред самогласка според класичното читање се предава со *-ти-*: *Lucretius – Лукретиј*, *Domitian – Домитијан*, *Dalmatia – Далматија*. Според традиционалното читање *ti* се предава со *-ци-*: *Lucretius – Лукрециј*, *Terentius – Теренциј*, *Dalmatia – Далмација*.
- Согласките (аспиратите) *ph*, *th*, *ch*, *rh*, *x*, *h* коишто се најчесто од грчко потекло и најчесто доаѓаат во грчки имиња, се предаваат со *ф*, *т*, *х*, *р*, *кс*, *х*: *Philippus – Филип*, *Thalia – Талија*, *Psyche – Психе*, *Rhodus – Род*, *Xerxes – Ксеркс*, *Pollux – Полукс*, *Hector – Хектор*, *Hadrian – Хадријан*, *Herodian – Херодијан*.
- Двојните согласки во латинските имиња се предаваат со една: *Flaccus – Флак*, *Catullus – Катул*, *Vettius – Ветиј*, *Remmius – Ремиј*, *Pescennius – Пескениј*, *Appian – Апијан*, *Arrian – Арријан*.
- Групата *-qu-* во почетокот или во средината на зборот се предава со **-***кв***-**: *Aquileia – Аквилеја*, *Aquitania – Аквитанија*, *Quintus – Квинт*, *Quintilianus – Квинтилијан.*
- Групата *-su-* се предава со **-***св***-**: *Suetonius – Светониј*, *Suessula – Свесула* (град во Кампанија). Исклучок: *Suebi – Суеби*.

в) Специфичности во родот и во основата

- Латинските имиња од машки род на *–us* и на *–is* во македонскиот ги губат овие завршоци: *Brutus – Брут*, *Tacitus – Такит* (трад. *Тацит*),

Marcus – Марк, *Titus – Тит*, *Vespasianus – Веспасијан* (трад. *Веспазијан*), *Iuvenalis – Јувенал*, *Martialis – Мартијал* (*Марцијал*).

- Латинските имиња на *–ius*, *–aius* и на *–eius* во македонскиот завршуваат на *–uj*, односно на *–aj* и *–ej*: *Vergilius – Вергилиј*, *Terentius – Терентиј* (трад. *Теренциј*), *Tiberius – Тибериј*, *Publius – Публиј*, *Ovidius – Овидиј*, *Pontius – Понтиј*, *Gaius – Гај*, *Apuleius – Апулеј*, *Pompeius – Помпеј*.
- Имињата на *–eus* во латинскиот се од грчко потекло, а во македонскиот завршуваат на *–ej*: *Orpheus – Орфеј*, *Theseus – Тесеј* (трад. *Тезеј*).
- Групите *–ea* и *–eia* во имињата се предаваат со *–eja*: *Heraclea* (Lyncestis) – *Хераклеја*, *Medea – Медеја*.
- Формите на латинските имиња од машки род од други основи во македонскиот се предаваат преку основата на името (добиена од генитивната форма): *Cato* (Catonis) – *Катон*, *Dio – Дион*, *Piso – Писон* (трад. *Пизон*), *Pluto – Плутон*, *Rubico – Рубикон*, *Strabo – Страбон*, *Varro – Варон*, *Nepos – Непот*.
- Кај латинските имиња од женски род со основа на согласка на македонски им се додава наставката *–а* на основата од генитивната форма: *Iuno*, *Iunonis – Јунона*, *Venus*, *Veneris – Венера*, *Ceres*, *Cereris – Керера* (трад. *Церера*), *Ops*, *Opis – Опа*, *Carthago*, *Carthaginis – Картагина*.
- Латинските имиња на места на *–ae* што имаат само множинска форма на македонски добиваат наставка *–а*: *Cannae – Кана*, *Rufrae – Руфра*, *Salonae – Салона* (денешен Солин).
- Имињата од средновековниот латински на *–us*, *–ius* во македонскиот не го губат завршокот: *Avenarius – Авенариус*, *Beatus – Беатус*, *Franciscus – Францискус*, *Lucius – Луциус*, *Nostradamus – Нострадамус*, *Stradivarius – Страдиваријус*.
- Латинските имиња на места од среден род на *–um* во македонскиот го губат завршокот: *Mediolanum – Медиолан* (денешно Милано), *Nerulum – Нерул*; додека имињата на *–ium* на македонски завршуваат на *–uj*: *Brundisium – Брундисиј* (трад. *Брундизиј*; денешно Бриндизи), *Lavinium – Лавиниј*.

НОВОГРЧКИ ЈАЗИК

372. За пренесување на личните имиња од новогрчкиот јазик неопходно е да се изврши транскрипција која ќе ги почитува и ќе се придржува до правилата на гласовниот систем на современиот грчки јазик. Исклучок од ова правило се, сепак, веќе прифатените географски имиња, без разлика дали се тие преземени и оформени при директниот контакт во даден историски период преку византискиот или средновековниот грчки јазик, или пак се преземени врз основа на формите од старогрчкиот. Па така, се запазуваат формите: *Солун*, *Воден*, *Костур*, *Лерин*, *Епир*, *Крф*, *Јанина*, наместо *Тесалоники* (*Θεσσαλονίκη*), *Едеса* (*Έδεσσα*), *Каторја* (*Καστοριά*), *Флорина* (*Φλώρινα*), *Ипирос* (*Ήπειρος*), *Керкира* (*Κέρκυρα*), *Јоанина* (*Ιωάννινα*). Сепак, за топонимите кои се засведочени писмено во античко време, а тие се задржани во речиси истата писмена форма, но со поинаква фонетика, потребно е тие да бидат транскрибирани во зависност од контекстот во кој се појавуваат тие. На пример: *Евија* (*Εύβοια*), ако станува збор за транскрибирање на името на островот онака како се изговара во денешно време, а *Еубоија* (или традиционално *Евбеја*) доколку го употребуваме во историски контекст. Истово правило треба да се применува и на други топоними, како на пример *Тива*, но и *Теба* (*Θήβη*, *Θῆβαι*), *Верија*, но и *Бероја* (*Βέρροια*) и сл.

За личните имиња, без разлика на тоа дали има за нив веќе традиционална форма, се применува постапката на фонолошка транскрипција. Во таа смисла, треба да ги примениме следниве правила за транскрипција на графиите од новогрчкиот јазик:

а) Самогласки

- Во гласовниот систем на новогрчкиот јазик, исто како и во македонскиот, има пет самогласки: *а*, *е*, *и*, *о*, *у*. Но, за некои од нив имаме повеќе графии.
- Самогласката *а* алфа – *Α*, *α* секогаш ја транскрибираме со *А*, *а*.
- За самогласката *е* во новогрчкиот имаме две графии: буквата епсило – *Ε*,*ε* и дифрафот (а поранешен дифтонг) *ΑΙ*, *αι*. Овие графии секогаш ги транскрибираме со *Е*, *е*: *Петрос* (*Πέτρος*), *Стефанос* (*Στέφανος*), *Ермис* (*Ερμής*); *Етолоакарнанија* (*Αιτωλοακαρνανία*), *Егина* (*Αίγινα*).
- Доколку *αι* не е вистински дифраф, односно нема потекло од старогрчкиот дифтонг *αι*, тогаш тој се транскрибира со *аи*: *Каиро* (*Κάιρο*), *Дромокаитис* (*Δρομοκαΐτης*).

- Буквите *I*, *ι* (јота), *H*, *η* (ита) и *Y*, *υ* (ипсило) ги транскрибираме со буквата *И*, *и*: *Михалис*, (*Μιχάλης*), *Димитриос* (*Δημήτριος*), *Спирос* (*Σπύρος*).
- И дифрафите (и поранешни дифтонзи) *EI*, *ει; OI*, *οι* ги предаваме со самогласката *и*: *Епаминондас* (*Επαμεινώνδας*), *Евија* (*Εύβοια*), *Декелија* (*Δεκέλεια*).
- Грчките самогласки *O*, *o* (омикрон) и *Ω*, *ω* (омега) ги транскрибираме со самогласката *о*.
- Дифрафот *OY*, *ου* секогаш се предава со самогласката *у* и тој, всушност, во современиот грчки јазик е и единствениот знак за бележење на оваа самогласка: *Кундуриотис* (*Κουντουριότης*), *Папагоулос* (*Παπαδόπουλος*), *Уранија* (*Ουρανία*).

б) Комбинирани самогласки

- Комбинираните самогласки *AY*, *αυ*, *EY*, *ευ* се предаваат со *ав*, *ев* пред самогласка, звучна и ликвидна согласка, додека пред безвучна согласка овие дифрафи ги транскрибираме со *аф* и *еф*: *Павлос* (*Παύλος*), *Ставрос* (*Σταυρός*), *Евангелос* (*Ευάγγελος*), *Евантија* (*Ευανθία*), *Елефтерија* (*Ελευθερία*). Комбинираната графија *ευ* во последниот слог од името, т. е. *-ευς* се предава со *ej: Прометеј*, *Одисеј* и сл. Инаку, личните имиња кои во старогрчкиот јазик завршуваат со слогот *-ευς*, во новогрчкиот јазик го менуваат завршокот во *-εας*, *-ιας*.

в) Согласки

- Согласката *B*, *β* (новогрчки: вита) редовно се предава со *в*.
- Графиите *ΜΠ*, *μπ*, *NT*, *ντ*, *ΓΚ*, *γκ* ги предаваме со звучните согласки *б*, *д* и *ѓ*, доколку овие графии стојат на почетокот на зборот, а во средината на зборот ги транскрибираме со *мб*, *нд*, *нѓ*: *Хараламбос* (*Χαραλάμπος*), *Ламбринидис* (*Λαμπρινίδης*), *Ванди* (*Βάντη*), *Панѓалос* (*Πανγκάλος*), *Панделис* (*Παντελής*).
- Согласката гама – *Γ*, *γ* пред самогласки од преден ред (*и*, *е*) се изговара како *j*, а во други позиции таа се изговара како веларен звучен сонант (нешто како *ѓ* или *х*). Во првиот случај оваа согласка заедно со самогласката која следува по неа ја транскрибираме со *j*: *Јорѓос* (*Γιώργος*), *Панајотис* (*Παναγιώτης*), *Јанис* (*Γιάνης*).
  Во другите позиции оваа согласка најпогодно е да ја транскрибираме со *ѓ*.
- *ΤΣ*, *τς; TZ*, *τζ* се графии со кои се означуваат пискавите африкати во современиот грчки јазик. Во современиот македонски јазик првата графија ја предаваме со буквата *ц*, додека втората со буквата *s*: *Τσοχατζόπουλος – Цохасопулос*.

- Двојните консонанти кси – *Ξ*, *ξ* и пси – *Ψ*, *ψ* во македонскиот правопис ги предаваме со *кс*, *пс*: *Μεταξάς – Метаксас*, *Ψαθάς – Псатас.*
- Другите букви од новогрчкиот јазик ги предаваме со соодветните букви од македонското кирилско писмо.
- Вообичаено е личните имиња од современиот грчки јазик секогаш да ги предаваме во нивната номинативна форма. На пр. *Костас*, а не *Коста*, *Димитрис*, а не *Димитри*, *Констандинос*, а не *Константин*.
- Личните имињата на божествата кои се денес во новогрчкиот морфолошко фонетски изменети: *Диас* (*Δίας*), *Аполонас* (*Απόλλωνας*), *Ермис* (*Ερμής*), *Одисеас* (*Οδυσσέας*) во македонскиот јазик ги предаваме во нивната изворна форма, односно *Зевс*, *Аполон*, *Хермес*, *Одисеј* и сл., според правилата за транскрипција на лични имиња од старогрчкиот јазик.
- Правилата што ги прикажавме за транскрипција на личните имиња од новогрчкиот јазик се применуваат и за транскрипција на лични имиња од византискиот и средновековниот грчки јазик. Имињата кои имаат самогласка *и* или *а* пред завршокот *-ος*, по изземањето на завршокот *-ος*, ја добиваат на крајот од зборот согласката *ј*. На пр. *Димитриј*, *Николај*, *Ирмолај*, *Методиј* и сл. Завршокот за женските лични имиња треба да биде *-а* или *-ија.* На пр. *Екатерина* (*Αἰκατερίνη*), *Ирина* (*Εἰρήνη*), *Агапија* (*Ἀγάπη*), *Кандакија* (*Κανδάκη*), *Перга* или *Пергија* (*Πέργη*). Острата воздишка (спиритус аспер) која стои на почетокот на некои зборови кои започнуваат со самогласка или дифтонг нема никаква фонетска вредност. На пр. *Ирод* (*Ἡρῴδης*), *Ермолај* (*Ἑρμολάος*), *Ираклиј* (*Ἡράκλειος*), *Иподиј* (*Ὑπόδιος*).

ПЕРСИСКИ ЈАЗИК

373.а) Иранците (Персијците) се служат со арапското писмо, дополнето со четири букви за согласки. Тие според изговорот се предаваат како *п̄*, *ч*, *ж*, *г̄*: *Пандема*, *Чубак*, *Бижан*, *Голшад*.

Персискиот изговор на имињата се разликува од арапскиот, но истото писмо влијае и на нив.

б) Така, арапските меѓузабни согласки со изговор *т̄*, *д*, (од *t̲* и *d̲*) во персиските имиња имаат вредност *с*, *з*: *Сораја*, *Абазар*.

в) Исто и арапското алвеоларно *д* (од *Ã*), коешто се предава како *д*, во персиските имиња се изговара како *з*: *Зија*.

г) Арапското кратко [а] коешто се предава како *а* или како *е* и во персиските имиња така се предава, со тоа што предност ѝ се дава на самогласката *а*: *Ахмад*, *Шахсавар*, *Шахнама* или *Шахнаме*, *Рахманде* или *Рахманда* (ж. име), *Хамида* или *Хамиде*.

д) Арапското средно [і], коешто го предаваме како *и*, во персиските имиња е поблиску до *е*: *Данеш*, *Ентезам*, *Шахреза*. Персиската група [іу] се предава како *ij*: *Зија*.

ѓ) Арапското кратко [u], коешто се предава како *у*, во персиските имиња се изговара како *о*: *Хосеин*, *Хомеини*.

е) Персискиот дифтонг (двоглас), соодветен на арапското [*ау*], во персиските имиња се изговара како *еи* (во крајниот слог, а инаку како *ej*): *Хосеин*, *Шејда*. Така и *Хомејн*, но *Хомеини*.

ж) Арапскиот дифтонг [*aw*], што се предава како *ау*, во персиските имиња се изговара како *ау* и, на крајот од зборот, како *ов*: *Тоуфик*, *Хосров*.

з) Се претпочитаат арапските ликови од типот *Касем*, *Садек*, *Есхак* или *Исхак*, иако персискиот изговор е поинаков: *Гасем*, *Сагег̄* (и *Мосагег̄*), *Есхаг̄*.

ПОЛСКИ ЈАЗИК

374. Полскиот јазик ја употребува латиницата како основно писмо, а акцентот е фиксен и паѓа на вториот слог од крајот на зборот. Специфики на полската графија се: употреба на различни знаци за означување на истиот глас, двознаци за означување на еден глас, како и функцијата на знакот *i* да ја омекнува претходната согласка, со или без сопствена гласовна вредност во зависност од опкружувањето. Во полскиот јазик има 9 знаци за означување самогласки и 23 знаци + 7 двознаци за означување согласки. Доколку некој знак не е наведен под определена точка, тоа значи дека се предава со соодветниот кириличен еквивалент.

а) Буквата *ą* означува носна самогласка која се предава на следниов начин:
- како *ом* пред согласките *b*, *p*: *Dąbrowski – Домбровски*, *Gołąb – Голомб*, *Bukowo-Krąpiel – Буково-Кромѓел.*
- како *он* во сите други позиции: *Zajączkowski – Зајончковски*, *Sącz – Сонч*, *Grudziądz – Грудѕонз*, *Drzązgowo – Џонзѓово*, *Rogowo-Mająteк – Роѓово-Мајонтек.*

б) Буквата *ę* означува носна самогласка која се предава на следниов начин:
- како *ем* пред согласките *b*, *p*: *Zaręba – Заремба*, *Dębica – Дембица*, *Krępska – Кремпска*, *Kępno – Кемпно*, *Sępoliński – Семполињски.*
- како *ен* во сите други позиции: *Częstochowa – Ченстохова*, *Dzięgost – Ѓенѓост*, *Kęsowo – Кенсово.*

в) Буквата *i* се предава како *и* кога се наоѓа пред согласка: *Ireneusz – Иренеуш*, *Piła – Пила.* По согласките *c*, *dz*, *s*, *z*, освен што има гласовна вредност на *и*, влијае и на нивното омекнување: *Ciborowski – Ќиборовски*, *Dziwy – Ѓиви*, *Sikorski – Шикорски*, *Kazimierz – Кажимјеж.*
- Буквата *i* пред самогласка се предава со *j* (се работи за согласни групи *p*, *b*, *m*, *f*, *w*, *ch*, *h* + *i*): *Piórkowski – Пјурковски*, *Białystok – Бјалисток*, *Włodzimierz – Влоѕимјеж*, *Fiodory – Фјодори*, *Wieliczka – Вјеличка*, *Chielmiński* – Хјелмињски, *Hieronim* – Хјеронјим, освен во личните имиња на *-ia*, кои се предаваат со соодветниот суфикс *-ија*: *Zofia – Зофија.*
- Буквата *i* пред самогласка во групите *ki*, *gi*, *dzi*, *ci*, *si*, *zi* нема гласовна вредност, туку служи само за омекнување на претходната согласка и не се предава: *Kieślowski – Кешловски*, *Giewont – Гевонт*, *Dzięgost* – Ѓенгост, *Cieszyn – Ќешињ*, *Sieradz – Шерас*, *Zieliński* – Желињски.

г) Буквата *y*, што означува тврдо *и*, се предава како *и: Gdynia – Гдиња*, Bydgoszcz – *Бидгошч*, *Cyrankiewicz – Циранкевич.*

д) Буквата *ó* се предава со *у* во сите позиции, освен во *Краков* и *Лоѕ* кои се традиционално прифатени со *о*. Примери: *Józef – Јузеф*, *Królówka – Крулувка*, *Oracówka – Орацувка*, *Górowo – Гурово; Rzeszów – Жешув*, *Chrzanów – Хшанув*, *Wilanów – Виланув*, *Chorzów – Хожув*, *Radziejów – Раѓејув.*

ѓ) Буквата *c* се предава со *ц* во сите позиции: *Cezary – Цезари*, освен во позиција пред *i.*

е) Двознакот *ch* и буквата *h* имаат иста гласовна вредност и се предаваат како *х*: *Hel – Хел*, *Sapieha – Сапјеха*, *Chełmno – Хелмно*, *Sochaczew – Сохачев.*

ж) Двознакот *cz* се предава со *ч*: *Czartoryski – Чаропториски*, *Wiczółkowski – Вичулковски*, *Mickiewicz – Мицкевич.*

Напомена: Во полскиот јазик се чести презимињата на *-icz:* тие не се менуваат во *-иќ*, туку остануваат со *ч.*

з) • Буквата *ć*, како и групата *ci* пред самогласка, се предаваат со *ќ*: *Gućwa – Гуќва*, *Suć – Суќ; Cieplice – Ќеплице*, *Cieszyn – Ќешин.*

• Групата *ci* пред согласка се предава со *ќи: Złociniec – Злоќињец*, *Oświęcim – Ошвјенќим*, *Ciborowski – Ќиборовски*, *Racibórz – Раќибуж.*

ѕ) Двознакот *dz* се предава со *ѕ* во сите позиции: *Międzyrzec – Мјенѕижец*, *Grudziądz – Груѕонѕ*, *Sieradz – Шерас*, освен пред *i*.

и) • Двознакот *dź*, како и групата *dzi* пред самогласка, се предаваат со *ѕ́*: *Jadźwingowie – Јаѕвинѓовје*, *Lódź – Лоѕ́; Dzieduszycki – Ѓедушицки.*

• Групата *dzi* пред согласка се предава со *ѕ́и: Radziwil – Раѕ́вил*, *Brodziński – Броѕ́ињски.*

ј) Двознакот *dż* се предава како *џ* во сите позиции: *Dżystka – Џистка.*

Напомена: Групата *drz* не се предава како *џ*, туку како *џж.*

к) Буквата *g* се предава со *ѓ* во сите позиции: *Goleszów – Голешув.*

Напомена: Мекоста на *g* пред *i* не се бележи: *Giewont – Гевонт*.

л) Буквата *j* се предава со *ј* во сите позиции*: Justyna – Јустина*, *Zdrój – Здруј.*

љ) Буквата *k* се предава со *k* во сите позиции: *Klara – Клара.*

Напомена*:* Мекоста на *к* пред *i* не се бележи: *Kielce – Келце*, *Szyszyńskie – Шишињске*, *Kinga – Кинѓа*.

м) Буквата *l*, која означува меко *л*, се предава со *л* во сите позиции: *Wawel – Вавел*, *Zielona Góra – Желона Гура*, *Olsztyn – Олштин*, *Trybuna Ludu – Трибуна Луду*, *Bielawa – Бјелава; Bliziński – Ближињски*, *Legnica – Леѓњица*, *Leszno – Лешно*, *Cieplice – Ќеплице.*

н) Буквата *ł*, која означува тврдо *л*, блиско до неслоговното *у*, се предава со *л* во сите позиции: *Wrocław – Вроцлав*, *Łomża – Ломжа*, *Michał – Михал*, *Białystok – Бјалисток*, *Biała – Бјала*, *Podłaska – Подласка.*

њ) • Буквата *ń* се предава со *н* во сите позиции: *Nysa – Ниса*, освен во групата *ni*.

- Двојната согласка *nn* се предава со една: *Anna – Ана.*

о)
- Буквата *ń*, односно групата *ni* пред самогласка, се предава со *њ: Krasiński – Крашињски*, *Gałczyński – Галчињски*, *Topolińska – Тополињска; Gdańsk – Гдањск*, *Gdynia – Гдиња*, *Braniewo – Брањево*, *Niezgoda – Њезгода*, *Moniuszko – Моњушко*, *Żagań – Жагањ*, *Bońkowski – Боњковски*, *Broniewski – Броњевски*, *Niedzica – Њеџица*, *Toruń – Торуњ.*
- Групата *ni* пред согласка се предава со *њи: Brodnica – Бродњица*, *Konopnicki – Коноп̄њицки.*

п)
- Двознакот *rz* се предава со *ж* зад самогласки и зад звучни согласки: *Grzegorz – Гжеґож*, *Kazimierz – Кажимјеж*, *Korzeniowski – Кожењовски*, *Brzozowski – Бжозовски*, *Jerzy – Јежи*, *Zgorzelec – Зґожелец.* Притоа, во контакт со *g* не се изговара како *џ*, туку како *дж: Drzązągowo – Џонзґово*.
- Во сите други случаи се предава со *ш* (во соседство на безвучна согласка)*: Przybyszewski – Пшибишевски*, *Wieprz – Вјеп̄ш*, *Krzyżanowski – Кшижановски*, *Dzierzkowski – Ѓешковски*.
- Иста гласовна вредност со двознакот *rz* има и буквата *ż*.

р) Буквата *s* се предава со *с* во сите позиции: *Nysa – Ниса*, *Syjudy – Сијуди*, освен во групата *si*.

с) Двознакот *sz* се предава со *ш*: *Kraszewski – Крашевски*, *Warszawa – Варшава*.

т)
- Буквата за мекото *ś* во сите позиции и во консонантски групи, како и групата *si* пред самогласка, се предаваат со *ш: Zośka – Зошка*, *Leśmian – Лешмјан*, *Łoś – Лош*, *Śniegocka – Шњеґоцка; Zamość – Замошќ*, *Przemyśl – Пшемишл; Zosia – Зоша*, *Sienkiewicz – Шенкевич*, *Polesie – Полеше;*
- Групата *si* пред согласка се предава со *ши: Dygasiński – Диґашињски*, *Krasicki – Крашицки*.

ќ) Буквата *w* се предава со *в: Warszawa – Варшава.*

у) Буквата *z* се предава со *з* во сите позиции (*Zosia – Зоша*, *Zychowa – Зихова*), освен во групата *zi*.

ф)
- Буквата за мекото *ź* во сите позиции и во консонантски групи, како и групата *zi* пред самогласка, се предаваат со *ж: Koźmian – Кожмјан*, *Woźniak – Вожњак; Koźle – Кожле; Kazia – Кажа*, *Zieliński – Желињски;*
- Групата *zi* пред согласка се предава со *жи: Kazimierz – Кажимјеж*.

х) Буквата *ż* има иста гласовна вредност како двознакот *rz* и се предава со *ж: Żory – Жори*, *Żywiec – Живјец.*

ц)
- Двојните согласки се предаваат со една: *Jagiełło – Јаґело*, *Staff – Сп̄аф*.
- Но, ако се работи за име во кое е видлива границата меѓу составните елементи, тогаш двојните согласки остануваат: *Poddębice – Поддембице*.

ПОРТУГАЛСКИ ЈАЗИК

375. При предавањето на имињата од португалскиот јазик, главно, се поаѓа од изговорот, при што се почитуваат разликите помеѓу изговорот во Бразил („бразилска варијанта“), и оној во Португалија и во другите лузофонски земји (Ангола, Мозамбик, Зелен ’Рт/Кабо Верде, Гвинеја Бисао, Источен Тимор, Саун Томе и Принсип, Екваторска Гвинеја и специјалната административна област Макао во Кина – „европска варијанта“). Разликите се среќаваат кај согласките *s* и *z* и кај самогласката *e*. Сите случаи, правила и примери што ги одразуваат се означени со ѕвездичка (*).

а) Самогласки

Самогласките (*a*, *e*, *i*, *o*, *u*) можат да бидат без или со акцент (*á*, *â*, *é*, *ê*, *í*, *ó*, *ô*, *ú*), а *a* и *o* можат да бидат уште и носни (*ã*, *õ*). Во правилата кај кои начинот на предавање не зависи од тоа дали е самогласката изворно напишана со или без акцент, во описот на случајот таа е дадена без акцент. Во португалскиот јазик често има две или три самогласки едноподруго, а се среќаваат групи дури и од четири и од пет самогласки (на пр. *tuiuiú* – *ш̄уjуjу*).

Дел од попознатите имиња се зацврстиле кај нас во форма што се разликува од изворната, во некои случаи и до непрепознатливост. Кај нив ќе се почитува традицијата, па така *Lisboa* – *Лисабон* (изворно *Лижбоа**), *Portugal* – *Порш̄уѓалија* (изв. *Порш̄уѓал*), *Amazonas* – *Амазон* (изв. *Амазонас**), *Macau* – *Макао* (изв. *Макау*), *Guiné-Bissau* – *Гвинеја Бисао*, (изв. *Гине-Бисау*), *Fernão de Magalhães* – *Фернандо Маѓелан* (изв. *Фернау де Маѓаљаинш**).

б) Групите *ai*, *ei*, *oi*, *ui*

Овие групи се среќаваат често, особено првите две. Правилата за нивно предавање важат и тогаш кога тие влегуваат во состав на групи од три самогласки.

- Се предаваат со *au*, *eu*, *ou*, *yu* ако групата стои самостојно на крајот од зборот, потоа ако е во крајниот дел од зборот, а по неа следува завршно *-s**, *-r*, *-z** или *-m*, со тоа што *-m*>*-њ* (види и за *-im*>*-ињ* кај самогласката *i* подолу), како и кај деминутивните форми на имињата што во појдовната форма завршуваат на *-r*, и уште ако *i* има акцент (*aí*, *eí*, *oí*, *uí*) или е дел

од наставките *-inho*(*s**)/*-inha*(*s**): *Pai Pedro – Паи Педро*, *Frei Martinho – Фреи Мартињо*, *Rui – Руи*; *Cascais – Кашкаиш**, *Valdair – Валдаир*, *Luiz – Луиз**, *Paim – Паињ*, *Jair > Jairzinho – Жаирзињо*, *Paraíba – Параиба*, *Araguainha – Арагуаиња*, *Moinho – Моињо*.

- Се предаваат со *aj*, *ej*, *oj*, *yj* во сите други случаи (види подолу и за *i* меѓу две самогласки): *Saraiva – Сарајва*, *Madeira – Мадејра*, *Pereira – Перејра*, *Vieira – Виејра*, *Oeiras – Оејраш**, *Ipueiras – Ипуејрас**, *Moimenta da Beira – Мојмента да Бејра*, *Pico Ruivo – Пико Рујво*. Исклучок прават *Rio de Janeiro – Рио де Жанеиро*, поради силната традиција, и *Coimbra – Коимбра*, поради изговор со акцент на *i*.

в) Самогласката *ã* и групите *ãe, ão, õe*

Зборовите со носното *ã* и со групите *ãe*, *ão*, *õe* се изговараат со акцент на носната самогласка (*ã*, *õ*) ако во нив нема друга самогласка со обележан акцент. И кај нив правилата важат и тогаш кога влегуваат во состав на групи од три самогласки.

- Се предаваат со *a*, односно со *au*, *ay*, *ou* ако стојат по носните *m*, *n* и *nh*: *Cunhãs – Куњаш**, *Mãe D'Água – Мау Дагуа*, *Fernão – Фернау*, *Maranhão – Марањау*, *Camões – Камоиш**.
- Се предаваат со *ан*, односно со *аин*, *аун*, *оин* во сите други случаи: *Beirã – Бејран*, *Guimarães – Гимараинш**, *João – Жоаун*, *Conceição – Консејсаун*, *Bulhões – Буљоинш**.
  За да се разреши постојното колебање кај придавката *São* (*Сао*, *Сан*), таа ќе се предава со *Саун*: *São Paulo – Саун Пауло*, *São Tomé e Príncipe – Саун Томе и Принсип**.

г) Самогласката *e*

- Кога *e* стои самостојно на крајот од зборот, транскрипцијата зависи од тоа од која варијанта на изговор на португалскиот јазик се предава и дали самогласката има акцент.
  - Се предава со *e* ако *e* има акцент (*é*, *ê*), потоа кај предлогот *de*, и уште кај *Alegre*, *Grande*, *Monte*, *Norte*, *Ponte* и *Horizonte* поради силната традиција, и кај *Aire* и *Daire* поради тешкиот изговор: *José – Жозе*, *Maitê – Мајте*, *Porto Alegre – Порто Алегре*, *Rio Grande do Norte – Рио Гранде ду Норте*, *Monte de Fralães – Монте де Фралаинш**, *Ponte da Barca – Понте да Барка*, *Belo Horizonte – Бело Хоризонте*, *Campo Daire – Кампо Дајре*.
  - * Во сите други случаи, за европската варијанта не се предава, а за бразилската се предава со *и*: *Algarve – Алгарв* наспроти *Jorge* (*Amado*) – *Жоржи*.

- [*] Групата *-es*[*] на крајот од зборот, кога *e* нема акцент се предава со *-иш* за европската варијанта односно со *-ис* за бразилската: *Sagres – Сагриш*[*] наспроти (*Dani*) *Alves – Алвис*[*]. Ако има акцент, *e* останува: *Gerês – Жереш*[*].
- Групата *-em* (и варијантата *-ém*) на крајот од зборот се предава со *-ејн*: *Boa Viagem – Боа Вијажејн*, *Belém – Белејн*.
- Групата *ae* се предава со *ai* само во: *Caetano – Каитано*.
- Ако по *e* следува групата *ão*, *e* се предава со *иј*: *Leão – Лијаун*, *Gedeão – Жедијаун*.

д) Самогласката *i*

- Ако *i* се наоѓа на почетокот од зборот пред самогласка или ако е меѓу две самогласки (во состав на група од 3 или 4 самогласки), се предава со *j*: *Iemanjá – Јеманжа*, *Iara – Јара*, *Araguaia – Арагуаја*, *Baião – Бајаун*, *Sampaio – Сампајо*, *Correia – Кореја*, *Goiás – Гојас*[*], *Tuiuti – Тујути*. Исклучок е ако пред *i* стои безгласното *h* или ако *i* има акцент – тогаш се предава со *иј*: *Bahia – Бауја*, *Baía de Traição – Бауја ге Трајсаун*.
- Ако е *i* на почетна позиција во група од 2, 3 или 4 самогласки и по него следува *a* (со или без акцент) или *ã*, *i* се предава со *иј*: *Amália – Амалија*, *Tiago – Тијаго*, *Brasília – Бразилија*, *Muriaé – Мурујае*, *Gavião – Гавијаун*, *Fiães – Фијаинш*[*], *Piauí – Пијауи*, *Itatiaia – Итатијаја*. Но, по традиција: *Tânia – Тања*, *Vânia – Вања* и *Sónia – Соња*.
- Групата *-im* на крајот од зборот се предава со *-ињ*: *Jobim – Жобињ*, *Capim – Капињ*.

ѓ) Самогласката *o*

- Ако *o* стои на крајот од зборот (и не е дел од групата *-ão*), поради силната традиција се предава со *o*, освен кај предлогот *do>ду*: *Porto – Порто*, *Maputo – Мапуто*, *Jô – Жо*, *Viana do Castelo – Вијана ду Каштело*[*].
- [*] Предлогот *dos*[*] и групата *-os*[*] на крајот од зборот, кога *o* нема акцент, се предаваат со *душ*, *-уш* за европската варијанта, односно со *дус*, *-ус* за бразилската: *Barcelos – Барселуш*[*] наспроти *Agostinho dos Santos*[*] – *Агостињо дус Сантус*. Ако има акцент, *o* останува: *Queirós – Кејрош*[*]. Исклучок, по традиција, прават градовите *Santos – Сантос* и *Lagos – Лагос*.
- Групите *-om*, *-um* на крајот од зборот се предаваат со *-он*, *-ун*: *Dom Pedro – Дон Педро*, *Rondom – Рондон*, *Tuntum – Тунтун*. Но, по традиција *Tom – Том*.

- Во состав на сложенка, *o* се предава со *у*: *Montemor-o-Velho – Монтемор-у-Вељо*.
- Групата *-ou-* се предава со *-оу-* ако се изговара со акцент на *о*, односно со *у* ако групата се изговара неакцентирано: *Sousa – Соуза*, *Douro – Доуро*, *Ouro Preto – Оуро Прето*, наспроти *Loulé – Луле* и *Mourinho – Мурињо*, *Coutinho – Кутињо* (со акцент на *е* односно *і*). Но, *ou>o* во *Lourenço – Лоренсо.*

е) Самогласката *и* и групите *gue, que, gui, qui* и *ua, gua, qua*

- Во групите *gue*, *que*, *gui*, *qui* самогласката *и* е безгласна, па тие се предаваат со *ге*, *ке*, *ги*, *ки*: *Miguel – Мигел*, *Quental – Кентал*, *Guiomar – Гиомар*, *Aquilino – Акилино*. Овие групи ги следат и правилата за самогласките *е* и *і* и групата *ei*: *Gueir – Геир*, *Nogueira – Ногејра*, *Ourique – Урик**, *Henriques – Енрикиш**, *Aguiar – Агијар*, *Joaquim – Жоакињ*. Но, по традиција *Гвинеја Бисао*, а изворно *Guiné-Bissau – Гине-Бисау*.
- Групите *ua*, *gua*, *qua* се предаваат со *уа*, *гуа*, *куа*: *Duarte – Дуарте**, *Luanda – Луанда*, *Guarda – Гуарда*, *Quarteira – Куартејра*.

ж) Согласки и согласни групи

- Согласката *c* се предава со *с* ако по неа следуваат *е* или *і*: *Cesária – Сезарија*, *Jacinto – Жасинто*. Во другите случаи се предава со *к*: *Camilo – Камило*, *Branco – Бранко*, *Cunha – Куња*, *Cláudia – Клаудија*, *Cristóvão – Криштоваун**.
- Согласката *ç* се предава со *с*: *Eça – Еса*, *Bragança – Браганса*, *Mendonça – Мендонса*. Но, по традиција *Moçambique – Мозамбик*, *Açores – Азори/Азорски Острови*.
- Согласката *g* се предава со *ж* ако по неа следуваат *е* или *і*: *Minas Gerais – Минас Жераис**, *Gilberto – Жилберто*. Во другите случаи се предава со *г*: *Braga – Брага*, *Saramago – Сарамаго*, *Mato Grosso – Мато Гросо*.
- Согласката *h* нема гласовна вредност: *Hugo – Уго*, *Bahia – Баија*. Поради силната традиција, сепак *Belo Horizonte – Бело Хоризонте*.
- Согласката *j* се предава со *ж*: *Josué – Жозуе*, *Beja – Бежа*.
- Согласката *q* се предава со *к*. За *que*, *qui* и *qua* види погоре.
- * Согласката *s* се предава со *с*, *з*, *ш* или *ж* во зависност од тоа на која позиција се наоѓа во зборот и од која варијанта на португалскиот јазик се предава.
  - Ако е на почетокот од зборот или е удвоена, се предава со *с*: *Setúbal – Сетубал*, *Pessoa – Песоа*.

- Ако е меѓу самогласки, се предава со *з*: *Cardoso – Кардозо*.
- * Ако е на крајот од зборот, за европската варијанта се предава со *ш*, а за бразилската со *с*: *Luís de Camões – Луиш де Камоиш** наспроти *Machado de Assis – Машадо де Асис**.
- * Ако е пред звучна согласка, за европската варијанта се предава со *ж*, а за бразилската со *з*: (*Ricardo*) *Quaresma – Куарежма** наспроти *Erasmo* (*Carlos*) *– Еразмо**. Но, по традиција *Лисабон*, а изворно *Lisboa – Лижбоа**.
- * Ако е пред безвучна согласка, за европската варијанта се предава со *ш*, а за бразилската со *с*: *Estoril – Ештурил**, *Cristiano* (*Ronaldo*) *– Кришшијано** наспроти (*Gal*) *Costa – Косша**.
- * Групите *sce*, *sci** за европската варијанта се предаваат со *шсе*, *шси*, а за бразилската со *се*, *си*: (*José*) *Nascimento – Нашсименшо** наспроти *Juscelino* (*Kubitschek*) *– Жуселино**.
  *Trás-os-Montes – Траз-уж-Моншиш**.

- Согласката *r* се предава со *р* независно дали стои самостојно или е удвоена: *Ronaldo – Роналдо*, *Barroso – Барозо*.
- Согласката *x* се предава со *кс*, *с* или *ш* (нема правило): *Maximiliano – Максимилијано*, *Extrema – Естрема*, *Alexandre – Алешандри**, *Xavier – Шавиер*, *Baixa – Бајша*, *Teixeira – Тејшејра*, *Peixoto – Пејшошо*, *Aleixo – Алејшо*.
- * Согласката *z*, ако се наоѓа на крајот од зборот, се предава со *ш* за европската варијанта, односно со *з* за бразилската: *Estremoz – Ештремош** наспроти *Santaluz – Санталуз**. Во сите други случаи, за обете варијанти се предава со *з*: *Zico – Зико*, *Mariza – Мариза*. (Според новите правописни правила на португалскиот јазик, *z* пред согласка преминува во *s*, па *Vazquez > Vasquez – Вашкеш/Васкез**.)
- Групата *ch* се предава со *ш*: *Chico – Шико*, *Funchal – Фуншал*.
- Групите *lh*, *nh* се предаваат со *љ*, *њ*: *Carvalho – Карваљо*, *Ronaldinho – Роналдињо*.
- Групата *dj* на почетокот од зборот се предава со *џ*: *Djavan – Џаван*, *Djalma – Џалма*.
- Буквите *k*, *y* и *w* се дел од португалската азбука, но само како букви за посебни случаи на употреба. Буквата *k* се предава со *к*: *Kaká – Кака*. Буквата *y* ги следи правилата за самогласката *i*: *Ayrton – Ајртон*, *Neymar – Нејмар*, *Ruy – Руи*, *Yekenha – Јекења*. Буквата *w* се предава со *в*: *Waldemar – Валдемар*, *Wânia – Вања*, *Wilson – Вилсон*.

РОМАНСКИ ЈАЗИК

376. Романскиот вокален систем е составен од следниве самогласки: *a*, *ă*, *â*, *î*, *e*, *i*, *o*, *u*.

а) Самогласки и самогласни групи

- Самогласката *i* во почетокот на зборот, како и меѓу две самогласки се предава со нашето *ј*: *Ion – Јон*, *Ioan – Joan*, *Caraion – Карајон*, *Craiova – Крајова.* Кога гласот *i* се наоѓа на крајна позиција, ако тој доаѓа зад согласка, не се бележи: *Piteşti – Питешт*, *Bucureşti – Букурешт*, *Iaşi – Јаш*, а кога пред него има самогласка, се бележи со *ј*: *Mihai – Михај*.
- Самогласната група *-ia-* на македонски се предава со *-ија: Iulia – Јулија*, *Muntenia – Мунтенија*.
- Според новиот романски правопис буквата *î*, освен во почетокот и на крајот на зборот, секаде е заменета со графемата *â*, така што на македонски овој глас го транскрибираме со апостроф (’): *Câmpulung – К’мпулунг*, *Dâmboviţa – Д’мбовица.*

б) Согласки и согласни групи

- Согласката *c* пред *e*, *i* се предава со *ч*: *Mircea – Мирча*, *Suceava – Сучава*.
- Согласката *c* пред самогласките *a*, *o*, *u*, *ă*, *â*, *î* се предава со *к*: *Closca – Клошка*, *Câciulata – Качулата*, *Cuza – Куза*, *Antonescu – Антонеску*, *Luca – Лука.*
- Согласната група *ch* пред *e* и *i* се предава со *к*: *Costache – Костаке*, *Hurmuzachi – Хурмузаки*.
- Согласката *g* пред *e* и *i* се предава со *џ*: *Argeş – Арџеш*, *Bucegi – Бучеџи*, *George – Џорџе*, *Caragiale – Карагиале.*
- Согласката *g* пред самогласките *a*, *o*, *u*, *ă*, *â*, *î* се предава со *г: Iorga – Јорга*, *Neagoe – Њагое.*
- Согласната група *gh* пред самогласките *e*, *i*, се предава со *г*: *Gheorghe – Георге*, *Sighişoara – Сигишоара*.
- Согласката *j* се предава со *ж*: *Gorj – Горж*, *Cluj – Клуж*, *Dej – Деж.*
- Согласката *ţ* се предава со *ц: Ţepeş – Цепеш*, *Marioţeanu – Мариоцеану.*
- Согласката *ş* се предава со *ш: Braşov – Брашов*, *Mureş – Мureш*, *Caraş – Караш*, *Focşani – Фокшани.*

в) Гласовни групи

- Гласовните групи *-lea* и *-nea* се бележат со *-ља*, односно *-ња*: *Valea – Ваља*, *Jebeleanu – Жебељану*, *Neamţ – Њамц*, *Neagoe – Њагое.*

РУСКИ ЈАЗИК

377. При транскрипцијата на руските имиња, обично, поаѓаме од нивната графија, а не од изговорот. Во рускиот јазик акцентот е подвижен, па затоа при предавањето на имињата не се обележува различното звучење на самогласките во зависност од местото на кое се наоѓаат. На пример, главниот град на Русија – Москва, каде што акцентот паѓа на последниот слог и на руски се изговара Масквá, според нашиот правопис тој ќе биде Москва.

а) Буквата *е* во почетокот на името и во сите други позиции се предава со *е*: *Есенин – Есенин*, *Елцин – Елцин*, *Евтушенко – Евтушенко*, *Ершов – Ершов*, *Елена – Елена*, *Екатерина – Екатерина* (*не Катерина*), *Ленин – Ленин*, *Онегин – Онегин*, *Смоленск – Смоленск*, *Ерофеев – Ерофеев*, *Лев – Лев*, *Колесников – Колесников*, *Терешкова – Терешкова*, *Нева – Нева.*

б) Буквата *ё* се транскрибира како *јо*, зад согласките *ж*, *ч*, *ш*, *щ* со *о*, а зад *л* и *н со љо*, односно со *њо*: *Ёлка – Јолка*, *Семёнов – Семјонов*, *Фёдоров – Фјодоров*, *Аксёнов – Аксјонов*, *Белозёров – Белозјоров*, *Артём – Артјом*, *Пономарёв – Пономарјов*, *Пётр – Пјотр; Щёлково – Шчолково*, *Хрущёв – Хрушчов*, *Чернишёв – Чернишов*, *Горбачёв – Горбачов*, *Лихачёв – Лихачов*, *Фомичёв – Фомичов; Киселёв – Кисељов*, *Королёв – Корољов*, *Ковалёв – Ковальов*, *Журавлёв – Журављов*, *Селезнёв – Селезњов.*
Но: *Потёмкин – Потемкин* и *Пётр Великий – Петар Велики*, *Пётр И. Чайковский – Петар И. Чајковски* по традиција.

в) Буквата э се предава со *е*: *Эренбург – Еренбург*, *Бэла – Бела*, *Эрмитаж – Ермитаж*, *Эйзенштейн – Ејзенштејн*, *Эльдар – Ељдар*, *Мариэтта – Мариета*, *Элеонора – Елеонора.*

г) Буквата *ы* се предава со *и*: *Белый – Бели*, *Быков – Биков*, *Зыков – Зиков*, *Крылов – Крилов*, *Чебоксары – Чебоксари*, *Грозный – Грозни.*

д) Мекоста на согласките пред *е* и пред *и* не се означува: *Немирович-Данченко – Немирович-Данченко*, *Верижникова – Верижникова*, *Лебедев – Лебедев*, *Лесков – Лесков*, *Олег – Олег*, *Нева – Нева*, *Ленин – Ленин*, *Левитан – Левитан*, *Лимонов – Лимонов*, *Литвинова – Литвинова*, *Лиханов – Лиханов*, *Некрасов – Некрасов*, *Никитин – Никитин*, *Николаев – Николаев*, *Воронеж – Воронеж*, *Нина – Нина*, *Бунин – Бунин*, *Герасимов – Герасимов*, *Ким – Ким*, *Кедров – Кедров*, *Кирилл – Кирил*, *Кирсанов – Кирсанов.*
Но: *Брежнев – Брежњев* и *Туполев – Тупољев*, по традиција.

ѓ) Групата *ье* зад тврдите согласки се предава како *је*: *Юрьевич – Јурјевич*, *Шереметьево – Шереметјево*, *Прокофьев – Прокофјев*, *Закавказье – Закавказје*, *Поволжье – Поволжје.*

е) Групите *лье*, *льи* се предаваат како *ље*, *љи*: *Васильевич – Васиљевич*, *Анатольевна – Анатољевна*, *Савельевич – Савељевич*, *Ильенков – Иљенков*, *Витальевна – Виталевна*, *Вельевич – Вељевич*, *Ильич – Иљич*, *Ильинична – Иљинична*, *Равельич – Равељич*, *Савельич – Савељич.*

ж) Групата *ль* на крајот од зборот или на крајот од слогот се предава со *љ*: *Гоголь – Гоѓољ*, *Даль – Даљ*, *Кремль – Кремљ*, *Ярославль – Јарослављ*, *Севастополь – Севастопољ*, *Раскольников – Раскољников*, *Ильф – Иљф*, *Ольга – Оља*, *Архангельск – Архангељск*, *Подольск – Подољск*, *Уральск – Уральск*, *Ельбрус – Ељбрус*, *Мандельштам – Мандељштам.*

з) Групата *ля* се предава како *ља*: *Галя – Гаља*, *Оля – Оља*, *Коля – Коља*, *Шаляпин – Шаљапин*, *Челябинск – Чељабинск*, *Лянка – Љанка*, *Ляпис – Љапис*, *Ляшко – Љашко.*

ѕ) Групата *лья* се предава како *ља*: *Илья – Иља*, *Емельянова – Емељанова*, *Ульянов – Уљанов*, *Ильянен – Иљанен*, *Ильясов – Иљасов*, *Вильям – Виљам*, *Ульянский – Уљански*, *Ульяновск – Уљановск.*
Но: *Наталья – Наталија*, по традиција.

и) Групата *лю* се предава како *љу*: *Людмила – Људмила*, *Бурлюк – Бурљук*, *Валюсинский – Ваљусински*, *Любовь – Љубов*, *Клюев – Кљуев*, *Коклюшкин – Кокљушкин*, *Любимов – Љубимов*, *Малюгин – Маљуѓин*, *Неклюдова – Некљудова*, *Слюдянка – Сљудјанка*, *Людиново – Људиново*, *Вилючинск – Виључинск*, *Люберцы – Љуберци*, *Нехлюдов – Нехљудов.*

ј) Групата *лью* се предава како *љу*: *Ильюшин – Иљушин*, *Ильюша – Иљуша*, *Илюхин – Иљухин*, *Ильюхов – Иљухов.*

к) Буквата *н* пред *ье* се предава со *ње*: *Евгеньевич – Евгењевич*, *Арсеньевич – Арсењевич*, *Ананьевич – Анањевич*, *Арсеньев – Арсењев*, *Пошехонье – Пошехоње.*

л) Групата *нь* на крајот од слогот и во средината на зборот пред согласка се предава со *њ*: *Беленький – Белењки*, *Гунькин – Гуњкин*, *Данько – Дањко*, *Сен-Сеньков – Сен-Сењков*, *Танькова – Тањкова*, *Стенька – Стењка*, *Сохань – Сохањ*, *Любань – Љубањ*, *Казань – Казањ*, *Мезень – Мезењ*, *Астрахань – Астрахањ*, *Назрань – Назрањ*, *Лагань – Лаѓањ*, *Рязань – Рјазањ*, *Тюмень – Тјумењ*, *Советская Гавань – Советскаја Гавањ.*

љ) Групите *ня* и *ню* се предаваат како *ња*, односно како *њу*: *Бородыня – Бородиња*, *Железняков – Железњаков*, *Коняев – Коњаев*, *Ненянг – Нењанѓ*, *Пильняк – Пилњак*, *Поженян – Пожењан*, *Пресняков – Пресњаков*, *Горняк – Горњак*, *Лобня – Лобња*, *Княгинино – Књаѓинино*, *Стаднюк –*

Стадњук, *Станюкович – Стањукович*, *Грунюшкин – Груњушкин*, *Ванюшин – Вањушин*, *Нюрба – Њурба.*

м) Сите останати согласки пред *ь* во сите позиции се предаваат како тврди: *Игорь – Иго̄р*, *Лазарь – Лазар*, *Любовь – Љубов*, *Сибирь – Сибир*, *Пермь – Перм*, *Горький – Горки*, *Васька – Васка*, *Кузьма – Кузма.*

н) Буквите *я* и *ю*, освен по *н* и *л*, се предаваат со *ја*, односно со *ју*: *Яковлев – Јаковлев*, *Ян – Јан*, *Ярошевский – Јарошевски*, *Яшин – Јашин*, *Ярослав – Јарослав*, *Мария – Марија*, *Вячеслав – Вјачеслав*, *Евгения – Евге̄нија*, *Хирьяков – Хирјаков*, *Лидия – Лидија*, *Красноярск – Краснојарск*, *Якутск – Јакутск*, *Ювачёв – Јувачов*, *Юрий – Јурај*, *Юлия – Јулија*, *Тютчев – Тјутчев*, *Рюмин – Рјумин*, *Скирюк – Скирјук*, *Бирюч – Бирјуч*, *Юрьевец – Јурјевец*, *Тюмень – Тјумењ.*

њ) Буквата *щ* се предава со *шч*: *Щедрин – Шчедрин*, *Щербак – Шчербак*, *Щеткин – Шчеткин*, *Щукин – Шчукин*, *Щигры – Шчиго̄ри*, *Строгальщиков – Строго̄аљшчиков*, *Рощин – Рошчин*, *Обойщиков – Обојшчиков*, *Благовещенск – Благо̄вешченск*, *Мытищи – Митишчи*, *Пущино – Пушчино.*

о) Двојните согласки се предаваат со една: *Анна – Ана*, *Алла – Ала*, *Боронникова – Бороникова*, *Филипп – Филип*, *Гроссман – Гросман*, *Новоруссский – Новоруски*, *Виссарион – Висарион*, *Спасск – Спаск*, *Ессентуки – Есентуки*, *Рассказово – Расказово*, *Геннадий – Генадиј*, *Инна – Ина*, *Ренников – Реников*, *Савва – Сава.*
Но: *Бессонов – Бессонов* (од ‘без сон’, ‘бессоница’).

п) Групата *дж* се предава со *џ*: *Окуджава – Окуџава*, *Джигарханян – Џиго̄рханањан*, *Джигурда – Џиго̄рда*, *Ходжер – Хоџер*, *Ковальджи – Ковальџи*, *Биробиджан – Биробиџан*, *Анжеро-Судженск – Анжеро-Суџенск*, *Геленджик – Геленџик*, *Суджа – Суџа.*

р) Групата *дз* се предава со *з*: *Дзержинский – Зержински*, *Дзагоев – Заго̄ев*, *Дзюба – Зјуба*, *Дзержинск – Зержинск*, *Дзасохов – Засохов.*

с) Руските имиња од неруско потекло ја задржуваат руската форма: *Анжелика – Анжелика*, *Эдуард – Едуард*, *Гарий – Гариј*, *Юзеф – Јузеф*, *Эрнст – Ернст*, *Герцель – Герцељ*, *Рафаил – Рафаил*, *Кюхельбекер – Кјухељбекер.*
Но: *Герцен – Херцен*.

т) Оние имиња од германско потекло кои ја содржат групата *ей* ја задржуваат формата од рускиот јазик: *Эйзенштейн – Ејзенштејн*, *Бернштейн – Бернштејн*, *Бронштейн – Бронштејн*, *Брушейн – Брушејн*, *Гоpенштейн – Горенштејн*, *Штейнберг – Штејнберг*, *Вейнберг – Вејнберг*, *Гейнце – Гејнце*, *Клейн – Клејн*, *Рейн – Рејн*, *Штейнман – Штејнман.*

ќ) Личните имиња што завршуваат на *-ий* се предаваат со *-иј*: *Василий – Василиј*, *Анатолий – Анатолиј*, *Юрий – Јуриј*, *Евгений – Евгениј*, *Валерий – Валериј*, *Аркадий – Аркадиј*, *Дмитрий – Дмитриј*.

у) Машките презимиња што завршуваат на *-ый* и на *-ий* се предаваат со *-и*: *Нагорный – Нагорни*, *Бедный – Бедни*, *Белый – Бели*, *Алешковский – Алешковски*, *Бабаевский – Бабаевски*, *Березовский – Березовски*, *Бродский – Бродски*, *Дунаевский – Дунаевски*, *Покровский – Покровски.*

ф) Машките презимиња што завршуваат на *-ой* се предаваат со *-ој*: *Трубецкой – Трубецкој*, *Толстой – Толстој*, *Лопушной – Лопушној*, *Полевой – Полевој.*

х) Женските презимиња што завршуваат на *-ая* се предаваат со *-аја*: *Духовская – Духовскаја*, *Жадовская – Жадовскаја*, *Антоновская – Антоновскаја*, *Высоцкая – Висоцкаја*, *Дворецкая – Дворецкаја*, *Крупская – Крупскаја*, *Плисецкая – Плисецкаја*, *Толстая – Толстаја*, *Новодворская – Новодворскаја.*

ц) Руските презимиња, како и машките средни таткови имиња што завршуваат на *-ич* на истиот начин се предаваат и на македонски (не со *-ик*!): *Шостакович – Шостакович*, *Зданевич – Зданевич*, *Климонтович – Климонтович*, *Мазуркевич – Мазуркевич*, *Петкевич – Петкевич*, *Владимирович – Владимирович*, *Александрович – Александрович*, *Антонович – Антонович*, *Николаевич – Николаевич.*

САНСКРИТ (САНСКРТ)

378. Санскритскиот јазик е фонетски, но содржи значително повеќе гласови од македонскиот, поради што е нужно при неговата транслитерација на македонски да отпаднат извесен број фонеми, за кои ние немаме соодветни графеми. Санскритскиот алфабет е слоговен и се состои од четириесет и осум гласа, од кои тринаесет самогласки, триесет и три согласки и два додатни гласа. Самогласките се делат на прости и сложени. Простите можат да бидат кратки и долги, а сложените се само долги. Шематски приказ на санскритските самогласки е даден во следнава табела:

	Кратки	**Долги**
Прости	*a*	*ā*
	i	*ī*
	u	*ū*
	ṛ	*ṝ*
	ḷ	
	Долги	**Долги**
Сложени	*e*	*ai*
	o	*au*

Првата група од дваесет и пет санскритски согласки ја сочинуваат оклузивите и назалите. Според местото на образување тие се делат на грлени, непчени, свиени, забни и уснени, а можат да бидат звучни, безвучни, неаспирирани и аспирирани. Прикажани се во следнава табела:

	Безвучни		**Звучни**		
	Неаспирирани	Аспирирани	Неаспирирани	Аспирирани	Назални
Грлени	*ka*	*kha*	*ga*	*gha*	*ṅa*
Непчени	*ca*	*cha*	*ja*	*jha*	*ña*
Свиени	*ṭa*	*ṭha*	*ḍa*	*ḍha*	*ṇa*
Забни	*ta*	*tha*	*da*	*dha*	*na*
Уснени	*pa*	*pha*	*ba*	*bha*	*ma*

Освен овие гласови, меѓу согласките спаѓаат и оние што санскритските граматичари ги нарекуваат полусамогласки (antaḥstha, ‘средни’), односно гласовите *ya*, *ra*, *la* и *va*. Тие се звучни, но неаспирирани. Тука спаѓаат уште

и сибилантите *śa*, *ṣa и sa*, кои се аспирирани, но безвучни, како и звучниот аспират *ha*. Двата додатни гласа се *ṁ* и *ḥ*. Обата се појавуваат по самогласки, и првиот (познат како *anusvāra*), ја назализира самогласката која му претходи, додека вториот (познат како *visarga*), е чист безвучен аспират.

а) Самогласки и дифтонзи

- *a* и *ā* се предаваат со *а*. На пример: *Agastya – Агастја*, *Ambikā – Амбика*, *Ātreyī – Атреји*, *Ayodhyaka – Ајогхјака.*
- *i* и *ī* се предаваат со *и*. На пример: *Indra – Индра*, *Indirā – Индира*, *Sarasvatī – Сарасвати*, *Īśāna – Ишана.*
- *u* и *ū* се предаваат со *у*. На пример: *Ugrasena – Уграсена*, *Upendra – Упендра*, *Ūma – Ума*, *Vedānta-sūtra – Веданта-сутра.*
- самогласните *ṛ* и *ṝ* (кое ретко се јавува) по традиција на македонски се предаваат со *ри*. На пример: *Ṛtu – Риту*, *Ṛddha – Ридха*, *Kṛpa – Крипа*, *Kṛṣṇa – Кришна.*
- *ḷ* (кое се јавува само во еден глаголски корен, имено √*kḷp*) се предава со *л*.
- *e* се предава со *е*. На пример: *Kekaya – Кекаја*, *Eka – Ека*.
- *o* се предава со *о*. На пример: *Oṁkāra – Омкара*, *Ojas – Оџас*, *Gomukha – Гомукха.*
- *ai* се предава со *аи*. На пример: *Advaita – Адваита*, *Aikṣvaka – Аикшвака.*
- *au* се предава со *ау*. На пример: *Auśanasa – Аушанаса*, *Gaura – Гаура*.

б) Оклузиви и назали

- *k* се предава со *к*. На пример: *Kālī – Кали*, *Kekaya – Кекаја.*
- *kh* се предава со *кх*. На пример: *Khadyota – Кхаџјота*, *Khaṇḍava – Кхандава*.
- *g* се предава со *г*. На пример: *Gadādhara – Гагадхара*, *Gautamī – Гаутами*.
- *gh* се предава со *гх*. На пример: *Ghoṣa – Гхоша*, *Aghāsura – Агхасура*.
- *c* се предава со *ч*. На пример: *Candragupta – Чандрагупта*, *Citralekhā – Читралекха.*
- *ch* се предава со *чх*. На пример: *Chāgali – Чхагали*, *Chandodeva – Чхандодева*.
- *j* се предава со *џ*. На пример: *Janārdana – Џанардана*, *Jānakī – Џанаки*.
- *jh* се предава со *џх*. На пример: *Jharjhara – Џхарџхара*, *jhampa – џхампа*.
- *ṭa* и *ta* се предаваат со *та*. На пример: *Ṭaṅkana – Танкана*, *Ṭikka – Тика*, *Tryambaka – Трјамбака*, *Tīkṣna – Тикшна.*
- *ṭha* и *tha* се предаваат со *тха*. На пример: *Ṭhakkana – Тхакана*, *Ṭhiṇṭhā – Тхинтха*, *Citraratha – Читраратха*, *Aśvatthāmā – Ашватхама.*

- *ḍa* и *da* се предаваат со *да*. На пример: *Auḍulomi – Аудуломи*, *Garuḍa – Гаруда*, *Dāmodara – Дамодара*, *Durjaya – Дурџаја.*
- *ḍha* и *dha* се предаваат со *дха.* На пример: *Dṛḍhā – Дридха*, *Dṛḍhavrata – Дридхаврата*, *Dhanurdhara – Дханурдхара*, *Dharmakṛt – Дхармакрит*.
- *ā* се предава со *а*. На пример: *Paraśurāma – Парашурама*, *Padmanābha – Падманабха.*
- *ph* се предава со *пх*. На пример: *Phāla – Пхала*, *Triphala – Трипхала*.
- *b* се предава со *б*. На пример: *Bahuśirā – Бахушира*, *Bṛhad-rūpa – Брихад-руна.*
- *bh* се предава со *бх.* На пример: *Bhakti-devī – Бхакти-деви*, *Bhūtātmā – Бхутатма.*
- *ṅ*, *ṇ* и *n* се предаваат со *н*. На пример: *Aṅgada – Ангада*, *Vedāṅga – Веданга*, *Anirviṇṇa – Анирвина*, *Puṇya – Пунја*, *Nārāyaṇa – Нарајана*, *Nandakī – Нандаки.*
- *ñ* се предава со *њ*. На пример: *Mañjarī-sārikā – Мањџари-сарика*, *Vyañjana-hārīkā – Вјањџана-харика.*
- *m* се предава со *м*. На пример: *Mādhava – Мадхава*, *Mahāvarāha – Махавараха.*

в) Полусамогласки

- *y* се предава со *ј*. На пример: *Yādavendra – Јадавендра*, *Yamunā – Јамуна*.
- *r* се предава со *р*. На пример: *Rāma – Рама*, *Rāghava – Рагхава*.
- *l* се предава со *л*. На пример: *Lakṣmī – Лакшми*, *Lohitākṣa – Лохитакша.*
- *v* се предава со *в*. На пример: *Viṣṇu – Вишну*, *Vāmana – Вамана*.

г) Сибиланти и *h*

- *ś* и *ṣ* се предаваат со *ш*. На пример: *Śrīnivāsa – Шриниваса*, *Śuci – Шучи*, *Viśiṣta – Вишишта*, *Vṛṣāhi – Вришахи.*
- *s* се предава со *с*. На пример: *Sudhanvā – Судханва*, *Sarvaga – Сарвага*.
- *h* се предава со *х*. На пример: *Hari – Хари*, *Himālaya – Хималаја*.

д) Анусвара и висарга

- *ṁ*, поради асимилацијата со гласот што следува:
  - пред грлени се предава со *н*. На пример: *Saṁkarṣana – Санкаршана*, *Śaṁkara – Шанкара.*
  - пред непчени се предава со *њ*. На пример: *Saṁjaya – Сањџаја*, *Dhanaṁjaya – Дханањџаја.*
  - пред сите останати се предава со *м*. На пример: *Nārasiṁha – Нарасимха*, *Saṁbhāva – Самбхава*, *Saṁvṛta – Самврита*, *Catur-daṁṣṭra – Чатур-дамштра.*

- *ḥ* се предава со *x*. На пример: *Divaḥsprik – Дивахсӣрик*, *Duḥśāsana – Духшасана.*

ѓ) Сврзани согласки *kṣ* и *jñ*

Сврзаните согласки *kṣ* и *jñ*, кои во деванагари писмото се бележат со посебни знаци, се предаваат со *кш* и *ӟj*. На пример: *Kṣama – Кшама*, *Kṣema-kṛt – Кшема-крӣт*, *Jñāna – Ӟјана*, *Yajñāṅga – Јаӟјанӟа.*

е) Утврдени имиња и топоними

По традиција имињата и топонимите се предаваат без удвоени согласки и без аспирација. На пример: *Buddha – Будха* или *Буда*, *Gandhi – Гандхи* или *Ганди*. Исто така поради востановената практика, пишуваме ’санскрит‘, а не ’самскрит‘, како што би следело од горенаведениот предлог за транслитерација на *ṁ*.

СЛОВАЧКИ ЈАЗИК

379. Словачкиот јазик употребува латинично писмо со неколку надредни знаци за обележување на специфичните словачки гласови. Во словачкиот јазик има 16 самогласки (*a*, *á*, *ä*, *e*, *é*, *i*, *í*, *o*, *ó*, *y*, *ý*, *u*, *ú*), четири дифтонзи (*ia*, *ie*, *iu*, *ô*) и 29 согласки (*b*, *c*, *č*, *d*, *ď*, *f*, *g*, *h*, *j*, *k*, *l*, *ĺ*, *ľ*, *m*, *n*, *ň*, *p*, *q*, *r*, *ŕ*, *s*, *š*, *t*, *ť*, *v*, *w*, *x*, *z*, *ž*) и три диграфи (*ch*, *dz*, *dž*).

Должината на самогласките се бележи со надредни знаци и е независна од акцентот кој не се бележи, а е фиксен на првиот слог од почетокот на зборот. Самогласките во словачкиот јазик, исто така, се делат на тврди и на меки кои се обележуваат со надреден знак. Доколку некој знак не е наведен под одредена точка, тоа значи дека се предава со соодветниот кирилски еквивалент.

а) Самогласки

- При транскрипцијата на македонски јазик, должината на словачките самогласки не се бележи. Словачките долги самогласки со надреден знак цртичка: *á*, *é*, *í*, *ó*, *ú*, *ý* на македонски се пренесуваат како *а*, *е*, *и*, *о*, *у*, *и*: *Ján – Јан*, *Vrútky – Врутки*, *Nové Zámky – Нове Замки.*
- Буквата *ä*, којашто обично се јавува зад усните согласки *p*, *b*, *m*, *v* и се изговара помеѓу *а* и *е* (т.н. широко е), се предава како *е*: *Svätopluk – Светопулк*, *Demänová – Деменова*, *Svätý Martin – Свети Мартин*.
- Буквата *е* во сите позиции се предава како *е* (исто така и по *л*, *ѓ*, *ш*, *н*): *Levoča – Левоча*, *Devín – Девин*, *Matejovce – Матејовце*, *Nemčice – Немчице.*
- Буквите *i*, *í*, *y*, *ý* се предаваат како *и* во сите позиции: *Dolný Kubín – Долни Кубин*, *Myjava – Мијава*.

б) Дифтонзи

- Буквата *ô*, со која се означува дифтонгот *уо*, се предава така: *Hôrka – Хуорка*, *Tôň – Туон*.
- Дифтонгот *ia* се предава како *ја* во сите позиции, освен по *н* кога се предава како *ња*: *Sitniansky – Ситњански*, *Sliač – Слјач*, *Mečiar – Мечјар*, *Diviaky – Дивјаки*, *Polianka – Полјанка*, *Ždiar – Ждјар*, *Diakovce – Дјаковце*, *Štiavnica – Штјавница*, но *Sitniansky – Ситњански.*

- Дифтонгот *ie* се предава како *је* во сите позиции, освен по *н* кога се предава како *ње*: *Bielek – Бјелек*, *Železovce – Жељезовце*, *Záhorie – Захорје*, *Podskalie – Подскаље*, *Podhradie – Подхрадје*, *Námestie – Наместӣје*, *Biely Vah – Бјели Вах*, *Piešťany – Пјешћани*, но *Srnie – Срње*, *Zniev – Зњев*, *Danielovič – Дањелович.*
- Дифтонгот *iu* се предава како *јy* (тој е карактеристичен за зборови од туѓо потекло во словачкиот јазик).

в) Согласки

- Буквата *h* се предава со *х: Нечко – Хечко*.
- Буквата *ĺ* (самогласно *л*) се предава како *'л: Dlhá Ves – Д'лха Вес*, *Vlčkovce – В'лчковце*.
- Буквата *ľ* која означува палатален глас близок до македонското *љ*, се предава како *љ*: *Veľká Trňa – Вељка Трња*, *Kráľ – Краљ*, *Ľudmila – Људмила*, *Kráľova Hoľa – Краљова Хоља*, *Ľudovít Štúr – Људовит Штӯр.*
- Буквата *ď* се предава како *ѓ*: *Ďumbier – Ѓумбјер*, *Ďanova – Ѓанова*, *Ďurišin – Ѓуришин*, *Medveď ov – Медвеѓов.*
- Пред други самогласки и на крајот од зборот *ň* се предава како *њ*: *Rožňava – Рожњава*, *Kriváň – Кривањ.*
- Кога има слоготворна функција, *ŕ* се предава како *р: Trnava – Трнава.*
- Буквата *ť* се предава како *ќ*: *Piešťany – Пјешћани.*
- Буквата *v* се предава како *в*: *Michalovce – Михаловце*, *Stanislav – Ста̄нислав.*

г) Дифрафи

- Двознакот (дифраф) *ch* се предава со *х: Hácha – Хаха.*
- Секвенциите/буквите *dz* се предаваат со *s*: *Dzubová – Зубова*, *Prievidza – Пријевиса*, *Radzovce – Разовце.*
- Секвенциите/буквите *dž* се предаваат со *џ*: *Hodža – Хоџа*.
- Удвоените согласки се упростуваат: *Botto – Бо̄то*, *Kollár – Колар*, *Humenné – Хумене.*

СЛОВЕНЕЧКИ ЈАЗИК

380. Словенечкиот јазик користи латинично писмо, т.н. *ѓајица*. Гласовниот систем на словенечкиот јазик го сочинуваат 29 фонеми (8 самогласки и 21 согласка), кои се означуваат со 25 букви (*a*, *b*, *c*, *č*, *d*, *e*, *f*, *g*, *h*, *i*, *j*, *k*, *l*, *m*, *n*, *o*, *p*, *r*, *s*, *š*, *t*, *u*, *v*, *z*, *ž*). Правописот е морфонолошки.

а) Самогласки

- Во словенечкиот јазик има 8 самогласни фонеми: *i*, *e*, *ɛ*, *a*, *o*, *ɔ*, *u*, *ə*, зависно од квантитетот (долги и кратки) и од квалитетот (тесни и широки), кои се бележат со следниве 5 букви: *i*, *e*, *a*, *o*, *u*, а во македонскиот јазик соодветно се предаваат со буквите: *и*, *е*, *а*, *о*, *у*.
  Сп.: *Alenka – Аленка*, *Vera – Вера*, *Izola – Изола*, *Maribor – Марибо*р, *Ptuj – Птӯj*.
- Полугласот *e* [*ə*], кај словенечките презимиња на *-ec* или на *-ek*, како и во имињата на места, се бележи со буквата *е*: *Levec – Левец*, *Kranjec – Крањец*, *Pevec – Певец*, *Marinček – Маринчек*, *Zimšek – Зимшек*, *Doberšek – Добершек*, *Levstek – Левстӯк*, *Rogatec – Рогатӯц*, *Žalec – Жалец*, *Podčetrtek – Подчетртӯк*.
  Презимето на поетот *Prešeren* традиционално на македонски се предава како *Прешерн*.

б) Согласки

- Во словенечкиот јазик има 21 согласка. Тие во македонскиот јазик се предаваат со следниве букви:
  b – б, *c – ц*, *č – ч*, *d – g*, *f – ф*, *g – ѓ*, *h – х*, *j – ј*, *k – к*, *l – л*, *m – м*, *n – н*, *p – ӣ*, *r – р*, *s – с*, *š – ш*, *t – ӣ*, *v – в*, *z – з*, *ž – ж*, *dž – џ*.
- Согласката *l* (освен во позиција пред *j*) во македонскиот јазик се предава со буквата *л*: *Domžale – Домжале*, *Laško – Лашко*, *Lendava – Лендава*, *Lipica – Липица*, *Litija – Литија*, *Logatec – Логатӯц*, *Lukovica – Луковица*, *Dolžan – Должан*, *Polhov Gradec – Полхов Градец*, *Ciril Zlobec – Цирил Злобец*.
- Согласката *č* кај словенечките презимиња на *-ič* во македонскиот јазик се предава со *ч*, односно *-ич*: *Žirapčič – Жупанчич*, *Jakopič – Јакопич*, *Jelinčič – Јелинчич*, *Miklošič – Миклошич*, *Ribič – Рибич*, *Šiškovič – Шишкович*, освен ако презимето е предадено цитатно со *ќ*, односно *-иќ*. Истото правило важи и кај името *Srečko/Srećko*, ако е напишано со *č*,

во македонскиот јазик го предаваме со *ч*: *Сречко*, а ако е напишано со *ć*, го предаваме со *ќ*: *Среќко*.

- Буквата *j* се пишува пред самогласката *e*: *Jenko – Јенко*, *Jeglič – Јеглич*, *Jesenice – Јесеница.*

в) Согласни групи

- Во словенечкиот јазик не постојат гласовите *љ* и *њ. Lj* и *nj* се изговараат како два посебни гласа. Во македонскиот јазик согласната група *lj* во сите позиции се предава со *љ*: *Debeljak – Дебељак*, *Matuljek – Матуљек*, *Poljane – Пољане*, *Radovljica – Радовљица*, *Celje – Целје*, *Grosuplje – Гросупље*, *Trbovlje – Трбовље*, *Hrastovlje – Храстовље*, *Cerklje – Церклје*, *Ljubljana – Љубљана*, *Ljubej – Љубеј*, *Ljutomer – Љутомер*, *Ljudevit – Људевит*, *Mravljak – Мрављак*, *Pokljuka – Покљука*, *Poljčak – Пољчак*, *Valjhun – Ваљхун*, *Japelj – Јапељ*, *Kokelj – Кокељ*, *Kralj – Краљ*, *Maselj – Масељ*, *Črnomelj – Црномељ.*
- Согласната група *nj* во сите позиции на зборот се предава со *њ: Begunje – Бегуње*, *Velenje – Велење*, *Drabosnjak – Драбосњак*, *Kostanjevica – Костањевица*, *Trebnje – Требње*, *Bohinj – Бохињ*, *Kranj – Крањ*, *Slovenj Gradec – Словењ Градец*, *Šoštanj – Шоштањ*, *Bohinjska Bela – Бохињска Бела*, *Dolenjske Toplice – Долењске Топлице*, *Kranjska Gora – Крањска Гора*, *Slovenske Konjice – Словенске Коњице.*

СРПСКИ ЈАЗИК

381. Српскиот јазик има две официјални азбуки: кирилица и латиница. Како примарно писмо во српскиот јазик се смета кирилицата.

а) Буквите за српските самогласки се предаваат со соодветните македонски.

б) Буквите *ђ/đ* и *ћ/ć* се предаваат со *ѓ* и *ќ*: *Аранђеловац/Aranđelovac – Аранѓеловац*, *Ђаково/Đakovo – Ѓаково*, *Ђорђевић/Đorđević – Ѓорѓевиќ*, *Ђорђе/Đorđe – Ѓорѓе*, *Ђура/Đura – Ѓура*, *Ђурђевка/Đurđevka – Ѓурѓевка*, *Инђија/Inđija – Инѓија*, *Медвеђа/Medveđa – Медвеѓа*, *Петровић/Petrović – Петровиќ*, *Ћурковић/Ćurković – Ќурковиќ*, *Ћуприја/Ćuprija – Ќуприја*, *Ћирило/Ćirilo – Ќирило*, *Ћирић/Ćirić – Ќириќ*, *Ћосић/Ćosić – Ќосиќ.*

в) Буквата *j/j* се чува и при предавањето на македонски: *Алексија/Aleksija – Алексија*, *Анђелија/Anđelija – Анѓелија*, *Атанасије/Atanasije – Атанасије*, *Војислав/Vojislav – Војислав*, *Јевросима/Jevrosima – Јевросима*, *Јелена/Jelena – Јелена*, *Јелица/Jelica – Јелица*, *Грујић/Grujić – Грујиќ.*

г) Српската буква *њ/nj* се предава со македонската буква *њ*, без оглед на местото што го зазема: *Врање/Vranje – Врање*, *Крупањ/Krupanj – Крупањ*, *Немања/Nemanja – Немања.*

д) Српското *љ/lj* го предаваме со македонско *љ*: *Ариље/Arilje – Ариље*, *Босиљка/Bosiljka – Босиљка*, *Ваљево/Valjevo – Ваљево*, *Васиљ/Vasilj – Васиљ*, *Вељко/Veljko – Вељко*, *Краљево/Kraljevo – Краљево*, *Љиљана/Ljiljana – Љиљана*, *Љубица/Ljubica – Љубица*, *Љубомир/Ljubomir – Љубомир*, *Прокупље/Prokuplje – Прокупље*, *Смиљан/Smiljan – Смиљан*, *Шешељ/Šešelj – Шешељ.*

СТАРОГРЧКИ ЈАЗИК

382. До пред шеесетина години, делата од старогрчките автори биле главно читани преку преводи и препеви на или од други јазици, па останала традиција старогрчките имиња да се изговараат главно според фонетските правила за читање во тие јазици. Од друга страна, истите имиња и зборови влегле и по друг пат, и преку навлегувањето на христијанството, и преку говорниот јазик, така што дошло до мешање во изговорот на истите зборови од различни периоди и цивилизации.

Бидејќи над педесет години во преводите и препевите на македонски јазик се користи класичниот изговор, во овој дел ќе му се даде предност на класичниот изговор, но сепак ќе се допушти и постариот вид пишување и изговарање, заради почитувањето и на посредните преводи и употреба.

а) Самогласки

- Во старогрчкиот јазик има пет куси самогласки: *ᾰ* (*ă*), *ε* (*ĕ*), *ῐ* (*ĭ*), *ο* (*ŏ*), *ῠ* (*ŭ*). и пет долги самогласки: *ᾱ* (*ā*) или *η* (*ā*), *η* (*ē*), *ῑ* (*ī*), *ω* (*ō*), *ῡ* (*ū*). Бидејќи во македонскиот стандарден јазик не се разликува должината на самогласките, самогласките се предаваат како *а*, *е*, *и*, *о*, *и*. Старогрчкиот дифтонг *ου* (*ou*) се транскрибира како *у*.

  На пр., *Ἀριάδνη* (*Ărĭ́adnā*) – *Аријадна*, *Εὐγένης* (*Eugĕ́nēs*) – *Еуген*, *Ἀντίγονος* (*Ănti͡gŏnŏs*) – *Анти́гон* или *Ан͡ти́гон*, *Εὐρυμένης* (*Eurŭmĕ́nēs*) – *Еурмéн*, *Θεοδώρα* (*Theodṓrā*) – *Теодóра*, *Κῠδόνικος* (*Kŭdŏ́nĭkos*) – *Кидóник*, *Πρωταγόρας* (*Prōtăgŏ́rās*) – *Про͡тагóра* или *Про͡та́гора.*

- Старогрчката самогласка *-ᾱ*, односно долгата самогласка *-а* на крајот од зборот кај сопствени имиња на *-ās* од м. р. при преводи од старогрчки јазик во македонскиот јазик се предава со *-а*:

  На пр., *Λεωνίδᾱς* (*Leōnídās*) – *Леонúда*, *Παυσανίᾱς* (*Pausaníās*) – *Паусанија*, *Βουκεφάλᾱς* (*Boukephalās*) – *Букéфала* или *Букефáла*, како кај македонските лични машки имиња *Андреја*, *Благоја*, *Богоја* и др.

- Долгата самогласка *-ᾱ* во краен отворен и затворен слог во старогрчкиот јазик се пишува и со *ει͡τα* (*η*); таа во македонскиот јазик се предава со *-а*, според основата на старогрчкиот збор.

  Кај лични имиња од м. р. со проширена *а*-основа на *-τη-* (*-tā-*), *-δη-* (*-dā-*).

  На пр., *Εὐρυβάτης* (*Eurubátās*) – *Еурибáи͡та*, *Δεξιάδης* (*Deksiádās*) – *Дексијáга*, *Ναυβολίδης* (*Naubolídās*) – *Науболúга.*

  Кај лични имиња од ж. р. со основа на *ει͡τα -η* (*-ā*).

На пр., *Ἀντιόπη* (*Antiopā*) – *Антӣио́па*, *Ἀστυόχη* (*Astuóhā*) – *Астӣио́ха*, *Κλεοπάτρη* (*Kleopátrā*) – *Клеопа́тӣра*, *Φαίδρη* (*Phaidrā*) – *Фајдра.*

- Топоними од женски род со *а*-основа и од среден род, кои имаат само множина во старогрчкиот јазик, во македонскиот стандарден јазик се пренесуваат во еднина.
  На пр. *Ἀθῆναι* (*Athēnaj*) – *Атӣе́на* (градот), *Θῆβαι* (*Thēbaj*) – *Теба*, (*τὰ*) *Μέγαρα – Ме̄гара.*
- Некои топоними од женски род со *а*-основа кои имаат само множина се предаваат во множина.
  На пр., *Θερμοπύλαι* (*Thermopulaj*) – *Термопӣили.*
- Старогрчката самогласка ета (*Η*, *η*) е исто така знак и за долго *ē*; во сопствени имиња и општи именки во македонскиот јазик се предава со *е*:
  На пр. *Ἕλλην* (*Héllēn*) – *Хелен*, *Δημοσθένης* (*Dēmosthénēs*) – *Демосӣе́н*, *Ὅμηρος* (*Homēros*) – *Хомер*, *Ἠλέκτρα* (*Ēléktra*) – *Елéкӣтра*, *Δημήτριος* (*Dēmētrios*) – *Деме́тӣриј* (древномакедонски крал), *Δημήτηρ* (*Dēmḗter*) – *Деме́тра* (божицата), *Ἀθηνᾶ* (*Athēná*) – *Атӣе́на* (божицата).
- Самогласката *υ* (*u*) се предава со *и*.
  На пр., *Κῦρος* (*Kūros*) – *Кир*, *Λυκοῦργος* (*Lukoúrgos*) – *Ликург̄.*

б) Дифтонзи (двогласки)

- Старогрчките дифтонзи *αι* (*aj*), *ει* (*ej*), *οι* (*oj*) се изговараат како што се пишуваат и транскрибираат – *aj*, *ej*, *oj*.
  На пр., *Αἴγυπτος* (*Ájguptos*) – *Ајг̄упе̄тӣ*, *Αἰσχύλος* (*Ajshúlos*) – *Ајсхил*, *Λακεδαίμων* (*Lakedájmōn*) – *Лакеда́јмон*, *Αἴολος* (*Ájolos*) – *Ајол*, *Παιονίδης*, (*Pajonídās*) – *Пајони́да*, а се допушта и *Ег̄упе̄тӣ*, *Есхил*, *Лакедемон*, *Еол.*
  На пр., *Εὐκλείδης* (*Euklējdēs*) – *Е́уклејд*, *Ἡράκλεια* (*Heráklеja*) – *Хера́клеја*, *Ποσειδῶν* (*Posejdṓn*) – *Посејго́н.*
  На пр., *Οἰδίπους* (*Ojdípous*) – *Ојдӣпо̄д*, а се допушта и *Ојдӣ*, *Едӣ*, *Κροῖσος* (*Krójsos*) – *Кројсос*, а се допушта и *Кројс*, *Крез.*
- Дифтонгот *αυ* (*au*) се транскрибира како *ау*.
  На пр., *Αὐλίς* (*Aulís*) – *Аули́да*, покрај постарата транскрипција и читање *Авлида*, *Αὐγείας* (*Augéjas*) – *Ауг̄е́ја*, покрај порано пишуваното и читано сопствено име *Авг̄ија*, *Γλαῦκος* (*Glaukos*) – *Глауко*, *Παυσανίας* (*Pausanías*) – *Паусанија*, наспроти постарите (мошне различни) транскрипции *Павсанија*, *Павзаниј*, *Павзанија* и др., *Καύκασος* (*Káukasos*) – *Каукас*, покрај *Кавказ*, *Κένταυροι* (*Kéntauroi*) – *кентӣа́ури* (шумски, горски и речни демони; племе во Тесалија), *Ἀργοναῦται* (*Argonáutaj*) – *аргонáутӣи* (морнари на коработ Арго).
- Дифтонгот *ευ* (*eu*) се транскрибира како *еу.*

На пр., *Ζεύς* (*Dzéus*) – *Séyc*, но и *Σεвс*, *Зевс*, *Ζεῦξις* (*Dzéuksis*) – *Séуксис*, *Εὐμενίδες* (*Eumenídes*) – *Еуменúgи*, *Εὐριπίδης* (*Euripídēs*) – *Éурипūg*, *Еурипúg*, но и *Еврипūg*, *Εὐρώπη* (*Eurōpā*) – *Еурóпа* (митски лик), *Εὐκλείδης* (*Euklējdēs*) – *Éуклејg*.

- Повеќесложните имиња што завршуваат на *-ευς* се транскрибираат со крајно *-ej*.
  На пр., *Ἀχιλλεύς* (*Akhilléus*) – *Ахилéj*, но и *Ахил*, *Ὀδυσσεύς* (*Odusséus*) – *Оgucéj*, *Περσεύς* (*Perséus*) – *Персéj*, но и *Персеј*.
- Дифтонгот *ου* се предава со *у*:
  На пр., *Θουκιδίδης* (*Thoukidídēs*) – *Тукидиg*, *Πλούταρχος* (*Ploútarkhos*) – *Плутāрх*, *Φυλομέδουσα* (*Phulomédousa*) – *Филомедуса.*

в) Остра воздишка (спиритус аспер)

- Старогрчката остра воздишка (*spiritus asper*) ‘ (*h*) се пишува над малите старогрчки почетни самогласки *ἁ-* (*ha-*) – *ха-*, *ἑ-* (*he-*) – *хе-*, *ἡ-* (*hē-*) – *хē-*, *ἱ-* (*hi-*) – *хи-*, *ὁ-* (*ho-*) – *хо-*, *ὑ-* (*hu-*) – *ху* и пред големите букви на истите почетни самогласки *Ἁ-* (*Ha-*) – *Ха-*, *Ἑ-* (*He-*) – *Хе-*, *Ἡ-* (*Hē-*) – *Хе-*, *Ἱ-* (*Hi-*) – *Хи-*, *Ὁ-* (*Ho-*) – *Хо-*, *Ὑ-* (*Hu-*) – *Ху-*.
- Кога е придружена со таа остра воздишка, почетната самогласка во македонскиот јазик се пишува *Ха-*, *ха-*, *Хе-*, *хе-*, *Ху-*, *ху-*, *Хо-*, *хо-*, *Ху-*, *ху-*.На пр.: *Ἁλιάκμων* (*Haliákmōn*) – *Халијáкмон* (античко име на р. Бистрица), *Ἁρμονία* (*Harmonía*) – *Хармонија* (жена на Кадмос), *Ἕκτωρ* (*Héktōr*) – *Хектāр*, *Ἑλένη* (*Helénē*) – *Хелена* (ќерка на Зеус и Леда), *Ἥρα* (*Hḗrā*) – *Хера*, *Ἥφαιστος* (*Hḗphaistos*) – *Хефајстāс*, *Ἱππολύτη* (*Hippolútā*) – *Хипполúтā* (царица на амазонките), *Ὅμηρος* (*Hómēros*) – *Хомер*, *Ὑπεράνθης* (*Huperánthēs*) – *Хипераńтāс* (син на Дареј).
- Острата воздишка ‘ (*h*) се пишува и над вториот дел од дифтонзите со втор дел *ι-*, а се изговара како острата воздишка да се наоѓа пред големата буква или над малата буква: *Αἱ-* (*Haj-*) – *Хај*, *Εἱ-* (*Hej-*) – *Хеј-*. Острата воздишка *х* се изговара пред првиот дел од дифтонгот.
  На пр., *Αἱμόστρατος* (*Hajmóstratos*) – *Хајмострāтāс*, *Αἱρίππη* (*Hajríppā*) – *Хајрипā*, *Αἵμων* (*Hájmōn*) – *Хајмон.*
  На пр., *Εἱμαρμένη* (*Hejmarménā*) – *Хејмармéна*, *Εἵραμος* (*Héjramos*) – *Хејрам.*

г) Согласки

- **Звучни оклузиви**
  - Звучната уснена согласка *β* (*b*) се предава како *б* во транскрипцијата од старогрчки на македонски јазик и така се изговара, исто како и во старогрчкиот јазик.
    На пр., *Θῆβαι* (*Thēbaj*) – *Теба.*

- Звучната непчена согласка *Γ*, *γ* (*g*) се транскрибира како *г̄*.
  На пр., *Ἀντίγονος* (*Antígonos*) – *Антӣго̄н*, *Ἀντιγόνη* (*Antigónē*) – *Антӣго́на*, *Γοργών* (*Gorgṓn*) – *Горго́на*, *Гортυνία* (*Gortunía*) – *Гортӣниија* (древномакедонски град на реката Аксиј).
- Звучната забна согласка *Δ*, *δ* (*d*) се предава како *д* во македонскиот јазик.
  На пр., *Δέλφοι* (*Délphoi*) – *Делфи*, *Ῥόδος* (*Rhódos*) – *Родос*, *Λεωνίδας* (*Leōnī́dās*) – *Леонúда*, *Δράκων* (*Drákōn*) – *Дракон*, *Δοδόνη* (*Dodonē*) – *Додóна.*

- **Безвучни оклузиви**
  - Безвучната уснена согласка *Π*, *π* (*P*, *p*) – *П*, *ū* се транскрибира и изговара исто како во старогрчкиот јазик.
    На пр., *Πανδώρα* (*Pandṓrā*) – *Пандóра*, *Πρίαμος* (*Priamos*) – *Прија̄м*, *Πάτροκλος* (*Pátroklos*) – *Па̄трокло*, *Πελάγων* (*Pelágōn*) – *Пела̄го̄н*, *Πηνελόπεια* (*Pēnelṓpeia*) – *Пенелóпа*, *Πύλος* (*Púlos*) – *Пилос*, *Πηνειός* (*Pēneiós*) – *Пенеј.*
  - Безвучната забна согласка (безвучен дентал) *Τ*, *τ* (*T*, *t*) се предава како *Т*, *т̄* во македонскиот стандарден јазик.
    На пр., *Τελαμών* (*Telamṓn*) – *Теламóн*, *Ἐφιάλτης* (*Ephiáltēs*) – *Ефијала̄т*, *Ἀριστοτέλης* (*Aristotélēs*) – *Аристо̄те́л*, *Ἥφαιστος* (*Hḗfajstos*) – *Хефајс*т̄, *Στράβων* (*Strabōn*) – *Сто̄рабон.*
  - Безвучната непчена согласка (безвучен велар) *Κ*, *κ* (*K*, *k*) се пишува неизменето во македонскиот стандарден јазик, односно како *К*, *к.*
    На пр., *Κάστωρ* (*Kastōr*) – *Кас*т̄*ор*, *Κλεοπάτρα* (*Kleopátra*) – *Клеопа̄т̄ра*, *Περικλῆς* (*Periklē̃s*) – *Перикле*, *Κρήτη* (*Krḗtē*) – *Крета* (денешен *Крит̄*), *Λαοδίκη* (*Lāodíkē*) – *Лаодúка*.

д) Сонанти

- Ликвидот *Λ*, *λ* (*L*, *l*) се пишува и изговара како *Л*, *л*, а ликвидот *Р*, *ρ* (*R*, *r*) – како *Р*, *р.*
  На пр., *Λαέρκης* (*Laérkēs*) – *Лаерк*, *Λαμπετίδος* (*Lampetídos*) – *Лампе̄т̄ú*д, *Λητώ* (*Lētṓ*) – *Ле̄т̄оја* или *Ла̄т̄она*, *Λίνδος* (*Lindos*) – *Линдос*, *Ἀρχέλαος* (*Arkhélaos*) – *Архелај*, *Κλεόβουλος* (*Kleóboulos*) – *Клеóбул* или *Клеобул.*
  На пр., *Κυπάρισσος* (*Kupárissos*) – *Кипарис*, *Νικοκράτης* (*Nikokrátēs*) – *Никокра̄т̄*, *Ὀρέστης* (*Orestēs*), *Περίβοια* (*Períboia*) – *Перúбоја*, *Πρωτεύς* (*Prōteus*) – *Про̄т̄ej.*
- Истото правописно правило важи и за старогрчката безвучна носовка *М*, *μ* (*M*,*m*) – *М*, *м* и за старогрчката звучна носовка *N*, *ν* (*N*, *n*) – *Н*, *н.*
  На пр., *Μεγαπένθης* (*Megapénthēs*) – *Ме̄гапе́н̄т*, *Ἀγαμέμνων* (*Agamémnōn*) – *Ага̄мемнон*, *Διομήδης* (*Diomḗdēs*) – *Диомед*, *Μενέλαος* (*Menélaos*) – *Менелáј.*

На пр., *Ναυκράτης* (*Naukrátēs*) – *Наукра̄т*, *Νέστωρ* (*Néstōr*) – *Нес̄тор*, *Κλεονίκη* (*Kleoníkē*) – *Клеонúка*, *Μυκήνη* (*Mukḗnē*) – *Микéна*, *Ἀλξήνωρ* (*Alksḗnōr*) – *Алксéнор*, *Λάκων* (*Lákōn*) – *Лаконец* (жител на Лаконија).

- Старогрчкиот сибилант *Σ*, *σ* (*S*, *s*) се предава како *С*, *с*.
  На пр., *Σωκράτης* (*Sokrátēs*) – *Сократ̄*, *Στρατονίκη* (*Stratoníkā*) – *Стратонúка*, *Σοφία* (*Sophíā*) – *Софија*, *Ἰσιδώρα* (*Isidṓrā*) – *Исидóра*, *Ἰσοκράτης* (*Isokrátēs*) – *Исократ̄*, *Μνημοσύνη* (*Mnēmosunā*) – *Мнемосúна.*

ѓ) Сложени согласки

- Грчките сложени согласки се предаваат на следниов начин:
  – *Z*, *ζ* (*Dz*, *dz*) – *S*, *s.*
  На пр., *Ζήνων* (*Dzḗnōn*) – *Зенон*, но и *Зенон*, *Ζεύς* (*Dzéus*) – *Зевс*, но и *Зевс*, *Εὔζηλος* (*Éudzelos*) – *Еузел.*
  – *Θ*, *ϑ* (*Th*, *th*) – *T*, *t̄.*
  На пр., *Θάλης* (*Thálēs*) – *Талес*, *Θάσος* (*Thásos*) – *Тасос*, *Θερμοπύλαι* (*Thermopúlai*) – *Термоп̄или*, *Κόρινθος* (*Kórinthos*) – *Коринт̄.*
  – *Ξ*, *ξ* (*Ks*, *ks*) – *Кс*, *кс.*
  На пр., *Ξανθίππη* (*Ksanthíppē*) – *Ксант̄ипа*, *Ξενοφῶντ-* (*Ksenofṓnt-*) – *Ксенофонт̄*, *Ἀλξήνωρ* (*Alksénor*) – *Алксенор.*
  – *Φ*, *φ* (*Ph*, *ph*) – *Ф*, *ф.*
  На пр., *Φοῖβος* (*Phójbos*) – *Фојб* и *Феб*, *Ἀριστοφάνης* (*Aristophánēs*) – *Арист̄офан.*
  – *Χ*, *χ* (*Kh*, *kh*) – *Х*, *х.*
  На пр., *Χρύση* (*Khrúsā*) – *Хруса*, *Πλούταρχος* (*Ploútarkhos*) – *Плут̄арх.*
  – *Ψ*, *ψ* (*Ps*, *ps*) – *п̄с.*
  На пр., *Ὀψίγονος* (*Opsígonos*) – *Оп̄сиг̄он*, *Τερψιχώρα* (*Terpsihṓra*) – *Терп̄сихóра.*

е) Согласни групи

- Двојните согласки (геминати) во старогрчките имиња се предаваат со една во македонскиот јазик.
  На пр., *Ὀδυσσεύς* (*Odusséus*) – *Огисéј*, *Παλλάς* (*Pallás*) – *Палáга*, *Πέλλα* (*Pélla*) – *Пела.*
- Двојната согласка *γγ* (*ng*) се пишува *gg*, а се изговара *нг̄* во старогрчкиот јазик и се транскрибира и изговара *нг̄* во македонскиот јазик.
  На пр., *Λάγγαρος* (*Lángaros*) – *Лангг̄ар*, *Πάγγαιον* (*Pángajon*) – *Пангг̄аj.*
- Согласната група *-γκ-* се пишува *-gk-*, а се изговара *нк* во старогрчкиот јазик, се транскрибира и изговара *нк* во македонскиот јазик.
  На пр., *Ἄγκῡρα* (*Áṅkūra*) – *Анкира* (топоним), *Ὄγκᾱ* (*Óṅka*) – *Онка* (епитет на Атéна во Теба).

- Согласната група *-ρσ-* (*-rs-*) не се менува при транскрипцијата.
  На пр., *Ἀρσινόη* (*Arsinóē*) – *Арсинója*, *Ὀρσίλοχος* (*Orsílokhos*) – *Орси́лох* или *Орсилох*, *Πέρσευς* (*Pérseus*) – *Персеј.*

ж) Специфичности во родот и во основата

- Бидејќи имињата од женски род во старогрчкиот јазик покрај *а*-основа може да имаат и консонантска основа, на консонантот од основата видлив во генитив еднина му се додава афиксот *-а* и транскрибираното име во македонскиот јазик станува име со основа на *-а*.
  На пр., *Παλλάς* (*Pallás*), ген. *Παλλάδ-ος* (*Pallád-os*) – *Палáга* (епитет на божицата Ате́на), *Ὀλυμπιάς* (*Olumpiás*), ген. *Ὀλυμπιάδ-ος* (*Olumpiád-os*) – *Олимпијáда*, *Ἄρτεμις* (*Artemis*), ген. *Ἀρτέμιδ-ος* (*Artemid-os*) – *Артемида.*
- Имиња од м. р. со основа на носовка се транскрибираат без измени во македонскиот јазик.
  На пр., *Πλάτων* (*Plátōn*) – *Платон*, *Παρμένων* (*Parménōn*) – *Парме́нон* или *Пáрменон*, *Σόλων* (*Sólōn*) – *Солон*, *Τρίτων* (*Trítōn*) – *Тритон*, *Αὐλών* (*Aulṓn*) – *Аулóн.*
- На старогрчки топоними со *н*-основа од ж. р., во македонскиот јазик на основата видлива во генитив ѝ се додава афиксот *-а*. Се задржува родот на оригиналните имиња.
  На пр., *Ἐλευσίς* (*Eleusís*), ген. *Ἐλευσῖν-ος* (*Eleusín-os*) – *Елеусúна*, *Σαλαμίς* (*Salamís*), ген. *Σαλαμῖν-ος* (*Salamín-os*) – *Саламúна.*
- При транскрипцијата на повеќесложни старогрчки имиња со основа на *-о-* отпаѓа крајниот слог *-ος*; ако пред тој слог има две согласки кои се т.н. *muta cum liquida*: *-(ν)δρ-*, *-πρ-*, *-τρ-*, за олеснување на изговорот, во македонскиот стандарден јазик се внесува самогласка *-а-* пред ликвидот.
  На пр., *Ἀλέξανδρ*(*ος*) (*Aléksandr*-(*os*)) – *Александар*, *Κύπρ*(*ος*) (*Kúpr*(*os*)) – *Кипар*, *Ἀντίπατρ*(*ος*) (*Antípatr*(*os*)) – *Антипатар.*
- Кај двосложните зборови со *о*-основа се зачувува целиот збор.
  На пр., *Δῆλος* (*Dḗlos*) – *Делос*, *Θάσος* (*Thásos*) – *Тасос*, *Ῥόδος* (*Rhódos*) – *Родос*, *Σάμος* (*Sámos*) – *Самос*, *Χίος* (*Híos*) – *Хиос.*
- Имињата со основа на *-ντ-* (*-nt-*) – *-нт-*, на звучен дентал *-δ-* (*-d-*) – *-g-*, на безвучен лабијал (уснена согласка) *-π-* (*-p-*) *-п-*, се транскрибираат според основата на зборот, која е видлива во генитив еднина, а не според номинативот еднина.
  На пр., ген. *Ἀνακρέοντ-ος* (*Anakréont-os*) – *Анакреонт*, ген. *Ξενοφῶντ-ος* (*Ksenofónt-os*) *Ксенофонт*, *Αἴας* (*Ajas*), ген. *Αἴαντ-ος* (*Ajant-os*) – *Аjант.*
  На пр., ген. *Οἰδίποδ-ος* (*Ojdípod-os*) – *Ојдипод*, а се допушта и *Ојдип*, *Едип*, ген. *Θέμιδ-ος* (*Thémid-os*) – *Темида*, ген. *Θεόγνιδ-ος* (*Theógnid-os*) – *Теогнид*.

СТАРОСЛОВЕНСКИ ЈАЗИК

383. а) Старословенските текстови се пишувани со две азбуки: глаголица и кирилица. Глаголицата се смета за постаро од двете писма, иако и двете се настанати во рамките на истиот век. Глаголицата (именувана според ⰳⰾⰰⰳⰻⰾⰸ – глагол ‘збор’) била дело на Константин-Кирил. Глаголското писмо е семиотичко, главните елементи му се крстот, кругот и триаголникот. Второто старословенско писмо, кирилицата, е воведено во почетокот на X век во Бугарија. Новото писмо ги приспособило глаголските знаци за типично словенските гласови кон унцијалниот стил на грчкото писмо. Глаголицата од почетоците на словенската писменост се употребувала во Македонија, а на овие простори продолжила да се употребува до XIII век, за што сведочат трагите од глаголицата во кирилските текстови.

Двете старословенски азбуки се потполно приспособени за јазикот што го претставуваат и двете се фонетски писма. Тие во целост го почитуваат принципот една буква за еден глас. Исклучок се знаците составени од две букви: ѣі и оѵ, а претставуваат еден глас.

Старословенска глаголица	Бројна вредност во глаголицата	Старословенска кирилица	Бројна вредност во кирилицата	Латинична транскрипција	Име на буквата	Изговор (гласовна вредност)
ⰰ	1	а	1	a	азъ	а
ⰱ	2	б	–	b	боукъı	б
ⰲ	3	в	2	v	вѣди	в
ⰳ	4	г	3	g	глаголи	г
ⰴ	5	д	4	d	добро	д
ⰵ	6	є	5	e	ѥсть	е
ⰶ	7	ж	–	ž	живѣтє	ж
ⰷ	8	ѕ, ⰸ	6	dz	ѕѣло	s
ⰸ	9	ⰸ	7	z	ⰸємлꙗ	з
ⰻ,Ⱄ	10	ї,і, ι	10	i	иже	и (j)
ⰼ	20	и	8	i	и	и (j)
ⰽ	(ћ)	–		ǵ	гⷱєрвь	ѓ
ⰾ	40	к	20	k	како	к

Старословенска глаголица	Бројна вредност во глаголицата	Старословенска кирилица	Бројна вредност во кирилицата	Латинична транскрипција	Име на буквата	Изговор (гласовна вредност)
ⰾ	50	л	30	l	людиѥ	л
ⰿ	60	м	40	m	мыслитє	м
ⰽ	70	н	50	n	нашь	н
ⰻ	80	о	70	o	онъ	о
ⰼ	90	п	80	p	покои	п
ⰻ	100	р	100	r	рьци	р
ⰸ	200	с	200	s	слово	с
ⰵ	300	т	300	t	тврьдо	т
ⰱ	400	оу, ѹ	400	u	оукъ	у
ⰶ	500	ф	500	f	фрьтъ	ф
ⰹ	–	ѳ	9	th	ѳита	т, тх
ⰷ	600	х	600	ch	хѣръ	х
ⰺ	700	ѡ	800	ѡ	отъ	о
ⰳ	800	ш	–	št	шта	шт
ⰲ	900	ц	900	c	ци	ц
ⰴ	1000	ч	90	č	чрьвь	ч
ш	–	ш	–	š	ша	ш
ⰻ	–	ъ	–	ъ	ѥръ	ă
ⰻ, ⰻ	–	ъі, ъи, ы	–	y	ѥры	како руско ы
ⰻ	–	ь	–	ь	ѥрь	ă
ⰰ	–	ѣ	–	ě	ѧть	ja
ⰾ	–	ю	–	ju	–	jy
-	–	ꙗ	–	ja	–	ja
-	–	ѥ	–	je	–	je
ⰵ	–	ѧ, ѧ	900	ę	юсъ малыи	е^{н}
ⰻ	–	ѫ	–	ǫ	юсъ большии	о^{н}
ⰻ	–	ꙗ	–	ję		je^{н}
ⰻ	–	ѭ	–	jǫ	–	jo^{н}
–	–	ѯ	60	ks	кси	кс
–	–	ѱ	700	ps	пси	пс
ⰸ	–	ѵ, ѵ	400	ü	ижица	и

Вообичаено е, за научни цели, глаголските текстови да се издаваат во кирилска или во латинична транслитерација, што значи пренесување од еден во друг писмовен систем.

б) Буквите на старословенските азбуки имале не само гласовна но и бројна вредност, се употребувале во значење на бројки. Во бројните вредности на буквите меѓу двете азбуки постојат разлики, односно бројната вредност во глаголицата го следи азбучниот ред, додека означувањето на бројките во кирилицата е преземено од грчката азбука. Затоа во кирилицата во функција на бројки се јавуваат само тие букви што биле преземени од грчката азбука, а буквите што претставуваат типични словенски гласови главно не означуваат и бројки. Како исклучок се јавуваат само буквите ѧ и ц коишто се употребувале со бројна вредност 900. Разликите во бројните вредности на буквите од глаголицата и кирилицата се причина за многу грешки при препишувањето (транслитерацијата) од глаголица на кирилица, а и служат како доказ за постарата употреба на глаголицата.

- и, і, ї се предава со *и*: *житїє – житие*, *вєліүїє – величие*, *їстина – истина*, *їзбавї – избави*, *єсї – еси.*
- ии се предава со *ши*, *иј*: *пиица – пица*, *маитиица – маштица*, *приисходиите – приходиште*, *проүии – прочиј*, *нотарии – нотариј.*
- ү, ѵ се предава со *и*: *мүро – миро*, *күпарисъ – кипарис*, *үпокритъ – ипокрит.*
- ъі (ы, ъи, ьи) се предава со *и*: *дъімь – дим*, *старцъі – старци*, *сыпь – син*, *корысть – корист*, *рънданиє – ридание*, *рьиба – риба.*
- оү, ѹ се предава со *у*: *моүдрость – мудрост*, *шоүмъ – шум*, *үѹдо – чудо*, *үєлѹсть – челуст.*
- ю се предава со *ју*: *юница – јуница*, *юность – јуност, юхо – јухо, июдеискъі – ијудеиски*, *дєвтєроюль – девтеројул.*
- о, ѡ се предаваат со *о*: *пѡстрити – поострити*, *ситѡсть – ситост*, *лѣтѡ – љато*, *мноѓѡ – мноѓо*, *ѡбилиє – обилие*, *ѡбразъ – образ*, *одръжи – одржи.*
- ѣ, ꙗ се предаваат со *ја*: *ѣрость – јарост*, *ѣко – јако*, *твоѣ – твоја*, *вѣра – вјара*, *вѣүии – вјачни*, *ꙗдь – јад*, *ꙗгниа – јагница*, *моꙗ – моја*, *достоꙗниє – достојание*, *шиꙗ – шија*, *сиꙗниє – сијание.*
- ъ, ь се предаваат со апостроф: *сънъ – с'н*, *дьнь – д'н*, *пьсъ – п'с*, *зълоба – з'лоба*, *сърѣтєниє – с'рјатение*, *кръвь – кр'в*, *скръбь – скр'б*, *влъна – вл'на*, *кльнѣти – кл'њати*, *слънце – сл'нце.*
- ѫ, ѭ се предава со *он*, *јон*: *сѫдии – сондиј*, *нѫдити – нондити*, *тобоѭ – тобојон*, *ѭтроба – јонтроба*, *ѭханиє – јонхание.*
- ѧ, ѩ се предава со *ен*, *јен*: *мясо – менсо*, *үѧдо – чендо*, *үѧсто – ченсто*, *ѩзъікъ – јензик*, *ѩти – јенти.*

- ѕ, ꙁ (ʒ) се предаваат со *s*: ѕидари – *sidari*, ꙁвѣздзї – *svjazdi*, ꙁвѣꙁда – *svjazda*, ꙁвѣрь – *svjar*, враги – *vrasi.*
- ѱ се предава со *шт*: ѱить – *штит*, исходиѱе – *исходиште*, помоѱь – *помошт*, ноѱи – *ношти*, аѱе – *аште.*
- ѳ (обично во зборови од грчко потекло) се предава со *т*: ѳеологꙁ – *теолог*, ѳоракѕ – *торакс*, (а)наѳема – *анатема*, каѳарꙁ – *кантар*, каѳисма – *катизма.*
- ѱ (обично во зборови од грчко потекло) се предава со *пс*: ѱарь – *псар*, ѱалтꙁирь – *псалтир*, анєѱии – *анепсиј*, пароѱида – *папопсида.*
- ꙁ (обично во зборови од грчко потекло) се предава со *кс*: антраꙁ – *антракс*, синаꙁарь – *синаксар.*

ТУРСКИ ЈАЗИК

384. Во турскиот јазик има 29 гласа, од кои 8 самогласки кои се бележат со буквите: *a*, *e*, *ı*, *i*, *o*, *ö*, *u*, *ü* и 21 согласка: *b*, *c*, *ç*, *d*, *f*, *g*, *ğ*, *h*, *j*, *k*, *l*, *m*, *n*, *p*, *r*, *s*, *ş*, *t*, *v*, *y*, *z*.

а) Самогласки

- Самогласките *a*, *e*, *i*, *o*, *u*, на македонски се предаваат со буквите *а*, *е*, *и*, *о*, *у*.
- Знак за бележење на акцентот во турскиот јазик е /^/. Кога овој знак се наоѓа над самогласките *â*, *î*, *û*, тоа значи дека овие самогласки се изговараат подолго во турскиот, но во македонскиот должината не се бележи. Кога, пак, *â*, *î*, *û* се наоѓаат во позиција зад *k*, *g*, *l*, овие согласки се изговараат како *ќ*, *ѓ*, *љ*: *Kâmil – Ќамил*, *Âgâh – Аѓах*, *Nalân – Нљан*, *Lûgat – Љуѓат*.
- Со буквата *ı* се бележи кратко *a*, кое на македонски се предава со *а* или со знакот /'/ : *Adıyaman – Адајаман*, *Ag'jаман*, *Kırşehir – Каршехир*, *K'ршехир*, *Pınar – Панар*, *П'нар*, *Sanık – Санак*, *Сан'к*, *Tanık – Танак*, *Тан'к*, но по традиција *Дијарбекир* (: *Diyarbakır*), а не *Дијарбакар*, *Дијарбак'р*.
- Самогласката *ö* се предава со *о*: *Özal – Озал*, *Özgüt – Озгут*, а самогласката *ü* се предава со *у: Atatürk – Ататурк*, *Ülker – Улкер*, *Ümit – Умит*, *Karabük – Карабук*.

б) Согласки

Латиничните букви за бележење 15 турски согласки се предаваат со соодветните кирилски, а останатите 6 (*c*, *ç*, *j*, *ş*, *y*, *ğ*) на македонски се предаваат на следниот начин.

- Буквата *c* се предава со *џ*: *Bilecik – Билеџик*, *Düzce – Дузџе*, *Canan – Џанан*, *Erzincan – Ерзинџан*, *Ece – Еџе*.
- Графемата *ç* со *ч*: *Dolmabahçe – Долмабахче*, *Çanakkale – Чанак Кале*, *Çengin – Ченгин*, *Çorum – Чорум*.
- Графемата *j* со *ж*: *Jale – Жале*, *Jaleriz – Жалериз*, *Jan – Жан*.
- *ş* со *ш*: *Eskişehir – Ескишехир*, *Nevşehir – Невшехир*, *Raşa – Раша*, *Uşak – Ушак*, *Şakela – Шакела*, *Şaza – Шаза*, *Şaban – Шабан*, *Şırnak – Шарнак*, *Ш'рнак*.

- *y* со *j*: *Aydın – Ајдан*, *Ajg'н*, *Yesim – Јесим*, *Yenişehir – Јенишехир*, *Kayseri – Кајсери*, *Neylan – Нејлан*, *Reyhan – Рејхан*, *Hatay – Хаӣај.*
- Посебната спирантна согласка *ğ* се предава со *ḡ*: *Ağri – Аḡри*, *Dağlarca – Даḡларџа*, *Erdoğan – Ердоḡан*, *Muğla – Муḡла*, *Çağlayangil – Чаḡлајанḡил.*

в) Гласовни групи

- Самогласките *ö* и *ü* кога ќе се најдат во допир со согласките *g*, *k* и *l* вршат нивно омекнување и на македонски се предаваат со *ѓ*, *ќ* и *љ*: *Göreme – Ѓореме*, *Gülüş – Ѓуљуш*, *Köprülü Kanyon – Ќоӣрулу Кањон*, *Küçükköy – Ќучук Ќој*, *Ödül – Одуљ*, *Ürgüp – Урѓуӣ.*
- Секвенцијата *-ya* на македонски по традиција се предава со *-ија*: *Antalya – Анӣалија*, *Alanya – Аланија*, *Konya – Конија.*
- Удвоените самогласки *-aa-*, *-ee-*, како и удвоените согласки *-bb-*, *-cc-*, *-dd-*, *-ff-*, *-hh-*, *-kk-*, *-ll-*, *-mm-*, *-nn-*, *-rr-*, *-ss-*, *-şş-*, *-tt-*, *-yy-*, *-zz-* на македонски се предаваат со една самогласка (*а*, *е*), односно со една согласка (*б*, *џ*, *g*, *ф*, *х*, *к*, *л*, *м*, *н*, *р*, *с*, *ш*, *ӣ*, *ј*, *з*): *Kaan – Кан, Bilgeer – Билḡер; Abbas – Абас, Нассас – Хаџаџ, Haddas – Хагас, Saffet – Сафеӣ, Abdulkahhar – Абдулкахар* итн.

УКРАИНСКИ ЈАЗИК

385. а) Буквата *є* се предава со *е*: *Євгенія – Евґенија*, *Єзерський – Езерски*, *Єненко – Ененко*, *Єніна – Енина*, *Єременко – Еременко*, *Єрмолаєв – Ермолаев*, *Єшкілєв – Ешкилев*, *Євген – Евґен*, *Коверзнєв – Коверзнев*, *Коломиєць – Коломиец*, *Миколаєнко – Миколаенко.*

б) Буквата *е* се предава со *е*: *Еразм – Еразм*, *Степан – Степан*, *Федір – Федир*, *Олександра – Олександра*, *Олесь – Олес*, *Жуковецька – Жуковецка*, *Ірена – Ирена*, *Завітневич – Завитневич*, *Петро – Петро.*

в) Буквата *і* се предава со *и*: *Іван – Иван*, *Ірина – Ирина*, *Віталій – Виталиј*, *Віктор – Виктор*, *Іваненко – Иваненко*, *Іцковіч – Ицкович*, *Івченко – Ивченко*, *Абліцов – Аблицов.*

г) Буквата *ї* во иницијална положба со *ји*, додека во останатите случаи со *и*: *Їжакевич – Јижакевич*, *Їванків – Јиванкив*, *Раїса – Раиса*, *Зінаїда – Зинаида*, *Сингаївський – Сингаивски*, *Трублаїні – Трублаини.*

д) Групата *ль* на крајот од зборот или на крајот од слогот се предава со *љ*: *Апальков – Апаљков*, *Василь – Васиљ*, *Ольга – Ољга*, *Ілько – Иљко*, *Болабольченко – Болабољченко*, *Большак – Бољшак*, *Веретельник – Вертељник*, *Вольвач – Вољвач*, *Бориспіль – Бориспиљ*, *Васильків – Васиљков*, *Ковель – Ковељ.*

ѓ) Групата *ля* се предава како *ља*: *Галя – Гаља*, *Гануляк – Гануљак*, *Докля – Докља*, *Зозуля – Зозуља*, *Роксоляна – Роксољана*, *Масляк – Масљак*, *Омелян – Омељјан*, *Перепеляк – Перепељак*, *Свалява – Сваљава*, *Теребовля – Теребовља.*

е) Групата *лья* се предава како *ља*: *Ульяненко – Уљаненко*, *Вільям – Виљјам*, *Ульянівка – Уљанивка.*

ж) Групата *лю* се предава како *љу*: *Ангелюк – Анґељук*, *Павлюк – Пављук*, *Баглюк – Баґљук*, *Любов – Љубов*, *Любомира – Љубомира*, *Данилюк – Данилјук*, *Калюжна – Каљужна*, *Прилюк – Прилјук*, *Слюсар – Сљусар*, *Терлюк – Терљук*, *Хмелюк – Хемљук*, *Люботин – Љуботин.*

з) Групата *нь* се предава со *њ*: *Теленько – Телењко*, *Паньків – Пањкив*, *Рань – Рањ*, *Терень – Терењ*, *Панько – Пањко*, *Ковінька – Ковињка*, *Зелененька – Зеленењка*, *Зінько – Зињко*, *Горбань – Горбањ*, *Гунькевич – Гуњкевич*, *Довгань – Довґањ*, *Березань – Березањ*, *Гнівань – Гнивањ*, *Кіцмань – Кицмањ*, *Ровеньки – Ровењки.*

ѕ) Групата *ня* се предава како *ња*: *Бортняк – Борт̄ињак*, *Бушняк – Бушњак*, *Женя – Жења*, *Волиняк – Волињак*, *Гостиняк – Гост̄ињак*, *Сняданко – Сњаданко*, *Понятенко – Поњат̄енко*, *Снятин – Сњат̄ин*, *Городня – Городња.*

и) Групата *ню* се предава со *њу*: *Тельнюк – Тељњук*, *Романюк – Романњук*, *Севернюк – Северњук*, *Синюк – Синњук*, *Мартинюк – Март̄ињук*, *Корнющенко – Корњушченко.*

ј) Сите останати согласки пред *ь* во сите позиции се предаваат како тврди: *Авдиковський – Авдиковски*, *Адамовська – Адамовска*, *Борецький – Борецки*, *Головацький – Головацки*, *Князький – Књазки*, *Олесь – Олес.*

к) Буквите *я* и *ю*, освен по *н* и *л*, се предаваат со *ја*, односно со *ју*: *Юзва – Јузва*, *Юлія – Јулија*, *Юречко – Јуречко*, *Юрченко – Јурченко*, *Юрій – Јурај*, *Ярмуш – Јармуш*, *Ярош – Јарош*, *Яцків – Јацкив*, *Яцура – Јацура*, *Ялта – Јалт̄а*, *Третяк – Трет̄јак*, *Олеся – Олесја*, *Лідія – Лидија*, *Сидоряк – Сидорјак*, *Балаклія – Балаклија*, *Євпаторія – Евпат̄орија*, *Сиротюк – Сит̄јук*, *Степанюк – Стēпањук.*

л) Буквата *г*, која во украинскиот јазик означува посебен грлен глас, се предава со *ѓ*: *Галя – Гаља*, *Габелко – Габелко*, *Галан – Галан*, *Гасенко – Гасенко*, *Герасименко – Герасименко*, *Гаврило – Гаврило*, *Григорій – Григ̄орај*, *Євген – Евг̄ен.*

љ) Буквата *щ* се предава со *шч*: *Щепенко – Шчепенко*, *Щербатюк – Шчербат̄јук*, *Щербина – Шчербина*, *Щорс – Шчорс*, *Тищенко – Тишченко*, *Лукащук – Лукашчук*, *Хрущак – Хрушчак*, *Сущенко – Сушченко*, *Тащук – Тарашчук*, *Борщів – Боршчив*, *Городище – Городишче.*

м) Двојните согласки се предаваат со една: *Письменна – Писмена*, *Полонник – Полоник*, *Жанна – Жана*, *Іванна – Ивана*, *Анна – Ана*, *Гуменна – Гумена*, *Винничук – Виничук*, *Ганниченко – Ганиченко*, *Савва – Сава*, *Алла – Ала*, *Пассек – Пасек.*

н) Групата *дж* се предава со *џ*: *Гренджа-Донська – Гренџа-Донска*, *Джигурда – Џиг̄урда*, *Джуль – Џуљ*, *Гаджега – Гаџег̄а*, *Джанкой – Џанкој.*

њ) Групата *дз* се предава со *ѕ*: *Дзюба – Ѕјуба*, *Бедзик – Беѕик*, *Будзиновський – Буѕиновски*, *Гандзюк – Ганѕјук*, *Гедз – Геѕ*, *Мандзюк – Манѕјук*, *Кундзіч – Кунѕич*, *Дзвінка – Ѕвинка*, *Радзикевич – Раѕикевич.*

о) Украинските имиња од неукраинско потекло ја задржуваат украинската форма: *Анжеліка – Анжелика*, *Альфред – Аљфред*, *Рональдо – Роналџо*, *Рауль – Рауљ*, *Сильвія – Сиљвија*, *Люси – Љуси*, *Еммануїл – Еманујил.*

п) При транскрипција на украинските имиња на македонски не се бележи едначењето по звучност: *Голобородько – Голобородко*, *Любка – Љубка*,

Любченко – Љубченко, *Владко – Владко*, *Дудко – Дудко*, *Зарудко – Зарудко*, *Забужко – Забужко*, *Стяжкіна – Сѣјажкина.*

р) Личните имиња што завршуваат на *-ій* се предаваат со *-иј*: *Антоній – Антониј*, *Юрій – Јуриј*, *Андрій – Андриј*, *Софроній – Софрониј*, *Юлій – Јулиј*, *Анатолій – Анатолиј*, *Олексій – Олексиј.*

с) Машките презимиња што завршуваат на *-ий* се предаваат со *-и*: *Цибульський – Цибуљски*, *Сушинський – Сушински*, *Радутний – Радутни*, *Ревуцький – Ревуцки*, *Нестеровський – Несторовски*, *Огновський – Огновски*, *Ломацький – Ломацки.*

т) Украинските презимиња, како и машките средни таткови имиња што завршуваат на *-ич* на истиот начин се предаваат и на македонски: *Войтович – Војтович*, *Авдикович – Авдикович*, *Янукович – Јанукович*, *Александрович – Александрович*, *Білокозович – Билокозович*, *Трохимович – Трохимович*, *Васильович – Васиљович*, *Іванович – Иванович*, *Кирилович – Кирилович.*

ќ) Украинските сопствени имиња не добиваат наша форма: *Петро – Петро*, *Дмитро – Дмитро*, *Яків – Јаким*, *Федір – Федир*, *Павло – Павло*, *Олена – Олена.*

Но: *Ничипір – Ничипор*, *Хведір – Хведор* (зашто првобитното *о* се јавува во сите други форми). Така и: *Львів – Лавов*, *Київ – Киев*.

УНГАРСКИ ЈАЗИК

386. Вокалниот систем на унгарскиот јазик содржи 14 самогласки, од кои 7 се кратки, а 7 се долги самогласки.

а) Транскрипција на унгарските самогласки

Самогласките одат во парови, значи секоја кратка самогласка има своја долга форма (*a–á; e–é; i–í; o–ó; ö–ő; u–ú; ü–ű*). При транскрибирањето на самогласките, паровите го имаат истиот облик.

Освен петте самогласки коишто ги има и во македонскиот јазик, во унгарскиот постојат и самогласките: *ö* и *ü*.

- Самогласката *ö* на македонски се предава со буквата *е*: *Tököl – Текел*, *Kőszeg – Кесеѓ*, *Gyöngyös – Ѓенѓеш*, *Örkény István – Иштван Еркењ*, *Alföldi Róbert – Роберт Алфелди*.
- Самогласката *ü* се предава со буквата *у*: *Füzesabony – Фузешабоњ*, *Balatonfűzfő – Балатонфузфе*, *Püspökladány – Пушпекладањ*, *Fésűs Éva – Фешуш Ева*.
- На крајот на старите презимиња се среќава латиничната буква *y* која на македонски се предава со буквата *и*: *Kölcsey – Келчеи*, *Ady – Ади*, *Kisfaludy – Кишфалуди*, *Bródy – Броди.*

б) Транскрипција на унгарските согласки

- Консонантскиот систем на унгарскиот јазик содржи 30 согласки, вклучително и согласките *q*, *w*, *x* кои се употребуваат исклучиво во странските зборови. Од овие 30 согласки 21 се составени од 1 буква, а останатите 9 се диграфи: *cs*, *dz*, *dzs*, *gy*, *ly*, *ny*, *sz*, *ty*, *zs*.
- Согласката *c* се предава на македонски како *ц* (*Cegléd – Цеглед*, *Celldömölk – Целдемелк*, *Marcali – Марцали*), а по традиција со *ц* се предаваат и диграфите *cz* и *tz* во презимињата: *Kazinczy – Казинци*, *Rátz – Рац*, *Oravecz – Оравец*, *Reviczky – Ревицки*, *Bencze – Бенце.*
- Диграфот *cs* се предава како *ч* (*Csepel – Чепел*, *Csákvár – Чаквар*, *Békéscsaba – Бекешчаба*, *Csokonai – Чоконаи*), како што по традиција се предаваат и диграфите *ch* и *ts* во презимињата: *Madách – Мадач*, *Forgách – Форгач*, *Babits – Бабич*, *Sinkovits – Шинкович.*
- Согласката *dz* на македонски се предава со буквата *s*: *Brindza – Бринса*, а *dzs* како *џ: Bandzsal – Банџал.*

- По традиција, на крајот на презимињата, дифрафот *gh* се предава како *г̄*: *Vígh – Виг̄*, *Balogh – Балог̄*, *Kőszeghy – Кесег̄и*, *Verseghy – Вершег̄и.*
- Согласката *y*, кога е во позиција зад согласките *g*, *l*, *n* и *t*, нема гласовна вредност, и служи да ги смекне горенаведените согласки. Оттука, *gy* се предава со *ѓ*: *Gyula – Ѓула*, *Gyömrő – Ѓемре*, *Győr – Ѓер; ly* со *j: Mihály – Михај*, *Károly – Кapoj*, *Hódmezővásárhely – Ходмезевашархеј; ny* со *њ: Nyíregyháza – Њиреѓхаза*, *Nyergesújfalu – Њерг̄ешујфалу*, *Pogány – Пог̄ањ; ty* со *ќ*: *Mátyás – Маќаш*, *Dorottya – Дороќа*, *Bátya – Баќа*.
- Во некои стари презимиња секвенциите *-ly*, *-ny* и *-ty* се предаваат и како *-ли* (*Moholy – Мохоли*), *-ни* (*Hatvany – Хат̄вани*) и *-т̄и* (*Vörösmarty – Верешмарт̄и*), така што тука *y* има гласовна вредност *и*.
- Согласката *s* се предава со *ш*: *Miskolc – Мишколц*, *Siófok – Шиофок*, *Sándor – Шандор*, *Sebestyén – Шебешќен*, исто така се предава и во случаите кога е удвоена, односно *ss*: *Kossuth – Кошут̄*, *Seress – Шереш*, *Vass – Ваш*.
- Сложената согласка *sz* се предава на македонски како *с*: *Szombathely – Сомбат̄хеј*, *Szabolcs – Саболч*, *Szigetszentmiklós – Сиг̄ет̄сент̄миклош*, *Jászberény – Јасберењ*, *László – Ласло.*
- По традиција на крајот и на почетокот на презимињата *th* се предава како *т̄*: *Tóth – Тот̄*, *Horváth – Хорват̄*, *Thököly – Текели*, *Szombathy – Сомбат̄и.*
- Сложената согласка *zs* на македонски се предава како *ж*: *József – Јожеф*, *Balázs – Балаж*, *Zsámbék – Жамбек*, *Nagykanizsa – Наѓканижа*, *Somogyzsitfa – Шомоѓжит̄фа.*
- Имињата на некои унгарски градови се влезени во македонскиот јазик преку јазик посредник и по традиција се употребуваат со различна форма од унгарската: *Будимпеш̄та* (унг. *Budapest*), *Дебрецин* (унг. *Debrecen*), *Печуј* (унг. *Pécs*), *Сег̄един* (унг. *Szeged*) и др.
- Во унгарската средина, за разлика од македонската, прво се кажува презимето, а потоа името: *Petőfi Sándor – Шандор Пет̄ефи*, *Karinthy Frigyes – Фриг̄еш Каринт̄и*, *Jászai Mari – Мари Јасаи*, *Blaha Lujza – Лујза Блаха*, *Csukás István – Ишт̄ван Чукаш*.

ФИНСКИ ЈАЗИК

387. а) Самогласки

Во финскиот стандарден јазик има 8 едногласни самогласки. Освен нив, се јавуваат уште 18 дифтонзи: 15 затворачки и 3 отворачки во зависност од тоа дали втората самогласка е поотворена (*ia*) или позатворена (*ai*), но нивниот изговор не се разликува значително од одделниот изговор на нивните составни гласови и затоа се транскрибираат буква по буква (сепак, види подолу за еден исклучок во врска со графемите *i* и *y*). Сите едногласни самогласки имаат и долга варијанта што во финскиот правопис се пишува со удвојувањето на буква. Меѓутоа, должината не се обележува во македонската транскрипција. Кај сложените, кога две истородни самогласки ќе се најдат на крајот на првиот составен збор и во почетокот на вториот, во финскиот правопис тие се разделуваат со цртичка (-). Цртичката не се бележи во македонската транскрипција: *Haapa-aho* [ˈhɑːpɑˌʔɑho] → *Хапаахо* (сепак, ако цртичката спојува две имиња, таа мора да се напише: *Anna-Alina Anttila-Aho* → *Ана-Алина Антила-Ахо*).

Фонема	Изговор	Графема	Транс.	Пример	Транс. на примерот
/ɑ/	[ɑ]	<a>	а	*Tampere*	*Тампере*
/e/	[e]	<e>	е	*Helsinki*	*Хелсинки*
/i/	[i]	<i>	и	*Martti Ahtisaari*	*Марти Ахтисари*
/o/	[o]	<o>	о	*Porvoo*	*Порво*
/u/	[u]	<u>	у	*Turku*	*Турку*
/y/	[y]	<y>	и	*Risto Ryti*	*Ристо Рути*
/æ/	[æ]	<ä>	е	*Pälkäne*	*Пелкене*
/ø/	[ø]	<ö>	е	*Köyliö*	*Кејлие**

* Ако двогласката завршува со глас којшто се транскрибира со *и* (← *i*, *y*), крајниот дел на двогласката се транскрибира со *ј*: *Köyliö* → *Кејлие*, *Soini* → *Сојни*, *Taivalkoski* → *Тајвалкоски*.

б) Согласки

Во финскиот стандарден јазик има 13 согласки. Освен тоа има уште четири фонеми од странско потекло. Исто како и самогласките, и согласките го имаат фонолошкото својство *должина* што во финскиот правопис се обележува со удвојување на буквата. Должината на самогласките не се обележува во македонската транскрипција. Во финскиот јазик нема африкати. Се јавува согласна секвенција *ts*, но фонемите им припаѓаат секогаш на одделни слогови, и затоа секвенцијата се транскрибира *т͡с* како во зборот *пампфле**т͡с**ки*: *Metsälä* → *Ме**т͡с**еле*. Финскиот правопис многу ретко се оддалечува од фонемскиот принцип за обележувањето согласки. Најважен исклучок се среќава со фонемата /ŋː/ што се обележува со диграфот *ng* (од фонемата има само долга варијанта). Во македонскиот јазик нема соодветен глас и затоа и во транскрипцијата се користи диграфот: *Heidi Köngäs* [ˈkøŋːæs] → *Хејди Кенг͡ес*. Алофонската варијација на финските согласки не се обележува во македонската транскрипција, а во следната табела се дава само најчестиот изговор на фонемата.

Фонема	Изговор	Графема	Транс.	Пример	Транс. на примерот
/d/	[d̪]	<d>	д	*Kai Sadinmaa*	*Кај Садинма*
/h/	[h]	<h>	х	*Hämeenlinna*	*Хеменлина*
/j/	[j]	<j>	ј	*Jari Litmanen*	*Јари Лит͡манен*
/k/	[k]	<k>	к	*Urho Kekkonen*	*Урхо Кеконен*
/l/	[l]	<l>	л	*Lahti*	*Лах͡ти*
/m/	[m]	<m>	м	*Merimasku*	*Меримаску*
/n/	[n]	<n>	н	*Nokia*	*Нокиа*
/p/	[p]	<p>	п	*Espoo*	*Ес̄по*
/r/	[r]	<r>	р	*Kimi Räikkönen*	*Кими Рејкенен*
/s/	[s]	<s>	с	*Saimaa*	*Сајма*
/t/	[t]	<t>	т	*Tornio*	*Торнио*
/ʋ/	[ʋ]	<v>	в	*Ville Virtanen*	*Виле Вир͡танен*
/ŋː/	[ŋː]	<ng>	нг	*Kangasala*	*Канг͡асала*
/b/	[b]	<b>	б	*Anne Brunila*	*Ане Брунила*
/f/	[f]	<f>	ф	*Valtteri Filppula*	*Вал͡тери Филп̄ула*
/g/	[g]	<g>	г	*Elina Melgin*	*Елина Мелг͡ин*
/ʃ/	[ʃ]	<š, sh>	ш	*Petri Shemeikka*	*Пет͡ри Шемејка*

ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК

388. Францускиот фонетски систем е составен од 36 фонеми: 16 самогласки (од кои 4 се носни), 3 полусамогласки и 17 согласки.

а) Самогласки

Француски јазик			Македонски јазик	
Гласови	Букви	Примери	Букви	Примери
/a/	***â, aë***	*Châteauroux*, *Staël*	*а*	*Шатору*, *Сталл*
/e/ /ɛ/ /ø/ /œ/	***é, è, ê, ë***	*Bérard*, *Ardèche*, *Angoulême*, *Delanoë*	*е*	*Берар*, *Ардеш*, *Ангулем*, *Деланое*
	e (*во затворен слог, пред удвоени согласки и пред финално z, r, t*)	*Flaubert*, *Mitterrand*, *Bizet*		*Флобер*, *Митеран*, *Бизе*
	ai, aî, ay* (*види* /j/)	*Beaujolais*, *Lemaître*, *Raymond*		*Божоле*, *Леметр*, *Ремон*
	ei, ey	*Seine*, *Freyssinet*		*Сена*, *Фресине*
	eu, ue, œu	*Sainte-Beuve*, *Arcueil*, *Nœux-les-Mines*		*Сент-Бев*, *Аркеј*, *Не-ле-Мин*
/ə/	***e*** *што не се изговара*	*Rabelais*, *Amélie*		*Рабле*, *Амели* (но: *Loire* – *Лоара*, *Bretagne* – *Бретања*)
	e *во почетниот слог и меѓу три согласки*	*Grenoble*, *Queneau*; *Lacretelle*, *Courteline*	*е*	*Гренобл*, *Кено*; *Лакретел*, *Куртелин*
	e *во* ***le*** *и* ***de***	***Le*** *Blanc*, *Alfred* ***de*** *Vigny*		*Ле Блан*, *Алфред де Вињи*
/i/	***î, ï, y**** (*види* /j/)	***Î****le-de France*, *Héloïse*, *Guitry*	*и*	***И****л-де Франс*, *Елоиз*(*а*), *Гитри*

/o/ /ɔ/	***ô, au, eau, ao, aô***	*Rh**ô**ne*, *Mariv**au**x*, *Coct**eau**,* *Sa**o**snois*, *Sa**ô**ne*	*о*	*Р**о**на*, *Мариво*, *Кокто*, *С**о**ноа*, *С**о**на*
/y/	***u**** (*види* /ɥ/)***, û***	*Barb**u**sse*, *M**û**r-de-Bretagne*	*и*	*Барб**и**с* (но: *L**u**xembourg* – *Л**у**ксембург*), *М**и**р-де-Бретањ*
/u/	***ou**** (*види* /w/)***, oû***	*B**ou**rdieu*, *M**oû**tiers*	*у*	*Б**у**рдје*, *М**у**тје*

б) Носни самогласки

Француски јазик			Македонски јазик	
Гласови	Букви	Примери	Букви	Примери
/ɑ̃/	***an, en**** (*види* /ɛ̃/)	*Mont**an**d*, *Arg**en**teuil*	*ан*	*Мон**ан***, *Аржан**е**j*
	ean, aen, aën, aon	***Jean,*** ***Caen,*** *Saint-**Saën**s*, ***Laon***		***Жан***, ***Кан*** (но и *Cannes* – *Кан*), *Сен-**Сан**с*, *Л**ан***
	am, em* (*види* /ɛ̃/)	*Ch**am**pollion*, ***Em**brun*	*ам*	*Ш**ам**полион* (но: *D**am**rémont* – *Д**ан**ремон*), ***Ам**брен* (но: *Beaut**em**ps-Beaupré* – *Бо**ан**-Бо**е**пре*)
/ɛ̃/ /œ̃/	***in, yn***	*V**in**cent*, *Jocel**yn***	*ен*	***Вен**сан*, *Жосл**ен***
	en* (*види* /ɑ̃/), ***ën***	*St**en**dhal*, *Samo**ën**s*		*С**ен**дал*, *Самоенс*
	ien, ain, ein	*Am**ien**s*, *G**ain**sbourg*, *Tonn**ein**s*		*Ами**ен***, *Г**ен**збур*, *Тон**ен**с*
	un, eun	*Verd**un,*** *M**eun**g*		*Верд**ен***, *М**ен***
	im, em* (*види* /ɑ̃/), ***aim, eim, um***	*R**im**baud*, *S**em**pé*, *P**aim**pol*, *R**eim**s*, *L**um**blin*	*ем*	*Р**ем**бо*, *С**ем**пе*, *П**ем**пол*, *Р**ем**с*, *Л**ем**блен*
/ɔ̃/	***on***	*Clermo**n**t-Ferrand*	*он*	*Клермо**н-**Феран*
	om	*C**om**bourg*, *P**om**padour*	*ом*	*К**ом**бур*, *П**ом**адур* (но: *Franche-C**om**té* – *Франш-К**он**те*)

в) Полусамогласки

	Француски јазик		Македонски јазик	
Гласови	Букви	Примери	Букви	Примери
/j/	***i/y*** *+ самогласка ** (*види* /i/)	*Mol**ièr**e*, *Lavois**ier***, *L**yo**n*	*ј/и + самогласка*	*Мол**ие**р*, *Лавоаз**је***, *Л**ио**н*
	y *на почетокот на зборот или меѓу самогласки*	***You**rcenar*, ***Yo**nne*, *La Br**uyè**re*, *Gr**uyè**re*	*ј + самогласка*	***Ју**рсенар*, ***Јо**н*, *Ла Бр**ује**р*, *Гр**ује**р*
	согласка + r/l + ***i/y*** *+ самогласка*	*Châteaubr**ia**nd*, *La Sabl**iè**re*, *Aubr**ye**t*	*и + самогласка*	*Шатобр**ија**н*, *Ла Сабл**ие**р*, *Обр**ие***
	самогласка + – ***il***, ***–ille***	*Rasp**ail***, *Argent**euil***, *Vers**ailles,*** *Mars**eille***	*самогласка + ј*	*Расп**аj***, *Аржант**ej***, *Верс**aj***, *Марс**ej***
	самогласка + ***–ill-*** *или* ***-ilh-***	*B**aill**y*, *N**euill**y-sur-Marne*, *T**ailh**ade*, *An**ouilh***		*Б**аj**и*, *Н**ej**и-сир-Марн*, *Т**aj**аg*, *Ан**уj***
	согласка + ***–ill-*** *** (*види* /l/)	***Vill**on*, *Au**rill**ac***	*согласка + ај*	***Вuj**он*, ***Орuj**ак* (но: *Bas**tille** – Баст*илја)
	ay *+ самогласка **(*види* /ɛ/)	*F**ay**ard*, *La F**aye**tte***	*аj + самогласка*	*Ф**ај**ар*, *Лаф**ај**ет*
/ɥ/	***u*** *+ самогласка** (*види* /y/)	*Maupert**ui**s*, *Br**ue**l***	*у + самогласка*	*Мопер**ту**и*, *Бр**уе**л*
/w/	***ou*** *+ самогласка** (*види* /u/)	*Aud**oua**rd*, *H**oue**llebecq***	*у + самогласка*	*Од**уа**р*, ***Уе**лбек* (но: *L**oui**s – Луј*)
	oi, oî	*Lav**oi**sier*, *Ben**oî**t***	*оа*	*Лав**оа**зје* (но: *Sav**oi**e – Савоја*), *Бен**оа***
	oy на крајот од зборот и пред согласка* (*види подолу*)	*Fonten**oy***, *C**oy**pel***		*Фонтен**оа***, *К**оа**йел*
	oy *+ самогласка** (*види погоре*)	*Port-R**oya**l*, *La Béd**oyè**re***	*оај +* самогласка	*Пор-Р**оаја**л*, *Ла Бед**оаје**р* (но: *F**oyo**t – Фојо*, *G**oyau** – Гојо*)
	oin	*Bourg**oin**-Jallieu*, *Châlette-sur-L**oin**g***	*оен*	*Бург**оен**-Жалие*, *Шалет-сир-Л**оен***

г) Согласки

Француски јазик			Македонски јазик	
Гласови	Букви	Примери	Букви	Примери
/p/	***pp***	*Philippe*, *Dieppe*	*п*	*Филип*, *Диеп*
	p *не се изговара на крајот од зборот, во* Champ-, Damp-, Domp- *и во некои имиња*	*Saint-Loup; Champfleuri, Dampléger, Dompremy; Baptiste, Couptrain*		*Сен-Лу* (но: *Нуро* – *Нироп*)*; Шанфлери* (но: *Champlain* – *Шамплен*), *Данлеже*, *Донреми; Батист*, *Куртрен*
/b/	***bb***	*Robbe-Grillet*, *Labbé*	*б*	*Роб-Грије*, *Лабе*
	b *не се изговара на крајот од зборот и пред* ***v***	*Doubs*, *Lefebvre*		*Ду*, *Лефевр*
/t/	***tt, th***	*Magritte*, *Barthes*	*т*	*Магрит*, *Барт*
	t *не се изговара на крајот од зборот и во* ***Mont-, Haut-, Font-, Pont-, –ault***	*Prévert; Montmartre, Hautvillers, Fontclaireau, Pontgibaud, Foucault*		*Превер* (но*: Brest* – *Брест*, *Proust* – *Прус*)*; Монмартр*, *Овилер*, *Фонклеро*, *Понжибо* (но: *Montreuil* – *Монтрej*, *Montréal* – *Монтреал*), *Фуко*
/d/	***dd, dh***	*Reddon*, *Faidherbe*	*д*	*Реон*, *Феерб*
	d *не се изговара на крајот од зборот, во* ***Grand-*** *и во некои имиња*	*Bachelard; Grandmesnil; Ladmirault*		*Башлар* (но: *Sand* – *Сан*, *Alfred* – *Алфре*, *David* – *Дави*)*; Гранменил; Ламиро*
/k/	***c*** *пред согласка и пред a, o, u*	***C****rébillon;* ***C****ouperin*	*к*	***К****ребијон;* ***К****упрен*
	cc, cq, ck, ch* (*види /ʃ/*), ***k***	*Piccard*, *Tocqueville*, *Lamarck*, *Ploumanach,* ***K****léber*		*Пикар*, *Токвил*, *Ламарк*, *Плуманак*, ***К****лебер*
	qu *пред e, i, a*	***Qu****eneau*, ***Qu****inet*		***К****ено*, ***К****ине* (но: ***Qu****ébec* – *Квебек*)
	c *и* ***q*** *на крајот од зборот се изговараат*	*Mauric*, *Boussinesq*		*Морија**к*** (но*: Saint-Brieuc* – *Сен-Брие*, *Mont-Blanc* – *Мон Блан*), *Бусинес**к***

Француски јазик			Македонски јазик	
Гласови	Букви	Примери	Букви	Примери
/k/	***x**** (*види* /s/ *и* /g/)	*Ma**x**ime*, *Ai**x**-la-Chapelle*	*кс*	*Ма**кс**им*, *Е**кс**-ла-Шапел* (но: *Bordeau**x** – Бордо*, *Chamoni**x** – Шамони*)
/g/	***g** пред a, o, u*	***G**aillard*, *Péri**g**ord*	*ѓ*	***Ѓ**ајар*, *Периѓор*
	***gu** пред e, i, y*	*Camar**gu**e*, ***Gu**iraud*, *Pé**gu**y*		*Камарѓ*, ***Ѓ**иро*, *Пеѓи* (но: ***Guy**ard – Гујар*, ***Gui**se – Гуиз*, ***Guy**ane – Гвајана*)
	gh	*Se**gh**ers*, *En**gh**ien*		*Сеѓерс*, *Анѓен* (но: ***Gh**islain – Жислен*, *Mareu**gh**eol – Маре-жол*)
	x* (*види* /k/ *и* /s/)	***X**avier*, *Saint-Ex**u**péry*	*ѓз*	***Ѓз**авие*, *Сенѓ-Еѓзиперн*
	***g** не се изѓовара во **bourg**, **long** и на крајоѓ од збороѓ*	*Strasbour**g**, Lon**g**champ; Meun**g***		*Сѓразбур*, *Лоншан; Мен*
/m/	***mm***	*Fla**mm**arion*, *Gra**mm**ont*	*м*	*Фла**м**арион*, *Гра**м**он*
/n/	***nn***	*A**nn**ecy*, *Pe**nn**ac*	*н*	*А**н**си*, *Пе**н**ак*
	***n** на крајоѓ од збороѓ*	*Evia**n***, *Pont-Ave**n**,* *Béar**n***		*Евија**н***, *Понѓ-Аве**н***, *Беар**н***
/ɲ/	***gn, nh***	*Montai**gn**e*, *Soli**nh**ac*	*њ*	*Моншењ* (но: *Sainte-Ma**gn**ance – Сенѓ Маѓнанс*), *Солињак*
/l/	***ll, lh***	*Apo**ll**inaire*, *Ma**lh**erbe*	*л*	*Аполинер*, *Малерб*
	***l** на крајоѓ од збороѓ најчесѓо се изѓовара*	*Chabro**l***, *Daumesni**l***		*Шаброл*, *Доменил*
	***-ill-** во некои зборови и во **–ville, -lille, -mille ** (*види* /j/)*	*G**ill**iéron; Albertv**ill**e*, *L**ill**e*, *M**ill**in*	*ил*	*Жил**ил**ерон; Албервил*, *Л**ил***, *М**ил**ен*

Француски јазик			Македонски јазик	
Гласови	Букви	Примери	Букви	Примери
	l *не се изговара во–* ***ault, -auld, -oult, -ould***	*Foucau**l**t*, *Guerou**l**t*, *Arnou**l**d*		*Фуко*, *Геру*, *Арну*
/ʁ/	***rr, rh***	*Ba**rr**ès*, ***Rh**ône*	*р*	*Ба**р**ес*, ***Р**она*
	r *на крајот од зборот најчесто се изговара*	*Loi**r**-et-Che**r***, *Beauvoi**r***		*Лоа**р**-е-Ше**р***, *Бовоа**р*** (но: *Bouche**r** – Буше*, *Bérange**r** – Беранже*, *Poitie**r**s – Поатје*)
/f/	***ff, ph***	*Bu**ff**on*, *Al**ph**onse*	*ф*	*Би**ф**он*, *Ал**ф**онс*
	f *на крајот од зборот најчесто се изговара*	*Vibeu**f***, *Brie**f***		*Вибе**ф***, *Брие**ф***
	f *во некои сложени имиња не се изговара*	*Neu**f**châtel*, *Cle**f**mont*		*Нешател*, *Клемон*
/v/	***v, w***	***V**augirard*, ***W**eil*	*в*	***В**ожирар*, ***В**ej*
/s/	***s*** (*освен меѓу две самогласки*)	***S**oulages*, *Ra**s**pail*	*с*	***С**улаж*, *Ра**с**тај* (но: *Stra**s**bourg – Стразбур*, *Al**s**ace – Алзас*)
	ss, sc, ç	*Barbu**ss**e*, ***Sc**eaux*, *Besan**ç**on*		*Барби**с***, ***С**о*, *Безан**с**он*
	c *пред e, i и y*	***C**éline*, ***C**irey*, *Nan**c**y*		***С**елин*, ***С**ире*, *Нан**с**и*
	x* (*види* /k/ *и* /g/)	***X**aintrailles*, *Bru**x**elles*, *Au**x**erre*		***Се**нтраj*, *Бри**с**ел*, *Осер*
	ti *пред самогласка*	*La Boé**ti**e*, *Saint-Roga**ti**en*		*Ла Боеси*, *Сен Рогасјен* (но: *Es**ti**enne – Естјен*, *Car**ti**er – Картие*)
	tz	*Soul**tz***, *Saint-Wi**tz***		***С**улс*, *Сен-Ви**с*** (но: *Biarri**tz** – Бијариц*, *Re**tz** – Рец*, *Me**tz** – Мец*)
	s *не се изговара во* ***-les, -des, -chesn-, -fresn-, quesn-, - mesnil, Bois-, Bos-, Gros-, Pas-, Trois-***	*Le**s**chenault*, *De**s**cartes*, *Beauche**s**ne*, *Fre**s**nay*, *Leque**s**ne*, *Daume**s**nil*, *Boi**s**mont*, *Bo**s**frand*, *Gro**s**denis*, *Pa**s**deloup*, *Troi**s**monts*		*Лешено*, *Декарт* (но: *De**s**trebecq – Дестребек*, *De**s**trot – Дестро*), *Бошен*, *Френе*, *Лекен*, *Доменил*, *Боамон*, *Бофран* (но: *Bo**s**quet – Боске*), *Гродени*, *Паделу*, *Троамон*

Француски јазик			Македонски јазик	
Гласови	Букви	Примери	Букви	Примери
	s *не се изговара во некои имиња и на крајот од зборот*	*Coue**s**non*, *Ais**n**e; Antibe**s**, Duma**s***		*Куенон*, *Ен; Антиб*, *Дима* (но: *Barrè**s** – Барес*, *Fréju**s** – Фрежис*, *Reim**s** – Ремс*, *Dura**s** – Дирас*)
/z/	***z*** *и* ***s*** *меѓу две самогласки*	*Cé**z**anne*, *Le Corbu**s**ier*	*з*	*Се**з**ан*, *Ле Корби**з**је*
	z *на крајот од зборот најчесто не се изговара*	*Dépre**z***, *Blanc-Ne**z***		*Депре*, *Блан-Не* (но: *Berlio**z** – Берлиоз*, *Acha**z** – Ашаз*)
/ʃ/	***ch**** (*види /k/*) *и* ***sch***	***Ch**abrol*, *Be**sch**erelle*	*ш*	***Ш**аброл*, *Бе**ш**ерел*
/ʒ/	***j*** *и* ***g*** *пред e, i, y*	*An**j**ou*, ***G**ermain*,***G**yp*	*ж*	*Ан**ж**у*, ***Ж**ермен*, ***Ж**ип* (но: *Vos**ge**s – Воѓези*)
	ge *пред a, o, u*	***Ge**orges*, *Bu**ge**aud*		***Ж**орж*, *Би**ж**о*
/	***h*** *е само графичка ознака и не се изговара*	***H**onfleur*, *Ca**h**ors*, *La **H**arpe*		*Онфлер*, *Каор*, *Ла Арп*

д) Имиња што содржат член и предлог

- Кај географските имиња членот се предава онака како што е наведен во изворниот облик: *La Manche – Ла Манш*, *La Rochelle – Ла Рошел* (но: *Le Havre – Авр*). Во рамките на антропонимите, членот е дел од презимето и се предава заедно со него во случај на изоставање на името: (*André*) *Le Nôtre* – (*Андре*) *Ле Нотр.*
- Во некои имиња веќе одомаќени кај нас, членот се транскрибира како составен дел од презимето, иако во изворната форма тоа не е случај: *Jean de La Fontaine – Жан де Лафонтен*, *Madame de La Fayette – Мадам де Лафајет.*
- Доколку во антропонимите што го содржат предлогот *de* се наведува само презимето, предлогот се испушта: *Dominique de Villepin – Доминик де Вилпен* (*Villepin – Вилпен*), *Simone de Beauvoir – Симон де Бовоар* (*Beauvoir – Бовоар*). Исклучок претставуваат еднослоѓните, како и презимињата претходени од формите *d'*, *du*, *des*: *Charles de Gaulle – Шарл*

де Гол (*de Gaulle – Де Гол*), *Joachim Du Bellay – Жоашен ди Беле* (*Du Bellay – Ди Беле*), *Guy des Cars – Ги де Кар* (*des Cars – Де Кар*).

ѓ) Сврзување

- Во имињата во кои при изговорот се јавува сврзувачка согласка, таа секако треба да се транслитерира: *Champ**s**-Elysées – Шан**з**елизе* (*Елисејски Полиња*).
- Доколку името е составено од повеќе делови кои се физички одвоени, сврзувачката согласка стои на крајот од првиот збор: *Colombey-les-Deu**x**-Eglises – Коломбе-ле-Де**з**-Еглиз*, *Sain**t**-Exupéry – Сен**т**-Егзипери*, *Sain**t**-Aubin – Сен**т**-Обен.*

ХОЛАНДСКИ ЈАЗИК

389. Холандскиот јазик се зборува и во еден дел од Белгија, каде што се вика фламански. Холандските гласови се бележат со латиница, во која буквите немаат дијакритички знаци. Холандската абецеда има 26 букви и еден граф (*ij*). Во холандскиот има 5 самогласки: *a*, *e*, *i*, *o*, *u* и повеќе дифтонзи.

а) Самогласката *a* (единечна или удвоена) на македонски се предава со *а*: *Antwerpen – Антверпен*, *Alphen – Алфен*, *Haarlem – Харлем*, *Baarle-Nassau – Барле Насау.*

б) Самогласката *o* (единечна или удвоена) на македонски се предава со *о*: *Jacob – Јаков*, *Ardooie – Apgoje*, *Roosendaal – Розендал.*

в) Самогласката *i*, кога не е во комбинација со други самогласки (*ei*, *ai*, *ui* итн.), се предава со *и*: *Sittard – Ситард*, *Hilversum – Хилверсум*, *Hindeloopen – Хинделоопен*. Со *и* се предава и дифтонгот *ie* кога тој не е во крајна позиција: *Hieronymus – Хиронимус*. Самогласката *e*, како и удвоената самогласка *ee*, на македонски се предава со *е*: *Zuiderzee – Заудерзе*, *Utrecht – Утрехт.*

г) Дифтонзите *ey*, *ei*, како и графот *ij*, се предаваат со *aj*: *Steyl – Стајл*, *Eindhoven – Ајндховен*, *Leiden – Лајден*, *Soesdijk – Сусдајк*, *Dijkstra – Дајкстра.*

д) Дифтонгот *oe* се предава со *у*: *Groenlo – Хрунло*, *Goes – Хус*, *Hoei – Хуи*, *Van Loey – Ван Луј* (по традиција, иако се слуша *Фан Луј*).

ѓ) Дифтонзите *ui*, *uy*, *ou* се предаваат со *ау*: *Muiderberg – Маудерберг*, *Zuiderzee – Заудерзе*, *Kuyt – Каут*, *Huygens – Хаухенс* (покрај *Хајгенс* по традиција), *Woudrichem – Воудрихем.*

е) Дифтонгот *eu* се предава со *еу*, а дифтонгот *au* со *ау*: *Terneuzen – Тернеузен*, *Baarle-Nassau – Барле Насау.*

ж) Дифтонгот *ie* се предава со *и*, освен во крајна позиција кога се предава со *је*: *Tiel – Тил*, *Ardooie – Apgoje.*

з) Секвенцијата *-uij-* на македонски се предава со *ау*: *de Bruijn – Д' Браун.*

ѕ) Секвенцијата *-uw-* се предава со *у*: *Leeuwarden – Леуарден.*

и) Согласката *c* се предава со *к*: *Jacob – Јаков*, *Cornelis – Корнелис*, а секвенцијата *ch* со *х*: *Berchem – Берхем*, *Schoorldam – Схорлдам*, *Enschede – Енсхеде.*

ј) Согласката *j* се предава со *ј*: *Jisp – Јисп*, *Joep – Јуп; Juris – Јурис*.

к) Согласката *g* и секвенциите *gh* и *gg* се предаваат со *х*, освен во согласните групи *ng* и групата *rg* во крајна позиција кога се предаваат со *г̄*: *Brugge – Брухе*, *Mesdag – Mecgax*, *Hoogh – Хох*, *Biddinghuizen – Бидинг̄хаузен*, *Limburg – Лимбург̄*. По традиција со *г̄* се транскрибираат следниве имиња: *Groningen – Гронинг̄ен*, *Den Haag – Хаг̄*, *Van Gogh – Ван Гог̄*.

л) Ретките согласни групи *dt* и *nj* се предава со *т̄*, односно *њ*: *Rembrandt – Рембрант̄*, *Anjum –Ањум*.

љ) Согласната група *ph* се предава со *ф*: *Philippine – Филип̄ине*, *Alphen – Алфен*, освен на морфемската граница, кога се предава како *п̄х*: *Schiphol* (аеродром во Амстердам) – *Схип̄хол*.

м) Согласката *s* (единечна или удвоена) се предава со *с*, освен кога *s* се наоѓа во позиција меѓу две самогласки кога се предава со *з*: *Castricum – Кас̄трикум*, *Soesdijk – Сусдајк*, *Nes – Нес*, *Hilversum – Хилверсум*, *Assum – Асум*, *Bussum – Бусум*, *Lisserbroek – Лисербрук*, *Hasselt – Хасел̄т*, *Boesingheliede – Бузинг̄хелиде*, *Roosendaal – Розендал*, *Elisa – Елиза*, *Isabella – Изабела*.

н) Согласната група *sj* се предава со *ш*: *Sjouke – Шауке*, *Sjaak – Шак*, *Sjoerd – Шурд*.

њ) Буквата *w* се предава на македонски со *в*: *Antwerpen – Ант̄вер̄ен*, *Wim – Вим*, *Zwolle – Зволе*.

о) Буквата *y* се предава со *ј* во почетна позиција или кога следува по самогласка или дифтонг: *Yoork – Јорк*, *van Loey – Ван Луј*. Кога *y* се наоѓа во позиција зад согласка или согласна група во средината или на крајот од зборот, оваа буква се предава со *и: Lelystad – Лелис̄тад*, *Holysloot – Холислот̄*, *Elly – Ели*, *Hadewych – Хадевих*, *Hedy – Хеди*, *Myrthe – Мир̄те* итн.

п) Согласката *z* се предава со *з*: *Zaanstad – Занс̄тад*, *Zoetermeer – Зут̄ермер*, *Terneuzen – Тернеузен*.

р) Согласката *v* во почетна позиција и на морфемска граница се транскрибира со *ф*: *Volendam – Фолендам*, *Vlissingen – Флисинг̄ен*, *Hardinxveld – Хардинксфелд*, а во други позиции, како и по традиција ја предаваме со *в*: *Van Gogh – Ван Гог̄*, *Amstelveen – Амс̄телвен*, *Vermeer – Вермер* (иако на холандски се слуша *Фермер*).

с) Буквата *х* на македонски се транскрибира со *кс*: *Hardinxveld – Хардинксфелд*.

т) Првата компонента од сложените имиња *Nieuw*(-)*markt*, *Nieuw*(-)*egein* се транскрибира како *ниу*, па оттука: *Ниумаркт̄*, *Ниуехајн*.

ќ) Удвоените согласки *ss*, *ll*, *nn*, *dd* и др. редовно се предаваат со една: *Willemstad – Вилемс̄тад*, *Hoofddorp – Хофдор̄п*, *Vlissingen – Флисинг̄ен*.

ХРВАТСКИ ЈАЗИК

390. а) Буквите *đ* и *ć* се предаваат со *ѓ* и *ќ*: *Đakovo – Ѓаково*, *Đuro Đaković – Ѓуро Ѓаковиќ; Đurđevac – Ѓурѓевац*, *Đurđica – Ѓурѓица*, *Ruđer – Руѓер; Ćićarija – Ќиќарија*, *Ivanić-Grad – Иваниќ-Град*, *Metković – Метковиќ*, *Zaprešić – Запрешиќ*, *Ujević – Ујевиќ.*

б) Буквите *dž* и *č* се предаваат со *џ* и *ч*: *Dživo – Џиво*, *Samardžija – Самарџија*, *Mandžukić – Манџукиќ*, *Korčula – Корчула*, *Čakovec – Чаковец*, *Čabar – Чабар.*

в) Буквите *ž* и *š* се предаваат со *ж* и *ш: Krleža – Крлежа*, *Komiža – Комижа*, *Varaždin – Вараждин*, *Našice – Нашице*, *Šibenik – Шибеник.*

г) Буквата *j* се чува при предавањето на македонски во сите позиции: *Јелена – Јелена*, *Јерко – Јерко*, *Јелачић – Јелачиќ*, *Јергović – Јерѓовиќ* (без оглед на тоа што некои од овие имиња на македонски гласат без *j*: *Елена*); *Бајић – Бајиќ*, *Брijуни – Бријуни*, *Вујић – Вујиќ*, *Јојић – Јојиќ*, *Лujo – Лујо*, *Маја – Маја*, *Мijo – Мujo; Недјељко – Недјељко*, *Мароје – Мароје*, *Hrvoje – Хрвоје*, *Бијели Вир – Бијели Вир*, *Ловријенац – Ловријенац*, *Sjeverni Velebit – Сјеверни Велебит*, но по традиција *Osijek – Осиек* и *Rijeka – Риека.*

д) Хрватската буква *nj* се предава со македонската буква *њ*, без оглед на местото што го зазема:
Њежић – Њежиќ, *Њivice – Њивице*, *Њavro – Њавро*, *Њirić – Њириќ; Lonja – Лоња*, *Ranjina – Рањина*, *Kranjec – Крањец*, *Kranjčar – Крањчар*, *Kranjčević – Крањчевиќ*, *Risnjak – Рисњак; Žminj – Жмињ*, *Lošinj – Лошињ*, *Rovinj – Ровињ*, *Senj – Сењ*, *Sibinj – Сибињ*, *Slunj – Слуњ*, *Tribunj – Трибуњ.*

ѓ) За да го предадеме изговорот на хрватските имиња што го содржат гласот *lj* во сите позиции, при предавањето се служиме со буквата *љ*: *Aljoša – Аљоша*, *Ljaić – Љаиќ*, *Љубица – Љубица; Kralj – Краљ*, *Kuželj – Кужељ*, *Ozalj – Озаљ*, *Омишаљ – Омишаљ*, *Trilj – Триљ; Beljo – Бељо*, *Boljkovac – Бољковац*, *Жељка – Жељка*, *Reljković – Рељковиќ; Sabljak – Сабљак*, *Sabljo – Сабљо*, *Košljun – Кошљун*, *Ljerka – Љерка*, *Bosiljevo – Босиљево*, *Mljet – Мљет*, *Miljenko – Миљенко*, *Ličko polje – Личко Поље*, *Bilje – Биље*, *Belje – Беље*, *Podolje – Подоље. Podunavlje – Подунавље*, *Cerovlje – Церовље*, *Podbablje – Подбабље*, *Doljani – Дољани*, *Uljanik – Уљаник*, *Ljiljana – Љиљана*, *Smiljan – Смиљан.*

е) Слоговното (самогласното) *р* што се среќава во почетокот на некои хрватски имиња (*Rtina*, *Rtić*) го предаваме, согласно со нашиот правопис, со *'р*:*'Рт͡ина*, *'Рт͡иќ.*

ж) Хрватските имиња со нефонолошка форма се пишуваат според изговорот: *Branimir Jonny Štulić – Бранимир Џони Шт͡улиќ*, *Drago Gervais – Драго Жерве*, *Branko Gavella – Бранко Гавела*, *Knjiga Boccadoro – Књига Бокадоро*, *Slavko Goldstein – Славко Голдшт͡ајн*, *Ksaver Šandor Gjalski – Ксавер Шандор Ѓалски*, *Pavao Ritter Vitezović – Павао Рит͡ер Вит͡езовиќ*, *Josip Juraj Strossmayer – Јосип Јурај Шт͡росмаер.*

ЦРНОГОРСКИ ЈАЗИК

391. Црногорскиот јазик има две официјални азбуки: кирилица и латиница.

а) Црногорските самогласки се предаваат со соодветните македонски самогласки.

б) Согласката *ћ/ć* се предава со *ќ*: *Никшић/Nikšić – Никшиќ*, *Петровић/Petrović – Петровиќ.*

в) Согласката *ђ/đ* се предава со *ѓ*: *Ђекна/Đekna – Ѓекна*, *Ђурђа/Đurđa – Ѓурѓа.*

г) Согласката *ж/ž* се предава со *ж: Рожаје/Rožaje – Рожаје*, *Жабљак/Žabljak – Жабљак.*

д) Согласката *џ/dž* се предава со *џ*: *Џафића Брдо/Džafića Brdo – Џафиќа Брдо.*

ѓ) Согласката *ш/š* се предава со *ш*: *Колашин/Kolašin – Колашин*, *Шавник/Šavnik – Шавник.*

е) Согласката *ж/ź* се предава со *жј*: *Кожевић/Koźević – Кожјевиќ*, *Жага/Źaga – Жјага*.

ж) Согласката *ć/ś* се предава со *шј*: *Ћеница/Śenica – Шјеница*, *Паћеглав/Paśeglav – Пашјеглав*, *Ћата/Śata – Шјата.*

з) Сонантот *j* се предава во сите позиции: *Бјера/Vjera – Бјера*, *Јела/Jela – Јела*, *Црноје/Crnoje – Црноје.*

ѕ) Сонантските групи *лј/lj* и *нј/nj* се предаваат со *љ* и со *њ*: *Пљевља/Pljevlja – Пљевља*, *Улцињ/Ulcinj – Улцињ*, *Његош/Njegoš – Његош.*

ЧЕШКИ ЈАЗИК

392. Чешкиот јазик употребува латинично писмо со неколку надредни знаци за обележување на специфичните чешки гласови. Специфичност на чешките самогласки е поделбата на кратки и на долги самогласки. Должината на самогласките се бележи со надредни знаци и е независна од акцентот кој не се бележи, а е фиксен на првиот слог од почетокот на зборот. Самогласките во чешкиот јазик, исто така, се делат на тврди и на меки кои се обележуваат со надреден знак. Доколку некој знак не е наведен под одредена точка, тоа значи дека се предава со соодветниот кирилски еквивалент.

а) Самогласки

При транскрипцијата на македонски јазик, должината на чешките самогласки не се бележи. Должината на самогласките во чешкиот јазик се бележи со два надредни знака, па така:

- Чешките долги самогласки со надреден знак цртичка: *á*, *é*, *í*, *ó*, *ú*, *ý* на македонски се пренесуваат како *а*, *е*, *и*, *о*, *у*, *и*: *Tábor – Табор*, *Písek – Писек*, *Hradec Králové – Хрaдец Кралове*, *Jiří – Јиржи*, *Černý – Черни.*
- Должината на самогласките се бележи и со уште еден надреден знак – крукче и тоа само над буквата *ů* која на македонски се предава како *у*: *Hůla – Хула*, *Janků – Јанку*, *Martinů – Мартину*, *Králův Dvůr – Кралув Двур.*
- Буквата *ě* се изговара различно, зависно од позицијата и има влијание врз изговорот на претходната согласка:
  - Зад согласките *b*, *f*, *p*, *v*, *d*, *t*, *m* (*bě*, *fě*, *pě*, *vě*, *dě*, *tě*, *mě*) се предава како *-је: Alžběta – Алжбјета*, *Běla – Бјела*, *Věra – Вјера*, *Květoslava – Квјетослава*, *Slavěna – Славјена*, *Vojtěch – Војтјех*, *Budějovice – Будјејовице*, *Děčín – Дјечин*, *Těšín – Тјешин*, *Kroměříž – Кромјержиж*, *Staré Město – Старе Мјесто*, *Litoměřice – Литомјержице.*
  - Го смекнува *n*(*ně*) во *њ: Zdeněk – Здењек*, *Němcová – Њемцова*, *Mariánské Lázně – Маријанске Лазње*.
- Буквата *i*, *í* се предава како *и* во сите позиции: *Fučík – Фучик*, *Liberec – Либерец*, *Písek – Писек.*
  - Буквите *í*, *i* зад *t*, *d*, *n* (*di*, *dí*, *ti*, *tí*, *ni*, *ní*) покажуваат дека претходната согласка е мека, но групите со нив се предаваат како *ѓи*, *ѓу*,

ни: František – Франтишек, *Antonín – Антонин*, *Chrudim – Хрудим*, *Tichý – Тихи*, *Vladimír – Владимир.*

- Буквите *y*, *ý* (т.н. тврдо *и*) се изговараат и се предаваат со *и*: *Karlovy Vary – Карлови Вари*, *Rokycany – Рокицани*, *Komenský – Коменски.*
- Дифтонзите *ou*, *au* и *eu* се предаваат со *оу*, *ау*, *еу*: *Olomouc – Оломоуц*, *Augustin – Ауѓустин*, *Beroun – Бероун*, *Chaloupka – Халоупка.*

б) Согласки

- Буквата *h* се предава со *х*: *Havránek – Хавранек*, *Kohout – Кохоут, Hašek – Хашек*, *Jihlava – Јихлава*, *Hodonín – Ходонин*, *Havlíček – Хавличек*, *Hus – Хус*, *Hradčany – Храдчани.*

  Но: *Praha – Праѓа* по традиција.
- Двознакот (дограф) *ch* се предава со *х: Mácha – Маха*, *Náchod – Наход*, *Chrudim – Хрудим.*
- Буквата *ď* се предава како *гј*, освен во крајна позиција кога *ј* отпаѓа: *Žďákovský most – Жгјаковски мост*, *Žďár – Жгјар.*
- Буквата *ļ* (самогласно *л*) се предава како *'л: Vltava – В'лтава*, *Plzeň – П'лзењ*, *Sedlčany – Сед'лчани*, *Vlček – В'лчек.*
- Пред други самогласки и на крајот од зборот *ň* се предава како *њ*: *Plzeň – П'лзењ*, *Třeboň – Тшебоњ*, *Kadaň – Кадањ.*
- Буквата *ť* се предава со *тј*, освен во крајна позиција кога *ј* отпаѓа: *Šťastná – Штјастна*, *Živohošť – Живохошт*, *Náměšť – Намјешт.*
- Кога има слоготворна функција, *ŗ* се предава како *р: Jan Drda – Јан Дрда*, *Brno – Брно*, *Krnov – Крнов*, *Krkonoše – Крконоше.*
- Буквата *ř* се предава:
  - Со групата *рж* меѓу самогласки, во почетокот и на крајот на зборот: *Dvořák – Дворжак*, *Jiří – Јиржи*, *Šafařík – Шафаржик*, *Řezáč – Ржезач*, *Hostivař – Хоствиварж.*
  - Буквата *ř* зад незвучна согласка се предава со *ш*: *Přibram – Пшибрам*, *Třebič – Тшебич*.
  - Зад звучна согласка со *ж: Březina – Бжезина*, *Bedřich – Беджих*, *Jindřich – Јинджих.*

в) Лични имиња

- Чешките женски имиња на завршок *-е* се предаваат како што се напишани, односно со *е*: *Marie – Марие*, *Julie – Јулие*, *Emilie – Емилие*, *Libuše – Либуше*.

ШВЕДСКИ ЈАЗИК

393. а) Самогласки

Шведскиот јазик има долги и кратки самогласки во нагласена позиција; ненагласените самогласки обично се кратки (и во некои говори многу редуцирани). При транскрипцијата на имињата од шведски јазик, главно, се водиме од писмената форма на името.

Графема	Изговор	Пример	Коментар	Транскрипција	Пример
A	*[a:]*	*V**a**sa*	*Gustaf Vasa*	*a*	*Васа*
	[a]	*V**a**xholm* *A**s**trid*	*Astrid Lindgren*	*a*	*Ваксхолм* *Аст̄рид*
E	*[e:]*	*von Linn**é*** *E**n**köping*	*Carl von Linné*	*e*	*фон Лине* *Еншеп̄инг̄*
	[e]	*Lindgr**e**n*	*Astrid Lindgren*	*e*	*Линдг̄рен*
I	*[i:]*	*V**i**sby*		*и*	*Висби*
	[ɪ]	*L**i**ndgren*	*Astrid Lindgren*	*и*	*Линдг̄рен*
O	*[u:]*	***O**lof*	*Olof Palme*	*у*	*Улоф*
	[ʊ]	*S**o**ckenbacka*		*у*	*Сукенбака*
	[ɔ]	*St**o**ckh**o**lm* *Götteb**o**rg* *R**o**nja* *Ol**o**f*	*Olof Palme*	*о*	*Ст̄окхолм* *Јет̄еборг̄* *Ронја* *Улоф*
U	*[ʊ:]*	***U**meå* *L**u**leå*		*у*	*Умео* *Лулео*
	[ʊ]	***U**ppsala*		*у*	*Уп̄сала*
Y	*[y:]*	*Visb**y***		*и*	*Висби*
	[y]	*L**y**cksele*		*и*	*Ликселе*
Å	*[o:]*	***Å**land* *Sm**å**land*		*о*	*Оланд* *Смоланд*
	[ɔ]	*Ume**å*** *Lule**å***		*о*	*Умео* *Лулео*
Ä	*[ɛ:]*	*V**ä**nern*		*е*	*Венерн*
	[æ:]	*G**ä**rdestad*	*Ted Gärdestad*	*е*	*Јердест̄ад*
	[ɛ]	*V**ä**ttern*		*е*	*Вет̄ерн*
	[æ]	*V**ä**rmland*		*е*	*Вермланд*

Графема	Изговор	Пример	Коментар	Транскрипција	Пример
Ö	*[ø:]*	*G**ö**teborg* *Malm**ö***		*е*	*Је̄те̄борг̄* *Малме*
	[œ]	***Ö**stergötland*		*е*	*Ес̄те̄рје̄те̄ланд*
	[Œ:]	***Ö**rebro*		*е*	*Еребру*
	[Œ]				

б) Самогласни групи

Дифтонзите *au* и *eu* се изговараат [*aʊ̯*] и [*ɛʊ̯*].

в) Согласки

Графема	Изговор	Пример	Коментар	Транскрипција	Пример
B	*[b]*	***B**ergman*	*Ingmar Bergman*	*б*	*Берг̄ман*
C	*[k]*	***C**arl*	*Carl von Linné*	*к*	*Карл*
D	*[d]*	***D**alarna*		*д*	*Даларна*
F	*[f]*	***F**alun*		*ф*	*Фалун*
	[v]	*Lagerlö**f***	*Selma Lagerlöf*	*в*	*Лаг̄ерлев*
G	*[g]*	*La**g**erlöf* ***G**reta **G**arbo*	*Selma Lagerlöf* *Greta Garbo*	*г̄*	*Лаг̄ерлев* *Гре̄та Гарбо*
	[j]	***G**ävle*		*j* (но само некогаш)	*Јевле*
H	*[h]*	***H**elsingborg*		*х*	*Хелсинг̄борг̄*
J	*[j]*	***J**önköping*		*j*	*Јенше̄пинг̄*
K	*[k]*	***K**arl*	*Karl XII*	*к*	*Карл*
L	*[l]*	***L**und*		*л*	*Лунд*
M	*[m]*	***M**al**m**ö*		*м*	*Малме*
N	*[n]*	***N**obel*	*Alfred Nobel*	*н*	*Нобел*
P	*[p]*	*U**p**psala*		*п̄*	*Уп̄сала*
Q	*[k]*	*Lönn**q**vist*	(презиме)	*к*	*Ленквис̄те̄*
R	*[r]*	*Ö**r**eb**r**o*		*р*	*Еребру*
S	*[s]*	***S**elma*	*Selma Lagerlöf*	*с*	*Селма*
T	*[t]*	*Kris**t**ina*	(кралица)	*т̄*	*Крис̄те̄ина*
V	*[v]*	***V**isby*		*в*	*Висби*
	[f]	***v**on*	(*збор од г̄ерманско по̄те̄кло*)	*ф*	*фон*

Графема	Изговор	Пример	Коментар	Транскрипција	Пример
W	*[v]*	***W**allenberg*	*Raoul Wallenberg*	*в*	*Валенберг̄*
X	*[ks]*	*Va**x**holm*		*кс*	*Ваксхолм*

г) Согласни групи

Графема	Изговор	Пример	Коментар	Транскрипција	Пример
Rt	*[t]*	*Sva**rt**ström*	презиме	*рт̄*	*Сварт̄стрем*
Rd	*[d]*	*Må**rd***	презиме	*рд*	*Морд*
Rg	*[rj]*	*Göteborg* *Bergman*		*рг̄*	*Гет̄еборг̄* *Берг̄ман*
Rn	*[ŋ]*	*To**rn**eå*		*рн*	*Торнео*
Rs	*[ʂ]*	*Ängelfo**rs***		*рс*	*Енг̄елфорс*
Rl	*[l]*	*Ca**rl***		*рл*	*Карл*
Ck	*[k:]*	*Sto**ck**holm*		*к*	*Сит̄окхолм*
Ng	*[ŋ]*	*Jönköpi**ng***		*нг̄*	*Јеншеп̄инг̄*
tj или *k/kj*	*[ɕ]* (или *[ç]*)	***Tj**ällmo* ***K**inna* *Norr**k**öping* ***Kj**ell*	топоним топоним топоним машко име	*ш*	*Шелмо* *Шина* *Норшеп̄инг̄* *Шел*
sj или sk	*[ɧ]* (или *[ʃ]*)	***Sk**ellefteå* ***Sj**öberg*	топоним презиме	*ш*	*Шелефт̄ео* *Шеберг̄*

Забелешка: По традиција градот ***G**öteborg* се транскрибира како *Гет̄еборг̄*, иако според правилото би требало да биде напишан *Јет̄еборг̄.*

ШПАНСКИ ЈАЗИК

394. Во шпанскиот јазик има пет самогласки (*a*, *e*, *i*, *o*, *u*), 22 согласки (*b*, *c*, *d*, *f*, *g*, *h*, *j*, *k*, *l*, *m*, *n*, *ñ*, *p*, *q*, *r*, *s*, *t*, *v*, *w*, *x*, *y*, *z*) и три диграфи (*ch*, *ll*, *rr*).

а) Самогласки и самогласни групи

На самогласките им соодветствуваат петте самогласки во македонскиот јазик со ретки исклучоци по традиција (*Col**o**mbia – Кол**у**мбија*). Сепак, треба да се обрне внимание дека кога самогласките формираат самогласни групи, кои иако за македонските говорители не претставуваат особен проблем, може да се јават извесни дилеми во однос на традиционалното предавање и оригиналниот изговор.

Во најголемиот број случаи се раководиме по пишаната форма, па така: *Ciudad Real – Сиудад Реал*, *Real Sociedad – Реал сосиедад*, *Ceuta – Сеута*, *Luisa – Луиса*. Нема да претставува исклучок ниту веќе посочената самогласна група *ie*, и покрај тоа што изговорот на *i* во оваа комбинација е практично *j*, па така *Sierra Nevada* нема да се транскрибира како *Сјера Невада*, туку како *Сиера Невада*.

Во комбинации на *u* како прва самогласка од самогласната група, претходена од *g* или *c* (*gua*, *guo*, *güi*, *güe*, *cua*, *cuo*, *cue*, *cui*) ќе имаме два случаја:

- кога *u* од дифтонгот се предава со *в*, и покрај тоа што се изговара како *u*, и тоа во општопознати топоними кај кои ќе го задржиме традиционалното предавање: *Guinea – Гвинеја*, *Guatemala – Гватемала*, *Ecuador – Еквадор*, *Nicaragua – Никарагва.*
- во случај на помалку познати топоними или антропоними во кои ќе се почитуваат пишаната форма и изговорот, односно: *Camagüey – Камагуеј*, *Güiraldes – Гуиралдес*, *Sigüenza – Сигуенса*, *Aguado – Агуадо*, *Cuevas – Куевас*, *Cuéllar – Куељар*, *Guanajuato – Гуанахуато.*

Дифтонгот *ia* ќе се предава со *-ија*, согласно со правописот во македонскиот јазик, според кој меѓу самогласките *и* и *а* секогаш стои *ј*: *García – Гарсија*, *María – Марија.*

б) Согласки

- Буквите *b* и *v* практично се имаат изедначено при изговорот, односно и двете се изговараат како *б*, но сепак ги предаваме со *б* односно *в*, соодветно: *Barcelona – Барселона*, *Bolivia – Боливија*, *Valencia – Валенсија*, *Velázquez – Веласкес* (место на акцент: *Велáскес*). Исклучок: *La Habana – Хавана*.

- Изговорот на *c* зависи од буквата што следува по неа. Ако по *c* доаѓа *i* или *e*, најраспространет е изговорот како нашето *c*: *César – Сесар*, *Cervantes – Сервантес* (во дел од Шпанија ова *c* е интердентално, слично на англиското *th*). По ова правило се подведуваат и споменатата *Barcelona – Барселона* (наспроти варијантата: *Барцелона*), *Andalucía – Андалусија* и андалусиски (наспроти: *Андалузија*, *андалузиски*), *Galicia – Галисија* и *ѓалисиски* (наспроти *Галиција*, *ѓалициски*). Во сите други случаи (односно пред *a*, *e*, *i* или согласка), *c* се изговара како *к*: *Cuba – Куба*, *Costa Rica* – по традиција *Костарика*, иако би требало *Коста Рика*, *Cristina – Кристина*. По традиција и *Puerto Rico* се предава со *Порторико*, иако би требало *Пуерто Рико.*
- Изговорот на гласот *g* зависи од буквата што следува, па така пред *i* и пред *e* имаме изговор *x*: *Girona – Хирона*, *Getafe – Хетафе* (исклучок: *Argentina – Аргентина*); пред *a*, *o*, *u* или согласка се изговара и се предава со *ѓ*: *González – Гонсалес*, *García – Гарсија*, *Gutiérrez – Гутиерес*, *Granada – Гранада*. Кога *g* ќе се најде пред самогласните групи *ui* и *ue*, се изговара како *ѓ*, но во овој случај не се чита буквата *u*, па оттаму имаме: *Rodríguez – Родригес*, *Guernica – Герника*, *Aguirre – Агире*. Во овие комбинации *u* се чита само кога има надреден знак (¨): *Sigüenza – Сиѓуенса.*
- Буквата *h* е безвучна и при предавањето не ја пишуваме: *Hernández – Ернандес*, *Hugo – Уго*, *Esther – Естер.* Исклучоци се географските имиња кои по традиција се пренесуваат со *x*: *Alhambra – Алхамбра*, *Honduras – Хондурас*, *La Habana – Хавана.*
- Буквата *j* се чита и се предава со *x*: *Juan – Хуан*, *Jiménez – Хименес.*
- Буквата *ñ* се чита како *њ*: *Bolaño – Болањо*, *La Española – Ла Еспањола*.
- Буквата *q* се чита *к* и секогаш оди во комбинација со *ui* и *ue*, но притоа *u* не се чита, па имаме само *ки*, односно *ке*: *Quito – Кито*, *Quesada – Кесада.*
- Малубројни се зборовите што ја содржат буквата *w*, и речиси сите се од англосаксонско потекло. Предавањето ќе се прави во согласност со јазичното потекло.
- Буквата *x* во Шпанија добива сè пораспространет изговор на *c*, а во некои варијанти може да се слушне и како *гс*, но според литературниот и најраспространет изговор, оваа буква се предава со *кс*. Па така: *Aleixandre – Алеиксандре*. Не постои изедначен начин на предавање на оваа буква кај географските имиња: *Xochimilco – Сочимилко*, *Tlaxcala – Тласкала*, но *Oахаса – Оахака*, *México – Мексико*.
- Буквата *y* се предава со *j*: *Paraguay – Парагвај*, *Yucatán – Јукатан*.

- Буквата *z* се предава со *с*: *Zaragoza – Сарагоса*, *Méndez – Мендес*, но по традиција: *Venezuela – Венецуела.*
- Диграфот *ll* се предава со *љ*: *Sevilla – Севиља*, *Palma de Mallorca – Палма де Маљорка*, но по традиција: *Палма де Мајорка.*
- Диграфот *ch* се предава со *ч*: *Chile – Чиле*, *Che Guevara – Че Гевара*.
- Диграфот *rr* се предава само со едно *р*: *Sierra Nevada – Сиера Невада.*
- Во латиноамерикански топоними од домородно потекло се среќава и диграфот *tz*, кој се предава со *ц*: *Quetzaltenango – Кецалтенанго.* На истиот начин се предава и во имиња од баскиско потекло: *Dogartze – Догарце.*
- Во случај со имиња од баскиско потекло што го содржат диграфот *tx*, имаме изговор на *ч*, па оттаму: *Arantxa – Аранча*, *Etxeberria – Ечеберија*.

XI.

ГЕОГРАФСКИ И ДРУГИ ИМИЊА

А

Абиџа, абиџ'аец, абиџ'ајка, абиџ'ајци; абиџ'ајски
Абу Даби, абудабиец, абудабијка, абудабијци; абудабиски
Абхазија, Абхазиец, Абхазијка, Абхазијци; абхазиски
Авганист'ан, Авган/Авганист'анец, Авганка/Авганист'анка, Авгани/Авганист'анци; авганист'ански
Австралија, Австралиец, Австралијка, Австралијци; австралиски
Австрија, Австриец, Австријка, Австријци; австриски
Адис Аб'еба, адисабебјанец, адисабебјанка, адисабебјани, адисаб'епски
Азербејџ'ан, Азербејџ'анец, Азербејџ'анка, Азербејџ'анци; азербејџ'ански
Азија, Азиец, Азијка, Азијци; азиски
Азиј'ат, Азиј'атка, Азиј'ати, азиј'атски
Азот, азотски
Азотија *в.* Азот
Акра, акранец, акранка, акранци; акрански
Албанија, Албанец, Албанка, Албанци; албански
Алжир[1] (држава), Алжирец, Алжирка, Алжирци; алжирски
Алжир[2] (град), алжирец, алжирка, алжирци; алжирски
Алј'аска, Алјасканец, Алјасканка, Алјаскани; алјаски
Алма Ата, алмаатјанец, алмаатјанка, алмаатјани; алма'атски
Аман, аманец, аманка, аманци; амански
Америка *в.* Соединети Американски Држави
Амстердам, амстерд'амец, амстерд'амка, амстерд'амци; амстерд'амски
Англија, Англичанец, Англичанка, Англичани; англиски
Англосаксонец, Англосаксонка, Англосаксонци; англосаксонски
Анг'ола, Анголец, Анголка, Анголци; анголски
Анд'ора, Андорец, Андорка, Андорци; андорски
Анд'ора ла Вела, лавелјанец, лавелјанка, лавелјани; лавелјански

Анкара, анкарец, анкарка, анкарци; анкарски
Антананар'иво, антананар'ивец, антананар'ивка, антананар'ивци; антананар'ивски
Антарктик; антарктички
Ант'ига и Барб'уда, Антиганец, Антиганка, Антиганци; антигански / Барбуданец, Барбуданка, Барбуданци; барбудански
Апија, апиец, апијка, апијци; аписки
Арап, Арапка, Арапи; арапски
Аргент'ина, Аргент'инец, Аргент'инка, Аргент'инци; аргент'ински
Арктик; арктички
Арктички (Севернoледен) Океан
Ар'уба, Арубиец, Арубијка, Арубијци; арубиски
Асм'ара, асмаранец, асмаранка, асмаранци; асмарански
Аст'ана, астанец, астанка, астанци; астански
Асунси'он, асунси'онец, асунси'онка, асунси'онци; асунси'онски
Атина, атињанец, атињанка, атињани; атински
Атлантски Океан/Атлантик; атлантски
Африка, Африканец, Африканка, Африканци; африкански
Ашхабад, ашхабадец, ашхабатка, ашхабадци; ашхабадски

Б

Багдад, багдаѓанец, багдаѓанка, багдаѓани; багдадски
Баку, бакуец, бакујка, бакујци; бакујски
Балтик; балтички
Бам'ако, бамачанец, бамачанка, бамачани; бамачки
Бангкок, бангкокјанец, бангкокјанка, бангкокјани; бангкокшки
Бангладеш, Бангладешанец, Бангладешанка, Бангладешани; бангладешки
Банг'уи, бангуијанец, бангуијанка, бангуијани; бангуијански
Бандар Сери Бегаван, бандаранец, бандаранка, бандаранци; бандарски
Банско, бансколија, бансколијка, бансколии; бански
Банџул, банџулец, банџулка, банџулци; банџулски
Барб'адос, Барбадошанец, Барбадошанка, Барбадошани; барбадошки
Барсел'она, барсел'онец, барсел'онка, барсел'онци; барсел'онски
Басетер, басетерец, басетерка, басетерци; басетерски
Бах'ами, Бахамец, Бахамка, Бахамци; бахамски
Бахреин, Бахреинец, Бахреинка, Бахреинци; бахреински
Бејрут, бејрутец, бејрутка, бејрутци; бејрутски
Беџинг *в*. Пекинг
Белгија, Белгиец, Белгијка, Белгијци; белгиски
Белград, белграѓанец, белграѓанка, белграѓани; белградски
белец, белкинка, белци; белечки
Бел'из, Белижанец, Белижанка, Белижани; белижански

Белмоп'ан, белмоп'анец, белмоп'анка, белмоп'анци; белмоп'ански
Белорусија, Белор'усин, Белорусинка, Белор'уси; белор'уски
Бенин, Бенинец, Бенинка, Бенинци; бенински
Берлин, берлинец, берлинка, берлинци; берлински
Берм'уди, Бермудец, Бермутка, Бермудци; бермудски
Бермудски Острови *в*. Берм'уди
Берн, бернец, бернка, бернци; бернски
Берово, беровец, беровка, беровци; беровски
Бис'ао, бис'аец, бис'ајка, бис'ајци; бис'ајски
Битола, битолчанец, битолчанка, битолчани; битолски
Бишкек, бишкечанец, бишкечанка, бишкечани; бишкечки
Богданци, богданчанец, богданчанка, богданчани; богдански
Бог'ота, боготјанец, боготјанка, боготјани; боготски
Боливија, Боливиец, Боливијка, Боливијци; боливиски
Босна и Херцеговина, Босанец, Босанка, Босанци/Херцеговец, Херцеговка, Херцеговци; босански/херцеговски
Боцв'ана, Боцванец, Боцванка, Боцванци; боцвански
Бошавија, Бошавец, Бошавка, Бошавци; бошавски
Бошњак, Бошњаци, Бошњачка; бошњачки
Бразавил, бразавилец, бразавилка, бразавилци; бразавилски
Бразил, Бразилец, Бразилка, Бразилци; бразилски
Бразилија, бразилиец, бразилијка, бразилијци; бразилиски
Бр'атисл'ава, братиславец, братиславка, братиславци; братиславски
Брегот на Слоновата Коска/Кот д' Иво'ар, Брежанец, Брежанка, Брежани, брежански / Иво'арец, Иво'арка, Иво'арци; иво'арски
Брисел, бриселец, бриселка, бриселци; бриселски
Британија *в*. Велика Британија
Брицтаун, брицтаунец, брицтаунка, брицтаунци; брицтаунски
Брод, броѓанец, броѓанка, броѓани; бродски
Брун'ej, Брун'еец, Брун'ејка, Брун'ејци; брун'ејски
Бугарија, Бугарин, Бугарка, Бугари; бугарски
Б'удимп'ешта, будимпештанец, будимпештанка, будимпештани; будимпештански
Буенос Аирес, буеносаирец, буеносаирка, буеносаирци; буеносаирески
Букурешт, букурештанец, букурештанка, букурештани; букурешки
Бурк'ина Фасо, Буркинец, Буркинка, Буркинци; буркински
Бурма *в*. Мјанмар
Бур'унди, Бурундиец, Бурундијка, Бурундијци; бурундиски
Бутан, Бутанец, Бутанка, Бутанци; бутански

Буџумб'ура, буџумбурец, буџумбурка, буџумбурци; буџумбурски

В

Вадуц, вадучанец, вадучанка, вадучани; вадучки
Валандово, валандовчанец, валандовчанка, валандовчани; валандовски
Вал'ета *в*. Ла Вал'ета
Вану'ату, Вануатуец, Вануатујка, Вануатујци; вануатски
Варшава, варшавјанец, варшавјанка, варшавјани; варшавски
Ватикан, ватик'анец, ватик'анци; ватик'ански
Вашингтон, вашингтонец, вашингтонка, вашингтонци; вашингтонски
Велес, велешанец, велешанка, велешани; велешки
Велика Британија, Британец, Британка, Британци; британски
Велингтон, велингтонец, велингтонка, велингтонци; велингтонски
Велс, Велшанец, Велшанка, Велшани; велшки
Венецу'ела, Венецу'елец, Венецу'елка, Венецу'елци; венецу'елски
Ви'ена, виенчанец, виенчанка, виенчани; виенски
Виентиј'ан/Вјангчанг, виентијанец, виентијанка, виентијанци; виентијански
Виетнам, Виетнамец, Виетнамка, Виетнамци; виетнамски
Вилнус, вилнушанец, вилнушанка, вилнушани; вилнуски
Виндхук, виндхучанец, виндхучанка, виндхучани; виндхучки
Виница, виничанец, виничанка, виничани; винички

Г

Габон, Габонец, Габонка, Габонци; габонски
Габор'оне, габор'онец, габор'онка, габор'онци; габор'онски
Гамбија, Гамбиец, Гамбијка, Гамбијци; гамбиски
Гана, Ганец, Ганка, Ганци; гански
Гвадел'уп, Гвадел'упец, Гвадел'упка, Гвадел'упци; гвадел'упски
Гвај'ана, Гвај'анец, Гвај'анка, Гвај'анци; гвајански
Гватем'ала, Гватем'алец, Гватем'алка, Гватем'алци; гватем'алски
Гвин'еја, Гвин'еец, Гвин'ејка, Гвин'ејци; гвинејски
Гвин'еја Бис'ао, Бис'аец, Бис'ајка, Бис'ајци; бисаогвинејски
Гевгелија, гевгеличанец, гевгеличанка, гевгеличани; гевгелиски
Германија, Германец, Германка, Германци; германски
Гиј'ана *в*. Гвај'ана
Гостивар, гостиварец, гостиварка, гостиварци; гостиварски
Градско, гратчанец, гратчанка, гратчани; гратчански
Грен'ада, Гренаѓанец, Гренаѓанка, Гренаѓани; гренадски
Гренланд, Гренланѓанец, Гренланѓанка, Гренланѓани; гренландски

Грузија, Грузиец, Грузијка, Грузијци; грузиски
Грција, Грк, Гркинка, Грци; грчки

Д

Даблин, даблинец, даблинка, даблинци; даблински
Дака, даканец, даканка, даканци; дакански
Дакар, дакарец, дакарка, дакарци; дакарски
Дамаск, дамашчанец, дамашчанка, дамашчани; дамаски
Данска, Данец, Данкинка, Данци; дански
Дебар, дебранец/дебарчанец, дебранка/дебарчанка, дебранци/дебарчани; дебарски
Дебарца/Дебрца, дебарчанец/дебрчанец, дебарчанка/дебрчанка, дебарчани/дебрчани; дебарски/дебрски
Делчево, делчевец, делчевка, делчевци; делчевски
Демир Капија, демиркапиец, демиркапијка, демиркапијци; демиркаписки
Демир Хисар, демирхисарец, демирхисарка, демирхисарци; демирхисарски
Дили, дилиец, дилијка, дилијци; дилиски
Дод'ома, додоманец, додоманка, додоманци; додомански
Дојран, дојранец, дојранка, дојранци; дојрански
Домин'ика, доминичанец, доминичанка, доминичани; доминикиски
Доминик'ана *в.* Доминик'анска Република
Доминик'анска Република, Доминик'анец, Доминик'анка, Доминик'анци; доминик'ански
Дримкол, Дримколец, Дримколка, Дримколци; дримколски
Душ'анбе, душанб'еец, душанб'ејка, душанб'ејци; душанб'ејски

Ѓ

Ѓавато (Гевгелиско), ѓавучанец, ѓавучанка, ѓавучани; ѓавучки
Ѓавато (Битолско), ѓаваштанец, ѓаваштанка, ѓаваштанци; ѓаватски

Е

Евроазија, евроазиски
Европа, Европеец, Европејка, Европејци; европски
Египет, Египќанец, Египќанка, Египќани; египетски
Единбург, единбуржанец, единбуржанка, единбуржани; единбуршки
Екв'адор, Еквадорец, Еквадорка, Еквадорци; еквадорски
Екваторска Гвин'еја, Екватогвин'еец, Екватогвин'ејка, Екватогвин'ејци; екватогвинејски
Ел Салв'адор *в.* Салв'адор
Естонија, Естонец, Естонка, Естонци; естонски
Ереван, ереванец, ереванка, ереванци; еревански
Еритр'еја, Еритр'еец, Еритр'ејка, Еритр'ејци; еритр'ејски
Ерменија, Ерменец, Ерменка, Ерменци; ерменски

Естонија, Естонец, Естонка, Естонци, естонски
Етиопија, Етиопјанец, Етиопјанка, Етиопјани; етиопски

З

Загреб, загрепчанец, загрепчанка, загрепчани; загрепски
Замбија, Замбиец, Замбијка, Замбијци; замбиски
Зелен 'Рт *в.* Република Зелен 'Рт
Зимб'абве, Зимбабвеец, Зимбабвејка, Зимбабвејци; зимбабвејски и зимбабвиски

И

Израел, Израелец, Израелка, Израелци; израелски
Индија, Индиец, Индијка, Индијци; индиски
Индонезија, Индонезиец, Индонезијка, Индонезијци; индонезиски
Ирак, Ирачанец, Ирачанка, Ирачани; ирачки
Иран, Иранец, Иранка, Иранци; ирански
Ирска, Ирец, Иркинка, Ирци; ирски
Ислам'абад, исламабаѓанец, исламабаѓанка, исламабаѓани; исламабадски
Исланд, Исланѓанец, Исланѓанка, Исланѓани; исландски
Источен Тимор, Источнотиморец/Тиморец, Источнотиморка/Тиморка, Источнотиморци/Тиморци; источнотиморски/тиморски
Италија, Италијанец, Италијанка, Италијанци; италијански

Ј

Јам'ајка, Јамајчанец, Јамајчанка, Јамајчани; јамајски
Јапонија, Јапонец, Јапонка, Јапонци; јапонски
Јарен, јаренец, јаренка, јаренци; јаренски
Јемен, Јеменец, Јеменка, Јеменци; јеменски
Јордан, Јорданец, Јорданка, Јорданци; јордански
Ју'анде, јуандеец, јуандејка, јуандејци; јуандејски
Јужен Судан, Јужносуданец, Јужносуданка, Јужносуданци; јужносудански
Јужна Америка, Јужноамериканец, Јужноамериканка, Јужноамериканци; јужноамерикански
Јужна Кор'еја/Република Кор'еја, Јужнокореец, Јужнокорејка, Јужнокорејци; јужнокорејски
Јужноафриканска Република, Јужноафриканец, Јужноафриканка, Јужноафриканци; јужноафрикански

К

Кабул, кабулец, кабулка, кабулци; кабулски
Кавадарци, кавадарчанец, кавадарчанка, кавадарчани; кавадаречки
Казахст'ан, Казахст'анец/Казах, Казахст'анка/Казашка, Казахст'анци/Казаси; казахт'ански/казашки

Каиро, каирец, каирка, каирци; каирски
Камб'оџа, Камбоџанец, Камбоџанка, Камбоџанци; камбоџиски
Камерун, Камерунец, Камерунка, Камерунци; камерунски
Камп'ала, кампаланец, кампаланка, кампаланци; кампаланski
Канада, Канаѓанец, Канаѓанка, Канаѓани; канадски
Канбера, канберец, канберка, канберци; канберски
Каракас, каракашанец, каракашанка, каракашани; каракаски
Картум, картумец, картумка, картумци; картумски
Кастрис, кастришанец, кастришанка, кастришани; кастриски
Катар, Катарец, Катарка, Катарци; катарски
Катм'анду, катманѓанец, катманѓанка, катманѓани; катмандски
Кенија, Кениец, Кенијка, Кенијци; кениски
Киев, киевјанец, киевјанка, киевјани; киевски
Киг'али, кигалиец, кигалијка, кигалијци; кигалиски
Кина, Кинез, Кинезинка, Кинези; кинески
Кингстаун, кингстаунец, кингстаунка, кингстаунци; кингстаунски
Кингстон, кингстонец, кингстонка, кингстонци; кингстонски
Кинш'аса, киншасанец, киншасанка, киншасани; киншаски
Кипар, Кипранец, Кипранка, Кипрани; кипарски
Киргист'ан, Киргист'анец/Киргиз, Киргист'анка/Киргиска, Киргист'анци/Киргизи; киргист'ански/киргиски
Кириб'ати/Кирибас, Кирибаќанец Кирибашанец, Кирибаќанка/ Кирибашанка, Кирибаќани/ Кирибашани; кириб'атски/ кирибашки
Кито, китоанец, китоанка, китоанци; китоски
Кичево, кичевец/кичевчанец, кичевка/кичевчанка, кичевци/ кичевчани; кичевски
Кишињев, кишињевец, кишињевка, кишињевци; кишињевски
Кол'омбо, коломбиец, коломбијка, коломбијци; коломбиски
Колумбија, Колумбиец, Колумбијка, Колумбијци; колумбиски
Ком'ори, Коморец, Коморка, Коморци; коморски
Кон'акри, конакриец, конакријка, конакријци; конакриски
Конго, Конгоанец, Конгоанка, Конгоанци; конгоански
Коњско, коњштанец, коњштанка, коњштани; коњски
К'опенх'аген, копенхагенец, копенхагенка, копенхагенци; копенх'ашки
Косово, Косовец, Косовка, Косовци; косовски

Костар'ика, Костариканец, Костариканка, Костариканци; костарикански
Кочани, кочанец/кочанчанец, кочанка/кочанчанка, кочанци/кочанчани; кочански
Кратово, кратовец/кратовчанец, кратовка/кратовчанка, кратовци/кратовчани; кратовски
Крива Паланка, паланчанин/паланчанец, паланчанка, паланчани; кривопаланечки
Крушево, крушевчанец, крушевчанка, крушевчани; крушевски
Ку'ала Лумпур, куалалумпурец, куалалумпурка, куалалумпурци; куалалумпурски
Куба, Кубанец, Кубанка, Кубанци; кубански
Кувајт, Кувајќанец, Кувајќанка, Кувајќани; кувајтски
Куманово, кумановец/кумановчанец, кумановка/кумановчанка, кумановци/кумановчани; кумановски

Л

Ла Вал'ета, лавалеќанец, лавалеќанка, лавалеќани; лавалетски
Лаос, Лаошанец, Лаошанка, Лаошани; лаоски
Ла П'ас, лапашанец, лапашанка, лапашани; лапашки
Латвија, Латвиец, Латвијка, Латвијци; латвиски
Латинска Америка, Латиноамериканец, Латиноамериканка, Латиноамериканци; латиноамерикански
Лес'ото, Лесотоанец, Лесотоанка, Лесотоанци; лесотски
Летонија, Летонец, Летонка, Летонци; летонски, *в.* Латвија
Либан, Либанец, Либанка, Либанци; либански
Либервил, либервилец, либервилка, либервилци; либервилски
Либерија, Либериец, Либеријка, Либеријци; либериски
Либија, Либиец, Либијка, Либијци; либиски
Лил'онгве, лилонгвеец, лилонгвејка, лилонгвејци; лилонгвејски
Лима, лиманец, лиманка, лиманци; лимски
Лисабон, лисабонец, лисабонка, лисабонци; лисабонски
Литванија, Литванец, Литванка, Литванци; литвански
Лихтенштајн, Лихтенштајнец, Лихтенштајнка, Лихтенштајнци; лихтенштајнски
Ломбардија, Ломбардиец, Ломбардијка, Ломбардијци; ломбардиски
Лом'е, лом'еец, лом'ејка, лом'ејци; лом'ејски
Лондон, лондонец, лондонка, лондонци; лондонски
Лу'анда, луанѓанец, луанѓанка, луанѓани; луандски
Луксембург[1] (држава), Луксембуржанец, Луксембуржанка, Луксембуржани; луксембуршки

Луксембург[2] (град), луксембуржанец, луксембуржанка, луксембуржани; луксембуршки
Лус'ака, лусачанец, лусачанка, лусачани; лусачки

Љ

Љубљ'ана, љубљанчанец, љубљанчанка, љубљанчани; љубљански

М

Мавританија, Мавританец, Мавританка, Мавританци; мавритански
Маврициус, Маврициец, Маврицијка, Маврицијци; маврициски
Маврово, мавровец, мавровка, мавровци; мавровски
Мадаг'аскар, Мадагаскарец, Мадагаскарка, Мадагаскарци; мадагаскарски
Мадрид, мадриќанец, мадриќанка, мадриќани; мадридски
Македонија, Македонец, Македонка, Македонци; македонски
Македонски Брод, броќанец, броќанка, броќани; бродски
Мал'або, малабоанец, малабоанка, малабоанци; малабоански
Мал'ави, Малавиец, Малавијка, Малавијци; малависки
Мал'аја, Мал'аец, Мал'ајка, Мал'ајци; мал'ајски
Малд'иви, Малдивец, Малдивка, Малдивци; малдивски
Малѐ, малеец, малејка, малејци; малејски
Малезија, Малезиец, Малезијка, Малезијци; малезиски
Малешево/Малешевија, Малешевец, Малешевка, Малешевци; малешевски
Мали, Малиец, Малијка, Малијци; малиски
Малта, Малтежанец, Малтежанка, Малтежани; малтешки
Ман'агва, манагванец, манагванка, манагванци; манагвански
Ман'ама, ман'амец, ман'амка, ман'амци; ман'амски
Ман'ила, ман'илец, ман'илка, ман'илци; ман'илски
Мап'уто, мапуто'анец, мапуто'анка, мапуто'анци; мапуто'ански
Мариово, Мариовец, Мариовка, Мариовци; мариовски
Мар'око, Марок'анец, Марок'анка, Марок'анци; марок'ански
Маршалски Острови, Маршалец, Маршалка, Маршалци; маршалски
Мас'еру, масеруанец, масеруанка, масеруанци; масеруански
Маскат, маскаќанец, маскаќанка, маскаќани; маскатски
Маџ'уро, маџуро'анец, маџуро'анка, маџуро'анци; маџуро'ански
М’баб'ане, м’бабанец, м’бабанка, м’бабанци; м’бабански
Мексико, Мексик'анец, Мексик'анка, Мексик'анци; мексик'ански
Мексико Сити, *в.* Сиуд'ад Мексико
Мијачија, Мијак, Мијачка, Мијаци; мијачки

Мјанмар, Мјанмарец, Мјанмарка, Мјанмарци; мјанмарски
Минск, минсчанец, минсчанка, минсчани; мински
Могад'ишу, могадишанец, могадишанка, могадишани; могадишки
Мозамбик, Мозамбиканец, Мозамбиканка, Мозамбиканци; мозамбички
Молдавија, Молдавец, Молдавка, Молдавци; молдавски
Мон'ако, Моначанец, Моначанка, Моначани; моначки
Монголија, Монголец, Монголка, Монголци; монголски
Монровија, монровиец, монровијка, монровијци; монровиски
Монтев'идео, монтевидеец, монтевидејка, монтевидејци; монтевидејски
Мородвис, морожданец, морожданка, морождани; морошки
Мор'они, моронјанец, моронјанка, моронјани; моронјански
Москва, московјанец/московјанин, московјанка, московјани; московски

Н

Најр'оби, најробиец, најробијка, најробијци; најробиски
Намибија, Намибиец, Намибијка, Намибијци; намибиски
Нас'ау, насауанец, насауанка, насауани; насауски
На'уру, Наурујанец, Наурујанка, Наурујани; наурујански
Н'гер'улмуд, н'герулмудјанец, н'герулмудјанка, н'герулмудјани; н'герулмудски
Неготино, неготинец, неготинка, неготинци; неготински
Непал, Непалец, Непалка, Непалци; непалски
Нигер, Нигерец, Нигерка, Нигерци; нигерски
Нигерија, Нигериец, Нигеријка, Нигеријци; нигериски
Нијам'ej, нијам'еец, нијам'ејка, нијам'ејци; нијам'ејски
Никар'агва, Никарагванец, Никарагванка, Никарагванци; никарагвански
Никозија, никозиец, никозијка, никозијци; никозиски
Нов Зеланд, Новозеланѓанец, Новозеланѓанка, Новозеланѓани; новозеландски
Норвешка, Норвежанец, Норвежанка, Норвежани; норвешки
Нуакш'от, нуакшотјанец, нуакшотјанка, нуакшотјани; нуакш'отски
Нукуал'офа, нукуалофанец, нукуалофанка, нукуалофанци; нукуалофански
Н'џам'ена, н'џам'енец, н'џам'енка, н'џам'енци; н'џам'енски

Њ

Њу Делхи, њуделхиец, њуделхијка, њуделхијци; њуделхиски

О

Обединети Арапски Емир'ати/
Емир'ати, Емираќанец,
Емираќанка, Емираќани;
емир'атски
Обединето Кралство Велика
Британија и Северна Ирска
в. Велика Британија
Овч'е Поле, Овчеполец, Овчеполка,
Овчеполци; овчеполски
Оман, Оманец, Оманка, Оманци;
омански
Осло, ослоанец, ослоанка,
ослоанци; ослоански
Осоговија; осоговски
От'ава, отавјанец, отавјанка,
отавјани; отавј'ански
Охрид, охриѓанец, охриѓанка,
охриѓани; охридски

П

Пакистан/Пакист'ан,
Пакистанец/Пакист'анец,
Пакистанка/Пакист'анка,
Пакистанци/Пакист'анци;
пакистански/пакист'ански
Пал'ау, Палауанец, Палауанка,
Палауанци; палауански
Палест'ина, Палест'инец,
Палест'инка, Палест'инци;
палест'ински
Паликир, паликирец, паликирка,
паликирци; паликирски
Панама, Панамец, Панамка,
Панамци; панамски
Пан'ама Сити, пан'амец, пан'амка,
пан'амци; панамски
Пап'уа Нова Гвин'еја, Папу'анец,
Папу'анка, Папу'анци;
папу'ански
Парагвај, Парагваец, Парагвајка,
Парагвајци; парагвајски
Париз, парижанец, парижанка,
парижани; париски
Пекинг, пекинжанец,
пекинжанка, пекинжани;
пекиншки
Персија, Персиец, Персијка,
Персијци; персиски
Перу, Перуанец, Перуанка,
Перуанци; перуански
Пехчево, пехчевец, пехчевка,
пехчевци; пехчевски
Пијанец; пијанечки
Пјонгјанг, пјонгјанжанец,
пјонгјанжанка, пјонгјанжани;
пјонгјангшки
Пном Пен, пномпенец, пномпенка,
пномпенци; пномпенски
Подгорица, подгоричанец,
подгоричанка, подгоричани;
подгорички
Полска, Пољак, Пољачка, Пољаци;
полски
Пореч, Поречанец, Поречанка,
Поречани; поречки
Порт Вила, портвилец, портвилка,
портвилци; портвилски
Порт Луис, портлуисанец,
портлуисанка, портлуисанци;
портлуиски
Порт Морзби, портморзбиец,
портморзбијка, портморзбијци;
портморзбиски
Порт о Пренс, портопреншанец,
портопреншанка,
портопреншани;
портопренски
Порт оф Спејн, портофспејнец,
портофспејнка, портофспејнци;
портофспејнски

Порто Ново, портоновјанец, портоновјанка, портоновјани; портоновојански
Португалија, Португалец, Португалка, Португалци; португалски
Прага, пражанец, пражанка, пражани; прашки
Праја, прајанец, прајанка, прајанци; прајански
Преторија, преториец, преторијка, преторијци; преториски
Прилеп, прилепчанец, прилепчанка, прилепчани; прилепски
Приштина, приштинец, приштинка, приштинци; приштински
Пробиштип, пробиштипјанец, пробиштипјанка, пробиштипјани; пробиштипски

Р

Рабат, рабаќанец, рабаќанка, рабаќани; рабатски
Радовиш, радовишанец, радовишанка, радовишани; радовишки
Раец, Раечанец, Раечанка, Раечани; раечки
Рангун, рангунец, рангунка, рангунци; рангунски
Рејкјавик, рејкјавичанец, рејкјавичанка, рејкјавичани; рејкјавички
Река, Реканец, Реканка, Реканци; рекански
Република Зелен ’Рт/Кабо Верде, Зелено'ртјанец/Кабовердјанец, Зелено'ртјанка/Кабовердјанка, Зелено'ртјани/Кабовердјани; зелено'ртски/кабовердјански
Ресен, ресенчанец, ресенчанка, ресенчани; ресенски
Рига, риганец, риганка, риганци; риганski
Ријад, ријаѓанец, ријаѓанка, ријаѓани; ријадски
Рим, римјанин, римјанка, римјани; римски
Романија, Романец, Романка, Романци; романски
Ру'анда, Руанѓанец, Руанѓанка, Руанѓани; руандски
Русија *в.* Руска Федерација
Руска Федерација, Русин, Русинка, Руси; руски
Рус'о, русојанец, русојанка, русојани; русојански

С

Салв'адор, Салвадорец, Салвадорка, Салвадорци; салвадорски
Сам'оа/Западна Сам'оа, Само'анец, Само'анка, Само'анци; самоански
Сан Мар'ино, Санмар'инец, Санмар'инка, Санмар'инци; санмар'ински
Сан Салв'адор, сансалвадорец, сансалвадорка, сансалвадорци; сансалвадорски
Сан Хос'е, санхосеанец, санхосеанка, санхосеанци; санхосеански
Сана, санаец, санајка, санајци; санајски
Сантј'аго/Сантј'аго де Чиле, сантјагоанец, сантјагоанка, сантјагоанци; сантјашки
Санто Дом'инго, сантодомингоанец, сантодомингоанка,

сантодомингоанци; сантодомингоански
Саун Том'е и Принсип, Саунтом'еец, Саунтом'ејка, Саунтом'ејци; саунтом'ејски
Сараево, сараевчанец, сараевчанка, сараевчани; сараевски
Саудиска Арабија, Саудиец, Саудијка, Саудијци; саудиски
Свазиленд, Свазиец, Свазијка, Свазијци; свазиски
Сент Лусија, Сентлусиец, Сентлусијка, Сентлусијци; сентлусиски
Сент Винсент и Гренадини, Винсентјанец, Винсентјанка, Винсентјани; винсентјански
Свети Китс и Невис, Китиец/Невисјанец, Китијка/Невисјанка, Китијци/Невисјани; китијски/невисјански
Свети Николе, светиниколец, светиниколка, светиниколци; светиниколски
Северна Америка, Северноамериканец, Северноамериканка, Северноамериканци; северноамерикански
Северна Кор'еја (ДНР), Севернокореец, Севернокорејка, Севернокорејци; севернокорејски
Сејш'ели, Сејшелец, Сејшелка, Сејшелци; сејшелски
Сејшелски Острови *в.* Сејш'ели
Селце (Крушевско), селчанец, селчанка, селчани; селечки
Сенегал, Сенегалец, Сенегалка, Сенегалци; сенегалски
Сент Џонс, сентџоншанец, сентџоншанка, сентџоншани; сентџонски
Сент Џорџ, сентџорџиец, сентџорџијка, сентџорџијци; сентџорџиски
Сеул, сеулец, сеулка, сеулци; сеулски
Си'ера Ле'оне, Сиералеонец, Сиералеонка, Сиреалеонци; сиералеонски
Сингапур, Сингапурец, Сингапурка, Сингапурци; сингапурски
Сирија, Сириец, Сиријка, Сиријци; сириски
Сиуд'ад де Гватем'ала, гватем'алец, гватем'алка, гватем'алци; гватем'алски
Сиуд'ад Мексико, мексик'анец, мексик'анка, мексик'анци; мексик'ански
Скопје, скопјанец, скопјанка, скопјани; скопски
Словачка/Словакија, Словак, Словакинка, Словаци; словачки
Словенија, Словенец, Словенка, Словенци; словенечки
Соединети Американски Држави, Американец, Американка, Американци; американски
Солом'они, Солом'онец, Солом'онка, Солом'онци; солом'онски
Соломонови Острови *в.* Солом'они
Сомалија, Сомалиец, Сомалијка, Сомалијци; сомалиски
Софија, софијанец, софијанка, софијанци; софиски

Србија, Србин, Србинка, Срби; српски
Стар Дојран, дојранчанец, дојранчанка, дојранчани; дојрански
Стокхолм, стокхолмец, стокхолмка, стокхолмци; стокхолмски
Струга, стружанец, стружанка, стружани; струшки
Струмица, струмичанец, струмичанка, струмичани; струмички
Сува, суванец, суванка, суванци; сувански
Судан, Суданец, Суданка, Суданци; судански

Т

Тајп'еј, тајп'еец, тајп'ејка, тајп'ејци; тајпејски
Тајван, Тајванец, Тајванка, Тајванци; тајвански
Тајланд, Тајланѓанец, Тајланѓанка, Тајланѓани; тајландски
Талин, талинец, талинка, талинци; талински
Танзанија, Танзаниец, Танзанијка, Танзанијци; танзаниски
Таџикист'ан, Таџикист'анец/Таџик, Таџикист'анка/Таџичка, Таџикист'анци/Таџици; таџикист'ански/таџички
Ташкент, ташкентјанец, ташкентјанка, ташкентјани; ташкентски
Тбилиси, тбилисиец, тбилисијка, тбилисијци; тбилисиски
Тегусиг'алпа, тегусигалпанец, тегусигалпанка, тегусигалпанци; тегусигалпански
Тел Авив, телавивец, телавивка, телавивци; телавивски
Тетово, тетовец/тетовчанец, тетовка/тетовчанка, тетовци/тетовчани; тетовски
Техеран, техеранец, техеранка, техеранци; техерански
Тиквеш, Тиквешанец, Тиквешанка, Тиквешани; тиквешки
Тир'ана, тиранчанец, тиранчанка, тиранчани; тир'ански
Тимбу, тимбуанец, тимбуанка, тимбуанци; тимбуски
Тихи Океан/Пацифик; тихоокеански/пацифички
Того, Тогоанец, Тогоанка, Тогоанци; тогоански
Токио, токиец, токијка, токијци; токиски
Тонга, Тонганец, Тонганка, Тонганци; тонгански
Тринидад и Тоб'аго, Тринидадиец, Тринидадијка, Тринидадијци; тринидадски / Тобагоанец, Тобагоанка, Тобагоанци; тобагоански
Триполи, триполиец, триполијка, триполијци; триполиски
Тув'алу, Тувалуанец, Тувалуанка, Тувалуанци; тувалуански
Тунис[1] (држава), Тунижанец, Тунижанка, Тунижани; туниски
Тунис[2] (град), тунижанец, тунижанка, тунижани; туниски
Туркменист'ан, Туркменист'анец/Туркмен, Туркменист'анка/

Туркменка, Туркменист'анци/Туркмени; туркменист'ански/туркменски
Турција, Турчин, Турчинка, Турци; турски

У

Уагад'угу, уагадугуанец, уагадугуанка, уагадугуани; уагадугуански
Уг'анда, Угандиец, Угандијка, Угандијци; угандски
Узбекист'ан, Узбекист'анец/Узбек, Узбекист'анка/Узбечка, Узбекист'анци/Узбеци; узбекист'ански/узбечки
Украина, Украинец, Украинка, Украинци; украински
Улан Батор, уланбаторец, уланбаторка, уланбаторци; уланбаторски
Унгарија, Унгарец, Унгарка, Унгарци; унгарски
Уругвај, Уругваец, Уругвајка, Уругвајци; уругвајски

Ф

Филип'ини, Филип'инец, Филип'инка, Филип'инци; филип'ински
Финска, Финец, Финкинка, Финци; фински
Фиџи, Фиџиец, Фиџијка, Фиџијци; фиџиски
Франција, Французин/Француз, Францускинка, Французи; француски
Фритаун, фритаунец, фритаунка, фритаунци; фритаунски
Фунаф'ути, фунафутиец, фунафутијка, фунафутијци; фунафутиски

Х

Хав'ана, хав'анец, хав'анка, хав'анци; хавански
Хаг, хажанец, хажанка, хажани; хашки
Ха'ити, Хаиќанец, Хаиќанка, Хаиќани; хаитски/хаиќански
Ханој, ханоец, ханојка, ханојци; ханојски
Хар'аре, хараreец, хараrејка, хараrејци; хараrејски
Хелсинки, хелсинчанец, хелсинчанка, хелсинчани; хелсиншки
Холандија, Холанѓанец, Холанѓанка, Холанѓани; холандски
Хондурас, Хондурашанец, Хондурашанка, Хондурашани; хондурски
Хонијʼара, хонијаранец, хонијаранка, хонијаранци; хонијарски
Хрватска, Хрват, Хрватка, Хрвати; хрватски

Ц

Централноафриканска Република, Централноафриканец, Централноафриканка, Централноафриканци; централноафрикански
Црна Гора, Црногорец, Црногорка, Црногорци; црногорски
црнец, црнкинка, црнци; црнечки

Ч

Чад, Чаѓанец, Чаѓанка, Чаѓани; чадски
Чеченија, Чеченец, Чеченка, Чеченци; чеченски
Чешка/Чехија, Чех, Чехинка, Чеси; чешки
Чиле, Чиле'анец, Чиле'анка, Чиле'анци; чиле'ански

Џ

Џак'арта, џакартиец, џакартијка, џакартијци; џакартски
Џиб'ути, Џибутјанец, Џибутјанка, Џибутјани; џибутски
Џорџ Таун, џорџтаунец, џорџтаунка, џорџтаунци; џорџтаунски
Џуба, џубанец, џубанка, џубани; џупски

Ш

Швајцарија, Швајцарец, Швајцарка, Швајцарци; швајцарски
Шведска, Швеѓанец, Швеѓанка, Швеѓани; шведски
Шкотска, Шкот/Шкотланѓанец, Шкотка/Шкотланѓанка, Шкоти/Шкотланѓани; шкотски
Шпанија, Шпанец, Шпанка, Шпанци; шпански
Шри Ланка, Шриланчанец, Шриланчанка, Шриланчани; шриланечки
Штип, штипјанец, штипјанка, штипјани; штипски

XII.

ДОДАТОЦИ

За да се оформи писмен текст што ќе биде поприфатлив и полесно разбирлив за читателот, освен правописните и интерпункциските правила, постојат и посебни правила и графички техники.

ОФОРМУВАЊЕ ДЕЛОВИ ОД ТЕКСТ

396. а) Насловот се пишува во нов ред, со голема почетна буква и без точка на крајот:

Правопис на македонскиот јазик
Промоција на зборникот „100 илјади поети за промена“
Веселите жени од Виндзор
Тетово и Тетовско во илинденскиот период 1895 – 1905

б) Ако насловот се состои од повеќе самостојни зборови, целини или реченици, на крајот не се пишува точка:

Храм. Молитви
Болен Дојчин. Анѓелина

в) Другите интерпункциски и правописни знаци се пишуваат според општите правила:

Јас, *Деспина Кавајa*
Ендрју, *љубов и други непогоди*
Царски рез: македонски раскази
Го сакате ли Дебиси?

г) Наднасловот стои самостојно:

Детска
илустрирана
енциклопедија

Ѕвезди
и планети

д) Поднасловот започнува во нов ред, самостојно, во загради, одделен со црти или на друг начин:

Децата на Граѓанската војна во Грција
Бегалците и политиката на сеќавањето

Елегии за тебе
Реквием за Рацин

ѓ) Името на авторот се пишува пред или по насловот, или на крајот на текстот:

Славко Јаневски
Шеќерна приказна

Божилак
Гане Тодоровски

е) Мотото се пишува од десната страна, по насловот, во нов ред, на посебна страница или пред почетокот на текстот:

„Меморијата е кореноt на творечкиоt геније.“
Клаус Улих

ж) Заглавјето на дел или поглавје на текст се пишува како наслов. Доколку се набројуваат повеќе такви делови, тие можат да се напишат во еден ред или во повеќе редови:

Глава 3. Новини во етиологијата, дијагностиката и третманоt на аутизмоt

Глава 3.
Новини во етиологијата, дијагностиката и третманоt на аутизмоt

ОФОРМУВАЊЕ РУБРИКИ

397. а) Рубриките се оформуваат со бројки (арапски или римски), букви, други графички знаци, со бројните придавки *прво*, *второ* итн. или само со нов ред.

б) По цифри или по големи букви, се става точка:

I.	*1.*	*А.*
II.	*2.*	*Б.*
III.	*3.*	*В.*

в) По арапски цифри или по мали букви, може да се стави точка или десна заграда:

1.	1)	а.	а)
2.	2)	б.	б)
3.	3)	в.	в)

г) По бројните придавки задолжително се става запирка:

Прво, како што напоменавме на почетокоt...

Второ, еден од приоритетите...

д) Рубриките можат да се претстават вертикално (секоја во нов ред) или хоризонтално (во продолжение):

Според значењето, прилозите се делат на неколку групи:

а. прилози за време
б. прилози за место
в. прилози за начин
г. прилози за количество и степен.

Според значењето, прилозите се делат на неколку групи: а. прилози за време; б. прилози за место; в. прилози за начин; г. прилози за количество и степен.

ѓ) Кога рубриките имаат и подрубрики, тие се подредуваат вертикално:

V. Просветителството во Македонија
Јоаким Крчовски – живот и литературна дејност
Кирил Пејчиновиќ – живот и литературна дејност
„Огледало“ – „Слово за празниците“ – анализа

е) Вертикално подредените рубрики започнуваат со мала буква доколку претставуваат дел од граматичка и смисловна целина и завршуваат без знак, со запирка или со знакот точка и запирка. Последната рубрика секогаш завршува со точка.

По читањето на оваа глава, треба да бидете способни:
1. да објасните од што зависи големината на одборот на директори
2. да ја објасните класификацијата на одборот на директори
3. да го објасните значењето на составот на одборот на директори за успехот на корпоративното управување.

По читањето на оваа глава, треба да бидете способни:
1. да објасните од што зависи големината на одборот на директори,
2. да ја објасните класификацијата на одборот на директори,
3. да го објасните значењето на составот на одборот на директори за успехот на корпоративното управување.

По читањето на оваа глава, треба да бидете способни:
1. да објасните од што зависи големината на одборот на директори;
2. да ја објасните класификацијата на одборот на директори;
3. да го објасните значењето на составот на одборот на директори за успехот на корпоративното управување.

ж) Вертикално подредените рубрики започнуваат со голема буква и завршуваат со точка доколку се работи за самостојни искази:

Важноста за сите претпријатија се огледа во следново:
1. Развој на менаџерската способност.

2. Зголемување на веројатноста за успех.
3. Координирање на напорот меѓу одделенијата.

з) Хоризонтално подредените рубрики започнуваат со мала буква и се одделуваат со запирка или со знакот точка и запирка. Последната рубрика завршува со точка.

Даночните обврзници задолжително ги доставуваат следните обрасци: 1. даночна пријава на данокот на додадена вредност, 2. даночен биланс за одаточување непризнаени расходи, 3. даночен биланс на вкупен приход.

Даночните обврзници задолжително ги доставуваат следните обрасци: 1. даночна пријава на данокот на додадена вредност; 2. даночен биланс за одаточување непризнаени расходи; 3. даночен биланс на вкупен приход.

ОФОРМУВАЊЕ ТЕКСТ ПРИДРУЖЕН СО СЛИКОВИТО ИЛИ ГРАФИЧКИ ПРЕТСТАВЕНА ИНФОРМАЦИЈА

398. Текстот што објаснува податоци претставени графички, со слики или со табели, се оформува како наслов.



Значења на минатото определено време



Реализација на продажбата по тримесечја



Графикон 1: Интерес за гледање телевизиски серии според возраста



Графикон бр. 3: Приходи на граѓаните според возраста

	2009	2008
100 % опции	10 %	12 %
Повеќе опции од акции	4 %	5 %
50 % опции / 50 % акции	14 %	14 %
Помалку опции од акции	4 %	5 %
100 % ограничени акции	68 %	64 %

Табела: Надомест во форма на капитал



Ендокрин систем: 1. Епифиза. 2. Хипофиза. 3. Штитна жлезда. 4. Градна жлезда. 5. Надбубрежна жлезда. 6. Панкреас. 7. Јајчник. 8. Тестис.



Ендокрин систем:

1. Епифиза
2. Хипофиза
3. Штитна жлезда
4. Градна жлезда
5. Надбубрежна жлезда
6. Панкреас
7. Јајчник
8. Тестис

СОСТАВУВАЊЕ ТЕСТОВИ

399. Тестови со повеќе можни одговори се оформуваат на следниов начин:

а) Прашањето се пишува со шрифт различен од можните одговори и завршува со две точки.

б) Предложените/можните одговори на прашањето / задачата се пишуваат вертикално, секој во нов ред, а пред секој од одговорите се бележи мала буква и заграда (не точка). Можните одговори на прашањето/задачата се пишуваат вовлечено или невовлечено.

Бројот на согласките во македонскиот стандарден јазик е:
(*Заокружи ја буквата пред точниот одговор.*)

а) *24*
б) *25*
в) *26*
г) *27*

Акцентот кај глаголскиот прилог во македонскиот стандарден јазик паѓа на:

а) *последниот слог*
б) *вториот слог од крајот на зборот*
в) *третиот слог од крајот на зборот*

в) Воведниот текст (основата на задачата) завршува со две точки кога тој граматички и семантички не претставува завршен исказ и се конкретизира со секој можен одговор на прашањето (задачата).

г) Доколку воведниот текст (основата на задачата) содржи НЕ, НЕМА, НЕТОЧНО и сл. тоа се пишува со шрифт различен од основниот.

Која од посочените бои НЕ е основна?

а) *црвена*
б) *жолта*
в) *зелена*
г) *сина*

Во групата спротивни сврзници НЕ спаѓа:

а) *или*
б) *туку*
в) *но*
г) *меѓутоа*

Кои од следните тврдења се НЕТОЧНИ? ***или*** *Заокружете го ПОГРЕШНОТО тврдење.*

а) *Трговскиот кредит се склучува без потпишување формален документ.*

б) *Потрошената електрична енергија ќе биде растечка обврска само доколку дојде до пораст на цените.*

в) *Спонтаните извори не предизвикуваат трошоци на финансирање.*

г) *Платите спаѓаат во растечка обврска, но не и во спонтани извори.*

д) Зборовите на кои се однесува прашањето се пишуваат со шрифт различен од основниот.

Заменката НЕКОЈ е:

а) *лична заменка*

б) *лично-предметна заменка*

в) *показна заменка*

При изговорот на зборовите НОЖ, ОРИЗ, ДОЈДОВ се регистрира појавата:

а) *едначење по звучност*

б) *обезвучување на крајот на зборот*

в) *редување (замена) на гласовите*

Зборовите: МОЖЕБИ, НАВИСТИНА, СЕКАКО, СИГУРНО се:

а) *прилози*

б) *честички*

в) *модални зборови*

г) *предлози*

Минатото неопределено време се образува со помошниот глагол СУМ во сегашно време и со:

а) *глаголска придавка*

б) *глаголска л-форма*

в) *глаголска именка*

(*Заокружи ја буквата пред точниот одговор.*)

Коцка чиј волумен е 1 cm^3 *има плоштина:*

а) *1* cm^2

б) *2* cm^2

в) *3* cm^2

г) *6* cm^2

ѓ) Воведниот текст (основата на задачата) завршува со точка или со прашалник кога граматички и семантички претставува завршен исказ

и не содржи израз што се конкретизира во одговорите на прашањето (задачата).

Како ќе дознаете дека вашата електронска порака не стигнала до примателот, поради погрешно внесената адреса?

а) *Ќе добиете електронска порака која ќе ви укаже дека серверот на примателот не постои или примателот во него не постои.*

б) *Никогаш не може да се дознае дека не е примена пораката или дека погрешно сте ја напишале адресата на примачот.*

е) Одговорите на прашањата започнуваат со мала буква кога се дел од исказ што граматички и семантички ја завршува основата на прашањето (задачата), а завршуваат без интерпункциски знак.

Старателството е составен дел од:

а) *граѓанското право*

б) *социјалното право*

в) *семејното право*

г) *наследното право*

Според Уставот, Република Македонија е:

а) *суверена и демократска држава*

б) *суверена, самостојна, демократска и социјална држава*

в) *суверена и самостојна држава*

ж) Одговорите на прашањата во текстот започнуваат со мала буква и завршуваат без запирка кога се состојат од еден збор или израз, без оглед на тоа дали прашањето завршува со прашалник, освен кога се работи за сопствени именки.

Која е најстарата монотеистичка религија?

а) *јудаизмот*

б) *христијанството*

в) *исламот*

г) *сикизмот*

Која планета од Сончевиот Систем е најоддалечена од Сонцето?

а) *Марс*

б) *Сатурн*

в) *Нептун*

г) *Плутон*

Која тројка броеви може да претставува мерни броеви на страните на еден триаголник?

а) *2, 2, 5*

б) *3*, *3*, *5*

в) *4*, *4*, *8*

г) *5*, *5*, *15*

Јазикот, *обичаите*, *сфаќањата*, *верувањата*, *нормите и вредностите се составен дел на:*

а) *науката*

б) *уметноста*

в) *културата*

г) *идеологијата*

УНИЦЕФ е светска организација за заштита на:

а) *економските права*

б) *етничките права*

в) *детските права*

г) *женските права*

з) Одговорите на прашањата во тестот започнуваат со голема буква и завршуваат со точка ако претставуваат завршен исказ, независно од тоа дали прашањето, задачата завршува со прашалник, точка или две точки.

Што е интернет?

а) *Локална поврзана компјутерска мрежа која овозможува пристап до информации и други ресурси.*

б) *Глобална поврзана компјутерска мрежа која овозможува пристап до информации и други ресурси.*

в) *Компјутерска мрежа која покрива област на еден град или една земја и која овозможува пристап до информации и други ресурси преку безжична технологија.*

г) *Компјутерска мрежа која ги поврзува периферните единици на еден компјутер.*

Каков вид пораки се спам-пораките?

а) *Несакани електронски пораки со комерцијален карактер.*

б) *Многу важни електронски пораки коишто бараат најбрз можен одговор од ваша страна.*

в) *Алатки кои имаат улога на сигурност и заштита на вашата електронска пошта.*

ОФОРМУВАЊЕ ТЕКСТ НА СЦЕНАРИО, ЛИБРЕТО, ПИЕСА, ДРАМСКИ ТЕКСТ

400. Сценскиот текст ги содржи имињата на лицата што учествуваат во сценското дело, репликите на лицата (актерите) со сите упатства за актерите, со назначување на редот и времето на излегувањето на сцената, описи на реакциите и однесувањето на актерите и сл.

а) Имињата на ликовите на почетокот на сценскиот текст се пишуваат во нов ред, а улогата кон нив се оформува со шрифт различен од основниот.

КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ (лингвист)

ЕКАТЕРИНА МИХАЈЛОВНА (неговата жена)

СЕРГЕЈ МИСИРКОВ (нивниот син)

б) Името на ликот (улогата) и репликата се оформуваат во еден раздел и се одделуваат со две точки. Името на ликот се пишува со шрифт различен од основниот.

СЕРГЕЈ: Татко ... подобро ти е?

МИСИРКОВ: Синко Сергеј, каде е мајка ти?

СЕРГЕЈ: Сега ќе дојде ... Само што не стигнала!

МИСИРКОВ: Те молам, подај ми една чаша вода ...

СЕРГЕЈ: Татко... Да не ти пречи сонцево...?

МИСИРКОВ (*одвај отворa устa*): Сергеј!

СЕРГЕЈ: Кажи татко!

МИСИРКОВ: Остави го...

СЕРГЕЈ: Што да оставам?

МИСИРКОВ: Сонцето...

Репликите на лицата (улогите) се оформуваат според општите правописни и интерпункциски правила.

в) Авторските белешки што се однесуваат на реакциите или на однесувањето на актерот (ремарка), во средината или по репликата, се пишуваат со курзив, се стават во загради, започнуваат со голема буква, а на крајот се пишува точка.

ДРАШКО: Јас бев исто таков идеалист пред пет години. Човек е првин млад и чесен, а потоа станува умен.

(*Седнува.*)

БРАНИТЕЛОТ: Благодарам. (*Се гледаат.*) И уверен сум дека сте сè уште млад и чесен. Одговорете му на сведокот ... (*Покажува на Борски.*)

(*Пауза. Тишина.*)

МИСИРКОВ (*отпива со напор*):
Само уште водата ме држи во живот ... сонцето .. ти и мајка ти...
(*Повторно ги затвора очите.*)
МИСИРКОВ (*како во бунило*): Дали дојдоа луѓето...?
СЕРГЕЈ: Кои луѓе ... Никој нема ... Сами сме ...
(*Од прозорецот се гледа изгревот на сонцето и лицето на Мисирков.*)

- Авторските белешки што се пишуваат непосредно по лицето започнуваат со мала буква, се пишуваат со курзив и се стават во загради, а по затворената загради се пишува точка, односно две точки:
  СЕРГЕЈ (*му тура од шише*):
  Штотуку ја налеаја милосрдните сестри...
  МИСИРКОВ (*како во бунило*): Дали дојдоа луѓето...?
  СЕРГЕЈ: Кои луѓе ... Никој нема ... Сами сме ...
  МИСИРКОВ: Остави го сонцето да ме грее синко мој... Уште малку...
  СЕРГЕЈ (*Ја враќа завесата. Го гледа со насолзени очи*): Јас мислев татко...
- Белешките што се однесуваат на дејството на сцената, се оформуваат како посебен раздел, се пишуваат со курзив и не се стават во загради.
  Театарската публика ги зазема своите места. За тоа време на сцената влегуваат некои од артистите. Судскиот писар оставa по една копија од записникот на маските од судскиот совет, обвинителот и бранителот... Последен влегува судијата – тоа е знак за почетокот на претресот. Светлината во салоноt се изгаснува. На болничките скали пред самиот влез до собата на Мисирков седи безутешно Екатерина Мисиркова. Минува милосрдната сестра.

ПИСМЕНО СЛУЖБЕНО ОБРАЌАЊЕ

401. Молба

До Филолошкиот факултет
„Блаже Конески“
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
– Скопје

ПРЕДМЕТ: М О Л Б А
за упис на постдипломски студии по македонски јазик

Почитувани,
Ве молам да ми го одобрите уписот на постдипломските студии по...

Во прилог ви доставувам:
1...
2...
3...

Со почит,

20.9.2016 г.
Скопје

Молител,
_____

402. Жалба

До Управата за јавни приходи
на Република Македонија

ПРЕДМЕТ: Ж А Л Б А
на даночно решение

Почитувани,
Во врска со даночното решение број ...

Во прилог ви доставувам:
1...
2...
3...

Со почит,

20.9.2016 г.
Скопје

Жалител,
_____

403. Биографија

ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Име и презиме

Адреса

Телефон

Е-адреса

Државјанство

Датум на раѓање

РАБОТНО ИСКУСТВО

(Да се наведат податоци за секое работно место коешто го сметате за важно, почнувајќи од последното)

Датуми (од – до)

Назив и адреса на работодавачот

Вид на вработување и сектор

Назив на работното место или должноста

Главни активности и одговорности

ОБРАЗОВАНИЕ И СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

(Да се наведат податоци за секој облик на образование и стручно усовршување, почнувајќи од последното)

Датуми (од – до)

Назив и вид на установата за образование и стручно усовршување

Професионални вештини

Назив на добиеното звање

Степен според државната класификација

ЛИЧНИ ВЕШТИНИ И ЗНАЕЊА

(Стекнати во текот на животот и кариерата за кои не мора да поседувате службена потврда или диплома)

МАЈЧИН ЈАЗИК

(Наведете го јазикот)

ДРУГИ ЈАЗИЦИ
(Наведете го јазикот и степенот на познавање: активно / пасивно или одлично / добро / основно)

Читање

Пишување

Зборување

СОЦИЈАЛНИ ВЕШТИНИ И ЗНАЕЊА
(Да се опишат и да се наведе каде се стекнати – способност за тимска работа, во интернационална средина итн.)

ОРГАНИЗАЦИСКИ ВЕШТИНИ И ЗНАЕЊА
(Да се опишат и да се наведе каде се стекнати – координација и организација, работа на проекти, волонтерска работа итн.)

ТЕХНИЧКИ ВЕШТИНИ И ЗНАЕЊА
(Да се опишат и да се наведе каде се стекнати – степен на информатички познавања, работа со алати, апарати и сл.)

УМЕТНИЧКИ ВЕШТИНИ И ЗНАЕЊА
(Да се опишат и да се наведе каде се стекнати – музика, пишување и сл.)

ДРУГИ ВЕШТИНИ И ЗНАЕЊА
(Да се опишат и да се наведе каде се стекнати – знаења кои не се наведени претходно)

ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА
(Категорија)

ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОДАТОЦИ

ПИШУВАЊЕ БИБЛИОГРАФСКИ ЕДИНИЦИ

404. Во научните и во стручните текстови потребно е да се користат сознанија од други автори. Редовно се наведуваат податоци за цитираните извори и за изворите од кои сме црпеле информации. Ова се прави за да се избегнат плагијати, да им се оддаде признание на други што пишувале на определена тема, да се покаже дека се познава литература од областа. Изворите може да бидат книги (или делови од книги), статии во списанија и во зборници. Освен во печатените изданија, изворите може да бидат објавени и во електронските медиуми и бази на податоци.

Секоја библиографска единица е организирана во зависност од видот на цитираниот извор: книга, статија во списание, статија во зборник, прилог во весник и сл.

Не постои еден општоприфатен начин за наведување на библиографските единици. Примерите што се наведуваат овде може да послужат како модел, а во конкретни ситуации треба да се приспособат според барањата на издавачите и на уредниците. Важно е, меѓутоа, еднаш одбраниот модел доследно да се применува во сиот текст и/или книга.

Бројот на податоци и начинот на нивното разделување (загради, точка, запирка) може да се разликува, а основните податоци обично се наведуваат според следниов редослед: автор (име и презиме), наслов, место на издавање, издавач, година на издавање. (Издавачот може да се изостави).

405. а) Книга

Библиографската единица за книга ги содржи следниве податоци:

- Име и презиме на авторот (авторите). Наслов на книгата (во курзив). Место на објавување: издавач, година на издавање.

  Податоците во библиографската единица се одвојуваат со точки (некаде и со запирки); помеѓу местото на издавање и издавачот се пишуваат две точки; помеѓу издавачот и годината се пишува запирка. Секоја библиографска единица завршува со точка.

  Блаже Конески. *Граматика на македонскиот литературен јазик.* Скопје: Култура, 1967.

  Гане Тодоровски. *Горди акорди.* Скопје: Дијалог, 2009.

  Вера Весковиќ-Вангели. *Осми март и напредното движење на жените во Македонија:* (*1939 – 1945*). Скопје: Архив на Македонија, 1985.

- Презиме на авторот и име/ иницијали на името:

Вражиновски, Танас. *Манастирите и црквите во народната традиција*. Скопје: Матица, 2011.

Мареш, Ф. В. *Компаративна фонологија и морфологија на македонскиот јазик*, *синхронија и дијахронија*. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, 2008.

Манева, Е. *Средновековен накит од Македонија*. Скопје: Републички завод за заштита на спомениците, 1992.

б) Книга со поднаслов

Ако има поднаслов, тој се изделува од насловот со две точки и се пишува со голема почетна буква.

Матеја Матевски. *Корени во ветерот*: *Враќање во Стамбол*. Скопје: Матица македонска, 2012.

в) Книга од двајца автори

Името и презимето на првиот автор се одделува со запирка од името и презимето на вториот автор.

Радмила Угринова-Скаловска, Зденка Рибарова. *Радомирово евангелие*. Стари текстови IV. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 1988.

г) Книга од повеќе автори

По името и презимето на првиот и вториот автор може да се напише *и др.* (и други), односно латинската кратенка *et al.* (et alii – ‘и други’).

Божидар Видоески, Тодор Димитровски и др. *Правопис на македонскиот литературен јазик со правописен речник*. Скопје: Просветно дело, 1970.

(За библиографската единица: Б. Видоески, Т. Димитровски, К. Конески, К. Тошев, Р. Угринова-Скаловска. *Правопис на македонскиот литературен јазик со правописен речник.* Скопје: Просветно дело, 1970.)

д) Повторено издание

Во повторените изданија по насловот се пишува и бројот на изданието.

Петар Хр. Илиевски. *Појава и развој на писмото*: *Со посебен осврт кон почетоците на словенската писменост*. Второ ревидирано издание. Скопје: МАНУ, 2006.

Christina E. Kramer, Liljana Mitkovska. *Macedonian*, *Македонски јазик*. A Course for Beginning and Intermediate Students. Third edition. Wisconsin: The University of Wisconsin Press, 2011.

ѓ) Повторено (препечатено) репринт издание

Horace G. Lunt. *Grammar of the Macedonian Literaty Language*. Skopje 1952. Репринт. Скопје: Фондација Отворено општество-Македонија, 2012.

е) Преведена книга

Име и презиме на авторот. Насловот на книгата (во курзив). Превод/ препев (или кратенка прев.) име и презиме на преведувачот. Место: издавач, година.

Хомер. *Илијада*. Препев, предговор, увод и објаснениja Михаил Д. Петрушевски. Скопје: Македонска книга, 1982.

Вилијам Шекспир. *Сите драми и сонети*. Препев од англиски Драги Михајловски. Скопје: Каприкорнус, 2013.

ж) Речник

Македонско-руски речник/Македонско-русский словарь. Ред. акад. Рина Усикова, I–III. Скопје: МАНУ, Детска радост, 1997.

Зозе Мургоски. *Толковен речник на современиот македонски јазик*. Второ проширено и преработено издание. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2011.

Сергей Иванович Ожегов. *Словарь русского языка*. Издание седмое. Стереотипное. Москва: Издателство „Советская энциклопедия“, 1968.

з) Книга без потпишан автор

The University Encyclopedia. London: Roydon, 1985.

Словенска митологија: Енциклопедијски речник. Ред. С. М. Толстој, Љ. Раденковић. Beograd: Zepter Book World, 2001.

ѕ) Книга со повеќе места на издавање

Некои изданија се печатат на повеќе места, во повеќе земји, па за нив не може еднозначно да се утврди местото/ државата на изданието. Поради тоа, податокот за местото на изданието може и да изостане во библиографската единица. Во таквите книги се истакнува ознаката на издавачот.

David Crystal. *The Cambridge Encyclopedia of Language*. 2nd: Cambridge University Press, 1997.

(Книгата е објавена во Кембриџ – Велика Британија, во Њујорк – Соединетите Американски Држави и во Мелбурн – Австралија)

и) Докторска дисертација и магистерски труд

Покрај името и презимето на авторот се наведува и податок за видот на трудот (докторска дисертација во ракопис), универзитетот/ факултетот на кој е одбранет и годината на одбраната.

Анета Дучевска. *Анализа на текстот и дискурсот во македонскиот јазик*. (Докторска дисертација во ракопис). Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“. Скопје, 2005.

Бобан Карапејовски. *Дистрибуцијата на заменските клитики во македонскиот јазик*. (Магистерски труд во ракопис). Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“. Скопје, 2012.

406. Зборник/вторично авторство

а) Зборниците со научни трудови се наведуваат според името/ имињата на уредникот/ уредниците или на приредувачот/ приредувачите, покрај кои се пишува (во загради или одделено со запирки) ознаката *ур*.

Харалампие Поленаковиќ (ур.). *Кирил Солунски 1. Симпозиум 1100-годишнина од смртта на Кирил Солунски*. Книга 1. Скопје: МАНУ, 1970.

б) Името (или иницијалот на името) и презимето на уредникот или на приредувачот може да дојде и зад насловот на книгата/ зборникот.

Межъязыковое влияние в историй славянских языков и диалектов: социокультурный аспект. Вендина, Т. И. (ред.). Москва: Российская академия наук, Институт славяноведения, 2007.

Grace E. Fielder. Authenticity and the Sociolinguistics of Macedonian. *Macedonian Matters: Proceedings from the Seventh Macedonian-North American Conference on Macedonian Studies*. Friedman, Victor A., Dyer, Donald, L. (ed.). Balkanistica. Volume 25, 2, 2012, 33–55.

407. Статија

Библиографската единица за статија ги содржи следниве податоци напишани на овој начин:

а) Име и презиме на авторот (авторите). Наслов на статијата (во наводници). Називот на списанието/ на зборникот/ на неделниот или на дневниот печат (во курзив). Годиште на списанието (обично со римска бројка), број на списанието (арапска бројка). Година на издавање (и датум на издавање кај весниците). Опсег на страниците на кои се наоѓа статијата (од која до која страница).

б) Податоците во библиографската единица се одвојуваат со точки. Помеѓу името на списанието и годиштето не се пишува никаков интерпункциски знак, а помеѓу годиштето и бројот се пишува запирка; ознаката на страницата или на страниците се одделува со запирка (без кратенката стр.).

408. Статија во списание

Херберт Галтон. „Основното и хипотетичното значење на македонското минато несвршено определено време“. *Македонски јазик* XXXIV, 1983, 135–141.

Весна Петреска. „Култот на предците во некои свадбени обичаи“. *Македонски фолклор* LIV, 1999, 96–104.

Tadeusz Milewski. „Ewolucja prasłowiańskiego systemu wokalicznego“. *Rocznik slawistyczny* XXIV, 1, 1965, 5–18.

409. Статија во зборник

Библиографската единица ги содржи следниве податоци: Име и презиме на авторот (авторите). Наслов на статијата (во наводници). Називот на зборникот (во курзив). (Уредник). Место на издавање: издавач, година на издавање, опсег на страниците на кои се наоѓа статијата.

Елена Верижникова. „Модално-темпоралниот систем на сложените глаголски форми со *ќе*“. *Зборник во чест на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова по повод 70 години од раѓањето*. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2009, 91–105.

Галаба Паликрушева. „Етносите и етничките групи во Македонија“. *Етнологија на Македонците*. Ур. Кр. Томовски. Скопје: МАНУ, 1996, 11–14.

410. Статија во зборник од конференција

Библиографската единица ги содржи следниве податоци: Име и презиме на авторот (авторите). Наслов на статијата (во наводници). Називот на зборникот (во курзив). (Уредник). Место и време на одржување на конференцијата/ наслов на конференцијата. Место на издавање: издавач, година на издавање, опсег на страниците на кои се наоѓа статијата.

Зузана Тополињска. „Блаже Конески и проблемот на јазичната норма“. *Меѓународен научен симпозиум „Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура“*. Скопје, 15 – 16 декември 2011. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2012, 43–48.

411. Предговор во книга

Гане Тодоровски. „Поетот на македонските неволи“. Во: *Рајко Жинзифов. Одбрани творби.* Приредил Гане Тодоровски. Скопје: Мисла 1981, 9–27.

412. Статија во печат (предадена за печатење)

Име и презиме на авторот (авторите). Наслов на статијата (во наводници). Називот на списанието (во курзив), (во печат).

413. Електронски извори (цитирање извори од интернет)

Интернетските извори се посочуваат во литературата на различен начин во зависност од тоа дали зад трудот стои автор или институција. Библиографската единица за текст објавен на интернет ги содржи овие податоци: автор (автори) или уредник, наслов на текстот, (издавач, дата на објавување), адреса на страницата – URL (обично во искршени загради; ако страницата е и врска со текстот, јасно е изделена, не мора да се стават загради). На крајот на посочената интернет-адреса не се става точка. Се пишува и датата на последното посетување/пристапување на интернет-страницата.

а) Книга достапна на интернет

Старославянский словар. Ред. Р. М. Цейтлин, В. Вечерка и Э. Благова, Москва 1994. <http://www.promacedonia.org/cejtlin/index.htm> пристапено на: 2.11.2014.

б) Статија достапна на интернет

Стаматоски, Трајко. „Карактеристики на микротопонимијата на Скопје". *Folia onomastica Croatica*, No. 12/ 13, Ožujak 2007, 455–465. <http://hrcak.srce.hr/index.php?show=clanak&id_clanak_jezik=36659> пристапено на: 25.10.2014.

Jakobson, R. O. *Six Lectures on Sound and Meaning* <http://www.marxists.org/reference/subject/philosophy/works/ru/jakobson.htm> пристапено на: 11. 5. 2011.

Referencing – The Harvard System.<http://education.exeter.ac.uk/dll/studyskills/harvard_referencing.htm>пристапено на: 29. 10. 2014.

в) Статија со doi достапна на интернет

Brownlie, D. „Toward effective poster presentations: An annotated bibliography". *European Journal of Marketing*, *41*, 2007. 1245–1283. doi:10.1108/03090560710821161

414. Напис/прилог во весник/списание

Сашо Цветковски. „Со ограничување на сообраќајот до почист воздух". *Нова Македонија* 1 ноември 2014, 10.

415. Интервју во весник/списание

Гордана Дувњак. Интервју – „Да не беше АСНОМ, ќе останевме движење". Интервју со генерал Тодор Атанасовски. *Утрински весник* 27 јули 2014, 5.

416. Филм

Фросина. Режија Воислав Нановиќ. Сценарио Владо Малески. Улоги: Мери Бошкова, Ацо Јовановски и др. Вардар филм, Скопје, 1952, 79 мин.

417. Списоци на библиографски единици

Во списоците на библиографските единици (в. подолу: Библиографско цитирање) податоците може да се наведуваат по изменет редослед, што ќе зависи од начинот на библиографско цитирање.

а) Презимето на авторот доаѓа на прво место зашто тоа е клуч според кој се редат библиографските единици, а личното име/ иницијал од името се одделува со запирка.

б) Годината на издавање се пишува одделена со точки (или во загради), веднаш зад податокот за авторот/ авторите, со што се олеснува снаоѓањето во упатувањата во коишто се наведува само автор, година на издавање и страница.

БИБЛИОГРАФСКО ЦИТИРАЊЕ

418. Библиографското цитирање се состои од библиографски опис којшто ги содржи сите податоци за цитираниот документ и упатувања што го поврзуваат основниот текст со библиографскиот опис. При цитирањето на литература може да се применуваат повеќе принципи. Овде посочуваме два:

1. Библиографско цитирање со упатување во текстот (во загради).
2. Библиографско цитирање во белешки под текстот (фусноти).

419. Библиографско цитирање со упатување во текстот

а) При ваквиот начин на цитирање документирањето на цитираните извори се прави во текстот (*харвардскиот принцип* на цитирање), односно библиографската единица се наведува преку библиографска кратенка во загради. Кога се цитира, парафразира или се упатува на некој автор/текст, изворот треба да се наведе во текстот, а не во белешките под него.

Библиографската кратенка содржи три елементи: презиме на авторот, година на изданието: (со белина по двете точки) страница (Мисирков 1903: 250). Библиографските кратенки (загради) во текстот се поврзани со списокот на цитирана литература (библиографските единици) и изворите дадени на крајот на трудот, со што се олеснува следењето на цитираноста во научните списанија.

Библиографската единица е организирана во зависност од видот на цитираниот извор: книга, статија во списание, статија во зборник, прилог во весник и сл. (в. во претходната глава).

Во списокот на цитирана литература податоците во библиографската единица обично се наведуваат со изменет редослед, односно презимето на авторот доаѓа на прво место, а личното име или иницијалот на името се изделува со запирка од презимето (в. подолу: Цитирана литература). Ваквиот редослед е потребен поради тоа што презимето е клуч според кој се редат библиографските единици во списокот на литература, според азбучен (а латиничните според абецеден) редослед.

Веднаш по името доаѓа годината на изданието, одделена со точки (или во загради), поради тоа што вториот клуч според кој се редат библиографските единици во рамките на азбучниот редослед е хронолошкиот.

б) Состав на библиографската кратенка

Составот на библиографската кратенка зависи од тоа кое место од цитираната единица се посочува во трудот.

- Ако се цитира трудот во целост, се состои од отворена заграда, презиме на авторот, година на објавувањето на трудот што се цитира (Конески 1999).
- Ако се цитира една страница од трудот, по годината се наведуваат две точки и страницата на којашто е посоченото место (Угринова-Скаловска 1972: 34).
- Ако се цитираат повеќе соседни страници од ист труд, се даваат цифрите што се однесуваат на првата и на последната страница што се цитира, а меѓу нив се става црта (без белина), на пр.: (Конески 1982: 128–130).
- Ако се цитираат повеќе несоседни страници од ист труд, бројките што се однесуваат на страниците во цитираниот труд се одделуваат со запирки, на пр.: (Конески 1982: 128, 130).
- Презимето на авторот се наведува во оригинал (Конески 1967: 32) за библиографската единица: Конески, Блаже. 1967. *Граматика на македонскиот литературен јазик.* Скопје: Култура.
- Ако се работи за странски автор, презимето надвор од заградите треба да се транскрибира на македонски, а во заграда презимето треба да се дава во оригинал (De Bray 1951), (Pianka 1975).

  На пр.: *Како што забележува Фридман* (*1977: 23*)...

  ...во однос на индикативот во македонскиот јазик (*Friedman 1977: 23*)...

  за библиографската единица: Friedman, V. A. 1977. *The Gramatical Categories of the Macedonian Indicative*. Columbus. Ohio: Slavica Publishers.

в) Цитирање дела од ист автор

- Кога во трудот се наведуваат повеќе дела од ист автор, тие се редат хронолошки почнувајќи од најстарото.
- Кога во трудот се наведуваат повеќе дела од ист автор што се објавени во иста година, во списокот на библиографијата треба да се додаде и буква по азбучен редослед по годината напишана кај името на авторот, најчесто залепена, без простор, на пр.: *Видоески 1992а*, *Видоески 1992б* и сл., па така и се цитира (*Видоески 1992а: 23*). Со тоа се овозможува еднозначно наведување на библиографскиот извор во упатството.
- Трудовите од еден автор објавени во иста година во списокот на цитирана литература се подредуваат според азбучниот (абецедниот) редослед на насловите.

г) Дела од повеќе автори

- Ако библиографскиот извор има повеќе автори, во вметната библиографска напомена се наведуваат презимињата на првите двајца автори, а презимињата на другите автори се заменуваат со кратенката и др.: (*Видоески*, *Димитровски и др. 1970*)

  за библиографската единица: Видоески, Б., Димитровски, Т., Конески, К., Тошев, Кр., Угринова-Скаловска, Р. (1970). *Правопис на македонскиот литературен јазик со правописен речник*, Скопје: Просветно дело.
- Ако во трудот се упатува на трудовите на двајца или повеќе автори, податоците за секој следен труд треба да се изделат со знакот точка и запирка и да се наредат хронолошки, на пр. (*Конески 1982; Усикова 1985*).

д) Цитатите од дела на странски јазик, во зависност од функцијата што ја имаат, може да се наведуваат во оригинал или во превод. Ако цитатите (наводите) се дадени во оригинал, авторот може во фуснота да го даде и нивниот превод.

ѓ) Цитирање од вторичен извор. Понекогаш авторот од којшто се цитира посочува некој друг автор за да ги поткрепи своите ставови. Ако се презема ваков став, тогаш во загради се наведува, по кратенката сп. (спореди) и презимето на авторот преку кој е преземен податокот.
Славски смета дека патронимските определби се појавиле уште пред создавањето на одделни словенски држави како најстар тип на словенски презимиња, *бидејќи тие се зборообразувачки тип кој е развиен уште во прасловенскиот јазик* (*сп. Пјанка 2009: 42*).

е) Список на цитирана литература

Цитираната литература се дава во одделен дел под наслов *Цитирана литература* или *Библиографија.* Во тој дел во целост се даваат библиографските единици кои се скратено наведени во текстот (за пишувањето на библиографските единици в. во претходната глава).

Библиографските единици се наведуваат по азбучен или абецеден ред на презимето на првиот или на единствениот автор како што е тоа наведено во заградата во текстот. Повеќе трудови на еден автор се редат по хронолошки редослед. Прво по азбучен ред се даваат презимињата на авторите на трудови на кирилица, потоа на латиница, па евентуално на грчко или на други писма.

Јашар-Настева, Оливера. 1982. „Појави на диглосија и билингвизам во СР Македонија“. *Пристајни предавања*, *прилози и библиографија на нови членови на МАНУ* 6. Скопје: МАНУ, 139–153.

Минова-Ѓуркова, Лилјана. 1991а. „За разговорниот јазик и македонските родени говорители“. *Литературен збор* XXXVIII, 1–2, 31–43.

Пјанка, Влоѓимјеж. 2009. „Типологија на словенските презимиња“. *Македонски јазик* LX, 39–64.

Усикова, Рина. 1997. „Языковая ситуация в Республике Македония и современное состояние македонского языка“. *Славяноведение.* Москва, 11–17.

Фридман, Виктор. 2009. „Македонија и Европа од лингвистичка гледна точка“, *Македонски јазик* LX, 17–30.

Bugarski, Ranko. 1991. *Uvod u opštu lingvistiku.* Drugo izdanje. Zavod za udžbenike i nastavna sredstva. Zavod za izdavanje udžbenika. Beograd-Novi Sad.

За пишување коментари и поопширни белешки овој принцип на цитирање може да се комбинира и со вториот – цитирање во фуснота (в. т. 420, 421).

420. Библиографско цитирање во белешки под текстот (фусноти)

а) Постојат и други начини на цитирање литература, како на пр. со белешки на дното на страницата на која се наоѓа делот од текстот на којшто се однесува белешката (подножна белешка или фуснота) обележани со арапски цифри (по интерпункцискиот знак, без точка или заграда).

Вакви белешки со дополнителни објаснувања на авторот, со помалку важни детали и сл. може да се јават и во текстови со поинаква содржина (како коментари на преведувачот, забелешки на уредникот и сл.).

б) Покрај одделни зборови се пишува бројна ознака, а истата таа бројка се јавува и на дното на страницата (или на текстот) и покрај нив со поситни букви се наведува библиографската единица што се посочува. Библиографската единица содржи: име и презиме на авторот, наслов на делото (во курзив), место на издавање: издавач, година на издавање, страницата од која се цитира[1].

в) Ознаката за белешката треба да се пишува пред интерпункцискиот знак.

г) За повторно наведување во последователни белешки може да се користат кратенки. Ако истото дело се наведува во белешките повеќе пати, тогаш зад првото споменување може да се назначи како понатаму ќе се наведува скратено.

д) При последователно наведување една иста единица во фуснотите, во секоја следна стои: *Истото*.

[1] Виолета Панзова. *Науката како занает*. Скопје: Филозофски факултет, 2003, 99.

421. Комбинирање на принципите

Понекогаш двата принципа на цитирање (в. т. 419 и 420) може да се комбинираат. Библиографските упатувања се наведуваат во заграда, а другите образложенија на авторот, коментари или други укажувања, се наведуваат во подножни забелешки (фусноти):

Издава друѓа прокламација во која објавува дека Конституцијата[2] *од 1876 ѓод. мора да се обнови*.

Запомнете ѓо ова: останете ли без неа, *нема да вредите ни скршен куруш*[3].

[2] Конституција – основен државен закон, во овој случај, Уставот.

[3] Ситна турска монета (заб. на авт.)

АРАПСКИ И РИМСКИ ЗНАЦИ ЗА БЕЛЕЖЕЊЕ БРОЕВИ

422. Арапски систем за бележење броеви

Арапскиот систем за бележење броеви е основниот систем за бележење на главните и на редните броеви.

Во декадниот броен систем за означување и бележење на броевите се користат следниве арапски цифри: 0, 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9.

Во овој систем, броевите се составуваат и се толкуваат на тој начин што се собираат вредностите на одделните арапски цифри, при што секое бројно место има 10 пати поголема вредност од бројот што стои десно од него.

$1984 = 1 \times 1000 + 9 \times 100 + 8 \times 10 + 4 \times 1$

$1962 = 1 \times 1000 + 9 \times 100 + 6 \times 10 + 2 \times 1$

$3{,}14 = 3 \times 1 + 1 \times 0{,}1 + 4 \times 0{,}01$

423. Римски систем за бележење броеви

а) Основни знаци за запишување броеви според римскиот систем на бележење се следниве иницијални / големи латинични букви кои имаат бројна вредност еднаква на бројната вредност изразена со следниве арапски цифри: I = 1, V = 5, X = 10, L = 50, C = 100, D = 500 и M = 1000.

Римските броеви се составуваат и се толкуваат на тој начин што вредноста на знаците се брои од лево на десно, од поголемата вредност кон помалата. Ако знакот на помалата вредност е напишан од левата страна на знакот со поголема вредност, во тој случај неговата вредност се одзема од вредноста на знакот со поголема вредност:

I = 1, II = 2, III =3, IV = 4, V = 5, VI = 6, VII =7 , VIII =8, IX = 9, X = 10, XI = 11, XII = 12, XIII = 13, XIV = 14, XV = 15, XVI = 16, XVII = 17, XVIII = 18, XIX = 19, XX = 20, L = 50, IL = 49, LI = 51, LVIII = 58, LIX = 59, C = 100, CI = 101, CIC = 199, D = 500, CD = 400, DCCVI = 706, M = 1000, MCMLXXIV = 1974, MMXV = 2015

Римските броеви се нижат најмногу до три исти знаци (VIII), но се јавуваат и низи од четири исти знаци: DCCCC.

б) Со римските знаци се бележат редни бројни придавки кои се користат во:

- личните имиња (*Филиī II*, *Александар III Македонски*, *Аминта̄ III*)
- бележењето на месеците кај датумите (12.I 1968, 23.X 1996)

- стручните изрази: I активен партицип на презентот, II сигматски аорист, III конјугација и сл.
- бележењето на годиштето (кај весници, списанија и сл.). Сп.: *Македонски јазик* LXIV, 2013, 147–158, *Литературен збор* LX, 4–6, Скопје 2013.
- во обележувањето на страниците и на посебните оддели во книгите (поглавја, свески и сл.). Сп.:

  Предговор I – XXV стр., *Толковен речник на македонскиот јазик*. Ред. Кирил Конески. Скопје: ИМЈ (Том I (А–Ж), 2003, Том II (З–К), 2005, Том III (Л–О), 2006, Том IV (П), 2008, Том V (Р–С), 2011, Том VI (Т–Ш) 2014).

  Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција, гл. уредник З. Рибарова, Ред. Л. Макаријоска, З. Рибарова, Р. Угринова-Скаловска, т. I, Вовед, ѧ–ѣ, Скопје 2006, т. II, св. 8–9, Скопје 2008, св. 10, Скопје 2009, св. 11, Скопје 2013, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје.
- во обележувањето на годините најчесто кога настанала некоја градба, институција или уметничко дело, на пример:

  Вила Лела MCMXXIV, Велес

  Македонска академија на науките и уметностите MCMLXVII, запис на мозаикот „Четири елементи – Универзум“ MMXIV, автор: Газанфер Бајрам.
- во наслови на семинари, конгреси, научни симпозиуми, собири, конференции и сл.: XLVI меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, XIV славистички конгрес во Охрид, IV меѓународен научен собир „Македонско-хрватски книжевни, јазични и културни врски“, XLII меѓународна научна конференција во Охрид;
- за означување настани од историско значење: MCMIII (1903), II светска војна, I балканска војна.

МЕРНИ ЕДИНИЦИ

424. Основни единици во SI

Величина	Основни SI-единици	
	Име	Ознака
должина	метар	m
маса	килограм	kg
време	секунда	s
јачина на електрична струја	ампер	A
термодинамичка температура	келвин	K
количество на супстанција	мол	mol
светлинска јачина	кандела	cd

425. Дефиниции на основните единици

а) Должина (метар)
Метарот е должината на патеката што во вакуум ќе ја мине светлината за време од 1/299 792 458 секунди.

б) Маса (килограм)
Килограмот е единица за маса; тој е еднаков на масата на меѓународниот прототип на килограмот.
Меѓународниот прототип на килограмот, направен од платина-иридиум, се чува во БИПМ (BIPM) под услови специфицирани од Првата генерална конференција за мерки и тегови (CGPM) од 1889 година, кога е санкциониран прототипот и е прогласено дека:
Овој прототип отсега натаму ќе се смета дека е единица за маса.

в) Време (секунда)
Секундата е траењето на 9 192 631 770 периоди на зрачењето кое му одговара на преминот меѓу две хиперфини нивоа на основната состојба на атомот на цезиумот 133.

г) Јачина на електрична струја (ампер)
Ампер е јачина на постојана електрична струја која, кога се одржува во два паралелни прави спороводника, со бесконечна должина и занемарливо мал кружен напречен пресек, што се наоѓаат во вакуум на меѓусебно растојание од еден метар, би создала меѓу тие спроводници сила еднаква на 2×10^{-7} њутни на метар должина.

д) Термодинамичка температура (келвин)
Келвинот, единицата на термодинамичка температура е 1/273,16 дел од термодинамичката температура на тројната точка на водата.

ѓ) Количество на супстанција (мол)
Мол е количество на супстанција на систем што содржи толку елементарни единки колку што има атоми во 0,012 колограми јаглерод 12.

е) Светлинска јачина (кандела)
Канделата е светлинска јачина, во определен правец, на извор што оддава монохроматско зрачење со фреквенција од 540×10^{12} херци и чијашто енергетска јачина во тој правец е 1/683 вати на стерадијан.

426. Единици изведени тргнувајќи од основните единици

Изведена величина	Име	Симбол
плоштина	квадратен метар	m^2
волумен	кубен метар	m^3
брзина	метар во секунда	m/s
забрзување	метар во секунда на квадрат	m/s
бранов број	реципрочен метар	m^{-1}
густина, масена густина	килограм на кубен метар	kg/m^3
специфичен волумен	кубен метар на килограм	m^3/kg
густина на електричната струја	ампер на квадратен метар	A/m^2
јачина на магнетското поле	ампер на метар	A/m
концентрација (на количество супстанција)	мол на кубен метар	mol/m^3
луминанса	кандела на квадратен метар	cd/m^2
индекс на прекршување	(број) единица	1

427. Изведени SI-единици со посебни имиња и симболи

Изведена величина	Име	Симбол	Изразена преку други SI-единици	Изразена преку основните SI-единици
рамнински агол	радијан	rad		$m \cdot m^{-1} = 1$
просторен агол	стерадијан	sr		$m^2 \cdot m^{-2} = 1$
фреквенција	херц	Hz		s^{-1}
сила	њутн	N		$m \cdot kg \cdot s^{-2}$
притисок, напрегање	паскал	Pa	N/m^2	$m^{-1} \cdot kg \cdot s^{-2}$
енергија, работа, количество на топлина	џул	J	$N \cdot m$	$m^2 \cdot kg \cdot s^{-2}$

Изведена величина	Име	Симбол	Изразена преку други SI-единици	Изразена преку основните SI-единици
моќност, енергетски флукс (проток)	ват	W	J/s	$m^2 \cdot kg \cdot s^{-3}$
количество на електричество, електричен полнеж	кулон	C		$s \cdot A$
електрична потенцијална разлика, електромоторна сила	волт	V	W/A	$m^2 \cdot kg \cdot s^{-3} \cdot A^{-1}$
електричен капацитет (капацитанса)	фарад	F	C/V	$m^{-2} \cdot kg^{-1} \cdot s^4 \cdot A^2$
електричен отпор (резистанса)	ом	Ω	V/A	$m^2 \cdot kg \cdot s^{-3} \cdot A^{-2}$
електрично спроведување (кондуктанса)	сименс	S	A/V	$m^{-2} \cdot kg^{-1} \cdot s^3 \cdot A^2$
магнетски флукс (проток)	вебер	Wb	V · s	$m^2 \cdot kg \cdot s^{-2} \cdot A^{-1}$
магнетска индукција (густина на магнетскиот флукс)	тесла	T	Wb/m^2	$kg \cdot s^{-2} \cdot A^{-1}$
индуктанса	хенри	H	Wb/A	$m^2 \cdot kg \cdot s^{-2} \cdot A^{-2}$
Целзиусова температура	Целзиусов степен	°C		K
светлински флукс (проток)	лумен	lm	cd · sr	$m^2 \cdot m^{-2} \cdot cd = cd$
осветленост (илуминанса)	лукс	lux	lm/m^2	$m^2 \cdot m^{-4} \cdot cd = m^{-2} \cdot cd$
активност (на радионуклеид)	бекерел	Bq		s^{-1}
апсорбирана доза, специфична енергија (предадена), керма	греј	Gy	J/kg	$m^2 \cdot s^{-2}$
еквивалент на доза, еквивалент на апсорбирана доза, еквивалент на лична доза, еквивалент на доза во орган	сиверт	Sv	J/kg	$m^2 \cdot s^{-2}$

428. Изведени SI-единици чиишто имиња и симболи содржат изведени SI-единици со посебни имиња и симболи

Изведена величина	Име	Симбол	Изразена преку основните SI единици
динамичка вискозност	паскал секунда	$Pa \cdot s$	$m^{-1} \cdot kg \cdot s^{-1}$
момент на сила	њутн метар	$N \cdot m$	$m^2 \cdot kg \cdot s^{-2}$
површински напон	њутн на метар	N/m	$kg \cdot s^{-2}$
аголна брзина	радијан во секунда	rad/s	$m \cdot m^{-1} \cdot s^{-1} = s^{-1}$
аголно забрзување	радијан во секунда на квадрат	rad/s^2	$m \cdot m^{-1} \cdot s^{-2} = s^{-2}$
густина на топлинскиот флукс, озрачености (енергетска осветленост)	ват на квадратен метар	W/m^2	$kg \cdot s^{-3}$
топлински капацитет, ентропија	џул на келвин	J/K	$m^2 \cdot kg \cdot s^{-2} \cdot K^{-1}$
специфичен топлински капацитет, специфична ентропија	џул на килограм келвин	$J/(kg \cdot K)$	$m^2 \cdot s^{-2} \cdot K^{-1}$
специфична енергија	џул на килограм	J/kg	$m^2 \cdot s^{-2}$
топлинска спроводливост	ват на метар келвин	$W/(m \cdot K)$	$m \cdot kg \cdot s^{-3} \cdot K^{-1}$
густина на енергија	џул на кубен метар	J/m^3	$m^{-1} \cdot kg \cdot s^{-2}$
јачина на електрично поле	волт на метар	V/m	$m \cdot kg \cdot s^{-3} \cdot A^{-1}$
густина на електричен полнеж	кулон на кубен метар	J/m^3	$m^{-3} \cdot s \cdot A$
густина на електричен флукс	кулон на метар квадратен	J/m^2	$m^{-2} \cdot s \cdot A$
пермитивност	фарад на метар	F/m	$m^{-3} \cdot kg^{-1} \cdot s^4 \cdot A^2$
пермеабилност	хенри на метар	H/m	$m \cdot kg \cdot s^{-2} \cdot A^{-2}$
моларна енергија	џул на мол	J/mol	$m^2 \cdot kg \cdot s^{-2} \cdot mol^{-1}$
моларна ентропија, моларен топлински капацитет	џул на мол келвин	$J/(mol \cdot K)$	$m^2 \cdot kg \cdot s^{-2} \cdot mol^{-1} \cdot K^{-1}$
(изложеност) експозиција (на x и γ зраци)	кулон на килограм	C/kg	$m^{-3} \cdot s \cdot A$

Изведена величина	Име	Симбол	Изразена преку основните SI единици
брзина на апсорбирана доза	греј во секунда	Gy/s	$m^2 \cdot s^{-3}$
енергетска јачина (на зрачење)	ват на стерадијан	W/sr	$m^4 \cdot m^{-2} \cdot kg \cdot s^{-3} = m^2 \cdot kg \cdot s^{-3}$
радијанса (енергетска светливост)	ват на метар квадратен стерадијан		$m^2 \cdot m^{-2} \cdot kg \cdot s^{-3} = kg \cdot s^{-3}$

429. Префикси SI

Фактор	Име	Симбол	Фактор	Име	Симбол
10^{-24}	јота	Y	10^{1}	деци	d
10^{-21}	зета	Z	10^{2}	центи	c
10^{-18}	екса	E	10^{3}	мили	m
10^{-15}	пета	P	10^{6}	микро	μ
10^{-12}	тера	T	10^{9}	нано	n
10^{-9}	гига	G	10^{12}	пико	p
10^{-6}	мега	M	10^{15}	фемто	f
10^{-3}	кило	k	10^{18}	ато	a
10^{-2}	хекто	h	10^{21}	зепто	z
10^{-1}	дека	da	10^{24}	јокто	y

Единствената основна единица којашто содржи префикс е единицата *килограм*, со симбол kg.

430. Единица надвор од SI

а) Единици што не се од SI, а се прифатени за употреба со SI

Име	Симбол	Вредност во SI-единици
минута	min	1 min = 60 s
час	h	1 h = 60 min = 3600 s
ден	d	1 d = 24 h = 86400 s
степен (аголен)	°	1° = (π/180) rad
минута (аголна)	′	1′ = (1/60)° = (π/10800) rad
секунда (аголна)	″	1″ = (1/60) ′ = (π/648000) rad
литар	l, L	1 L = 1 dm^3 = 10^{-3} m^3
тон (метарски)	t	1 t = 10^3 kg
непер	Np	1 Np = 1
бел	B	1 B = (1/2) ln10 (Np)

б) Други единици што не се од SI, а се прифатени за употреба со SI

Име	Симбол	Вредност во SI-единици
електронволт	eV	1 eV = 1,602 177 33 (49) × 10^{-19} C
унифицирана атомска масена единица	u	1 u = 1,660 540 2 (10) × 10^{-27} kg
астрономска единица	ua	1 ua = 1,495 978 706 (30) × 10^{11} m

Овие единици се употребуваат само за одредени намени.

в) Други единици што не се од SI, а се прифатени за употреба со SI

Име	Симбол	Вредност во SI-единици
морска милја		1 морска милја = 1 852 m
јазол	a	1 a = 1 dam = 10^2 m^2
хектар	ha	1 ha = 1 hm^2 = 10^4 m^2
бар	bar	1 bar = 0,1 MPa = 100 kPa = 10000 hPa = 10^5 Pa
ангстрем	Å	1 Å = 0,1 nm = 10^{-10} m
барн	b	1 = 100 fm^2 = 10^{-28} m^2

Овие единици се употребуваат само за одредени намени.

г) Изведени CGS единици со посебни имиња

Име	Симбол	Вредност во SI-единици
ерг	erg	1 erg = 10^{-7} J
дин	dyn	1 dyn = 10^{-5} N
поаз	P	1 P = 1 dyn · s/cm^2 = 0,1 Pa · s
штокс	St	1 St = 1 cm^2/s = 10^{-4} m^2/s
гаус	G	1 G ^ 10^{-4} T
ерстед	Oe	1 Oe ^ (1000/4π) A/m
максвел	Mx	1 Mx ^ 10^{-8} Wb
стилб	sb	1 sb = 1 cd/cm^2 = 10^4 cd/m^2
фот	ph	1 ph =10^4 lx
гал	Gal	1 Gal = 1 cm/s^2 = 10^{-2} m/s^2

Знакот ^ за магнетските единици (гаус, ерстед и максвел) е употребен поради тоа што овие единици не можат да бидат строго споредени со соодветните од меѓународниот систем.

д) Други единици надвор од SI

Име	Симбол	Вредност во SI-единици	Забелешка
кири	Ci	$3{,}7 \times 10^{10}$ Bq	
рендген	R	$2{,}58 \times 10^{-4}$ C/kg	
рад	rad	1 rad = 1 cGy = 10^{-2} Gy	
рем	rem	1 rem = 1 cSv = 10^{-2} Sv	
единица X		1 единица X $\approx 1{,}002 \times 10^{-4}$ nm	
гама	γ	1 γ = 1 nT = 10^{-9} T	
јански	Jy	1 Jy = 10^{-26} W · m^{-2} · Hz^{-1}	
ферми		1 fermi = 1 fm = 10^{-15} m	
карат (метарски)		1 карат = 200 mg = 2×10^{-4} kg	1907, МБМТ, за трговија со дијаманти, бисери и скапоцени камења
тор	Torr	1 torr = (101 325/760) Pa	
стандардна атмосфера	atm	1 atm = 101 325 Pa	1954, МБМТ, уште е прифатлива
калорија	cal	1 cal_{15} = 4,1855 J 1 cal_{IT} = 4,1868 J 1 cal_{th} = 4,184 J	од 1950, МБМТ од 1956 термохемиска
микрон	μ	1 μ = 1 μm = 10^{-6} m	укинато 1968

Овие единици се употребуваат во постари текстови. Во понови текстови не би требало да се употребуваат, или ако се употребат, треба експлицитно да се наведе врската со соодветните SI-единици.

ПИШУВАЊЕ НАЗИВИ НА ХЕМИСКИ ЕЛЕМЕНТИ И НА СОЕДИНЕНИЈА

431. Пишување називи на хемиски елементи

Назив	Симбол	Атомски број
азот	N	7
ајнштајниум	Es	99
актиниум	Ac	89
алуминиум	Al	13
америциум	Am	95
антимон	Sb	51
аргон	Ar	18
арсен	As	33
астатин	At	85
бакар	Cu	29
бариум	Ba	56
берилиум	Be	4
берклиум	Bk	97
бизмут	Bi	83
бор	B	5
бориум	Bh	107
бром	Br	35
ванадиум	V	23
водород	H	1
волфрам	W	74
гадолиниум	Gd	64
галиум	Ga	31
германиум	Ge	32
дармштатиум	Ds	110
диспрозиум	Dy	66
дубниум	Db	105
европиум	Eu	63
ербиум	Er	68
железо	Fe	26
жива	Hg	80

Назив	Симбол	Атомски број
злато	Au	79
индиум	In	49
иридиум	Ir	77
итербиум	Yb	70
итриум	Y	39
јаглерод	C	6
јод	I	53
кадмиум	Cd	48
калај	Sn	50
калиум	K	19
калифорниум	Cf	98
калциум	Ca	20
кириум	Cm	96
кислород	O	8
кобалт	Co	27
копернициум	Cn	112
криптон	Kr	36
ксенон	Xe	54
лантан	La	57
ливерморијум	Lv	116
литиум	Li	3
лоренсиум	Lr	103
лутециум	Lu	71
магнезиум	Mg	12
мајтнериум	Mt	109
манган	Mn	25
менделевиум	Md	101
молибден	Mo	42
московиум	Mc	115
натриум	Na	11

Назив	Симбол	Атомски број
неодимиум	Nd	60
неон	Ne	10
нептуниум	Np	93
никел	Ni	28
ниобиум	Nb	41
нихониум	Nh	113
нобелиум	No	102
оганесон	Og	118
олово	Pb	82
осмиум	Os	76
паладиум	Pd	46
платина	Pt	78
плутониум	Pu	94
полониум	Po	84
празеодимиум	Pr	59
прометиум	Pm	61
протактиниум	Pa	91
радерфордиум	Rf	104
радиум	Ra	88
радон	Rn	86
рендгениум	Rg	111
рениум	Re	75
родиум	Rh	45
рубидиум	Rb	37
рутениум	Ru	44
самариум	Sm	62
селен	Se	34
сиборгиум	Sg	106
силициум	Si	14

Назив	Симбол	Атомски број
скандиум	Sc	21
сребро	Ag	47
стронциум	Sr	38
сулфур	S	16
талиум	TI	81
тантал	Ta	73
телур	Te	52
тенесин	Ts	117
тербиум	Tb	65
технециум	Tc	43
титаниум	Ti	22
ториум	Th	90
тулиум	Tm	69
ураниум	U	92
фермиум	Fm	100
флеровиум	Fl	114
флуор	F	9
фосфор	P	15
францiум	Fr	87
хасиум	Hs	108
хафниум	Hf	72
хелиум	He	2
хлор	Cl	17
холмиум	Ho	67
хром	Cr	24
цезиум	Cs	55
цериум	Ce	58
цинк	Zn	30
цирконiум	Zr	40

432. Пишување називи на хемиски соединенија

а) Сложените називи на хемиските соединенија на кои составните компоненти им се поврзани со составната самогласка *-о-* се пишуваат слеано: *бромоводород*, *јодоводород*, *сулфуроводород*, *хлороводород*, *флуороводород* и др.

б) Сложените називи на хемиските соединенија на кои составните компоненти не им се поврзани со составна самогласка *-о-* се пишуваат разделено: *алуминиум хлорид*, *бариум сулфат*, *јаглерод диоксид*, *сулфур диоксид*, *калиум цијанид*, *метил алкохол* и др. Од првата компонента на овие соединенија не се образуваат придавки.

в) Латинските префикси *моно-*, *ди-* и сл. не се преведуваат: *јаглерод диоксид,* а не *јаглерод двооксид*.

г) Сложените називи на хемиските соединенија кои во својот состав содржат цифра или некаков друг дескриптор и се поврзани со цртичка се пишуваат така како што налага практиката на оваа наука:

глукоза-6-фосфат дехидрогеназа	glucose-6-phosphate dehydrogenase, (G6PD или G6PDH)
Na^+/K^+-АТРаза	Na^+/K^+-ATPase
3-оксо-2,3-дихидро-1,2-бензотиазол-1,1-диоксид	3-oxo-2-3-dihydro-1,2-benzothiazole-1,1-dioxide
cis-бут-2-ен	*cis*-but-2-ene
(3*R*)-пент-1-ен-3-ол	(3*R*)-pent-1-en-3-ol
1-[(1*S*)-(1-хлоропропил)]бензен	1-[(1*S*)-(1-chloropropyl)]benzene
$1\lambda^4$,5-бензодитиепин	$1\lambda^4$,5-benzodithiepine
(3-^{3}H)фенол	(3-^{3}H)phenol
2-{2-[1-(2-аминоетокси)етокси]етокси}пропаннитрил	2-{2-[1-(2-aminoetoxy)ethoxy]ethoxy}propanenitrile
4,4′-[3-({5-[(4′-цијано[1,1′-бифенил]-4-ил)окси]пентил}окси)-3-оксопропан-1,2-диил]дибензоева киселина	4,4′-[3-({5-[(4′-cyano[1,1′-biphenyl]-4-yl)oxy]pentyl}oxy)-3-oxopropane-1,2-diyl]dibenzoic acid

КОРЕКТУРНИ ЗНАЦИ

433. Знаците со кои се обележуваат грешки во некој текст се нарекуваат коректурни знаци. Тие можат да бидат *текстуални* и *рабни*.



а) *Текстуалните знаци* не се строго определени и сами по себе немаат некое посебно значење. Грешката во текстот се обележува со кој било од текстуалните знаци, а потоа употребениот текстуален знак се повторува во иста висина на работ (маргината). На тој начин означената грешка во текстот се поврзува со упатството за нејзино поправање.

б) *Рабните знаци*, пак, имаат свое точно определено значење и не може да се употребуваат произволно како текстуалните знаци. Тие се договорени симболи кои упатуваат на тоа како да се изврши потребната поправка.

Deleatur
(исфрли!)

Vertatur
(преврти!)

да се намали
растојанието

промена на
збороредот

да се вметне
испуштениот збор

да се отстрани причината
за извалканоста

да се отстрани
растојанието

да се остави
растојание

да се зголеми
растојанието

да се отстрани
вовлекувањето

да се зголеми
вовлекувањето

434. Во рамките на текстот обично не се поправа, туку само се обележуваат откриените грешки. Употребениот знак мора да се повтори на работ на текстот и покрај него се додава саканата промена. Знаците и промените се пишуваат од десната страна на текстот, а ако нема доволно простор, може да се впишуваат и на левата страна.

435. ВИДОВИ ГРЕШКИ

а) Печатни грешки

Секоја погрешна буква треба да се означи со еден од текстуалните знаци, а потоа тој знак да се повтори на иста висина на маргината, а покрај него да се напише точната буква. При зачестени грешки треба да се употребат различни текстуални знаци, за да се отстранат недоразбирањата.



б) Погрешно напишани зборови

Ако е некој цел збор погрешно напишан, ~~тошга~~ ќе го пречкртаме и на работ ќе го ~~пспшпишмеме~~ точниот збор.



в) Испуштени букви и зборови

Ако е испуштена некоја буква, тогаш треба да се обележи буквата пред или по испуштената буква, а на работ треба да се повтори испуштената буква (букви). Ако е испуштен збор, тогаш се употребува вообичаениот знак за вметнување, како што е тоа направено. Слично се постапува и во случај испуштени повеќе зборови. (Ако е испуштен поголем дел од текстот, тогаш се дава инструкција каде да се најде делот од текстот за да се вметне на саканото место.)



г) Непотребни букви или зборови

Непотребните букви или зборови се обележуваат на веќе опишаниот начин, а покрај повториот знак на работ се бележи и знакот *deleatur* (ꝺ). Понекогаш треба јасно да се означи дали наместо погрешната буква има растојание меѓу зборовите или не.



д) Погрешна интерпункција

Излишен или погрешен знак за интерпункција се коригира на веќе познатиот начин. Испуштениот интерпункциски знак се поправа со ставање на некој од вообичаените знаци покрај зборот по кој треба да стои знакот за интерпункција, а на работ се бележи испуштениот знак.



ѓ) Погрешен збороред

Ако се буквите во зборот погрешен ред, тогаш поправката може да се направи со знакот кој е сличен на легнато S, но може да се постапи исто како и со обичните печат-



ни грешки. Слично поправа се и погрешниот збороред. Значително збороред да може нарушен се коригира со броеви, кои треба да бидат повторени на маргината од текстот.

е) Погрешно разделени зборови

Кога има погрешно или несоодветно делење на зборовите, поправката се врши на веќе опишаниот начин, т. е. онака како што се коригираат погрешни или непотребни букви во зборовите.

ж) Погрешно растојание меѓу зборовите

Ако нема растојание меѓу зборовите, тоа се поправа со овој рабен знак. Непотребното растојание меѓу зборовите се коригира со рабниот знак што има спротивно значење.

з) Нееднакви растојанија меѓу зборовите

Неадекватни растојанија меѓу зборовите се поправаат со соодветни знаци во текстот и на маргината на отпечатокот. Слично се постапува и ако има нееднакви растојанија меѓу редовите.

ѕ) Погрешно вовлекување на редовите

Погрешно вовлечениот почеток на редот се означува во текстот и на работ со соодветен знак.

Доколку има пропуст и редот не е вовлечен правилно, тоа се поправа со соодветен знак во текстот и на работ на отпечатокот.



и) Погрешно истакнување

Дел од текстот што треба да се истакне со италик/курзивни букви се подвлекува со брановидна линија и таа линија се повторува на работ на отпечатокот; ако тој дел треба(ло) да се истакне со болдирани букви, тогаш тој дел се подвлекува со права линија. Зборовите што требало да се шпационираат (т. е. да се напишат развлечено) може да се подвлечат со испрекината или со исцртканa линија. Погрешно ш п а ц и о н и р а њ е во текстот се отповикува со низа од легнати загради. Погрешно (несоодветно) истакнување со *италик* или со **болдирани** букви се поправа



со подвлекување во текстот и со придружно упатство на работ на отпечатокот.

ј) Буква/збор од друг (несоодветен) фонт

Одделни букви *и*што се по грешка од друг вид (фонт, азбука), или, пак, се со различна големина, се поправаат како да се погрешни, со тоа што повторената буква (букви) на работ се подвлекува(ат) со двојна линија.



к) Нечист или замачкан отпечаток

Оштетените, односно нечисто или пресилно отпечатените букви или зборови може да се заокружат во текстот и таквото крукче да се повтори на работ на отпечатокот.

л) Отповикување на погрешна поправка

Погрешно поправено место во текстот се отповикува на тој начин што погрешната поправка се подвлекува со низа од точки, а погрешната поправка на работ се прецртува со коса линија. Не е лошо ако на работ се дополни и предупредувањето останува! Обично бришење или пречкртување во текстот или на работ на отпечатокот, начелно, не е дозволено.





СОДРЖИНА

I. ПИШУВАЊЕ НА ГЛАСОВИТЕ 1
(*Убавка Гајдова*, *Васил Дрвошанов*, *Искра Пановска-Димкова*, *Људмил Спасов*, *Еленка Стоевска-Денчова*, *Станислава-Сташа Тофоска*)
Азбука 3
Пишување на самогласките 4
Пишување на согласките 10
Правописни правила засновани на фонетски промени кај согласките 17

II. АКЦЕНТ И АКЦЕНТИРАЊЕ. 25
(*Васил Дрвошанов*, *Искра Пановска-Димкова*, *Људмил Спасов*, *Еленка Стоевска-Денчова*, *Станислава-Сташа Тофоска*)
Правила за акцентирање 27
Отстапување од правилата за акцентирање 28
Акцентирање на зборовите од туѓо потекло 30
Смисларазликувачка функција на акцентот 32
Акцентски целости и клитички изрази 33

III. УПОТРЕБА НА ГОЛЕМА И НА МАЛА ПОЧЕТНА БУКВА 37
(*Симона Груевска-Маџоска*, *Симон Саздов*, *Живко Цветковски*)
Голема буква на почеток на реченица 39
Голема почетна буква на секој дел кај сопствените имиња 43
Голема почетна буква само на првиот дел од назив 47
Мала почетна буква 52

IV. СЛЕАНО, ПОЛУСЛЕАНО И РАЗДЕЛЕНО ПИШУВАЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ 55
(*Наталија Андријевска*, *Кирил Конески*)
Именки 57
Придавки. 68

Броеви 71
Заменки 73
Глаголи 74
Прилози 75
Предлози 78
Сврзници 78
Честички 79
Извици 80

V. ИНТЕРПУНКЦИЈА 81
(*Гордана Алексова*, *Снежана Веновска-Анѓевска*)
Точка (.) 83
Прашалник (?) 86
Извичник (!) 89
Запирка (,) 92
Точка и запирка (;) 113
Две точки (:) 115
Три точки (...) 117
Загради ( ) 118
Црта (тире) (–) 121
Наводници („“) 123
Полунаводници (’‘) и (‘’) 125
Знаци за директен говор (*Лилјана Макаријоска*) 126

VI. ПРАВОПИСНИ ЗНАЦИ 131
(*Весна Костовска*, *Катица Трајкова*)
Точка 133
Запирка 136
Две точки 137
Црта (тире) 137
Цртичка 139
Загради 140
Коса црта 140
Надреден знак 141
Апостроф 141
Ѕвездичка 142
Белина 143

Други знаци 144

VII. СКРАТЕНИЦИ (АКРОНИМИ) И СКРАТУВАЊА (АБРЕВИЈАЦИИ) 147
(*Симон Саздов*, *Славица Велева*)
Скратеници (акроними). 149
Список на скратеници во македонскиот јазик 152
Скратувања на зборовите (абревијации). 158
Список на почести скратувања 162

VIII. ПРЕДАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ПИСМО СО ЛАТИНИЦА. 167
(*Лидија Танѫуровска*)

IX. ДЕЛЕЊЕ НА ЗБОРОТ НА КРАЈОТ ОД РЕДОТ 171

X. ТРАНСКРИПЦИЈА И ТРАНСЛИТЕРАЦИЈА НА ТУЃИТЕ ИМИЊА. 175
Албански јазик (*Ваљбона Тоска*) 177
Англиски јазик (*Анасѫтазија Киркова-Наскова*) 179
Арапски јазик 191
Белоруски јазик (*Емил Ниами*). 192
Босански јазик (*Симона Груевска-Маџоска*). 195
Бугарски јазик (*Симона Груевска-Маџоска*) 196
Германски јазик (*Емилија Бојковска*) 197
Дански јазик 205
Еврејски јазик (*Ѓорѓи Пой-Аѫанасов*) 207
Италијански јазик (*Александра Саржоска*) 208
Јапонски јазик (*Јуми Накаџима*). 211
Каталонски јазик (*Каѫерина Михајловска*) 214
Кинески јазик (*Сара Цвеѫановска*) 216
Латински јазик (*Александра Ѓуркова*). 220
Новогрчки јазик (*Марија Чичева-Алексиќ*). 223
Персиски јазик 226
Полски јазик (*Лидија Танушевска*) 227
Португалски јазик (*Анеѫа Маневска*) 230
Романски јазик (*Михаил Раду Аѫанасов*) 235
Руски јазик (*Емил Ниами*). 236
Санскрит (санскрт) јазик (*Викѫор Илиевски*) 240

Словачки јазик (*Јасминка Делова-Силјанова*) 244
Словенечки јазик (*Лидија Аризанковска*) 246
Српски јазик (*Симона Груевска-Маџоска*) 248
Старогрчки јазик (*Марѓарита Бузалковска-Алексова*) 249
Старословенски јазик (*Лилјана Макаријоска*, *Радмила Уѓринова-Скаловска и Емилија Црвенковска*) 255
Турски јазик (*Елка Јачева-Улчар*) 259
Украински јазик (*Емил Ниами*) 261
Унгарски јазик (*Тунде Хатала*) 264
Фински јазик (*Макс Валстрем*) 266
Француски јазик (*Јоана Хаџи Леѓа-Христоска*) 268
Холандски јазик 276
Хрватски јазик (*Људмил Спасов*, *Томислав Ќужиќ*) 278
Црногорски јазик (*Симона Груевска-Маџоска*) 280
Чешки јазик (*Јасминка Делова-Силјанова*) 281
Шведски јазик (*Јохана Виркула*) 283
Шпански јазик (*Сања Михајловиќ-Костадиновска*) 286

XI. ГЕОГРАФСКИ И ДРУГИ ИМИЊА 289
(*Елка Јачева-Улчар*)

XII. ДОДАТОЦИ 307
Оформување делови од текст (*Симона Груевска-Маџоска*) 309
Оформување рубрики (*Симона Груевска-Маџоска*) 310
Оформување текст придружен со сликовито или графички претставена информација (*Симона Груевска-Маџоска*) 312
Составување тестови (*Лилјана Макаријоска*, *Мери Цубалевска*) 315
Оформување текст на сценарио, либрето, пиеса, драмски текст (*Лилјана Макаријоска*, *Мери Цубалевска*) 319
Писмено службено обраќање (*Симона Груевска-Маџоска*) 321
Пишување библиографски единици (*Емилија Црвенковска*) 325
Библиографско цитирање (*Емилија Црвенковска*) 332
Арапски и римски знаци за бележење броеви (*Мери Цубалевска*) . . 337
Мерни единици (*Ненад Новковски*) 339
Пишување називи на хемиски елементи и на соединенија (*Фани Стефановска-Ристеска*) 346
Коректурни знаци 349

ПРАВОПИС
НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК
(второ издание)

Издавачи
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје,
ул. „Григор Прличев“ бр. 5, 1000 Скопје,
Р Македонија, п. фах 434

За издавачот
д-р Елена Јованова-Грујовска, директорка

●

КУЛТУРА АД – Скопје
ул. „Никола Кљусев“ бр. 6, 1000 Скопје, Р Македонија
Тел. и факс + 389 2 3111-332
e-mail: ipkultura@gmail.com
www.kultura.com.mk

За издавачот
Ана Костовска, директор

●

Редакција и јазично уредување
д-р Живко Цветковски (претседател)
д-р Снежана Веновска-Антевска
д-р Симона Груевска-Маџоска
д-р Елка Јачева-Улчар
д-р Симон Саздов

●

Техничко уредување
Симчо Шандуловски

Печати
„АЛФА ’94“ – Скопје
ул. „23 Октомври“ бр. 19/15, 1000 Скопје

Тираж
3000 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

811.163.3'35

ПРАВОПИС на македонскиот јазик / [редакција Живко Цветковски (претседател) и др.]. - Скопје : Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ : Култура, 2017. - X, 356 стр. : табели, граф. прикази ; 24 см

Содржи и: Додатоци

ISBN 978-608-220-042-2 (Институт)
ISBN 978-9989-32-900-5 (Култура)

а) Македонски јазик - Правопис
COBISS.MK-ID 102999050